Инклузивното образование се дефинира како зајакнување на капацитетите на училишниот систем и одговара на разновидноста на потребите на сите деца, млади и возрасни со зголемување на учеството во учењето, културите и заедниците (Упатства за политика за вклучување во образованието, 2009). На овој начин се предвидува персонализиран пристап кон наставата за сите ученици. Европа е ориентирана кон образованието на надарените и талентираните ученици. Надарените и талентираните ученици може да се образоваат на редовните часови, со користење на методии форми за поучување и учење кои овозможуваат различни форми на диференцијација и индивидуализација, како и збогатени програми. Сложеноста на диференцираната настава во редовната настава може да биде предизвик од недостаток на свест, напредно знаење за содржините од наставниот предмет и педагогија, како и вештини за управување со училницата.

Диференцијацијата е можност за збогатување на ситуациите во училницата. Меѓутоа кога се разгледуваат земјите во развој, практично не е можно да се предава според потребите на секој поединечен ученик заради прашања од простор, ресурси за предавање, незаинтересираност за слаби области во училиштата, но и упатство за развој на наставна програма која ги задоволува потребите на учениците. Важни општи размислувања за олеснување на употребата на диференцијација во училниците е употреба на дијагностичко учење, модулирање на очекувањата од наставата и учењето, флексибилноста на наставните програми и верувања на наставниците во учењето на учениците.

1.1. Диференцирана настава. Како што секој има уникатен отпечаток од прст, така секој ученик има индивидуален стил на учење.Тоа значи дека, сите ученици не ги разбираат содржините од наставните предмети на ист начин или немаат исто ниво на способност. Затоа во овај труд ќе предложи да се размиси за примена на диференцијација на редовната настава.

И покрај согледаната важност на диференцираната настава, посетите на часови и направеното истажување за овој труд укажаа на отсуство или неконзистентна нејзина примена во македонските училишта. Постојат неколку фактори за отсуство или недоследна употреба на диференцираната настава, и тоа: недостатокот на знаење за проширување на содржината; недостаток на време за прилагодување на наставната програма надарените и тлентирани ученици; тешкотии на наставниците да ги лоцираат и користат ефективно соодветните ресурси; па дури и нивната перцепција дека учениците се разликуваат во начинот на кој учат или треба да се поучуваат.

Во македонските училишта не се учат учениците да размислуваат, а тоа е нешто што може да се прави во текот на секој наставен час, преку стратегии за критичко размислување и решавање на проблеми. Тие стратегии се многу поразлични од

стандардниот начин на поучување и учење. Само на пример со користење на стратегијата размисли, реши и сподели, не мора да ја бараме причината за неразбирање на содржините во самите наставни програми.

Имајќи во предвид дека учениците најголем дел од времето го минуваат во редовната настава, затоа зборуваме за диференцијален пристап, во кој наставната програма по предмети се адаптира во согласност со потребите на талентираните и надарени ученици. Со овај пристап ќе им се овозможи на тие ученици да го дадат максимумот во нивниот развој и ќе можат да се пронајдат себеси.

1.1.1. Што е диференцирана настава? Во која било училница има ученици со различни стилови на учење. Диференцирана настава е начин на поучување и учење кој одговара на различни стилови на учење и прилагодување за задоволување на индивидуалните потребина учениците. Целта на диференцираната настава е да ги разгледаме соодветните нивоа на вештини кај учениците и да се размисли што да се превземе: за да се зголеми длабочината наставните програми, да се прошират и подобрат знаењето и вештините на секој ученик во училницата, без разлика на нивните интуитивни знаења. Наставниците кои користат диференцирана настава го прилагодуваат својот пристап кон наставата за да одговараат н

а стилот на учење на нивните ученици. Сите ученици имаат иста цел за учење. Но наставниот пристап варира во зависност од тоа како учениците претпочитаат да учат.

Истражувањата за ефективноста на диференцијацијата покажуваат дека од овој метод има корист широк спектар на ученици, од оние со пречки во учењето, до оние за кои се смета дека имаат голема способност. Диференцираната настава стана многу поважна со појавата на инклузивно образование. Сега имаме многу разновидна група на ученици на редовните часови, вклучувајќи ги надарените и талентираните ученици. Треба да се користи заедно со ефективни методи на настава засновани врз докази за да се минимизира неуспехот во учењето. Овие методи, кога умешно се применуваат, всушност, ја намалуваат потребата од голема диференцијација.

Диференцираната настава не е иста како индивидуализираната настава. Пред четириесет години, вели Томлинсон (Tomlinson, 2002), фокусот беше ставен на индивидуализирана настава. Но, наставниците откриј дека креирањето на индивидуален план за учење за секој ученик на час не беше реално. Диференцираната настава, од друга страна, користи неколку пристапи за учење. Но, не бара индивидуален пристап за секој ученик. Сите ученици имаат пристап до наставната програма на најразлични начини. Ова го прави целото искуство во учењето поефикасно.

Диференцираната настава ја „тресе“ традиционалната училница, вели Томлинсон (Tomlinson, 2002). Учениците имаат „повеќекратни опции за преземање информации, смисла за идеи и изразување на она што го учат“, објаснува тој.

Критичарите велат дека диференцираната настава не функционира во секоја училница. Ако има премногу ученици во една паралелка, или ако наставникот не е искусен со овој пристап на работа, училницата може да стане хаотична. За да се надмине ова потребно е во почетокот секој наставник да посвети повеќе време во планирање на наставните часови за редовната настава. Стекнувајќи ги овие вештини за планирање на диференцирана настава, ќе се овозможи: наставата да биде ефикасна за учениците со голема способност, како и за учениците со лесна до тешка попреченост; на учениците да им се дадени повеќе опции за тоа како можат да ја научат содржинат, да преземаат поголема одговорност за сопственото учење; учениците да се посветени на учењето, а со тоа да има помалку проблеми со дисциплината во училниците; учениците да можат да учат едни од други во училницата;и вклучување на учениците со разлики во учењето и размислувањето.

1.2 Развој на диференцираната настава. Диференцираната настава започнала од деновите кога во една просторија наставникот имал ученици од сите возрасти. Кога образовниот систем се префрлил во училиштата, се претпоставувало дека децата од иста возраст училе слично и имале исти знаења. Во 1912 година беа воведени тестови за проверување на постигнувањата на учениците и резултатите ги откриле разликите во способностите на учениците на ниво на одделение.

Во 1975 година на Конгрес бил донесен Закон за лицата со посебни потреби (ИДЕА), со кој учениците со посебни потреби треба да имаат еднаков пристап до јавно образование. Многу наставници користеле диференцирани стратегии во наставата. Потоа следувал текстот „No Child Left Behind“ во 2000 година, што дополнително дал охрабрување за диференцирана настава и насоки за стекнување на вештина за планирање и реализирање на диференцирана настава.

2. Содржината, процесот, производот и средина на учење – начини за разликување на диференцираната настава. Диференцираната настава се јавува кога наставникот планира наставен час: со прилагодена содржината за која ќе се дискутира;со прилагоденпроцесот што се користи за учење; размислувајќи за начинот како учениците ќе „покажат што знаат“; размислувајќи за средината за учење.

2.1 Диференцијација со прилагодување на содржината. Избраната содржина за секој наставен час треба да ги опфати стандардите на учење. Притоа некои ученици од паралелката може да бидат целосно запознаени со концептите и процедурите од наставната содржина, некои ученици може да имаат делумно познавање, а некои ученици да не се запознаени со содржината пред да започне наставниот час.

Она што можете да се направи од страна на наставникот е да ја реализира содржината со дизајнирање активности за групи ученицити кои опфаќаат различни нивоа на таксономијата на Блум. Учениците кои не се запознаени со наставнта содржин може да се бара да ги завршат задачите на пониските нивоа: сеќавање и разбирање. Учениците со одредено знаење би можеле да бидат замолени да ја применат и анализираат содржината, а од учениците кои имаат високо ниво на познавање на наставната содржина може да биде побарано да завршат задачи во областите на оценување и синтеза. Тоа значи со прилагодување на содржината, различни делови од наставната програма се прилагодуваат на различни ученици во зависност од нивното почетно ниво на знаење и што се очекува да научат од тој дел на наставната програма.За надарените и талентирани ученици значи поддршка во проширување или подлабочување на наставната програма. Тоа може да се постигне со: обезбедување на повеќе предизвикувачки материјали; фокусирање на севкупните трендови, модели и теми, наместо на мали детали и факти; поставување на проблеми во училницата кои немаат јасно решение; реализирање на теми од интерес за учениците, соодветни на тоа како функционира светот, сложени и вредни.

2.2 Диференцијација со прилагодување на процесот. Кога се прилагодува процесот на реализација на наставната содржина, се менуваат методите спред тоа како се очекува учениците да учат. Ова прилагодување со други зборови значи заедничко учење на ученици со високо ниво на знаење и посебно ученици со пониско ниво на знаење, или да се користат моделирани начини на учење.

Прилагодувањето на процесот во наставата овозможува да се реализира наставата на начин што поддржува индивидуално учениците да ги постигнат критериумите на успех од учењето на начин што ќе одговараат на нивните специфични потреби. Кога се прави диференцијација поврзана со процесот, ученикците немаат потреба од иста поддршка од наставникот, а секој ученик може да избере да работат индивидуално, во парови или мали групи. Од аспект на интеракцијата некои ученици може да имаат потреба од интеракцијата со своите соученици или со наставникот, други ќе можат

сами да напредуваат. Учењето на учениците може да се подобри ако наставниците им даваат поддршка врз основа на индивидуалните потреби.Тоа значи користење активности на нивоа преку кои сите ученици работат наразбирања и вештини, но продолжуваат со различни нивоа на поддршка, предизвик или сложеност.

При диференцијација со прилагодување на процесот може да се прави разлика и од аспект на потребното време што му е потребно на секој ученик за да ја заврши задачата со цел да може да се обезбеди дополнителна поддршка по ученик кој потешко ги постигнува целите од наставната програма или да се охрабри напреден ученик да продолжи со постигнување на цели од некоја тема во поголема длабочина.

2.3. Диференцијација со прилагодување на производот. Производот е она што ученикот го создава на крајот на часот за да демонстрира постигнување на целите со соодветно избраната содржина. Ова може да биде во форма на тестови, презентации, проекти, извештаи и сл. Исто така, може од некои ученици да се побара да реализираат активност што покажува знаење на концепт на начин на кој ученикот претпочитува, заснован на стилот на учење. Кога се прилагодува производотна активноста, може да се менуваат специфичните критериуми на успех на учениците за да покажат што научиле.

2.4. Диференцијација со прилагодување на средината за учење. Условите за оптимално учење вклучуваати физички и психолошки елементи.

а) Физички простор вклучува флексибилен распоред на училницата, вклучувајќи разни видови на мебел и аранжмани за поддршка на индивидуалната и групната работа. Во просторијата има услови да се работи во тивко, безпрекинување, како и места каде им се овозможува на учениците да соработуваат. Обезбедување на материјали што од различни култури. Наставникот при планирање на часот размислува на прашањата: Дали ученикот може да се движи слободно во просторијата? Кој има контрола врз материјалите?

б) Психолошки гледано, наставниците треба да користат техники за управување со училницата кои поддржуваат безбедна и поддржувачка средина за учење. Утврдување на јасни насоки за независна работа што одговара на индивидуалните потреби на учениците. Притоа треба да се размислува: Дали се ценети хуморот и креативноста? Дали атмосферата е добредојдена? Дали има поттикнување за откривање? Дали наставникот е посветен на диференцијацијата? Дали учениците покажуваат љубопитност и ентузијазам? Дали учениците сакаат да се откажат од контролата врз учењето? Дали надарените и талентираните ученици имаат можности да работат со други како нив?

Училницата во која наставникот овозможува средина во која има ефикасно прилагодување на учење на учениците, ќе ги има повеќето или сите од следниве карактеристики: високи нивоа на ангажирање наученицитe; ученичка независност; доверба на учениците во сопствените способности; зрелост во односувањето и развојот на меѓусебно почитување; и градење на ефикасна настава и учење од страна на учениците и наставниците.

3. Методи на диференцијација на редовната настава во училницата.

За да може наставникот да се грижи за учениците со различни способности може да користи различни методи на работа, односно диференцијацијата да ја прилагодува на процесот.

Според напишаното во погорните наслови, диференцијацијата во училницата им овозможува на наставниците да им дадат на учениците најдобар начин на учење. Во овој наслов ќе стане збор за некои методи на диференцијација кои наставниците може да ги користат за да им овозможат на учениците да учат според своите способности и стилови на учење.

Диференцираната настава во училницита може да се реализира различно од една во друга училница – и од едно училиште до друго. Сепак, клучните карактеристики на овој пристап се:

– Мали работни групи, во кои учениците во секоја група ротираат внатре и надвор. Ова им дава шанса да учествуваат во многу различни групи. Група може да вклучува пар ученици или повеќе ученици. Но, во сите случаи, тоа е можност учениците да учат едни од други.

– Реципрочно учење, значи понекогаш ученикот стануванаставник, споделувајќи го она што го научил и поставува прашања на своите врсници.

– Континуирано оценување бара наставниците редовно да ги следат јаките и слабите страни на ученицитеза да бидат сигурни дека напредуваат добро во постигнување на целите планирани за секој наставен час.

3.1 Флексибилно време во извршување на работните задачи. Во традиционалната настава избраните задачи најчесто се однесуваат на побавните ученици. Во тој случај надарените и талентирани ученици кои се побрзи во извршување на задачите се во ситуација ставени да се заджат според темпото на работа на своите врсници, а побавните ученици се под притисок за побрзо извршување на задачите и се чувствуваат неспособни да учат со потребното темпо.Затоа се препрачува во училницата од страна на наставниците да се користи флексибилен пристап од аспект на време потребно за решавање на задачите, со тоа што на побрзите ученици, односно на надарените и талентирани ученици им се дава можност да работат на задачи за проширување и продлабочување на нивните знаења, а со тоа ќе им се овозможи на учениците кои се побавни да ги изработат задачите со соодветна брзина.

3.2. Колаборативно учење. Со колаборативното учење им се овозможува на учениците при групната работа да учествуваат повеќе во планираните активности. Притоа е важно формирањето на групите. При формирање на хетерогени групи им се овозможува на учениците со високи постигнувања, посебно на надарените и талентираните ученици им се дава можност да ги искажат нивните можности, а на учениците со пониски постигнувања им се овозможува соработка и учење од своите врсници. Се препрачува доделување на улоги на членовите од секоја група или самите ученици да си ги поделат улогите во групата, со што се овозможува организација во групата на секој според вештините и способностите. Со ваквата поделба на улогите во групата се овозможува учениците со пониски постигнувања да се почуствуваат повеќе вредни и да добијат поголема самодоверба.

Работата во хетерогени групи е добра за решавање на проблеми надвор од наставната програма. За надарените и талентирани ученици вавата групна работа им овозможува градење и подобрување на комуникациските вештини и тимски дух. Социјалниот развој на надарениот и таленираниот ученик се зајакнува кога ќе се најде во соодветна група од врсници (Девлин и др., 1996). Од друга страна, нивните академски потреби и интереси се жртвуваат бидејќи наставниот план е ограничен во содржината и темпото на работа; не постои вистинска диференцијација и ова може да доведе до демотивација. Затоа, мора да се согласиме со Девлин и др. (1996) дека „целосното вклучување“ или работата во хетерогени групи е оправдано само доколку се работи за социјална состојба во паралелката.

Во хомогените групи надарените и талентирани ученици стекнуваат комуникацискивештини. Надарените и талентираните ученици практикуваат важни социјални вештини, но со ученици со слична способност. Истражувањата покажуваат дека работењето во хомогени групи им овозможува на надарените и талентирани ученици реална можност да ги подобрат своите знаења и вештини и да вежбаат

подлабоко разбирање. Прво, учениците со висок потенцијал се чувствуваат поудобно во гупа на ученици со слични способности. Второ, работното опкружување не останува единствениот висок достигнувач, се придружуваат неколку други ученици и им се даваат предизвикувачки задачи. Трето, можеме да очекуваме вистинска диференцијација.

3.3. Прогресивни задачи. Можно е наставниците да постават посебни активности или вежби на различни ученици врз основа на нивните способности. Со ваквиот метод на диференцијација може да се предизвикаат проблеми и тоа: јавно истакнување на способноста на учениците, појава на потенцијално негативни социјални импликации, како и значително поголема административна работа за наставникот.

3.4 Различно време на работа. На учениците им се даваат работен лист со задачи, кои стануваат сè покомплексни. На тој начин, им се овозможува на учениците со побавно темпо на учење да работат според своја брзина, исто така им се дава можност на учениците со големи способности да напредуваат кон повеќе предизвикувачки прашања.

3.5. Дигитални извори. Со употреба на интерактивни алатки и дигитални апликации на часовите со различни способности добиваат можност да пристапат до некоја тема или предмет од различни агли. Овој метод на диференцијација овозможува да се користат различни материјали, платформи и алатки за да се добие ист исход на учење и да им се даде на учениците доверба во нивните дигитални вештини. Во редовната настава може да се користи превртена училница, кога учењето се случува преку интернет и честопати дома наместо домашна работа. Учениците можат да пристапат до наставните содржини (обично во форма на видеа подготвени од нивните наставници) во секое време. На овај начин преку дигитални извори се дава можност за диференцијација, бидејќи ослободува време во училницата, дозволувајќи му на наставникот да помине повеќе време работејќи со учениците (на пр. обезбедување повратни информации, решавање на групните или индивидуални потреби). Учениците можат да научат да се саморегулираат и да напредуваат или да ги користат снимените материјали за да ја ревидираат содржината за која е потребна ревизија или појаснување.

3.6. Поддршка при дискусија. Од големо значење за диференцијацијата е поттикнување на дискусија наставник – ученик, ученик – наставник и ученик – ученик. На тој начин наставниците можат да идентификуваат различни способности за учење кај учениците и да ги прилагодат своите објаснувања и поддршка на различни нивоа когнитивни барања. Насоченотопрашување може да предизвика добивање на различни одговори од учениците со различен стил на учење. Со дискусија, наставникот може да ги вклучи учениците во едноставна или комплекснадискусија според нивните потреби за учење.

Дискусијата на надарени и талентирани ученици им овозможува да разберат како се одвива учењето и што можат да направат за да извлечат максимум од можностите за учење. Ова вклучува:воспоставување култура во која погрешните одговори се сметаат како можности за учење отколку како неуспех; моделирање на процесот на зборување за тоа како се одвива учењето, а не само за тоа што се учи;поттикнување на учениците во дискусија за тоа што им помага да научат ефективно и да дадат објаснување на својот одговор; помагање на учениците да станат повеќе свесни за нивните стилови на учење; иовозможување на достапност на стилови на учење кои се помалку достапни.

3.7. Променливи исходи. Поставувањето на автентичен проблем им овозможува на учениците постигнување на исходи со различно ниво. Учениците со различни

способности ќе ги постигнат исходите што одговараат на нивното ниво на разбирање и учење. Ако при поставување на задачата се дадат јасни насока и збир на правила, може да се дојде барањата и за учениците со помали способности да паднат премногу ниско.

3.8. Формативно оценување. Редовното оценување и повратната информација, им овозможува на наставниците да ги прилагодат своите наставни методи според потребите на учениците и условите за учење. Оценувањето на постигнувањата на учениците во текот на целата година, како и на крајот на тема или повеќе теми овозможува информирање на учениците за нивните постигнувања.Во текот на часот, наставниците може да користат различни методи на оценување, преку кои ќе бидат информирани во моментот за нивоата на разбирање, толкување и учење. Флексибилноста во користење на методи за оценување овозможува учениците да проценат коистилови на учење им овозможуваат повисоки постигнувања.Во процесот на оценување, повратните информации играат клучна улога во диференцијацијата. Навремената и конструктивната повратна информација им овозможува на учениците да ги идентификуваат следните чекори потребни за да напредуваат во нивното учење. Употребата на повратна информација може да им помогне на учениците длабоко да размислуваат за критериумите на успех и што можат да направат нивните врсници за подобрување на нивните исходи.

4. Диференцијацијата фактор за интеракцијата на наставниците со надарените и таленрирани ученици на редовната настава. Знаењето на наставниците за диференцирана настава и нивната свесност за достапните наставни стратегии за надарените и талентираните ученици се важни фактори кои влијаат врз интеракцијата на наставниците со надарените и талентирани ученици и дека тие го промовираат учењето и развојот на учениците на час. Потребна е поголема обука на наставници од аспект на овие фактори, со што ќе можат да го поттикнат учењето на надарените и талентирани ученици во редовна настава. Често се случува наставниците на редовната настава да ги игнорираат надарените и талентираните ученици во смисла давајќи им исти задачи и проблеми да решаваат како и другите ученици затоа што тие се малцинство во училницата.

Постојат повеќе причини заради кои наставниците не обезбедуваат доволно време за надарените и талентирани ученици во нивната училница. Спроведени се повеќе меѓународни студии за да се испитаат перцепциите и практиките на наставниците на диференцирана настава во нивната училница. Студиите откриле дека наставниците биле позитивни кон примената на диференцијацијата, но имало неповолни услови за нејзино практикување во реалноста, вклучувајќи подготовка на наставниците, оптоварување на наставниците и недоволно време за подготовка за наставните часови.

Подготовката на наставниците за практикување на диференцирана настава во нивните училници е од големо значење за одлуките на наставниците за наставните програми, планирање на наставата, организирање и слично. Меѓутоа диференцијацијата сеуште отсуствува во училниците, бидејќи наставниците не се доволно подготвени и со процесно знаење и со педагошко знаење при спроведување на диференцијација.

4.1. Компетенции на наставниците за примена на диференцирана настава. За да може да применуваат диференцирана настава, наставниците во својата училница треба да се мотивирани. Мотивацијата дефинирана како компонента на професионалната компетентност на наставниците, треба да се гледа од два аспекта: верување за самоефикасност и ентузијазам.

Самоефикасноста се однесува на верувањето на наставниците за нивните способности, за тоа колку се ефикасни и успешни во справувањето со учениците во

процесот на поучување и учење во нивната училница. Покрај тоа, самоефикасноста кај наставникот иницира одредени наставни активности и влијае на квалитетот и времетраењето на напорот.

Ентузијазмот на наставниците се дефинира како висококвалитетно учење од нивна страна и да имаат влијание врз постигнувањата на учениците, поттикнувајќи го нивниот интерес, учење и мотивација.

Професионалните наставници треба да имаааат: знаење и способности за препознавање и идентификување на надарени и талентирани ученици и нивните потреби, како и попозитивни ставови кон нив; знаење и разбирање на когнитивните, социјалните и емоционалните карактеристики, потреби и какви било специфични тешкотии со кои можат да се соочат надарени и талентирани ученици; знаење и способност за наоѓање и примена на напредни содржини, информации и идеи;способност и вештини за планирање и реализирање на диференцирана настава за задоволување на интересите, интелектуални и емоционални потреби на надарените и талентирани ученици, како и нивно оспособување на самостојност; педагошки вештини и да користат разни дидактички стратегии во наставата; способност за создавање на средина на учење која им овозможува на надарените и талентирани ученици да ја искажат својата уникатност; способност за поттикнување на побрза напредување на учениците и постигнување подобри резултати во текот на учењето, ефикасно прашување и примена на критичко и креативно размислување.

5. Методолошки пристап кон истражувањето

5.1. Појава на истражувањето. Појава на ова истражување она што им е потребно на надарените и талентираните ученици. Надарените и талентираните ученици треба: да имаат стимулативно опкружување, со пристап до извори со висок квалитет; да знаат дека можат да постават прашања за подобрување и да им се земат во предвид одговорите; да добијат соодветно охрабрување; да бидат препознати како лица со јаки и слаби страни и да можат да одржуваат дискусии со наставникот, другите возрасни и други ученици. Овие услови ќе се постигнат во училницата и училиштето кога настаавниците ќе одговорат директно на условите на учење на надарените и талентираните ученици и нивните јаки и слаби страни, како и да го персонализираат начинот на организирање на наставата и учење.

5.2. Предмет на истражувањето. Диференцијацијата во училницата им нуди на учениците соодветно опкружување за исполнување на нивните академски потреби. Оваа настава е најмалку наметлива интервенција за работа со надарените и талентираните ученици, кои како и сите ученици треба да се чуствуваат дека се “само толку потребни колку што е потребно”. Предмет на истражувањето е да се испита од што зависи колку често наставниците од основните и средните училишта во Република Северна Македонија ја применуваат диференцираната настава во нивната училница во текот на редовната настава.

5.3. Проблем на истражувањето. Проблемот на ова истражување се заснива на познавање на наставниците за диференцирана настава и кога се обидуваат да ја применуваат во својата училница во текот на редовната настава како интервенција во работа со надарени и талентирани ученици.

5.4. Вид на истражувањето. Истражувањето е:

Развојно, бидејќи се планира превземање на активности за подобрување на секојдневната пракса за добивање на мислење за примена на диференцијација во училницата од страна на наставниците за интервенција во работата со надарени и талентирани ученик. Се истражува колку наставниците имаат познавање за

дифернцирана настав и колку често ја применуваат во редовната настава, како и колку тоа зависи од возраста и работниот стаж на наставникот.

Емпириско, податоците се собираат непосредно од воспитно-образовната работа.

Квантитативно, преку прашалник ќе се одреди бројот на наставници од основните и средните училишта колку добро ја познаваат диференцираната настава и кога и колку често ја применуваат од аспект на возраст и работен стаж (основно и средно).

5.5. Цел на истражувањето. Да се испита познавањето и примената на диференцијација во редовната настава од страна на наставниците, како начин за поддршка на надарените и талентирни ученици.

5.6. Задачи на истражувањето

5.6.1. Општа задача: Да се соберат и обработат податоци за тоаколку често се користи диференцирана настава од страна на наставниците на редовната настава во основните и средните училишта во Република Северна Македонија.

5.6.2. Посебни задачи. Од конкретната определба на предметот на истражување, произлегуваат следните посебни задачи:

– Да се соберат и обработат податоци колку наставниците имаат познавање за диференцирана настава од основните и средните училишта.

– Да се соберат и обработат податоци колку често наставниците применуваат диференци-јација на редовната настава за поддршка на надаарените и талентираните ученици од основните и средните училишта.

– Да се соберат и обработат податоци во кој дел од часовите за редовна настава најчесто наставниците од основните и средните училишта користат диференцијација за поддршка на надарените и талентираните ученици.

5.7. Оправданост на истражувањето. Оправданоста на ова истражување е заради тоа што голем дел од надарените и талентираните ученици го поминуваат поголемиот дел од својот ден во редовната настава. За жал, редовната настава во училницата генерално не е прилагодена да ги задоволи нивните посебни потреби. На тој начин се создава ризик надарените и талентираните ученици да не ги постигнат своите потенцијали.

5.8. Варијабли на истражувањето: Независни варијабли: возраст и работено искуство во настава (основно или средно училиште); Зависна варијабла: диференцирана настава.

5.9. Хипотетска рамка

Главна хипотеза: Познавањето на диференцијалната настава и нејзината примена на редовните часови во основните и средните училишта на Регионот Битола – Ресен – Демир Хисар не зависи од возраста и работното искуство на наставниците во настава.


Посебни хипотези: 1. Познавањето на диференцијална настава од страна на наставниците во основните и средните училишта на Регионот Битола – Ресен – Демир не зависи од нивната возраст и работното искуство во настава и **2.** Честотата на користење на диференцирана настава на редовните часови за поддршка на надарените и талентираните ученици, од страна на наставниците од основните и средните училишта на Регионот Битола – Ресен – Демир Хисар не зависи од нивната возраст и работното искуство во наставата.

Поединечни хипотези: Во рамките на секоја посебна хипотеза се формулиран и поединечни хипотези (кои се однесуваат на конкретни прашања – одговори). Резултатите од нив, независно дали се верификувани или демантирани, ќе бидат вклучени на адекватен начин во толкувањето на верификуваноста на посебните и општата цел.

5.10. Примерок на истражувањето: При определување на големината на примерокот, најнапред се раководевме од методолошките барања за репрезентативност и адекватност што се основни предуслови за валидност на добиените показатели и аналогно на нив валидни сознанија и заклучоци. Примерокот на наставници од основни и средни училишта се по 10 настаавници од осум основни училишта и по 10 наставници од 7 средни училишта на Регионот Битола – Ресен – Демир Хисар. Квантитатиивните показатели според карактеристиките на примерокот се поместени во следните табели:


Табела 1 Основно образование

ПОЛ		Вкупно
Машки	Женски	
21 (26,9%)	57 (73%)	78 (100%)




Средно образование

ПОЛ		Вкупно
Машки	Женски	
13 (19,6%)	53 (80,3%)	66 (100%)




Табела 2 - Основно образование

ЗАВРШЕН СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ			Вкупно
ВШС	ВСС	Научен степен	
8 (10,2%)	63 (80,7%)	7 (8,9%)	78 (100%)




Средно образование

ЗАВРШЕН СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ			Вкупно
ВШС	ВСС	Научен степен	
1 (1,5%)	51 (77,2%)	14 (21,2%)	66 (100%)



Табела 3 Основно образование

Основно училиште во		**Вкупно**
Село	**Град**	
20 (25,6%)	58 (74,3%)	78 (100%)



5.11. Методи, постапки и инструменти на истражувањето. Во реализацијата на ова истражување, поаѓајќи од предметот на истражување и поставената цел, се определивме за метод на теориска анализа и анализа на практиката, бидејќи практиката и теоријата се поврзани и не можат одвоено да се разгледуваат. На овој

начин можевме го откриеме и одредиме проблемот на ова истражување, а ни овозможи да ја опишеме постоечката состојба и да ги изнесеме фактите и резултатите до кои дојдовме.За собирање на податоците користен е прашалмик за наставниц, анализа на планови на час и следење на наставни часови. Прашалникот за наставниците од основните и средните училишта има два дела. **Првиот дел** содржи вкупно шестискази кои се однесуваат на некои општи податоци за испитаниците– независни варијабли. **Вториот дел** се однесува на мислењето на наставниците за диференцираната настава и нејзината примена на редовните часови.


6. Интерпретација на резултатите на истражувањето

Посебна хипотеза 1 – Познавањето на диференцијална настава од страна на наставниците во основните и средните училишта на Регионот Битола – Ресен – Демир не зависи од нивната возраст и работно искуство во настава.

Табели 1 - Дали сте запознати со начинот на реализирање на диференцијација на редовната настава?

Возраст	Целосно сум запознат/а	Запознат/а сум	Делумно сум запознат	Не сум запознат/а	Вкупно:
до 40 год.	11 (7.6%)	22 (15.2%)	18 (12.5%)	3 (2%)	54 (37.5%)
од 40 до 50	9 (6.2%)	17 (11.8%)	11 (7.6%)	4 (2.7%)	41 (28.4%)
од 50 до 60	5 (3.4%)	13 (9%)	19 (13.1%)	6 (4.1%)	43 (29.8%)
над 60	2 (1.3%)	1 (0.6%)	3 (2%)	0 (0%)	6 (4.1%)
Вкупно:	27 (18.7%)	53 (36.8%)	51 (35.4%)	13 (9%)	144 (100%)

df = 9 p = 0.49100 $\chi^2_{(0,05)}$ = 16,92 $\chi^2_{(0,01)}$ = 21.67 χ^2 = 8.43




Работно искуство	Целосно сум запознат/а	Запознат/а сум	Делумно сум запознат	Не сум запознат/а	Вкупно
до 10 години	10 (6,9%)	16 (11,1%)	13 (9%)	0 (0%)	39 (27%)
од10 до 20	5 (3,4%)	21 (14,5%)	18 (12,5%)	5 (3,4%)	49 (34%)
од 20 до 30	10 (6,9%)	11 (7,6%)	16 (11,1%)	5 (3,4%)	42 (29,1%)
над 30	2 (1,3%)	5 (3,4%)	4 (2,7%)	3 (2%)	14 (9,7%)
Вкупно	27 (18,7%)	53 (36,8%)	51 (35,4%)	13 (9%)	144 (100%)

df = 9 p = 0,19729 $\chi^2_{(0,05)}$ = 16,92 $\chi^2_{(0,01)}$ = 21,67 χ^2 = 12,29

Од аспект на возраст и работно искуство 64 (44,4%) наставници сметаат дека делумно или не се запознати со диференцираната настава. Најмногу се изјаснале дека запознати се со диференцирана настава, 22 (15.2%) наставници на возраст до 40 години. Од аспект на работното искуство најмногу се изјаснале дека имаат познавање за диференцирана настава, наставници на возраст од 10 до 20 години. Од анализа на планирање на часови и од аспект на опсервација на наставни часови учениците седат во хетерогени групи или парови и работат на исти работни задачи. Се планира посебна активност само за ученик со потешкотии доколку има во паралелката.


Бидејќи добиениот χ^2 = 8,43 е помал од табеларната вредност на χ^2 за избрано ниво на значајност 0,01, се заклучува дека при 99% веројатноста двете варијабли се независни. Значи, познавањето на



Табели 2 - Кој од следниве искази не е начин на кој наставата може да се разликува за да се задоволат потребите на сите ученици?

Возраст	Прилагодување на содржината од наставната програма	Отфрлање на наставниот план и наставната програма	На учениците им се нуди избор на производи	Прилагодување на процесот на учење	Вкупно
до 40 год.	4 (2.7%)	25 (17.3%)	12 (8.3%)	13 (9%)	54 (37.5%)
од 40 до 50	2 (1.3%)	24 (16.6%)	8 (5.5%)	7 (4.8%)	41 (28.4%)
од 50 до 60	6 (4.1%)	18 (12.5%)	12 (8.3%)	7 (4.8%)	43 (29.8%)
над 60	2 (1.3%)	2 (1.3%)	0 (0%)	2 (1.3%)	6 (4.1%)
Вкупно	14 (9.7%)	69 (47.9%)	32 (22.2%)	29 (20.1%)	144 (100%)

df = 9 p = 0.30067 $\chi^2_{(0,05)}$ = 16.92 $\chi^2_{(0,01)}$ = 21.67 χ^2 = 10.65




Работно искуство	Прилагодување на содржината од наставната програма	Отфрлање на наставниот план и наставната програма	На учениците им се нуди избор на производи	Прилагодување на процесот на учење	Вкупно
до 10	2 (1,3%)	21 (14,5%)	7 (4,8%)	9 (6,2%)	39 (27%)
од10 до 20	4 (2,7%)	23 (15,9%)	10 (6,9%)	12 (8,3%)	49 (34%)
од 20 до 30	6 (4,1%)	20 (13,8%)	14 (9,7%)	2 (1,3%)	42 (29,1%)
над 30	2 (1,3%)	5 (3,4%)	1 (0,6%)	6 (4,1%)	14 (9,7%)
Вкупно	14 (9,7%)	69 (47,9%)	32 (22,2%)	29 (20,1%)	144 (100%)

df = 9 p = 0,06270 $\chi^2_{(0,05)}$ = 16,92 $\chi^2_{(0,01)}$ = 21,67 χ^2 = 21,67

наставниците на диференцираната настава не зависи од нивната возраст. Исто така и од аспект на работното искуство во настава, добиениот χ^2 =12,29 е помал од табеларната вредност на χ^2 за избраното ниво на значајност 0,01, се заклучува дека при 99% веројатност двете варијабли се независни. Значи, познавањето на наставниците на диференцираната настава не зависи од работното искуство во настава.

69 (47.9%) - табела 2 наставници според возраста и според работното време во настава, сметаат дека отфрлање на наставниот план и наставната програм само за интересите на учениците начин на кој наставата може да се разликува за да се задоволат потребите на сите ученици, што не е начин за спроведување на диференцирана настава. А на предходното прашање 80 (55,6%) од наставниците сметаат дека целосно се запознати или се запознати со диференцирана настава. И за ова прашање кое е во функција на потврдување на првата хипотеза добиениот χ^2=10.65 е помал од табеларната вредност на χ^2за избрано ниво на значајност 0,01,се заклучува дека при 99% веројатност двете варијабли се независни.


Значи, оценката на наставниците за начинот на кој наставата може да се разликува за да се задоволат потребите на сите ученици не зависи од



Табела 3 - Пополнете ја оваа реченица со најдобар можен одговор. Диференцијација _____.

Возраст	нема настава со целата паралелка	некои ученици никогаш нема да имаат обврска да прават работи што не сакаат да ги прават.	наставниците предаваат на начин на кој учениците од часот најдобро учат.	наставата се реализира во превртена училницата.	Вкупно
до 40 год.	1 (0,6%)	6 (4,1%)	45 (31,2%)	2 (1,3%)	54 (37,5%)
од 40 до 50	1 (0,6%)	2 (1,3%)	36 (25%)	2 (1,3%)	41 (28,4%)
од 50 до 60	2 (1,3%)	5 (3,4%)	34 (23,6%)	2 (1,3%)	43 (29,8%)
над 60	1 (0,6%)	2 (1,3%)	3 (2%)	0 (0%)	6 (4,1%)
Вкупно	5 (3,4%)	15 (10,4%)	118 (81,9%)	6 (4,1%)	144 (100%)

df = 9 p = 0,40475 $\chi^2_{(0,05)}$ = 16,92 $\chi^2_{(0,01)}$ = 21,67 χ^2 = 9,36




Работно искуство	нема настава со целата паралелка	некои ученици никогаш нема да имаат обврска да прават работи што не сакаат да ги прават.	наставниците предаваат на начин на кој учениците од часот најдобро учат.	наставата се реализира во превртена училницата.	Вкупно
до 10	1 (0,6%)	2 (1,3%)	36 (25%)	0 (0%)	39 (27%)
од10 до 20	2 (1,3%)	6 (4,1%)	38 (26,3%)	3 (2%)	49 (34%)
од 20 до 30	1 (0,6%)	6 (4,1%)	33 (22,9%)	2 (1,3%)	42 (29,1%)
над 30	1 (0,6%)	1 (0,6%)	11 (7,6%)	1 (0,6%)	14 (9,7%)
Вкупно	5 (3,4%)	15 (10,4%)	118 (81,9%)	6 (4,1%)	144 (100%)

df = 9 p = 0,75020 $\chi^2_{(0,05)}$ = 16,92 $\chi^2_{(0,01)}$ = 21,67 χ^2 = 5,90

нивната возраст. Исто така и од нивното работно искуство во настава.

Наставниците имаат посетувано обуки за користење на различни начини (техники) на поучување и учење на учениците. Затоа 118 (81,9%) – табела 3, наставници според возраста и работното искуство во настава го избрале одговорот: диференцијациа значи дека наставниците предаваат на начин на кој учениците од часот најдобро учат. Потребата да се поттикнуваат различни стратегии за решавање напроблеми, упатува кон тоа дека не постои ниту еден поучувачки приод како начин за предавање на сите поими, концепти, содржини, вештини и процеси. Некои приоди се подобри за истражување, некои за кооперативна работа, некои бараат повеќе објаснување или демонстрирање, некаде неопходна е практиката. Значи, не постои еден начин кој е добар за сите ученици.


Учениците може да постигнуваат резултати кога наставниците користат различни приоди и техники во наставата, за различни намени. Меѓутоа при планирање и реализирање на редовната настава се применува еден начин на поучување и учење за сите ученици. Бидејќи χ^2= 9,36 е помал од табеларната вредност на χ^2 за избраното ниво на значајност 0,01, се заклучува дека при 99% веројатност двете варија-



Табели 4 - При примена на диференцијација на редовните часови обрнувам внимание на:

Возраст	обемот на содржината	формите, методите и ресурсите за работа	когнитивното ниво на барање на задачите	потребното време за работа	Вкупно
до 40 год.	5 (3,4%)	25 (17,3%)	20 (13,8%)	4 (2,7%)	54 (37,5%)
од 40 до 50	6 (4,1%)	15 (10,4%)	17 (11,8%)	3 (2%)	41 (28,4%)
од 50 до 60	6 (4,1%)	17 (11,8%)	16 (11,1%)	4 (2,7%)	43 (29,8%)
над 60	1 (0,6%)	0 (0%)	4 (2,7%)	1 (0,6%)	6 (4,1%)
Вкупно	18 (12,5%)	57 (39,5%)	57 (39,5%)	12 (8,3%)	144 (100%)

df = 9 p = 0,76025 $\chi^2_{(0,05)}$ = 16,92 $\chi^2_{(0,01)}$ = 21,67 χ^2 = 5,79



Работно искуство	обемот на содржината	формите, методите и ресурсите за работа	когнитивното ниво на барање на задачите	потребното време за работа	Вкупно
до 10	1 (0,6%)	19 (13,1%)	16 (11,1%)	3 (2%)	39 (27%)
од10 до 20	8 (5,5%)	18 (12,5%)	19 (13,1%)	4 (2,7%)	49 (34%)
од 20 до 30	7 (4,8%)	16 (11,1%)	15 (10,4%)	4 (2,7%)	42 (29,1%)
над 30	2 (1,3%)	4 (2,7%)	7 (4,8%)	1 (0,6%)	14 (9,7%)
Вкупно	18 (12,5%)	57 (39,5%)	57 (39,5%)	12 (8,3%)	144 (100%)


df = 9 p = 0,70593 $\chi^2_{(0,05)}$ = 16,92 $\chi^2_{(0,01)}$ = 21,67 χ^2 = 6,34

бли за независни. Значи, дефинирањето на концептот диференцијација од страна на наставниците не зависи од нивната возраст.

Исто така, дефинирање на диференцијација од страна на наставниците не зависи од нивното работно искуство како наставници, бидејќи добиениот χ^2=5,90 е поголем од табеларната вредност на χ^2 за избраното ниво на значајност 0,01.

Наставниците при примена на диференцирана настава во нивните училници на редовната настава од аспект на возраста и работното искуство, обрнуваат внимание на: формите, методите и ресурсите за работа, како и когнитивното ниво на барање на задачите. Меѓутоа при примена на диференцирана настава на редовните часови исто така е важно да се обрни внимание на обемот на содржината и потребното време на работа. Од анализата на одговорите на ова прашање наставниците имаа заокружено само еден одговор, што укажува на недоволно познавање на диференцираната настава. Бидејќи добиениот χ^2= 5,79 е помал од табеларната вредност на χ^2 за избраното ниво на значајност 0,01, се заклучува дека при 99% веројатност двете варијабли се независни.

Значи, познавањето на наставниците на што треба да се обрне внимание при примена на диференцирана настава не зависи од возраста. Истиот заклучок




може да се донесе согласно табелата која се однесува на работното искуство на наставниците.

Хипотезата за познавање на диференцираната настава од страна на наставниците од основните и средните училишта се потврдува.

Табели 1 – Диференцирацијата како начин за работа со надарените и талентираните ученици на редовната настава треба да се применува

Возраст	Секогаш	Често	Не можам да проценам	Ретко	Вкупно
до 40 год.	9 (6,2%)	34 (23,6%)	8 (5,5%)	3 (2%)	54 (37,5%)
од 40 до 50	7 (4,8%)	27 (18,7%)	5 (3,4%)	2 (1,3%)	41 (28,4%)
од 50 до 60	7 (4,8%)	23 (15,9%)	7 (4,8%)	6 (4,1%)	43 (29,8%)
над 60	2 (1,3%)	2 (1,3%)	2 (1,3%)	0 (0%)	6 (4,1%)
Вкупно	25 (17,3%)	86 (59,7%)	22 (15,2%)	11 (7,6%)	144 (100%)

df = 9 p = 0,61111 $\chi^2_{(0,05)}$ = 16,92 $\chi^2_{(0,01)}$ = 21,67 χ^2 = 7,25




Посебна хипотеза 2 – Честотата на користење на диференцирана настава на редовните часови за поддршка на надарените и талентираните ученици, од страна на наставниците од основните и средните училишта на Регионот Битола – Ресен – Демир Хисар не зависи од нивната возраст и работното искуство во настава.

Секогаш дека треба да се користи диференцираната настава се изјаснале 25 (17,3%)-Табела 1 наставници, а често 86 (59,7%), како според возраст така и според работното искуство во настава. Според категориите, наставници до 40 години сметаат дека секогаш треба да користат 9 (6,2%), а често да користат 34 (23,6%). Исто така, според работното искуство во настава дека секогаш треба да користат мислат 6 (4,1%)

Возраст	Секогаш	Често	Не можам да проценам	Ретко	Вкупно
до 10	6 (4,1%)	25 (17,3%)	7 (4,8%)	1 (0,6%)	39 (27%)
од10 до 20	9 (6,2%)	28 (19,4%)	7 (4,8%)	5 (3,4%)	49 (34%)
од 20 до 30	8 (5,5%)	26 (18%)	5 (3,4%)	3 (2%)	42 (29,1%)
над 30	2 (1,3%)	7 (4,8%)	3 (2%)	2 (1,3%)	14 (9,7%)
Вкупно	25 (17,3%)	86 (59,7%)	22 (15,2%)	11 (7,6%)	144 (100%)


df = 9 p = 0,90267 $\chi^2_{(0,05)} = 16,92$ $\chi^2_{(0,01)} = 21,67$ $\chi^2 = 4,13$



Табели 2 - Колку често користите диференцијација на редовната настава?

Возраст	Не ја користам	Ретко ја користам	Често ја користам	На секој час ја користам	Вкупно
до 40 год.	5 (3,4%)	9 (6,2%)	40 (27,7%)	0 (0%)	54 (37,5%)
од 40 до 50	2 (1,3%)	21 (14,5%)	16 (11,1%)	2 (1,3%)	41 (28,4%)
од 50 до` 60	1 (0,6%)	15 (10,4%)	27 (18,7%)	0 (0%)	43 (29,8%)
над 60	0 (0%)	1 (0,6%)	3 (2%)	2 (1,3%)	6 (4,1%)
Вкупно	8 (5,5%)	46 (31,9%)	86 (59,7%)	4 (2,7%)	144 (100%)

df = 9 p = 0,00001 $\chi^2_{(0,05)} = 16,92$ $\chi^2_{(0,01)} = 21,67$ $\chi^2 = 40,26$
c = 0,467



наставници на возраст 40 години, а често да користат 28 (19,4%) со работно искуство од 10 до 20 години. Меѓутоа анализата на планираните часови и опсервацијата на часовите покажува дека диференцираната настава не се користи за надарените и талентираните ученици на редовната настава.


Мислењето за честотата на користење на диференцијацијата од страна на наставниците како начин за работа со надарените и талентираните ученици на редовната настава не зависи од нивната возраст и работното искуство во настава, бидејќи соодветно на добиените $\chi^2 = 7,25$ и $\chi^2 = 4,13$ се помали од табеларната вредност на χ^2 за избраното ниво на значајност 0,01.

Наставниците на возраст до 40 (86 или 59,7%)-Табела 2 години и работно искуство од 10 до 20 (90 или 62,5%) години сметаат дека често користат диференцирана настава.

Тоа произлегува од мислењето дека примената на диференцирана настава е обрнување внимание на: формите, методите и ресурсите за работа, како и когнитивното ниво на барање на задачите. Од посебната направена анализа за основните и средно училишта, 54 наставници од основните училишта се изјаснаа дека често користат диференцирана настава, а 32 наставници од средните училишта. Оваа разлика во примената на диференци-

Работно искуство				Вкупно
	Не ја користам	Ретко ја користам	Често ја користам	
до 10	2 (1,3%)	12 (8,3%)	25 (17,3%)	39 (27%)
од10 до 20	3 (2%)	14 (9,7%)	32 (22,2%)	49 (34%)
од 20 до 30	0 (0%)	14 (9,7%)	28 (19,4%)	42 (29,1%)
над 30	3 (2%)	6 (4,1%)	5 (3,4%)	14 (9,7%)
Вкупно	8 (5,5%)	46 (31,9%)	90 (62,5%)	144 (100%)


df = 6 $\chi^2_{(0,05)} = 12,59$ $\chi^2_{(0,01)} = 16,81$ $\chi^2 = 11,26$



Табели 3 - Во кој дел од часот користите диференцијација?

Возраст	Во воведниот дел	Во главниот дел	Во завршниот дел	На целиот час	Вкупно
до 40 год.	7(4,8%)	10 (6,9%)	8(5,5%)	29 (20,1%)	54 (37,5%)
од 40 до 50	4(2,7%)	11 (7,6%)	12 (8,3%)	14 (9,7%)	41 (28,4%)
од 50 до 60	5(3,4%)	9(6,2%)	18 (12,5%)	11 (7,6%)	43 (29,8%)
над 60	1(0,6%)	2(1,3%)	2(1,3%)	1(0,6%)	6(4,1%)
Вкупно	17 (11,8%)	32 (22,2%)	40 (27,7%)	55 (38,1%)	144 (100%)

df = 9 p = 0,12408 $\chi^2_{(0,05)} = 16,92$ $\chi^2_{(0,01)} = 21,67$ $\chi^2 = 13,95$



раната настава од страна на наставниците во основните и средните училишта произлегува од обуките за новите наставни програми по математика и природни науки на кои се одвојуваше сесија за диференцирана настава.

Сепак од континуираниот мониторинг во период од три години од советници од Бирото за развој на образованието и странски експерти беше воочено дека диференцијацијата и покрај нејзино објаснување и давање примери на примена на редовната настава не е присутна.


Бидејќи добиениот χ^2=40,26 е поголем од табеларната вредност на χ^2 за избраното ниво на значајност 0,01, се заклучува дека при 99% веројатност двете варијабли се зависни.

Значи, мислењето на наставниците дека користат диференцирана настава на редовната настава зависи од возраста. Притоа степенот на поврзаност е 0,467. Честотата на примена на диференцијација на редовната настава не зависи од работното искуство во настава.

Најчеста поделба на часовите по фази е воведен, главен и завршен дел во планирањата на наставниците. Во воведниот дел на часот користат 7 (4,8%) наставници со возраст до 40 години користеле диференцијација, а со работено искуство од 10 до 20 години, 12 (8,3%) наставници. Во главниот дел од часот користат диференцијација

Работно искуство	Во воведниот дел	Во главниот дел	Во завршниот дел	На целиот час	Вкупно
до 10	5 (3,4%)	8 (5,5%)	11 (7,6%)	15 (10,4%)	39 (27%)
од10 до 20	7 (4,8%)	12 (8,3%)	13 (9%)	17 (11,8%)	49 (34%)
од 20 до 30	4 (2,7%)	8 (5,5%)	10 (6,9%)	20 (13,8%)	42 (29,1%)
над 30	1 (0,6%)	4 (2,7%)	6 (4,1%)	3 (2%)	14 (9,7%)
Вкупно	17 (11,8%)	32 (22,2%)	40 (27,7%)	55 (38,1%)	144 (100%)


df = 9 p = 0,84117 $\chi^2_{(0,05)}$ = 16,92 $\chi^2_{(0,01)}$ = 21,67 χ^2 = 4,92



Табели 1 – На кој начин сакате да стекнете повеќе знаења и вештини за примена на диференцијација на редовната настава?

Возраст	Обука од образовна институција	Онлајн обука од образовна институција	Самостојно да истражувам – информално учење	На научен степен (II циклус, III циклус)	Вкупно
до 40 год.	21 (14,5%)	20 (13,8%)	9 (6,2%)	4 (2,7%)	54 (37,5%)
од 40 до 50	18 (12,5%)	14 (9,7%)	6 (4,1%)	3 (2%)	41 (28,4%)
од 50 до 60	11 (7,6%)	18 (12,5%)	12 (8,3%)	2 (1,3%)	43 (29,8%)
над 60	1 (0,6%)	2 (1,3%)	2 (1,3%)	1 (0,6%)	6 (4,1%)
Вкупно	51 (35,4%)	54 (37,5%)	29 (20,1%)	10 (6,9%)	144 (100%)

df = 9p = 0,62944 $\chi^2_{(0,05)}$ = 16,92 $\chi^2_{(0,01)}$ = 21,67 χ^2 = 7,07




Училишниот психолог во основното образование во третманот на надарените и талентираните ученици ја има исклучително важната улога, затоа што училишниот психолог може да направи рана идентификација, проценка, следење, како и да даде насоки за квалитетен развој на целокупната личност на детето. Соработката со семејството е многу значајна, затоа е потребна континуирана советодавна работа со родителите на надарените и талентираните деца. Семејната средина мора да ги следи и задоволи следните потреби на надарените деца: потребата за љубов и сигурност, потребата за нови искуства, потребата за поттикнување на успех, потребата за чувството на одговорност и независност.

Училишниот психолог треба да соработува со наставниците, во нивната воспитно-образовна работа како во редовната настава, така и во додатната настава и слободните ученички активности на надарените и талентираните ученици. Наставниците кои што работаат со надарени ученици, треба да применуваат техники кои ги потикнуваат креативното учење и критичкото размислување. Ќе наведеме дел од тие техники: Брејнсторминг (мислење со зборови, идеи), Техники на слободни асоцијации, Техника на смешни прашања, Техника на анализа со помош на метафори, Брејнврајтинг (запишување на мислите), Мислени примероци и многу други. ”Своите креативни потенцијали децата можат да ги манифестираат низ активности во врска со сите наставни предмети, а не само низ уметничките. Да ги оставиме децата да создаваат и да бидат активни, да не го менуваме она што тие го создаваат” (Златевска, А. 1999). Многу е важно надарените деца да бидат социјализирани, да бидат прифатени од своите врсници, соученици и другари. Доколку постојат одредени проблеми во ова подрачје, мора да се превземаат психолошко-педагошки мерки од страна на стручните работници во училиштето, во соработка со директорот, наставниците и родителите, а доколку е потребно и вклучување на други стручни лица. Училишниот психолог има значајна улога во комисијата за акцелерација, како и

одговорност при донесување на мислење, кое е во најдобар интерес за развојот на надареното дете. Затоа што, погрешното мислење за акцелерација може да доведе до емоционални проблеми кај детето, како и проблеми во неговото социјално однесување. Советувањето на надарените и талентираните ученици, ги опфаќа и професионалната селекција и професионалната ориентација, за најсоодветно продолжување на нивното образование.

Психологот во основното училиште треба да соработува со институции и организации, кои работаат на подигнување на свеста за надарените и талентираните, рушење на предрасудите и стереотипите за надарените и талентираните ученици, како и работење и следење на тие ученици.

Според хрватскиот психолог Иван Корен, **надареноста** претставува склоп особини, врз основа на кои поединецот е способен трајно да постигнува исклучително високи резултати во едно или во повеќе подрачја на човековата дејност. Тој склоп особини го чинат: општи и специфични способности, креативност и сплет на бројни карактеристики на личноста и мотивацијата (Koren, I. 1989). Поимот **надареност** според Стијепан Озимац, се употребува за оној дел на деца и младина, кои на продуктивен или репродуктивен начин постигнуваат надпросечни резултати во една или две човекови дејности, додека пак поимот **талент** обично се врзува за способности во една потесна област (математика, физика, танц, музика) и всушност е диспозиција, која треба да се развива со упорна работа (Ozimec, S. 1987).

Креативноста на учениците често пати се поистоветува со високата интелигенција, талентираноста и надареноста, континуираниот одличен успех и други способности и постигнувања. Во обидите да се дефинира креативноста е извршена класификација на толкувањата, во која таа најчесто се проучува од аспект на процесот низ кој се постигнува, како особина на личноста и од аспект на продуктот што се создава. Според Гилфорд кај креативните лица е развиена способност за дивергентно мислење, а вредноста на дивергентната продукција се проценува врз основа на присуството на 24 фактори, меѓу кои: осетливост на проблеми, флуентност и флексибилност.

За **интелигенцијата (IQ)** постојат голем број на дефиниции во зависност од различните содржини и пристап. Најопштото определување на интелигенцијата е способност на успешно прилагодување и решавање на проблеми. Интелигенцијата е способност за сваќање на односите помеѓу предметите и појавите (Крстиќ, Д. 1988).

За едно надарено и талентирано дете да успее во животот многу е значајно да има високо ниво на **емоционална интелигенција (EQ)**. Тоа значи дека детето треба да ги поседува следните способности: саморазбирање, разбирање на емоции, контрола на емоции, чувство на емпатија, мотивираност, самодоверба, позитивна слика за себе, толерантност, интерперсонални вештини.

Девојчето автор на роман

(Студија на случај)

Во моето долгогодишно работно искуство како училишен психолог сум работела со многу надарени и талентирани ученици. Затоа, се одлучив да пишувам токму за нив. Исто така, ќе наведам кратка студија на случај за нашата ученичка Марија Стојановска, со предходно добиена согласност од неа и од нејзините родители, за што им сум благодарна.

Беше мај, точно пред девет години кога здогледав насмеано девојче со својата мајка како влегува во нашето училиште. Тоа беше девојчето Марија, разиграно, љубопитно, комуникативно, распеано, креативно, кое дојде да се запише во прво одделение.

Во периодот на основното образование Марија има континуиран одличен успех, примерно поведение, добитник е на многу награди од учество на натпревари, со што таа е гордост на своето семејство и своето училиште. Според добиените податоци од психолошките тестирања, со повеќе инструменти, во текот на девет години Марија има високо ниво на интелигенција (IQ), емоцинална интелигенција (EQ), креативност, мотивација, внимание и интерперсонални вештини.

Марија Стојановска ова учебна 2019/2020 година е ученичка во деветто одделение. Таа е Ученик Правобранител, претседател на своето одделение, оратор за детски права, актер во театарската претстава Царевата нова облека, главен лик во драматизацијата за деца- мјузикл Шумичката радосија, поетеса, автор на романот ”Љубовта е уметност”...



Слика 1. Оратори за детските права

Јуни 2018 година, Марија завршува седмо одделение, таа има само 12 години а храбро одлучува и започнува да го пишува својот прв роман ”Љубовта е уметност”. Мај 2019 година романот е во нашите дланки, организирана е промоција во училиштето во чест на големиот јубилеј 75 години настава на македонски јазик под името на нашиот Патрон - Народниот херој Коле Канински.

Дел од рецензијата на училишниот психолог: ”Кон романот на едно девојче” (Стојановска, М., 2019). *Марија Стојановска е девојче, таа има само тринаесет години, ученичка е во осмо одделение во ОУ ”Коле Канински” Битола, и е автор на*

романот "Љубовта е уметност". Да, ова е возможно, со надареност, талент, работа, посветеност, љубов кон зборот што вечно останува, поддршка од врсниците, родителите и училиштето,. Надарените деца се тука, живеат со нас, наше е да ги препознаеме, соработуваме, да ги поддржиме да успеат да го направат првиот чекор и секој наредeн.

Љубовта го прави човекот да биде човек, љубовта го прави човекот да биде уметник. Љубовта го возвишува човекот на највисокиот пиедестал од човечкото постоење. Доколку љубиш, тоа значи дека вистински постоиш. Живеењето без љубов е само човечко тело, кое лута низ времето во просторот. Младата авторка ни го доловува животот, кој знае да е полн со нови исчекувања, со нови авантури, нови предизвици, преку ликовите на Тамара, Андреј, Фросина, Александар ...

"Љубовта е уметност" е роман кој читајќи го нè наведува да размислуваме, дали судбината нè води низ лавиринтот на персоналното животно патешествие или ние со нашите одлуки и однесување сами ја sидаме персоналната судбина.



Слика 2. Промоција на романот "Љубовта е уметност"

Училишниот психолог со Марија примени повеќе инструменти за проценка на креативноста и техники за развој на креативноста. Целосно ќе го наведеме работниот лист Бр.16В Недовршена приказна (Арнаудова, В., Ачковска-Лешковска, Е., 1996, стр.198).

"Еднаш живеел еден мудрец кој имал убава куќа. Таа била висока, со многу соби, со убава цветна градина. Ќерка му често си играла во градината, трчала низ

убавата куќа и шетала низ сите соби. Таа не влегувала единствено во една соба која постојано била заклучена. Еден ден ќерката го замолила својот татко:

-Пушти ме тате да влезам и во заклучената соба! Таа сигурно е најубава?!

-Вистина е одговорил таткото. Таму е заклучено најубавото. Но, ти си уште мала за да го сфатиш тоа. Кога ќе пораснеш, ќе го добиеш тоа и ќе му се радуваш додека си жива. ”

(Откако ќе ја прочиташ внимателно приказната, употреби ја твојата имагинација и претпостави што е заклучено, на што ќерката ќе се радува додека е жива. Своите одговори напиши ги на работниот лист).

Марија Стојановска - Во таа соба, кога ќе влезеш ќе најдеш една мала кутија оставена на малата масичка. Во таа кутија се сите спомени. Заедничките со твојата мајка, оние кои ги обележале нашите среќни моменти. Таму е љубовта која некогаш ја имавме, онаа која ја чувавме за тебе, онаа која ти ја подаривме тебе. Тие црно-бели фотографии зборуваат многу повеќе од нашите сетила. Таму има докази на кои ќе се радуваш додека си жива, затоа што, она што ти останало од твоите најблиски како спомен е всушност најголема среќа. Љубовта на тие фотографии ти претставува животно предавање, лекција која ниту имала, а ниту ќе има крај.



Слика 3. Драматизација за деца-мјузикл ”Шумичката Радосија”

Како Марија размислува за себе ќе проследиме во текстот што следува.

”Јас сум дете. Со свои соништа и свои желби. Дете кое од ден на ден се повеќе и повеќе созрева и ги разбира работите. Јас сум човек како и другите, со свои права, должности и обврски. Личност која секогаш е подготвена да пружи помош

онаму каде е потребна и воопшто да не зажали за стореното подоцна. Девојче со лични манири и каприци, кои секој ден се зголемуваат за одреден степен.

Познатое е, имам правила во животот кои секогаш би ги почитувала. Да, точно. Живо суштество како и останатите. Ама, пак се ова е дел од мојот приватен живот каде многумина знаат каква можам да бидам, храбра, горда, полна со самодоверба. Но, сепак и ранлива како sверка, кршлива и без граници емотивна. Но, од друга страна посебна приказна е мојот училишен живот. Еве, веќе деветта година како учам во тоа училиште и како минатата година за прв пат бев прогласена за Ученик Правобранител, кој ќе се бори и ќе ги застапува правата на децата.

Јас сум претседател на одделението, кое во моето срце има и ќе има посебно место. Едноставно, овој живот, со овие улоги ме научи на многу работи и од истите извлечив важни поуки. Добро е тоа. Горда сум на тоа.

Со сите овие работи, јас сум само една личност која живее живот до сите граници.Која го сака невозможното бидејќи тоа ја поттикнува да размислува поинаку. Дете сум, со различен живот од другите. Затоа што, јас сум она што тие никогаш нема да бидат. Борец. Сега. И за секогаш. ”

Заклучок

Периодот на основното образование е исклучително важен, за развојот на детската личност. Улогата на училишниот психолог е многу значајна за сите ученици, а особено во третманот на надарените и талентираните ученици. Изнесената студија на случај нека ни биде мотив повеќе, во третманот на надарените и талентираните ученици. Најискрено, да им посакаме и да им помогнеме на надарените и талентираните деца, да ги достигнат своите врвови.

ЛИТЕРАТУРА

- Арнаудова, В., Ачковска-Лешковска, Е., (1996). Ајде да мислиме како да мислиме Скопје: Детска радост
- Арнаудова, В., Ачковска-Лешковска, Е., (2000). Надарено дете Скопје: Филозофски Факултет
- Крстиќ, Д. (1988) Психолошки речник. Београд: ИРО Вук Караџиќ
- Koren, I. (1989). Kako prepoznati i identificirati nadarenog ucenika. Zagreb: Skolske novine
- Ozimec, S. (1986). Odgoj kreativnosti. Varazdin Nasa djeca
- Стојановска, М. (2019). Љубовта е уметност. Битола: Дата песнопој
- Златевска, А. (1999). Детето и креативноста, Семејство број 3, стр.11

Скопје: Книгоиздателство Звезда

HUMAN RESOURCES AS A STRATEGIC ADVANTAGE IN ORGANIZATIONS

Prof. Lidija Stefanovska Ph.D
Business Academy Smilevski BAS Skopje
l_stefanovska@yahoo.com

Prof. Gordana Tasevska Ph.D
Business Academy Smilevski BAS Skopje
gorde.tasevska@yahoo.com

Prof. Toni Soklevski Ph.D
Business Academy Smilevski BAS Skopje
sokle2000@yahoo.com

Human resources and their intellectual capital have been the subject of interest of many theorists and researchers in the field of strategic and talent management. This direction is imposed precisely because of the importance of human resources for achieving competitive advantage of organizations over the long term. Human resources capacity that has no strategic equivalent, also has no space to be copied from any other organization. Any organization can simultaneously set and organize all other segments of the organization's operations, but not the talent of the employees and the values which are derived from it.

In this context is also the research subject of this paper which aims to explore the issue of creating and maintaining this kind of organizational resource and the benefits that the organization receives along that path.Thereby a distinction should be made between the short-term positive attributes for the organization and the long-term ones that are most valuable. All of this is closely linked to talent management in organizational systems.

The theory is also supported by research results from research conducted on this topic in organizations in the Pelagonija region, of different sizes and activities, covering both the private and public sectors.

Keywords: human resources, strategic advantage, organization.

ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ КАКО СТРАТЕГИСКА ПРЕДНОСТ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Проф. д-р Лидија Стефановска
професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје
l_stefanovska@yahoo.com

Проф. д-р Гордана Тасевска
професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје
gorde.tasevska@yahoo.com

Проф. д-р Тони Соклевски
професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје
sokle2000@yahoo.com

Човечките ресурси и нивниот интелектуален капитал се предмет на интересирање на голем број теоретичари и истражувачи на стратегискиот и талент менаџментот. Ваквиот ракурс се наметнува токму поради важноста на човечките ресурси за постигнување конкурентска предност на организациите, на подолг временски рок. Капацитетот на човечките ресурси што нема стратегиски еквивалент, нема простор да биде копиран од било која друга организација. Секоја организација може историодно да ги постави и организира сите други сегменти од работењето на организацијата, но не и талентот на одредени вработени во организацијата и вредностите кои се добиваат од тоа.

Во тој контекст се однесува и предметот на истражување на овој труд кој има за цел да ја истражи проблематиката на создавање и задржување на овој вид организациски ресурс и бенефициите што организацијата на тој пат ги добива. Притоа треба да се прави разлика меѓу краткорочните позитивни особености кои ги добива организацијата, од оние кои се на долги патеки, а кои се многу повредни. Сето ова е тесно поврзано со талент менаџментот во организациските системи.

Теоријата е поткрепена и со истражувачки резултати од спроведено истражување на оваа тема во организации од Пелагонискиот регион, од различни големини и дејности, а ќе биде опфатен приватниот и јавниот сектор.

Клучни зборови: човечки ресурси, стратегиска предност, организација.

Вовед

Од денешна перспектива сите оние кои го проучуваат стратегискиот и менаџментот на човечки ресурси констатираат дека она што за периодот на првата и втората индустриска револуција претставуваше финансискиот капитал и мануелната работа, за 21.век претставува интелектуалниот капитал. Интелектуалниот капитал е нешто што не може да се мери, а се користи како синоним за „недопирлив капитал“ (Sveiby, 1997) на организацијата, што евидентно влијае врз работниот успех.

Интелектуалниот капитал е директно поврзан со човечките ресурси, а резултатот од неговото „користење“ е креирање на вредност за организацијата што ќе и овозможи постигнување на конкурентска предност на пазарот.

За да може подобро да се разбере управувањето со човечките ресурси, најпрво треба да се направи разлика или дистинкција меѓу две важни прашања: што се тоа човечки ресурси, а што е менаџирање со човечки ресурси. Човечките ресурси се дефинираат како вкупни знаења, вештини, способности, креативни можности со кои располага организацијата и кои ги ангажира во процесот на остварување на своите цели. Од друга страна пак, менаџирањето со човечките ресурси е низа од активности кои се насочени кон обезбедување на соодветен број човечки ресурси, со соодветни знаења, вештини и способности кои треба да се развиваат. Активности кои се насочени кон подобрување на мотивираноста потребна за остварување на актуелните стратегиски цели.

Теоретски дел

Човечките ресурси, односно интелектуалниот капитал се предмет на интересирање на голем број теоретичари од различни области. Оттука произлегува и терминолошката разноликост кога се проучува литературата што се занимава со човечките ресурси, нагласувајќи ги како: нематеријален имот, ресурси на знаење, интелектуален капитал, капитал на знаење и др. (Krstic, 2009). Голем дел од авторите, сепак, го користат терминот интелектуален капитал. Стевард (Steward) го дефинира како „пакувано корисно знаење“ (Steward,1997), Суливан (Sullivan) го определува како „знаење што може да се конвертира во профит“, додека пак Едвисон и Малон (Edvinsson and Malone) го дефинираат интелектуалниот капитал како „поседување знаење, применето искуство, организациска технологија, односи со корисниците и професионални вештини што и обезбедуваат на организацијата конкурентна предност“ (Edvinsson, Malone ,1997). Затоа, со право може да се каже дека влогот во човечките ресурси не претставува трошок, туку инвестиција.

Бројни истражувања покажуваат дека најдобри резултати во една организација се постигнуваат кога организацијата ги „користи“ човечките ресурси со кои располага, како составен дел од една добро компонирана работна целина. За таа цел секторот за човечки ресурси треба да направи максимални напори за „искористување“ на способностите на секој поединец во организацијата како единка, како дел од некој тим или воопшто како дел од организацијата во целина. Од особена важност во овој процес е создавање на лојални вработени кои своите лични цели ќе ги идентификуваат со организациските. Во современите организации менаџерите на човечки ресурси во процесот на управување со човечките ресурси треба да претставуваат стратегиски партнери кои ќе креираат амбиент и инструменти пред се за правилна селекција, воведување и нивен развој. Во поново време се повеќе се посветува внимание и на човечките ресурси со посебен талент, а во овој случај менаџментот на човечки ресурси има за задача пред се да ги открие и развие нивните потенцијали, во насока на остварување на организациските цели.

Кога станува збор за стратегиско управување со човечките ресурси може да се потенцира дека покрај тоа што е потребно да се посветува особено внимание на перформансите на човечките ресурси, уште повеќе треба тие да се разгледуваат од стратегиски и оперативен аспект, додека пак „употребата“ на интелектуалниот капитал на човечките ресурси треба да се разгледува од аспект на постигнатите ефекти, односно да се разгледува ефикасноста и ефективноста од нивната употреба.

За да се постигне интегралноста на претходните два аспекти од менаџирањето на човечките ресурси, потребно е на ефективен начин обединување на човечките ресурси и само на таков начин може да се очекува исполнување на организациските цели. Констатираме дека целите се силно поврзани со човечките потенцијал, односно

нивното знаење, вештини, способности, како и од нивната мотивираност и задоволство од работата, за што менаџментот треба да посвети посебно внимание.

Врз основа на погоре наведените елементи може да се заклучи дека „Менаџментот со човечките ресурси е стратегиски и кохерентен пристап кон раководењето со највредните ресурси во една организација – луѓето кои работат таму и кои индивидуално придонесуваат за остварување на организациските цели“ (Armstrong, 2006).

За време на економски падови, како што е сега, но и по завршување на пандемијата со вирусот Ковид 19, многу организации ќе ги отпуштаат клучните луѓе. Отпуштањата можат да резултираат со значително губење на знаење што го поседува човечкиот капитал на организацијата, а тоа може да создаде голем пад на перформансите, главно, поради губењето на човечкиот капитал. Исто така, не е невообичаено да се преструктуираат организациите за да се намалат трошоците или инвестициите во обуките и програмите за развој, но тогаш вработените можат да се најдат на позиции за коишто немаат доволно вештини и знаење што е потребно за да се извршат ефективно бараните задачи Оттука, од особена важност е да се гледа на вработените како на ресурс што треба да се максимизира, а не како на трошок што треба да се минимизира.

И теоријата и праксата нагласуваат дека интелектуалните ресурси потребно е континуирано да се унапредуваат, развиваат и зголемуваат, пред се, заради посебноста на овие ресурси и способностите што се развиени врз основа на нив. Во современите услови сите организации, без оглед дали се од приватниот или од јавниот сектор, конкурираат со квалитет на услугите и ефикасност. Организациите што тоа го поседуваат веќе создаваат релативна предност, а тоа им обезбедува подобра стратегиска позиција, а е придобивка и за целокупното општество. Затоа, суштинските компетенции, како способности што служат како извор за конкурентска предност на одделна организација пред конкуренцијата, треба да се одржуваат и експлоатираат Најчесто тие се поврзуваат со функционалните вештини на организацијата, како што се: производство, финансии, маркетинг, истражување и развој. Но, организациите треба да ги развиваат и експлоатираат суштинските компетенции во многу различни функционални области, за да бидат конкурентни и во услови на криза.


Истражувачки дел:

За да се потврди истражувачкото прашање поставено во овој труд, спроведено е истражување каде како инструмент е користен Анкетен прашалник.

Анкетниот прашалник е составен од 10 прашања, чија основна цел е да се согледа поврзаноста на стратегискиот менаџмент односно исполнувањето на стратегиските цели, со човечките ресурси во одделна организација.


Во истражувањето се анкетирани 31 организација од приватниот сектор во Пелагонискиот регион од Р. Македонија. Анкетниот прашалник го пополнаа сопственици или менаџери во организациите.

Првото и второто прашање ги даваат основните податоци за возраста и работното искуство. Во графиконите подолу се прикажани овие податоци.



Графикон 1: возраст на анкетираните

Од графиконот 1 може да се согледа дека најголемиот број анкетирани се над 55 годишна возраст, а најмалку се на возраст до 25 години. Како најголема група се анкетираните од 26 до 55 години.



Графикон бр. 2: работно искуство на анкетираните

Од Графиконот 2 може да се согледа дека најголемиот дел анкетирани се со работно искуство од 16 до 25 години, потоа оние кои имаат над 25 години работно искуство, што ни дава за право да констатираме дека Анкетниот прашалник го пополниле вработени, односно сопственици или менаџери кои имаат значително работно искуство, со што се очекува дека истите дале релевантни одговори кон поставените прашања.

Третото прашање од Анкетниот прашалник се однесува конкретно на истражувањето, па од интерес е во колку организации постои посебен сектор за човечки ресурси. Ова е од особена важност за овој труд, затоа што само доколку правилно се третирани човечките ресурси ќе дадат значителна стратегиска предност

во организациите, а со тоа и конкурентска предност на подолг временски рок. Резултатите од ова прашање се прикажани на графиконот бр. 3. \



Графикон бр. 3: во организациите постои засебен сектор за човечки ресурси

Доколку се анализираат резултатите од графиконот бр, 3 може да се констатира дека во најголемиот дел анкетирани организации не постои засебен сектор за човечки ресурси. Голем дел од организациите менаџирањето со човечките ресурси го спроведуваат преку задолжено лице кое најчесто извршува и други работни задачи во организацијата. Сепак не постоењето на засебен сектор, ја оневозможува организацијата правилно и континуирано да менаџира со човечките ресурси.


Четвртото прашање од Анкетниот прашалник се однесува на тоа дали во организацијата постои план за развој на човечките ресурси што опфаќа посета на обуки, конференции, саеми и сл. Резултатите кон ова прашање се прикажани на графиконот подолу.



Графикон бр. 4: дали во организациите постои план за развој на човечки ресурси

Врз основа на резултатите прикажани на графикон бр. 4, може да се забележи дека најголемиот дел анкетирани организации не поседуваат одреден план кој се однесува за развој на човечките ресурси и дека тоа се организира само кога има потреба или пак вработените по сопствена иницијатива професионално се усовршуваат. Ова е од особена важност за нашето истражување затоа што, развојот на човечките ресурси е клучен фактор за создавање на моќен човечки потенцијал, кој ќе поседува знаења, вештини и способности, а со тоа се создава моќна стратегиска предност пред конкуренцијата.

Петтото прашање од анкетниот прашалник се однесува на организациската култура како значајно врзно ткиво и „ветер во грб“ кон постигнување на работен успех. Иако културата е квалитативна димензија во секоја организација, нејзиното влијание во постигнување на стратегиските цели е огромно. Затоа се право се вели дека организациската култура е стратегиски фактор за постигнување на конкурентност, кој тешко може да биде копиран од било која друга организација. Резултатите за тоа дали во организацијата се посветува посебно внимание за негување на организациската култура, се дадени на графиконот подолу.



Графикон бр. 5: кон констатацијата „Во организацијата се посветува посебно внимание за негување на организациската култура

Анализата на графиконот 5 не упатува на констатацијата дека најголемиот дел од анкетираните организации сериозно ја сфаќаат важноста на организациската култура и посветуваат посебно внимание. Ниту една организација нема негативен став по однос на ова прашање, 25% тоа делумно посветуваат внимание, а 10% од организациите сметаат дека националната култура има голем удел во организациската и дека овие две категории не може да се разгледуваат изолирано.


Шестото прашање од Анкетниот прашалник има за цел да даде одговор кои карактеристики треба да ги поседуваат вработените, а кои не се однесуваат на нивната стручност, туку повеќе се поврзани со одредени човечки особини. На ова прашање анкетираните можеа да дадат повеќе одговори, па затоа резултатите се прикажани по рангови.

Табела 1: рангирање на карактеристиките на вработените, според мислењето на менаџерите

Вид на карактеристика	**Ранг**
Лојалност	1
Креативност	2
Кооперативност	3
Иницијативност	4

Со анализа на табелата погоре, може да се констатира дека на организациите пред се им се потребни вработени кои се лојални и посветени на организацијата, на второ место ја рангираат креативноста, посебно во оние организации во кои вработените може да го искажат својот креативен потенцијал. На трето место е кооперативноста како карактеристика, особено кога треба да се работи во тим и на крај иницијативноста, како категорија која бара од вработениот не само да ги извршува поставени задачи туку да покажува иницијативи и за други активности кои би биле од полза за организацијата.

Седмото прашање од овој Анкетен прашалник се однесува на тоа колку организациите имаат систем на плати и награди како мотивациски фактор за задржување и развој на човечките ресурси. Резултатите од ова прашање се прикажани на графиконот подолу.



Графикон бр.6: колку во организациите постои систем на плати и награди

Доколку се анализираат податоците на графиконот погоре може да се забележи дека повеќе од половината организации немаат воспоставен систем на плати и награди. Не е мал процентот на организации кои го имаат, а дел од анкетираните организации се во постапка на изработка.

Осмото прашање од Анкетниот прашалник се однесува на контролната функција во организацијата, како основен сегмент за проценка на стратегиската изведба, но и како можност за преземање на корективни акции. Во таа смисла беше


поставено прашањето колку често во организациите се врши контрола врз изведбата на вработените. Одговорите кон ова прашање се прикажани на графиконот подолу.



Графикон бр. 7: колку често во организациите се врши контрола на изведбата на вработените?

Со анализа на графиконот бр. 7 може да се забележи дека најголем дел од организациите контролата ја вршат месечно, затоа што и самата дејност тоа го бара, а и технологијата која се користи тоа го дозволува. Нешто помал е процентот на оние кои упатуваат на тоа дека спроведуваат полугодишна и годишна контрола, а најнизок е процентот на организации кои спроведуваат квартална контрола.


Деветтото прашање се однесува на тоа колку податоците кои се добиваат со контролата на организацискатa изведба се употребуваат во корективни мерки, односно врз нивна основа се предлагаат и спроведуваат низа обуки или менторирање, со цел да се подобри организацискатa изведба. Резултатите кон ова прашање се прикажани на графиконот подолу.



Графикон бр. 8: испитување колку резултатите од контролата се употребуваат за корективни мерки

Со анализа на графиконот бр. 8, може да се забележи дека најголемиот дел анкетирани организации ги употребуваат резултатите од спроведената контрола за преземање на корективни мерки кои може да бидат од прост или сложен вид, но сепак за една третина од анкетираните организации овие резултати им служат само за потребите и целите на системот за плати и награди. Сосема е мал процентот на организации кои ги користат овие резултати за корективни активности на поодделни работни места.

Десеттото прашање од овој анкетен прашалник е директно поврзано со предметот на истражување на овој труд, односно колку човечките ресурси се стратегиска предност за една организација. Резултатите кон ова прашање се прикажани на графиконот подолу.



Графикон бр. 9: колку човечките ресурси може да обезбедат стратегиска предност за организацијата

Доколку се анализираат резултатите од графиконот погоре, може јасно да се забележи дека ниту еден анкетиран не се изјаснил негативно. Значителен дел од анкетираните организации имаат потврден одговор кон ова прашање, а 19% од нив сметаат дека постигнувањето стратегиска предност зависи и од низа други фактори.

Заклучни согледувања и препораки

Врз основа на спроведеното истражување може да се донесат неколку генерални заклучоци. Организациите во кои се спроведе истражувањето стават посебен акцент на човечките ресурси и најголем дел од нив сметаат дека само преку нив може да обезбедат предност на пазарот. Несомнено е дека тие се стратегиска предност за организациите која тешко може да биде копирана до страна на конкуренцијата. Она што е посебно важно да се обезбеди е континуиран и однапред планиран развој на човечките ресурси, затоа што и теоријата и практиката покажуваат дека средствата кои организацијата ги вложува во тој домен, повеќекратно се враќаат.

Вработените се ресурс кој постојано може да се надоградува и да се обновуваат неговите компетенции, а тие се повеќе го зацврстуваат водечкото место на ресурси со кои се гради организациска стратегиска предност. Во тоа особено може да

придонесат секторите за човечки ресурси чија основна функција не треба да биде повеќе извршување на службенички административни активности, туку тежиштето да го поместат кон извршување на стратегиски функции поврзани со развој на генеричките и стручни компетенции на човечките ресурси како што се:

- креирање и имплементирање на стратегија за развој на човечките ресурси;
- подобрување на постојната организациска структура и испитување на нејзината функционалност;
- соработка со менаџерите на различни нивоа;
- регрутација, селекција, воведување и развој на човечките ресурси;
- развој на односите меѓу вработените;
- поттикнување на организациското учење;
- талент стратегија.

Само на ваков начин со правилна, посветена и континуирана поддршка на човечките ресурси, организацијата може да биде сигурна дека поседува моќна сила пред своите конкуренти. Без оглед дали станува збор за организација од јавниот или приватен сектор, фокусирањето на квалитетно управување со човечките ресурси претставува клучен фактор за успех на современите организации, а тоа воедно повлекува понатамошен развој во содржината на менаџирањето со човечките ресурси.

Кон сето ова треба да се додаде и стратегиската вредност на талентот на вработените и неговото влијание врз постигнувањето на повисоки вкупни организациски перформанси. Во услови кога економијата се базира на занење, тогаш поседувањето и менаџирањето на талентот кај вработените не е само нужна потреба туку и императив. Затоа, паралелно со поттикнување на активности за професионално менаџирање со човечките ресурси, треба да се негуваат и активности кои се однесуваат на талент стратегии.

Еден сегмент од тие стратегии треба да бидат и стратегиите за задржување на овие вработени. Имено, за вработените со голем потенцијал и способности, особено важно е она што организацијата го нуди и го очекува во врска со користењето и развојот на новите потенцијали и компетенции. Сепак главната алатка е „во рацете“ на организациите, кои треба да им обезбедат развиени сеопфатни системи на наградување, како и различни мотивациски техники, со цел да ги задржат своите вработени.

Користена литература:

1. Armstrong, M. (2006) A Handbook of Human Resource Management Practice. 10th Edition, Kogan Page Publishing, London;
2. Armstrong, M. (2014), A Handbook of Human Resources Management Practice, London and Philadelphia: Kogan Page;
3. Бојаџиоски, Д.; Ефтимов, Љ. (2009), Менаџмент на човечките ресурси, Скопје: Економски факултет;
4. Edvinsson L., Malone M. S. ,1997, *Intellectual capital: realiying your company's true value by finding its hidden brainpower,* New York, Harper Business, pp.44;
5. Kekić, D., Subošić, D. (2016), Upravljanje talentima – suvremeni izazov javnog sektora;
6. Kneževic, T., Požarev, V., Katid, I.: Talent menadžment i organizacijski uspjeh, Fakultet tehničkih nauka u Novom Sadu;

7. Krstić B., 2007, *Intelektualni kapital kao determinanta kreiranja vrednosti i konkurentske prednosti preduzeća*, *Ekonomske teme*, br. 3, pp. 53-66.
8. Krstić B., 2009, *Upravljanje intelektualnim performansama preduzeća*, Harvard-BS - Harvardski priručnik za stil – Britanski standard, Ekonomske teme, 47(2), pp. 59-72.
9. Стефановска Л., Солунчевски М., Стартегиски менаџмент, 2015, Бизнис Академија Смилевски БАС – Скопје;
10. Стефановска Л., Основи на стратегиски менаџмент, 2014, Бизнис Академија Смилевски БАС – Скопје;
11. Стандарди за управување со човечки ресурси, 2014, издание на МИОА, http://www.cup.org.mk/publications/Standardi%20za%20covecki%20resursi.pdf;
12. Sveiby K.E., 1997 , *The New Organizational Wealth – Managing& Measuring Knowledge-Based Assets*, Berrett-Koehler Publishers, Inc., San Francisco, pp.11;
13. Steward T.,1997, *Intellectual capital: the new wealth of organizations*, Doubleday Dell Publishing Group, New York, pp.10.
14. Torrington, D.; Hall, L.; Taylor, S. (2004), Menadžment ljudskih resursa, Beograd: Data status.

Развој на лингвистичките способности кај талентираните

д-р Анита Ангелевска
aangelska@yahoo.com
aaangelska@gmail.com
++389 75/ 397 500
++389 75/ 335 855

Апстракт:

Оваа тема е многу податлива кога се разгледува во спој и компарација со предавањето литература, ако тргнеме од фактот, дека една од основните цели на наставата по книжевност е токму развивањето на лингвистичките способности кај учениците односно студентите.

Главниот предизвик на наставникот е само инспиративно и креативно да ги примени своите пристапи и методи во пренесувањето на содржините од литература, првенствено поттикнувајќи и развивајќи го критичкото мислење, индивидуалниот пристап, способноста за донесување заклучоци, согледување на релациите, оспособување за компаративно согледување, совладување на искуствените сознанија.

И во овој момент сме убедени во две работи: - не постојат универзални модели како тоа да се направи - но, исто така, тоа не може да биде стихијно и со отсуство на систематичност.

Во одбраната на овие две убедувања имаме повеќе аргументи, па оттаму решението треба да се бара повторно индивидуално и соодветно на материјалот, содржината што се предава.

Затоа во овој научен труд предлагаме разработка на конкретен модел (студија на случај), преку обработката на „Пирej“ од Петре М.Андреевски, како може практично наставникот директно да влијае врз развојот на лингвистичките способности кај учениците / студентите, уште повеќе што во овој текст се присутни дијалектолошки говорни форми и цели синтагми, народен говор кој што е во директна корелација со поставената цел. Лингвистичка способност на учениците / студентите се манифестира низ богатиот речник и брзата и лесна манипулација со зборовите и развиените способности да раскажат, интерпретираат богата и целосна приказна или настан, користејќи многу детали.

Тоа многу лесно се постигнува на часовите по литература, а ние преку овој научен труд, ќе се обидеме во тоа да Ве убедиме.

Клучни зборови: лингвистички способности, литература, креативност, компарација, отворен ум.

Developing linguistic abilities of the talented

Anita Angelevska, PhD
aangelska@yahoo.com
aaangelska@gmail.com
++ 389 75/397 500
++ 389 75/335 855

Abstract:

This theme is very appealing when considering and comparing it with the teaching of literature, if we take it from the fact that one of the basic goals of literature teaching is to develop the linguistic abilities of students. The main challenge of a teacher is just to inspire and creatively apply their own approaches and methods to the transfer of literature content, primarily fostering and developing critical thinking, individual approach, the ability to make conclusions, perceive relationships, develop empathy, experiential knowledge.
And at this point we are convinced of two things: - there are no universal models of how to do it - but it also cannot be spoiled with the absence of systematicity .We have several arguments in defense of these two beliefs, and hence the solution should be sought again individually and appropriately to the material, the content being taught. Therefore, in this research paper we propose elaboration of a concrete model (case study), through the elaboration of "Pirej" by Petre M. Andreevski, how the practical teacher can directly influence To the development of students' linguistic abilities, even more so in this texts there are dialectological speech forms and whole syntagms, a folk speech that is in direct correlation with the set goal. The verbal-linguistic ability of students is manifested through rich vocabulary and fast and easy manipulation of words and developed abilities to tell, interpret a rich and full story or event, using many details. This is very easily achieved in literature classes, and we will try to convince you through this scientific paper.

Keywords: linguistic abilities, literature, creativity, comparison, open mind.

Пирej лингвистичка лабараторија

Лингвистичка способност на учениците / студентите се манифестира низ богатиот речник и брзата и лесна манипулација со зборовите и развиените способности да раскажат, интерпретираат богата и целосна приказна или настан, користејќи многу детали. Како дополнување наведуваме, дека комуникативната јазична способност претставува способност на примената на јазичното знаење во комуникацијата, но го опфаќа и менталниот капацитет за примена на јазичкото знаење во контекстуализираната комуникативна употреба на јазикот и поврзување на јазичките знаења со веќе постојните социокултуролошки знаења.

1. **теориски основи**

Што е комуникацијата? Во секојдневниот живот, училишното и работното опкружување, а и на сите одруги нивоа, очигледно е дека луѓето меѓусебно комуницираат, пренесуваат едни на други пораки изразени не само со зборови, туку и со емоции и гестови, формираат групи во чии рамки ја остваруваат и засилуваат комуникација и ги задоволуваат своите потреби, делуваат во склоп или спротивно на нормите на социјалното однесување, се договараат или планираат. Зборот комуникација потекнува од латинската именка communication, што значи соопштување, општење, односно од глаголот communico/communicare што значи пренесува, известува, дели, споделува, учествува итн.
Комуникацијата во основа е облик на социјална интеракција, претпоставува високо ниво на непредвидливост и креативност, се одвива во дискурс и социокултуролошки контекст кои ја определуваат адекватната употреба на јазикот, на неа влијаат психолошките ограничувања, целеисходна е, претпоставува употреба на автентичен јазик и успешна е само ако ја исполни својата комуникациска цел. Наведените

карактеристики можат да се сфатат како критериум за проценка на комуникациските особини на некој говорник или пишан текст.

Главно, лингвистичките теории се обликувани во склад со намерите на истражувачите - јазикот. Во зависност од ориентацијата и интересите на истражувачите може да се проучува првенствено како знаење или дејност. Лингвистичката теорија се однесува на идеален говорник - слушател, во јазично хомогена заедница, кој одлично го познава својот јазик и не е под влијание на нерелевантни граматички услови, како што се мемориските ограничувања, одвраќање и одземање на вниманието односно интересот и грешки (случајни или систематски) во примената на јазичното знаење во однесувањето (Chomsky, 1965: 3)[1]. Ваквото стојалиште и припаѓа на генеративната лингвистичка традиција, особено значајна во САД. Претпоставката дека говорникот - слушателот поседува совршено знаење на јазикот значи дека ништо не е непознато и заради тоа не може да дојде до никакви промени, што во основа претставува статичко гледиште. Чомски е ориентиран повеќе кон производот отколку кон процесот. Според Чомски, јазичкото делување е несовршен извор на податоци, врз основа на кои може да се носат заклучоци за него, врз иманентниот систем правила. Тој разликува јазична способност (competence) говорник - слушател и јазична дејност (performance), односно вистинска (стварна) употреба на јазикот во конкретна ситуација. Од истата страна на Атлантикот следи критика на претходно наведената дихотомија. Dell Hymez (1972), теоретичар и истражувач во полето на антропологијата, лингвистиката и социолингвистиката, укажува дека сфаќањето на Чомски ја ограничува јазичната способност на појмовно хомогени заедници, совршено знаење, независно од социокултуролошките фактори, а јазичната дејност се поврзува со недостаток „...секој инсерт од говорот извесно е несовршен показател на знаењето кое лежи во неговата основа. Но, за говорниците кои го делат ова знаење, таквиот распоред може да се оцени како делотворен. А, ако прибегнеме кон своите интуиции во поглед на говорот, а не само граматиката, можеме да видеме дека она што за граматиката е недоволно и необразложено може да биде вешто објавување на еден општествен чин, или структурирано, спонтано сведоштво за решавање на проблемот и појмовното мислење“ (Hajmz, 1974: 130)[2]. Овој автор не ја прифаќа идејата за јазична хомогена заедница и дава докази за различни јазични знаења кои постојат во рамките на хетерогената јазична заедница. Дури и во монолингвистичка заедница поединецот не користи еден единствен стил, туку очекувано е да варира во зависност од функцијата на јазикот. Комуникативната компетенција значи остварување успешна и ефикасна комуникација и способност за правилна примена на културолошките обрасци и кодови, како основен елемент на учество во општествениот живот.

За да се разбере значаењето на поимот комуникативна компетенција, неопходно е да се елаборира како поимот е генериран и што означува. Треба да се разгледаат антрополошко - етнографските и социолонгвистичките аспекти. Dell Hymes - основоположникот на терминот комуникативна компетенција осврнувајќи се на дистинкцијата помеѓу јазична способност и јазична дејност, предлага теорија на јазична дејност односно употреба на јазикот, при што се истражуваат моделите - правилата кои стојат зад говорниковата јазична дејност, односно го истражува знаењето кое говорниците го имаат кога комуницираат. Граматичноста односно познавањето на јазикот како формален систем претставува само еден од чинителите на комуникативната компетенција.

Значи терминот јазична компетенција го опфаќа не само знаењето на јазикот, туку и способноста тоа знаење да се операционализира во комуникација со другите луѓе, во различно опкружување и ситуации. Додека јазичната компетенција значи способност да се произведат граматички исправни реченици, комуникативната компетенција е способност на говорникот од севкупноста на достапни правилни граматички реченици да ги избере оние облици кои ги изразуваат општествените норми кои упатуваат со однесувањето во специфични комуникациски ситуации (Gumperz, 1972)[3].

Интересот на Hymes за говорните заедници и интегрирањето на јазикот, комуникацијата и културата, не се разликува многу од размислувањата на Firth и Halliday, кои припаѓаат на британската лингвистичка традиција (Halliday, 1978).[4] Halliday, основач на системската функционална теорија за јазикот и социјалната семиотика, ги разработува основните постулати кои ги поставуваат Firth и другите припадници на Прашката лингвистичка школа. Според него, јазикот претставува системски извор за изразување значења, а лингвистиката се занимава со проучување на начините со кои говорниците ги разменуваат значењата преку

[1] Chomsky, N. (1965). Aspects of the theory of syntax. MIT Press.

[2] Hajmz, D. (1974). O komunikativnoj kompetenciji. Kultura, 25: 129-137.

[3] Gumperz, J. J. (1972). Socioloinguistics and communication in small groups. In J. B. Pride & J. Holmes (Eds.), Sociolinguistics (p. 205). Harmondsworth: Penguin.

[4] Halliday, M. A. K. (1978). Language as social semiotic: The social interpretation of language and meaning. Baltimore: University Park Press, London: Edward Arnold.

употребата на јазикот. Тоа имплицира дека јазикот не претставува строго дефиниран систем ниту низа од сите можни граматички реченици, туку дека јазикот постои и дека потребно е да се проучува. John Rupert Firth, развива посебен поглед на лингвистиката, кој добива атрибут „фиртијански“, каде централната идеја е полисистематизмот - пристап кон јазична анализа заснован на стојалиштето според кое јазичните обрасци не можат да се сметаат за посебен одделен систем на аналитички принципи и категории, туку јазичните системи можеби можат да се постават во различни контексти во рамките на дадените нивоа на описи на јазикот. Firth го свртува вниманието на фактот дека значењето е зависно од контекстот (ситуациски контекст). Според системската функционална теорија, одредени видови на даденият контекст ги дефинираат значењата кои можат да се изразат и јазикот кој може да се користи за да се изразат овие значења (Halliday, 1985)[5]. Терминот на Hymes комуникативна компетенција може да се разгледува како еквивалент на потенцијалот на значењето на Halliday. За овој поим значајно е дека членот на една заедница може да поседува, но и не мора, знаење за сите облици на комуникација во дадената заеница. Колку и да напредувала лингивистиката благодарение на дихотомијата способност / дејност, се нашла во ќорсокак, а излезот од него Hymes го гледа во антропологијата, социологијата на јазикот, социолингвистиката. Сепак, Hymes не се занимавал со учење на јазикот, туку со јазикот како облик на социјално однесување. Според лингвистичко - етнографското гледиште (Muriel Saville - Troike, 1989; 1996) [6], кое соодветствува на ставовите на Hymes за комуникативната компетенција, овој дел вклучува три типа знаење: јазично - лингвистичко, интеракциско и културолошко. Јазичното знаење приближно одговара на она што Чомски го формулира како компетенција, со една значајна разлика - тоа подразбира и лингвистички особини кои во опишувањето на јазикот можат да пренесат социјални пораки и референтни значења. Интеракциските вештини опфаќаат познавање на општествените норми и конвенции. Културолошкото значење подразбира познавање на социјалната структура на говорната заедница и вредности и ставови врзани за употребата на јазикот.

Оттаму текстот на Пиреј, им овозможува на студентите преку развојот на нивните лингвистички способности и да разменуваат и антиципираат значења.

2. квалификативи за Пиреј

- **романот Пиреј од Петре М.Андреевски првенствено е единствен текст „кој на целосен начин ја обработува проблематиката на првата светска војна на македонски терен и од македонска гледна точка.“[7]**
- **од аспект на гледна точка применета е линеарна нарација од паралелен вид. Главно паралелната нарација ја изведуваат двајца наратори (главните ликови – Велика и Јон). Нараторите ја изнесуваат содржината во која и самите непосредно учествувале, но од дистанца, која пак обезбедува критичност и истовремено на нараторите им дава и статус на коментатори. Овој момент е особено важен, заради тоа што на еден начин ја засведочува категоријата вистинитост, бидејќи станува збор за вистински историски настан (првата светска војна). Петре М.Андреевски, сепак за да биде докрај чесен својата објективност и вистинитост ја одбранува со повремени релативизирања на нивниот исказ. „Може било така, а може мене само така ми се присторило“ - оваа реченица често се слуша од јунаците на Пиреј, кога станува збор за настани кои ги надминуваат нивниот личен опит, искуство, сознанија, претстави.**
- **за големите настани (првата светска војна е несомнено еден од најголемите во светската историја) зборуваат „малите“ луѓе во јас - форма, зборуваат за своите лични судбини и преку универзален модел ја раскажуваат истовремено и историјата (приказната) на светот. Индивидуалните нишки цврсто ја плетат приказната на колективот.**
- **јас - формата обезбедува присуство, а од друга страна и е определена во најголема мера од личните својства на раскажувачот. Значи, имаме силна употреба на експресивни јазични конструкции, кои во својата основа ја имаат ситуацијата која се опишува, но и личната историја односно културниот профил на тој што опишува. Така, раскажувачите излегуваат од традиционалните околности на селскиот живот на почетокот на 20 век, кои пак, се**

[5] Halliday, M. A. K. (1985). An introduction to functional grammar. London: Edward Arnold.

[6] Saville-Troike, M. (1989). The ethnography of communication: An introduction. Oxford: Basil Blackwell.
Saville-Troike, M. (1996). The ethnography of communication. In S. L. McKay & N. H. Hornberger (Eds.), Sociolinguistics and language teaching (pp. 351-382). Cambridge: Cambridge University Press.

[7] Вангелов Атанас, Решето. Наша книга, Скопје, 1983, стр.98.

нераскинливо поврзани со традиционалното фолклорно наследство. Оттаму, само личното раскажување на судбината, сепак добива елементи на универзална говорна матрица, изградена врз моделите на непосредниот народен говор и фолклорната богата меморија. „Одбирајќи ја јас - формата на прикажувањето, авторот на Пиреј одбира заправо, еден тип на говор мошне близок на Цепенковиот модел на раскажување. Треба веднаш да се наспомне тука дека наспроти Цепенкова, во голема мера се елиминирани дијалектизмите, а творечки се ползува принципот на сликовитост ...“[8] Професорот Атанас Вангелов, во однос на употребата на дијалектизмите може да биде и да не биде во право. Тоа специјално нека го оценуваат дијалектолозите, а од друга страна, е ирелевантно за темата која што овде ја опсервираме. А со личниот опит не е тешко да се посведочи, дека сепак овие јазични форми дијалектолошки му припаѓаат на демирхисарскиот говор, кој е сеуште во жива и непрекината употреба и како модел на изразување, но и како модел на мислење. Во секој случај, Пиреј директно ги стимулира лингвистичките, односно јазичните и мисловните процеси, што значи придонесува во нивното унапредување и развивање.

3. Модел

- **задача: студентите да изберат три наративни конструкции и да ја изградат сижејната линија на Пиреј.**
- **цел: ја усвојуваат приказната (содржината) на текстот, преку начинот на избор градат однос кон текстот, ја систематизираат приказната и фактите во неа, го усвојуваат вокабуларот и начинот на размислување, а тоа ја остварува главната цел која се однесува на зголемувањето и развојот на нивните лингвистички способности.**
- **забелешка: предноста на оваа задача е во тоа што не постои можност да не биде реализирана и да не биде постигната целта, затоа што и каков и да е изборот на наративните конструкции, останува можноста во меѓупросторот да се изгради повторно сижето на текстот, интерпретацијата на сижето да биде заокружена, а при тоа да се аргументираат сите вредносни квалификативи. Одбраните три наративни конструкции ќе бидат појдовните точки, но истовремено и точки на гледање на реципиентот.**

Практичен дел:

1. „- Мачно е да си тажен во еден олку убав ден, рече Роден Мегленоски, и ваков ден не е за погреби.

- Мајка ти заслужува повеќе од еден убав ден, рече Дуко Вендија, иако добриот ден завршува како добриот човек.

- Мајка ми цел живот беше добра, рече Роден Мегленоски, но за татко ми никогаш не сакаше да зборува.

-Како што прекршува денот, рече Дуко Вендија, така прекршува и човекот. И ништо не би почнале кога би знаеле дека лошо ќе заврши, рече.

Кога излегоа пред гробиштата луѓето се видоа цели. Се виде и сандакот со Велика Мегленоска. Таа лежеше мирно и со прекрстени раце на градите. Како да криеше нешто под дланките. Меѓу прстите и стоеше угасената свеќа. Очите и беа пропаднати во длапките под веѓите и беше многу видливо дека сосила и ги затворале.

Всушност, едната клепка и беше се уште подотворена и од белката и излегуваше една студена светлинка во која се гледаше сиот грешен свет со кој беше се сретнала.

На стиснатата уста смртта и стоеше како незарастена лузна, како трага од долго целивање со неа. Од ушите и од ноздринките и се подаваше црвено пасменце волна.

Гробот беше ископан и купот земја го одронуваа мрави и гуштерици. Децата ги одврзуваа шамивчињата од крстовите што ги носеа, а попот пееше:

[8] Исто, стр.111.

-Благословен бог наш всегда њиње и присно и во веки векови. Амин. Еден пијан гробар се занурка над гробот и луѓето го задржаа, фаќајќи го под мишките. -Помилуј нас боже, по велицеј милости твојој, молим ти сја, услиши и помилуј, господи помилуј, господи помилуј, господи помилуј! Од патот рикна магаре, и некој рече: волкот да те изеде! Пијаниот гробар си го исекна носот, а на црквинската црешна почна да црцори врапче. ...Еште молимсја о упокоении души усопшеј раба божија Велика, и о еже прости ей всјекому прегрешенију, волному же и неволному. Господи помилуј, господи помилуј, господи помилуј! -Ej, врапчено не гледа, рече пијаниот гробар, подавајќи се меѓу луѓето. Луѓето го мушкаа во ребрата, го тргаа за ракавите. -Леба ми врапче подлетарче не гледаше од црешнана, рече гробарот, тргнувајќи кон црешната, ене го, се скри меѓу лисјено, ене го колва мушички, рече, не запирајќи со одењето. ...Во блаженом успением вечниј покој подажд, господи, усопшију рабу твоеј Велика и сотвори ей вечнију памјат... Вечнаја памјат, вечнаја памјат, вечнаја памјат! -Одлета, рече пијаниот гробар, враќајќи се од кај црешната, одлета врапчето. А може да не беше врапче, рече, може да беше душата од Велика Мегленоска. Тоа што не гледаше и тоа што одлета, рече. -Aj, попе и коските од децата, рече Уља Мегленоска. -Еште молимсја о упокоениих души усопшеј рабеј твоеј... Како се викаа? -Ангеле. -Ангеле. -И Капинка. -Капинка. -Па Роса. -Роса. -И Здравко. -Здравко. -И Ѕвездан. -И Ѕвездан и сотвори им вечнију памјат, вечнаја памјат, вечнаја памјат, вечнаја памјат! Бог да ги прости!... Коските, одозгора... Ами мажот и, праша попот, зошто не и го кажавте мажот и?

-Тие беа скарани, попе, рече Уља Мегленоска, стрина му на Роден Мегленоски. Се налутија пред да го прости господ, рече, и таа не сакаше да ја закопаме заедно со него. Еднаш ме заколна за душата од децата: кога ќе умрам, сестрице, ми рече, закопај ме кај децата, ама подалеку од Јона. Овој век ми помина без него, ми рече и оној нека ми врви без него.

-Ама таму ќе се смират, рече попот, само што ќе се сретнат и ќе се смират. Таму нема бегање, нема разминување, рече.

Гробарите веќе ја ринеа земјата, си плукаа во рацете, и ја ринеа земјата, ја нафрлаа со лопатите на сандакот, го засипуваа гробот. Жените се наведнуваа, се наведна и Роден Мегленоски, се наведна и Дуко Вендија, се наведнаа уште два-тројца старци и сите заграбуваа земја меѓу прстите и фрлаа врз моштите од Велика Мегленоска.

-Ебати животот, рече пијаниот гробар и пак го издува носот, го исекна.

Наоколу мирисаше на догорени свеќи, на лански босилек, на пресна земја и на некоја старешка издишка што поминала меѓу расипани заби. Од зад црквата се слушаше кукање на кукавица, од селото доаѓаше пеење на петли, прилајување на кучиња и денот стануваше уште повисок.

- А зошто не го сакала и во гробот, праша Роден Мегленоски, бришејќи си ги очите.

- Зашто некои работи остануваат запаметени и за по смртта, рече Дуко Вендија, и зашто староста го расчинува човекот и затоа никој не ја сака, рече и зеде варена пченица од жените коишто раздаваа за душа. За испустената душа од Велика Мегленоска.

- Кажи ми, рече Роден Мегленоски.

- Ќе ти кажам, рече Дуко Вендија, ама ќе ти кажам како што ми кажуваше мајка ти, Велика, и како што ми кажуваше татко ти, Јон, и како што ми се кажуваше мене.

Под тремот црквински редачките веќе клаваа за ручек и нешто постојано брчеа со устите, како и мувите над котлите со манца.,,

Првата наративна конструкција треба да биде придружувана од одговорите на следниве аспекти**:**

- **темпорална и локациска идентификација на сижето**
- **профилирање на Роден Мегленоски (кој е тој и неговата семејна историја)**

2. *„Се разбираме некако со Витомира. И еба го, не ќе се разбереме! Оти да не се разбереме? Тукуречи исти зборови зборуваме. Само тие ги вртат наонаму, а ние наваму зборовите. А некогаш, во старо време, сите сме биле едно исто гомно, иста лепешка. Ама поминала некоја кола и со колцата ја пресекла лепешката надве, па поминала друга кола и пак ја пресекла лепешката. И така, врвеле коли и ја испресекле лепешката и ние од една лепешка сме станале многу лепешки, многу гомна… Сите ги видов овде и сите исто смрдиме.“*

Втората наративна конструкција треба да биде придружувана од одговорите на следниве аспекти:

- **темпорална и локациска идентификација**
- **профилирање на Јон (кој е тој / младост, фронт, враќање)**

3. *„Се топи детето ко сапунче оставено во вода. Боледува тој, боледувам јас за него. А Капинка и Ѕвездан ми плачат за јадење. Јас ги тепам и ги бркам од собата на Здравка. Од понеделникот до петокот така. Во петокот, кај пладне, како да се поврати детето од несвестицата.(…)*
— Облечи ме, вели Здравко, облечи ме и намести ме.
— А, за кај да те наместам, сине златен, му велам, и почнува вода да ми шопа од очиве. Не знам што да правам. Му ја држам раката оти ништо друго не може да ми досегне. За кај се спремаш, Здравко, здравец мој попарен, викам и сеќавам дека неговата рака се лади во мојата. Само уште еднаш се насмевнува, свртен кон прозорецот и истрпнува, се предава. Од раце ми избегува детето.“

Третата наративна конструкција треба да биде придружувана од одговорите на следниве аспекти:

- **темпорална и локациска идентификација**
- **профилирање на Велика (младост, судбината на мајчинството)**

Користена литература:

Вангелов Атанас, Решето. Наша книга, Скопје, 1983.
Chomsky, N. Aspects of the theory of syntax. MIT Press.1965.

Gumperz, J. J. Socioloinguistics and communication in small groups. In J. B. Pride & J. Holmes (Eds.), Sociolinguistics (p. 205). Harmondsworth: Penguin. 1972.

Hajmz, D. O komunikativnoj kompetenciji. Kultura, 25.1974.

Halliday, M. A. K. Language as social semiotic: The social interpretation of language and meaning. Baltimore: University Park Press, London: Edward Arnold. 1978.

Halliday, M. A. K. An introduction to functional grammar. London: Edward Arnold. 1985.

Saville-Troike, M. The ethnography of communication: An introduction. Oxford: Basil Blackwell.1989.
Saville-Troike, M. The ethnography of communication. In S. L. McKay & N. H. Hornberger (Eds.), Sociolinguistics and language teaching (pp. 351-382). Cambridge: Cambridge University Press.1996.

Working with gifted students - a challenge or an advantage for the teacher

Name and Surname: **Msc. Arsim Avdiu, PhD. Cand**
E-mail address: **arsim_avdiu89@hotmail.com**

Abstract
In every democratic society with high values, a special role and priority is given to education. Children are the initiators of school. Therefore, a special care and support should be given to them both in their education and welfare. Since their birth, each child has different dispositions that make them different from others. Nowadays, many teachers in schools use a variety of different forms and techniques in their teaching so that to offer to children a range of opportunities to express and interpret their talents in school. The acceleration of technique and technology has made it necessary for each child to have a different talent so we need to offer to them the opportunity to show their talent.
This research focuses specifically on gifted children. It focuses on whether the conditions are provided or whether the lesson plans and programs are appropriate for such students. Moreover, this study aims to find out whether the schools need such a form of teaching to differentiate students or whether the students are interested in deepening their knowledge by accepting other subjects except the obligatory ones. The starting point of the differentiated learning in a unique school is the sense that all students of the same class and level of education should acquire a minimum of the knowledge required by all obligatory subjects as well as the subjects or even those disciplines that are not included in the curriculum.
This research is of benefit to discovering talented students.

Keywords: gifted students, method, school, teacher etc.

Introduction
In this chapter we will first talk about talented students. Talent is the ability to acquire knowledge and use it to solve problems and to adapt to the world around us. More attention will be paid to the types of talents, the gender differences in terms of talents, in what boys are more capable and in what girls. Every individual is special in himself/herself and in the way he/she lives. Parents, teachers and students have a key role to play in this, parents need to educate their children at home, teachers in school need to teach children not to discriminate in the classroom and to see each other as equals. We must be careful because nowadays it happens that teachers themselves use offensive words that negatively affect the success of the child. Secondly, we will talk about inclusive education. In the second chapter we will talk about learning styles and types of learning, each student adapts to a style with which he/she achieves the best results in learning. In the third chapter we will talk about students with special abilities, this is the most appropriate term that does not offend anyone because we are all special and unique in ourselves. Then we will talk about talented children, the origin of their talent, their identification, teaching methods, their gifts, we will also treat gifted students with learning difficulties and serious social problems or conditions which negatively affect in their gifts and the help to be offered to them. In the fourth chapter we will talk about classroom management. Managing a classroom means directing or leading the learning process as a teacher, which is the main subjective factor in guiding students. He/She should be the second parent for the children in the class and should treat each of their problems as his/her own. Parents also have an inevitable role to play in this chapter, they are the foundation in the development of the child. If the child has problems at home and does not feel safe, then he will not be able to prove his skills at school. Finally, evaluation in education is the process during which data is collected and judged on the value of achieving an educational result based on a certain criterion. Its main purpose is to make decisions aimed at improving learning outcomes and the learning process itself.

Identification of gifted children
The theory that people have different levels of giftedness has been around for a long time. Plato talked about this over 2000 years ago. Most is covered by three topics: the ability to learn, the total amount of knowledge, the ability to adapt to new situations. One definition of intelligence is "the ability or skills to acquire knowledge and to use it to solve problems and to adapt to the world around us." Talent is more than a skill such as: the general intelligence used to perform any type of mental test and is closely related to working memory; fluid intelligence or reasoning ability related to brain development continues to strengthen until age 22 then begins the decline; the crystallized intelligence or the ability of the individual to solve problems in the cultural context. A correlation between fluid and

crystallized intelligence is developed. By developing fluid intelligence, crystallized intelligence is developed automatically. (Woolfolk. 2011)

According to Gardner's theory of multiple intelligences (1983, 2003), there are at least 8 types of intelligence. They are: Verbal Intelligence, Musical Intelligence, Spatial Intelligence, Logical-Mathematical Intelligence, Bodily-Kinesthetic Intelligence (movement), Interpersonal Intelligence (understanding other people), Intrapersonal Intelligence (self-reflection), and Naturalistic Intelligence (observation of patterns created by nature and human). Gardner points out that there are other types of intelligence as well, eight is not a final number, it is thought that there may be spiritual and existential intelligence. Multiple intelligences expand understanding of skills and open up new avenues for learning processes. (Kornhaber, Fierros, & Veenema, 2004)

Contemporary life and work are characterized by dizzying achievements in all areas of human activity, both in material production and in those of spiritual-cultural creation. These achievements are the product of the human mind and creative work subliminal in the scientific-technical-technological and cultural revolution. (Brada, 2005:27)

Hence, there is a permanent interest in identifying, diagnosing, forecasting and materially and organizationally favoring the development and rapprochement of the smart and talented in those countries that have been and insist on being even greater military, economic and political powers in the world. (Brada, 2005:28)

To break out of backwardness and to free itself from the permanent exploitation of the great military, economic and political powers everywhere, the developing countries with great effort have managed to form an international institution under the auspices of the United Nations, which would help exchanging the experience of member states about the advancement of educational work with smart and talented children and young people. Such an institution operates within UNESCO and is helping not only with the exchange of mutual experiences but also with the organization of research activities in the field of educating smart and talented young people. In order to achieve its objectives, the UNESCO Center for Talent Development in Geneva organizes seminars and consultations every year, thus helping to organize world congresses every four years. (Brada, 2005:29)

In psychological and pedagogical literature, intelligence means the totality of attributes in the form of general skills, while talents mean the totality of attributes in the form of special skills, which enable the individual to creatively achieve significantly above average results in some or in a valuable human activity, which are conditioned by the development of provisions in the form of general or specific skills and tendencies driven by internal and external motives. According to the distinguished expert of the tendencies and talents of the people Gilford with collaborators, ingenuity, inclinations, and talents are manifested in intellectual abilities; fluent (to give a lot of ideas for solving a task), flexible (ability to move from one level to another level of thinking), original (production of new, unusual ideas), and elaborate (ability to add new details to previously given ideas). Ingenuity, wisdom, inclination and talent are manifested in creative abilities. The highest degree of creative talent is known as GENIUS. Genius is manifested in high productivity with extraordinary characteristics in certain areas of human activity. The identification of smart and talented students is done in support of the systematic observation of parents and teachers and with techniques and instruments. (Brada, 1994:217)

A well-known Slovenian psychologist Alojz Kobala says that smart and talented students can be identified even earlier. In the preschool period, they start walking and talking earlier than their peers. From the age of three, they are interested in reading and writing if they are in an educated environment, while at the age of five, they are able to read and write. They have knowledge of first graders as well as second graders of elementary school. (Brada, 1994:218)

In identifying talented students there are a large number of difficulties, both in practical and methodological terms, because there are conflicting opinions about the explanation of the nature and structure of the intellect, the process of creativity, the naming of talented students and other issues. Although these contradictions exist, most authors agree that the particularly favorable combination of the high development of one or more abilities, the respective qualities of temperament, character, interests, attitudes and bodily-health integrity of the individual bring to the above-average effects on the material creativity or spiritual values of that subject. (Nuredini, 1990:146)

For the best identification of talented students, it is considered that every teacher of the school should know these works:

Forlan, A. Kobola "Accelerated progress of talented students in primary school" and

Koren; "Experimental contribution to the methodology of systematic identification of talented young people." ((Nuredini, 1990:147)

Student performance

The school exists to develop students' competencies. Competencies are defined as the totality of knowledge, talents, values and responsibilities developed in students during school time. Core Curricula clearly define the level of competencies to be mastered by all students at the end of each curriculum level. The school should develop students'

performance in these key aspects of competencies according to curricular levels and levels of education. (Kosovo Pedagogical Institute, 2016:28)
In school, they are distinguished by critical-analytical and argumentative thinking, fluent speaking and communicative skills, quickly acquire learning contents. They read a lot and feel the need to argue about what they have read. They have their own way of learning. If they are not allowed free action, the original work leads to conflict with the teacher and they may lose faith in it and the desire to learn. (Brada, 1994:218)
The basics of intellectual education as well as the opportunities for intellectual development are in the child himself, in his interest in things, phenomena and events around him. Understanding and fulfilling these interests on the part of parents provides opportunities not only to attain certain knowledge and to know certain facts about the world, but makes successful the further development of intellectual powers. (Shimillesha,1988:257)

Didactic acceleration exam

The didactic acceleration exam is organized for the hasty advancement of smart and talented students who for a school year are in a mental-physical condition to master the curricula of two grades in art schools and more and faster, despite the intensive systematic help of teachers and the pedagogical-psychological service of the school, who are also members of the probation commission. Such an exam has a global character, requires those knowledge, skills and habits which represent the safe basis for the successful advancement of smart and talented students in the highest grade. The pedagogical documentation of this exam is identical to that of the class test, but it is more general. (Brada, 1994:101)

Work with smart and gifted students

In pedagogical practices and theory, we encounter different names of students, who are distinguished by the quality of psycho-intellectual activity from their peers. These students are usually named as selected, smart, talented students, who have distinct tendencies for general or specialized activity (in music, fine arts, mathematics, technique, etc.). Such students present the support of the theories of the creation of the intellectual and technical elite of the society, respectively the basis of its scientific-technical-technological development. In contemporary society in general and in developed countries in particular, importance is given to the identification, educational work for the accelerated progress of these pupils and students who with their intellectual psychic abilities will promote the development of all spheres of society. In Western European countries, especially in Germany and France, special medical-psychological-pedagogical institutions have been organized with smart and talented students. These young people work in specialized conditions, with special plans and programs and under the guidance of qualified teachers for work and fostered progress. (Brada, 1994:217)
Individualized learning represents the attitude that in organizing the learning process, the individual characteristics of each student should optimally be taken into account. This is achieved by organizing the individual work of students and taking into account their opportunities. As seen in individualized learning, learning must be adapted to the interests, needs and ways of learning of each student, taking into account their physical and mental competencies. (Vojka-Ismajli, 2012:291)
Organizing work with smart and talented students is a pedagogical act with great responsibility on which depends the development of the provisions of these students in the form of general and special skills and tendencies. According to Dr. Bosiljka Gjorgjeviq, all forms of education and training of students can be grouped into four basic groups: Homogeneous group, Partially homogeneous group, Regular classes with enriched program, and School acceleration. The homogeneous group of smart and talented students is formed according to their general or special abilities in parallel classes and specialized schools. The partially homogeneous group of smart and talented students within regular classes with other students is organized in different variants. Regular classes with enriched program are organized differently, differentiating the internal and external teaching work. School acceleration takes the form of the hasty advancement of smart and talented students. (Brada, 1994:219)
The psychophysical abilities of the child are sublimated in the mental development, respectively in the quality of his intelligence. The well-developed child progresses regularly in the processes of perception, notices parts of objects, forms, size, weight, position, relations between objects (down, up, on, under, left and right). Learns quickly their use and the possibilities of changing them, respectively their use to meet personal and collective needs. The intellectual-mental abilities of the child are crowned in his intelligence. Intelligence is the ability to learn, to adapt to the environment to solve problems. (Brada, 2003:81)

Conclusions

Talents are born, talent can be not only in one direction but more, it means multiple intelligences.

For talents around the world, influential states or powerful states are interested in acquiring them, taking them for themselves, using them where they have the most talent for their economies.

An international institution for the union of talents under the auspices of the United Nations has been established to exchange their experiences, holding various seminars and meetings.

The identification of talents is done in different ways, thus in school, in cooperation with parents and competent bodies. They can be identified even before they start school, they tend to do some things more than their peers.

So, the school should help increase their talent, using different forms of teaching.

Working with talented students as much as it is fun is also difficult because there are times when even the teacher falls into an unenviable position because they always demand more than others.

References

1. Brada, R. (1994). *Pedagogjia shkollore për pedagogë dhe drejtorë shkolle*. Peja.
2. Brada,R. (2013). Pedagogjia parashkollore, Prishtina.
3. Brada, R. (2005). *Nxënësit e zgjuar dhe talentë*. Prishtina.
4. Kornhaber, L. M, Fierros, G. E, & Veenema, A. S. (2004). *Multiple Intelligences: Best Ideas from Research and Practice*. Pearson/Allyn and Bacon, Boston.
5. Kosovo Pedagogical Institute. (2016). Udhëzues për udhëheqjen e zbatimit të kurrikulës në shkollë, Prishtina.
6. Nuredini, V. (1990). Metodika e punës së pedagogut të shkollës, Prishtina.
7. Shimllesha, P. (1988). Pedagogjia, Prishtina.
8. Vojka-Ismajli, H. (2012). Teknologja mësimore dhe të menduarit kritik, Prishtina.
9. Woolfolk, A. (2011). *Educational Psychology*. Pearson Education, United States.

РАБОТА СО МАТЕМАТИЧКИ НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ ВО ПОЧЕТНОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ВТОР ДЕЛ

Методи Главче
University Ss. Cyril and Methodius,
Faculty of Pedagogy, Skopje
mglavche@gmail.com

Катерина Аневска
FON University, Skopje
katerina.anevska@fon.edu.mk

Ристо Малчески
FON University, Skopje
risto.malceski@gmail.com

Абстракт

Содржините кои се изучуваат во наставата по математика овозможуваат диференцијација на наставата по математика уште во почетното образование. За таа цел е неопходно откривање и идентификување на математички надарените ученици и организирање на настава која ќе овозможи нивно побрзо напредување. Во [3] се дадени интегрални наставни програми за работа со математички надарените ученици во почетното образование, односно со учениците на возраст од 7 до 9 години. Во оваа работа е направен обид за изработка на ваква програма за ученици на возраст од 9 до 10 години. Покрај тоа дел од разработената програма е поткрепен со соодветен систем задачи за работа со надарените ученици за математика од 9-10 годишна возраст.

1. ВОВЕД

Развојот на науката и зголемената потреба од знаењата на фундаменталните научни дисциплини, кои се неопходни за решавање на бројните проблеми со кои се соочува човештвото, како и тенденцијата на зголемена примена на математиката, а пред се на статистиката во останатите науки ја наметнува потребата од навремено препознавање и идентификување на надарените ученици, а посебно на надарените ученици за математика. Во оваа насока изминативе децении, покрај тоа е постигнат забележителен напредок во прецизното и еднозначно определување на надареноста, креативноста и талентот, иако сето ова е пропратено со бројни тешкотии, сведоци сме и на тенденциите за организирање на систематска и континуирана работа со надарените ученици за математика. Во нашите разгледувања нема да се осврнеме на идентификувањето и откривањето на надарените ученици за математика, како и на развојот на надарените ученици и нивната едукација, бидејќи овие прашања се опсежно разработени во постојната литература, како на пример во [1], [2], [8], [10] и [11].

Не е престрого да се каже дека зголемената грижа за работата со надарените ученици за математика не е резултат на работата на надлежните институции во нашата држава, ниту пак во државите на нашето потесно и пошироко опкружување, туку истата е резултат на дејствувањето на одделните математички организации. Така, на пример, во Р. Македонија надлежните институции само даваат акредитации на невладини организации кои ќе ги реализираат општинските, регионалните и државните натпревари по математика во основното и средното образование, а акредитираното здружение организира два дополнителни натпревари кои се во функција на избор на екипите за ЈВМО, ВМО и ІМО. Секако, ова не е доволно, бидејќи споменатиот систем на натпревари се организира во периодот од почетокот на месец февруари до почетокот на месец мај, кога најчесто и се одвиваат подготовките на учениците за учество на овие натпревари. Притоа, во останатиот период од учебната година, но и пред почетокот на истата учениците не се мотивирани за дополнителна работа. Меѓутоа, за среќа од други

здруженија се организираат дополнителни математички натпревари, како што се Математика без граници, IGO, EMC, APMO, OFAM, Kangaroo и MeMO, а во најава е и Московската математичка олимпијада за учениците од второ до седмо оддление, кои по правило временски не се совпаѓаат со гореспоменатите натпревари и дел од кои се од месец септември до месец декември, период во кој скоро и да нема други активности од споменатиот вид. Овде само да напоменеме дека во некои земји, како на пример во Р. Бугарија натпреварите се организираат на различни нивоа и во текот на целата учебна година, нашто што треба да биде пример за сите кои се ангажирани во овој сегмент од образовниот систем.

Предмет на нашите разгледувања нема да бидат споменатите натпревари и начинот на организирање на истите, туку ќе се обидеме да презентираме интегрална програма за работа со надарените ученици за математика на возраст од 9-10 години. Покрај тоа, имајќи го предвид искуството на Р. Македонија и на некои други држави од потесното и поширокото опкружување, ќе се обидеме за една от темите содржани во програмата да дадеме систем задачи кој може да се користи како за препознавање и идентификување на учениците надарени за математика, така и за работа со истите, нешто што веќе во [3] е направено за учениците од 7-8 и 8-9 годишна возраст.

2. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ЗА МАТЕМАТИКА ОД 9-10 ГОДИШНА ВОЗРАСТ

Едукацијата на надарените ученици за математика се реализира во редовната настава и тоа преку таканаречената додатна настава, на која всушност само се повторуваат темите кои се застапени во редовната настава, но со примери и задачи кои се на повисоко ниво. Практиката покажува дека ваквиот пристап не дава задоволителни резултати, па затоа во овој дел е направен обид за изработка на интегрална наставна програма за работа со надарените ученици за математика на возраст од 9-10 години, која треба да се реализира континуирано, а не само во периодот пред општинските, регионалните и државните натпревари.

Цели на наставната програма за учениците на возраст од 9-10 години се:

- ученикот/ученичката да се оспособи ги извршува аритметичките операции во множеството природни броеви, заклучно со четирицифрените броеви,
- ученикот/ученичката да ги усвои комутативниот и асоцијативниот закон за собирањето и множењето, дистрибутивниот закон и да се оспособи истите да ги применува при пресметување на вредност на броен израз,
- ученикот/ученичката да се оспособи за аритметичко решавање на текстуални задачи,
- ученикот/ученичката да се оспособи да решава равенки со една непозната и истите да ги применува при решавање на текстуални задачи,
- ученикот/ученичката да ги усвои поимите права, точка и отсечка, искршена линија, полуправа, рамнина, агол, триаголник, квадрат и правоаголник,
- ученикот/ученичката да се оспособи да ракува и да мери со инструментите за мерење должина, маса, време и течност,
- ученикот/ученичката да се оспособи да пресметува периметар на триаголници, квадрати и правоаголници, како и на сложени фигурио составени од триаголници, правоаголници и квадрати,
- ученикот/ученичката да се оспособи за решавање на елементарни логички задачи,
- ученикот/ученичката во нејавна форма да ги усвојува основните комбинаторни принципи и комбинаторни конфигурации,
- ученикот/ученичката да се оспособи да пребројува колку пати одреден вид на геометриска фигура се содржи во посложена геометриска фигура,

- кај ученикот/ученичката да се развиваат квалитетите на мислењето како што се: еластичноста, шаболнизацијата, широчината, рационалноста и критичноста на мислењето,
- да се настојува во нејавна форма ученикот/ученичката да ги усвојува научните методи: набљудување, споредување, експеримент, анализа и синтеза,
- да се настојува во нејавна форма ученикот/ученичката да ги усвојува видовите заклучувања: индукција, дедукција и аналогија, при што од особена важност да се презентираат погодни примери од кои ученикот/ученичката ќе осознава дека заклучувањето по аналогија не е секогаш точно.

За постигнување на претходно наведените цели потребно е да се усвојат следниве содржини:

Тема I. Четирицифрени броеви: собирање и одземање на четирицифрени броеви; множење и делење на четирицифрен со едноцифрен и двоцифрен број; комутативен, асоцијативен и дистрибутивен закон; делење со остаток; редослед на операциите, пресметување вредност на броен израз; низи броеви кои задоволуваат одредено својство; споредување броеви, запишување низа броеви така што ќе задоволуваат низа неравенства; решавање равенка со една непозната; решавање бројни ребуси со собирање и одземање; решавање бројни ребуси со множење и делење; и магични фигури.

Тема II. Основни и изведените мерни единици: мерење должина (милиметар, километар); мерење маса (декаграм, грам, тон); мерење време (секунда, деценија, век и милениум) и мерење течности (децилитар, мililитар).

Тема III. Решавање текстуални задачи: задачи со броеви и цифри; задачи со мерни броеви; задачи со работа; задачи со мерење време; задачи со пари и комбинирани задачи.


Тема IV. Геометриски фигури: точка и права, заемен однос на точка и права, пресек на две прави; полуправа и отсечка, должина на отсечка; точка, права и рамнина, заемен однос; агол, видови агли, нормални и паралелни прави; видови триаголници според страните; видови триаголници според аглите; четириаголник, квадрат и правоаголник; периметар на триаголник, четириаголник, квадрат и правоаголник, пресметување периметри на комбинации од фигури; коцка и квадар; составување на фигури со помош на чкорчиња; и составување на фигури со помош на коцки.

Тема V. Логика и комбинаторика: елементарни логички задачи; класични логички задачи (наоѓање на виновник, лажливец и слично); пребројувања со користење на принципите на збир, разлика и производ; пребројување на отсечки, триаголници, квадрати и правоаголници содржани во дадена сложена фигура; пребројување на трицифрени и четирицифрени броеви со зададено својство (збир на цифри, броеви запишани со определени цифри и слично); пребројување на патишта во квадратна мрежа; распоредувања на броеви и цифри во квадратни и правоаголни табели; распоредувања на букви и цифри на кружница; и задачи со мерења и прелевања на течности.

3. ПРИМЕР НА СИСТЕМ ЗАДАЧИ ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ЗА МАТЕМАТИКА ОД 9-10 ГОДИШНА ВОЗРАСТ

За реализирање на предложената програма за работа со надарените ученици од 9-10 години, неопходна е изработка на соодветни наставни помагала, т.е. учебници кои задолжително ќе бидат пропратени со соодветни збирки задачи. Притоа, учебникот и збирката треба да содржат погодно избрани задачи кои ќе се употребуваат и при препознавањето и идентификацијата на надарените ученици за математика. Во следните разгледувања ќе дадеме пример на систем задачи за оваа возрасна група, во кој се содржани задачи од дел од темата Геометриски фигури.

Задача 1. На цртежот десно во квадратна мрежа се нацртани три отсечки. Долната отсечка е за $3\,cm$ подолга од средната, а горната отсечка е двапати помала од средната. Определи ги должините на отсечките.




Задача 2. На отсечката AB избрана е точка C. Отсечката AB е 4 пати подолга од отсечката AC. Определи ги должините на отсечките AB и AC, ако должината на отсечката CB е $24\,cm$.

Задача 3. Должината на едната страна на триаголникот е $7\,cm$ и е за $3\,cm$ поголема од должината на втората страна, а е $1\,cm$ пократка од должината на третата страна. Определи го периметарот на триаголникот.


Задача 4. Ако количникот на броевите 16 и 2 го собереме со количникот на броевите 21 и 3, ќе го добиеме периметарот на рамностраниот триаголник. Определи ја должината на страната на триаголникот.

Задача 5. Даден е рамнокрак триаголник кај кој должината на кракот е двапати поголема од должината на основата. Над секоја од страните на овој триаголнк се нацртани рамностранн триаголници (види цртеж). Периметарот на така добиената фигура е $225\,cm$ по-голем од периметарот на почетниот рамнокрак триаголник. Определи ги должините на страните на почетниот рамнокрак триаголник.




Задача 6. Даден е рамнокрак триаголник ABC. Должината на кракот е трипати поголема од должината на основата, а периметарот на триаголникот е $252\,mm$. Определи ги должините на основата и кракот на триаголникот ABC.

Задача 7. Елеонора во квадратна мрежа, со страна $1\,cm$ на квадратчињата, нацртала шест рамностранн триаголници (види цртеж десно).



Потоа триаголниците ги исекла и откако ги обоила од нив ја составила фигурата прикажана на цртежот десно. Определи го периметарот на фигурата која ја направила Елеонора.



Задача 8. Збирот на периметрите на два рамностранн триаголници е $144\,cm$. Определи ги должините на страните на тие триаголници, ако периметарот на поголемиот триаголник е трипати поголем од периметарот на помалиот триаголник.

Задача 9. Периметарот на еден правоаголник е еднаков на $60\,cm$, а должината на едната страна е еднаква на $18\,cm$. Определи ја должината на другата страна на правоаголникот.


Задача 10. Од $48\,m$ се изработени рамностран триаголник и квадрат со еднакви периметри. Колку метри е подолга страната на триаголникот од страната на квадратот?

Задача 11. Должините на страните на квадрат и рамностран триаголник се изразени со природни броеви. Збирот на периметрите на рамностраниот триаголник и квадратот е еднаков на $32\,cm$. Разликата на должините на нивните страни е еднаква на $1\,cm$. Определи ја должината на страната на квадратот.

Задача 12. Слика во вид на правоаголник врамена е во рамка со ширина $5\,cm$. Периметарот на надворешниот раб на рамката е еднаков на $128\,cm$. Определи го периметарот на внатрешниот раб на рамката.

Задача 13. Иван има маса широка $6\,dm$ и долга $8\,dm$. Тој купил покривка која висела по $1\,dm$ на секоја страна на масата. Ако сака да постави тантела по крајот на покривката, колку дециметри тантела му е потребна?

Задача 14. Алеите на еден правоаголен парк се поделени на еднакви градини цртеж десно). На цртежот се прикажани две маршрути од A до B, едната од кои е со должина $36\,km$, а другата со должина $60\,km$. Колку километри е растојанието од A до B по права линија?




Задача 15. Правоаголна нива со должина $100\,m$ и ширина $20\,m$ треба да се подели на 5 еднакви квадратни градини. Колку метри ограда се потребни вкупно за оградување и делење на градината?

Задача 16. Од квадратен лист хартија е отсечен рамностран триаголник со должина на страна $4\,cm$ (цртеж десно). Периметарот на добиената фигура е еднаков на $32\,cm$. Определи ја должината на страната на квадратот.



Задача 17. Од триаголник е отсечен квадрат со должина на страна $7\,cm$, а потоа истиот е додаден на другата страна на триаголникот (види цртеж). Ако периметарот на триаголникот изнесува $36\,cm$, определи го периметарот на добиената фигура.




Задача 18. Периметарот на правоаголникот е еднаков на $180mm$. Над страна со должина a и страна со должина b на правоаголникот се нацртани рамностранни триаголници. Должината на страната на едниот од овие триаголници е еднаква на $30\,mm$.


а) Пресметај ги разликите на периметрите на правоаголникот и секој од двата рамностранни триаголници.

б) Пресметај го периметарот на добиената фигура.

Задача 19. Периметарот на правоаголникот прикажан на цртежот десно е еднаков на $28\,cm$. Периметарот на осенчениот триаголник е еднаков на $24\,cm$. Определи ја должината на најголемата страна на триаголникот.



Задача 20. Должината на страната на рамностран триаголник е еднаква на најмалиот двоцифрен непарен број запишан со различни цифри. Периметарот на квадратот е за $3\,cm$ помал од периметарот на триаголникот. Определи ја должината на страната на квадратот?




Задача 21. Периметарот на квадратот $ABCD$ е за $24\,cm$ поголем од периметарот на правоаголникот $BMNC$. Ако периметарот на правоаголникот $AMND$ е еднаков на $96\,cm$, определи ја должината на страната AD.


Задача 22. Горјан залепил квадрат со периметар $36\,cm$ до правоаголник со периметар $28\,cm$ и добил нов правоаголник (цртеж десно). Определи го периметарот на новиот правоаголник.



Задача 23. Периметарот на штрафираниот дел од правоаголникот е еднаков на $54\,cm$. Определи го периметарот на нештрафираниот дел на правоаголникот.




Задача 24. Елеонора од идентични квадратни плочки ја направила фигурата прикажана на цртежот десно. Која плочка може да ја отстрани Елеонора без притоа да се промени периметарот на фигурата?




Задача 25. Градина има форма на правоаголник со ширина $10\,m$ и трипати поголема должина. Пабло сака градината да ја огради со мрежа од тел, при што ќе остави врата широка $1\,m$. Определи ја должината на мрежата.

Задача 26. Збирот на периметрите на правоаголник и квадрат е еднаков на $4\,dm$. Определи ја должината на правоаголникот, ако неговата ширина е за $2\,cm$ поголема од страната на квадратот и периметарот на квадратот е еднаков на периметарот на рамностран триаголник со должина на страна $4\,cm$.


Задача 27. Правоаголникот на цртежот десно е составен од 7 квадрати. Периметарот на сивиот квадрат е еднаква на $12\,cm$. Определи ја должината на страната на квадратот со ѕвездичките.




Задача 28. Од 7 квадрати Андреј го составил правоаголникот даден на цртежот десно. Периметарот на обоениот квадрат е еднаков на $32\,cm$. Определи го периметарот на целиот правоаголник.



Задача 29. Правоаголник со периметар еднаков на $70\,mm$ е расечен на пет еднакви правоаголници (цртеж десно). Определи го периметарот на малиот правоаголник.




Задача 30. Фигурата прикажана на цртежот десно е составена од рамностранни триаголници. Должината на страната на едниот триаголник е $38\,cm$, а должината на страната на другиот е $20\,cm$. Определи ја должината на страната на сивиот триаголник.




Задача 31. Определи го бројот на различните триаголници кои имаат периметар еднаков на $14\,cm$.

Задача 32. Должината на правоаголникот е еднаква на $26\,cm$, а ширината е $67\,cm$ помала од периметарот. Определи го периметарот на правоаголникот.




Задача 33. Марко, Зоран, Павле и Јане имаат правоаголни зелечукови градини (види цртеж). Градината на Јане има периметар $48\,m$ и има заедничка страна со градината на Павле. Градината на Павел има заедничка страна со градината на Марко. Определи го периметарот на градината на Марко.

Задача 34. Фигурата на цртежот десно е составена од пет квадрати. Должината на страната на црниот квадрат зинесува $1\,cm$, а должината на страната на сивиот квадрат изнесува $3\,cm$. Пресметај го периметарот на фигурата?




Задача 35. Правоаголникот даден на вртежот десно е составен од 12 исти квадратчиња. По линиите на квадратчињата расечи го правоаголникот на два дела кои имаат еднакви периметри, но различни плоштини.




Задача 36. Определи го бројот на различните правоаголници чии должини на страни се природни броеви и кои имаат периметар еднаков на $208\,cm$. (Правоаголникот со должини на страна $1\,cm$ и $2\,cm$ сметаме дека е ист со праволникот со должини на страна $2\,cm$ и $1\,cm$.)

Задача 37. Скалата на цртежот десно е добиена кога од квадрат со страна $4\,cm$ се отстранети 6 квадратчиња со страна $1\,cm$. Ако фигурата на долниот цртеж се состои од 104 такви скали, пресметај го нејзиниот периметар.





Задача 38. Атомската Мравка трча по работ на масата прикажана на цртежот десно. Таа тргнала од точката A и во прикажаната насока изминала $5\,m$. Во која точка застанала Атомската Мравка, ако должината на секоја страна на масата е еднаква на $1\,dm$?



4. ЗАКЛУЧОК

Диференцијацијата на наставата во почетното образование првенствено се реализира преку работата со надарените ученици за математика. Притоа диференцијацијата најчесто се прави на часовите за додатна настава, на кои учениците се подготвуваат за натпреварите по математика. Секако, ова не може да се смета ниту за успешна диференцијација на наставата, ниту пак за добро организирана работа со надарените ученици за математика. Што се однесува до работата со надарените ученици за математика, пожелно е истата да се организира така што:

- препознавањето и идентификацијата на учениците надарени за математика да се врши согласно карактеристиките на децата надарени за математика, и тоа да не е само во првите години од почетното образование, бидејќи на тој начин најчесто надарените деца кои се карактеризираат со широчина, критичност и длабочина на мислењето остануваат надвор од видокругот на наставникот,
- за секоја возрасна група ќе се изработи посебна наставна програма, како што е програмата содржана во оваа работа и истата ќе се реализира во текот на целата учебна година, со тоа што содржините кои се надвор од редовната програ-

ма ќе се реализираат на часовите за додатна настава, на кои ќе се надградуваат и содржините кои се дел од редовната програма, и

- за реализирање на програмата за работа со надарени ученици ќе се подготват соодветни дидактички средства (целосен учебник или математички четива за разработка на содржините кои се дополнување на редовната програма и збирки задачи кои ќе ја покриваат целата наставна програма за работа со надарените ученици).

Литература

1. Đorđević, B.: *Školski oblici podrške u razvoju nadarenih učenika*, Nastava i vaspitanje, Beograd, 1990
2. Gallagher, J. J.: *Teaching the gifted children*, Boston, Allyn & Bacon, 1985
3. Glavche, M., Anevska, K., Malcheski, R.: Working with mathematically gifted students in the initial education – part one, Teacher, Faculty of education, Bitola
4. Heller, K. A., Feldhusen, J. F.: Identifying *and nurturing the gifted. An international perspective*, Studgard, Huber, 1986
5. Malčeski, R., Gogovska, V.: *The Role of Educational method in teaching of gifted and talented students,* The 10th International Congress on Mathematical Education, July 4-11, 2004, Copenhagen, Denmark
6. Malčeski, R., Gogovska, V.: *Using means inequality for getting structural mathematical knowledge*, Конференција за работа со надарени ученици, Русе, Бугарија, 2003
7. Malcheski, R., Malcheski, A., Anevska, K., Glavche, M.: *The role of the elementary number theory in the work with mathematically gifted students: the capabilities and challenges*, Teacher Vol. 12, No. 1, pp. 127-139, 2016
8. Polya, D.: *Mathematical Discovery*, Nauka, Moskva, 1976
9. Лесов, Х., Дойчев, С.: *Теми за класна и извънкласна работа по математика*, Регалия, София, 1995
10. Малчески, Р.: *Методика на наставата по математика* (трето *издание*), Армаганка, Скопје, 2019
11. Малчески, Р., Малческа, Ц.: *Работа со надарени ученици* (второ издание), Армаганка, Скопје, 2019
12. Малчески, Р.: *Математички талент* 1 (збирка задачи за четврто одделение), Просветно дело, Скопје, 2018
13. Кендеров, П., Гроздев, С.: *Ев ропейския проект MATHEU: откриване, мотивиране и подкрепа на математическите таланти в европейските училища*, Математика и метаматическо образование, 33 пролетна конференция на СМБ, Боровец, 1-4 април 2004, София, 39-49, 2004
14. Гроздев, С., Кендеров, П.: *Инструментариум за откриване и подкрепа на изявени ученици по математика*, Математика и метаматическо образование, 34 пролетна конференция на СМБ, Боровец, 6-9 април 2005, София, 53-64, 2005
15. Кендеров, П., Гроздев, С.: *Диференцираното обучение по математика в европейските училища*, Математика и метаматическо образование, 35 пролетна конференция на СМБ, Боровец, 5-9 април 2006, София, 39-49, 2006

РАБОТА СО МАТЕМАТИЧКИ НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ ВО ПОЧЕТНОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ТРЕТ ДЕЛ

Методи Главче
University Ss. Cyril and Methodius,
Faculty of Pedagogy, Skopje
mglavche@gmail.com

Катерина Аневска
FON University, Skopje
katerina.anevska@fon.edu.mk

Ристо Малчески
FON University, Skopje
risto.malceski@gmail.com

Абстракт

Во [3] и [4] се дадени интегрални наставни програми за работа со математички надарените ученици во почетното образование, односно со учениците на возраст од 7 до 10 години. Во оваа работа е направен обид за изразботка на иста ваква програма за ученици на возраст од 10 до 11 години. Притоа дел од разработената програма е поткрепен со соодветен систем задачи за работа со надарените ученици за математика од 10-11 годишна возраст.

1. ВОВЕД

Проучувањето на креативноста, надареноста и талентот најчесто се движи во рамките на дефинирање на истите и креирање валидни иснтрументи за препознавање и идентификување на талентираните и надарените деца. Во нашите разгледувања нема да се задржуваме на овие прашања, бидејќи истите темелно се разработени во постојната литература, а нивна разработка може да се најде и во [1], [2], [5], [11] и [12]. Понатаму, други важни моменти во работата со надарените ученици се развојот на надарените ученици и нивната едукација, т.е. методите и формите за работа со надарените ученици. Во споменатата литература детално се разработени и овие прашања, а во [3] и [4] се презентирани интегрални програми за работа со надарените ученици за математика на возраст од 7 до 10 години. Исто така, во споменатите работи се презентирани и три системи задачи, кои се во три разлини области и кои може да послужат за работа со математички надарените ученици, но и за нивно препознавање и идентификување. Ваквите системи задачи се составени во рамките на европскиот проект MATHEU, каде истите преамбицозно се наречени дидактички столбови.

Може да се каже дека користењето на одделни системи задачи при препознавањето, идентификувањето и едукацијата на математички надарените ученици е користено од повеќе автори, и тоа многу години пред реализација на проектот MATHEU. Така, на пример, во [6] и [8] се презентирани два вакви системи задачи, кои се помали по обем и се наменети за усвојување на научните методи и развивање на квалитетите на мислењето на математички надарените ученици.

Во следните разгледувања ќе дадеме интегрална наставна програма за работа со математички надарените ученици на возраст од 10-11 години и за темата деливост ќе презентираме систем задачи, за кој сметаме дека е погоден како за препознавање и откривање на математички надарените ученици од оваа возрасна група, така и за работа со истите.

2. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ЗА МАТЕМАТИКА ОД 10-11 ГОДИШНА ВОЗРАСТ

Во [3] и [4] се дадени интегрални наставни програми за работа со математички надарените ученици во почетното образование, односно со учениците на возраст од 7 до 10 години. Во овој дел истото ќе биде направено и работа со учениците од возрасната група од 10-11 години, т.е. со учениците од петто одделение од деветгодишното основно образование. При разработката на оваа програма, како и при разработката на претходните три програми се имплементирани искуствата од натпреварите по математика во повеќе држави, но најголемо влијание имаа натпреварите во Руската федерација, Р. Бугарија, Р. Србија, Р. Хрватска, Р. Босна и Херцеговина и Р. Македонија.

Цели на наставната програма за учениците на возраст од 10-11 години се:

- ученикот/ученичката да ги усвои природните броеви до 1000000 и да се оспособи да ги извршува аритметичките операции во множеството природни броеви, заклучно со природните броеви до 1000000,
- ученикот/ученичката да ги усвои комутативниот и асоцијативниот закон за собирањето и множењето, дистрибутивниот закон и да се оспособи истите да ги применува при пресметувањето на бројните изрази,
- ученикот/ученичката да се оспособи да решава задачи со деливост и делење со остаток,
- ученикот/ученичката да се оспособи за аритметичко решавање на текстуални задачи,
- ученикот/ученичката да се оспособи да решава равенки со една непозната и истите да ги користи при решавање на текстуални задачи,
- ученикот/ученичката да се оспособи да ги објаснува поимите дропка, именител и броител на дропка, како и да наоѓа дел од даден број и да собира и одзема дропки со еднакви именители,
- ученикот/ученичката да се оспособи да ги именува поимите: точка, права, полуправа, отсечка, рамнина и агол,
- ученикот/ученичката да ги усвои и да ги искажува суштествените својства на поимите: многуаголник, правоаголник, квадрат, триаголник, кружница, круг, квадар и коцка,
- ученикот/ученичката да се оспособи да пресметува периметар на триаголник, квадрат и правоаголник и на сложени фигури составени од истите,
- ученикот/ученичката да се оспособи да пресметува плоштина на правоаголник и квадрат, како и плоштина на посложени фигури составени од правоаголници и квадрати,
- ученикот/ученичката да се оспособи за решавање на елементарни логички задачи,
- ученикот/ученичката во нејавна форма да ги усвојува основните комбинаторни принципи и комбинаторни конфигурации,
- ученикот/ученичката да се оспособува да пребројува колку пати одреден вид на геометриска фигура се содржи во посложена геометриска фигура,
- ученикот/ученичката да се оспособува за решавање на елементарни задачи со боење, покривање и расекување на фигури на поедноставни фигури,
- ученикот/ученичката да се оспособува во нејзавна форма на елементарно ниво да го користи методот на инваријанти,
- кај ученикот/ученичката да се развиваат квалитетите на мислењето како што се: еластичноста, шаблонизацијата, широчината, рационалноста и критичноста на мислењето,
- ученикот/ученичката во нејавна форма да ги усвојува научните методи: набљудување, споредување, експеримент, анализа и синтеза,

- ученикот/ученичката во нејавна форма да ги усвојува видовите заклучувања: индукција, дедукција и аналогија, при што од особена важност да се презентираат погодни примери од кои ученикот/ученичката ќе осознава дека заклучувањето по аналогија не е секогаш точно.

За постигнување на претходно наведените цели потребно е да се усвојат следниве содржини:

Тема I. Броеви до 1000000: собирање и одземање на броеви до 1000000, множење и делење на броеви до 1000000, комутативен, асоцијативен и дистрибутивен закон, редослед на операциите, пресметување вредност на броен израз, низи броеви кои задоволуваат одредено својство, споредување броеви, запишување низа броеви така што ќе задоволуваат низа неравенства, решавање равенка со една непозната, решавање бројни ребуси со собирање и одземање, решавање бројни ребуси со множење и делење, магични фигури, поим за дропка помала од 1, именител и броител на дропка, пресметување дел од даден број, собирање и одземање на дропки со еднакви именители.

Тема II. Деливост: деливост во множеството броеви до 1000000, делење со остаток и решавање текстуални задачи со деливост на броеви.

Тема III. Решавање текстуални задачи: задачи со броеви и цифри, задачи со мерни броеви, задачи со работа, задачи со мерење време, задачи со пари и комбинирани задачи.

Тема IV. Геометриски фигури: точка, отсечка, права и рамнина, хоризонтални, вертикални и коси рамнини, заемна положба на две рамнини, искршена линија, многуаголник, елементи на многуаголник, триаголник, видови триаголници според страните и аглите, квадрат и правоаголник, периметар на триаголник, четириаголник, квадрат и правоаголник, пресметување периметри на комбинации од фигури; кружница и круг, елементи на кружница, заемна положба на точка и кружница и на точка и круг; геометриско тело, елементи на геометриско тело, коцка и квадар, составување на фигури со помош на коцки, поим за плоштина, мерки за плоштина и плоштина на квадрат и правоаголник, пресметување плоштини на комбинации од фигури, составување на фигури со помош на чкорчиња и составување на фигури со помош на коцки.

Тема IV. Множества, логика и комбинаторика: поим за множества, унија и пресек на множества, Венови дијаграми и примена, елементарни логички задачи, класични логички задачи (наоѓање на виновник, лажливец и слично), пребројувања со користење на принципите на збир, разлика и производ, пребројување на отсечки, триаголници, квадрати и правоаголници содржани во дадена сложена фигура, пребројување на повеќецифрени броеви со зададено својство (збир на цифри, броеви запишани со определени цифри и слично), пребројување на патишта во квадратна мрежа, распоредувања на броеви и цифри во квадратни и правоаголни табели, распоредувања на букви и цифри на кружница и метод на инваријанти (елементарно ниво).

3. ПРИМЕР НА СИСТЕМ ЗАДАЧИ ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ЗА МАТЕМАТИКА ОД 10-11 ГОДИШНА ВОЗРАСТ

Како и за програмите дадени во [3] и [4], така и за реализирање на предложената програма за работа со надарените ученици од 10-11, неопходна е изработка на соодветни наставни помагала, т.е. учебници кои задолжително ќе бидат пропратени со соодветни збирки задачи. Притоа, учебникот и збирката треба да содржат погодно избрани задачи кои ќе се употребуваат и при препознавањето и идентификацијата на надарените ученици за математика, за кое сметаме дека по правило треба да заврши на оваа возраст. Во следните разгледувања ќе дадеме пример на систем задачи за оваа возрасна група и тоа на тема различна од темите за кои во [3] и [4] се дадени соодветните системи задачи, а тоа е темата Деливост.

Задача 1. Определи го множеството делители на бројот 18.

Задача 2. На колку најмногу нули може да завршува производот

$$\overline{MA}\cdot\overline{TE}\cdot\overline{MA}\cdot\overline{TI}\cdot\overline{KA},$$

каде на различни букви им соодветствуваат различни цифри, а на исти букви им соодветствуваат исти цифри?

Задача 3. Определи го бројот на делителите на најмалиот трицифрен број делив со 18?

Задача 4. Определи го бројот на содржателите на бројот 7 кои се поголеми од 43 и се помали од 198, а истовремено се деливи со 2 и со 3.

Задача 5. Определи го множеството од сите природни броеви S такви што разликата $32-x$ е делива со 9.

Задача 6. При делење на бројот a со бројот b се добива количник 2 и остаток 200. Збирот на броевите a и b е 3774. Определи ги броевите a и b.

Задача 7. Збирот на два броја е 192. Ако поголемиот број се подели со помалиот се добива количник 3 и остаток 12. Определи ги овие броеви.

Задача 8. При делење на некој број со бројот 48 се добива количник q и остаток 36. Определи ги количникот и остатокот кои се добиваат при делење на овој број со бројот 16.

Задача 9. Определи го двоцифрениот број $\overline{ab}$ кои при делење со 3 даваат количник $\overline{2b}$ и остаток 0.

Задача 10. Определи го најмалиот природен број чиј производ на цифри е еднаков на 5040.

Задача 11. Бројот на спортистите во еден клуб е непарен број, кој е помал од 400. За парадата на почетокот на спортските игри тие може да се постројат во редови со по 7 или во редови со по 11 спортисти, при што нема да остане надвор од стројот ниту еден спортист. Определи го најголемиот можен број спортисти во овој клуб?

Задача 12. Фармерот Стојан јацата ги пакува во кутии по 10 и по 12 јајца. Кој е најмалиот број кутии во кои Сојан може да запакуваат точно 2018 јајца?

Задача 13. Ако трицифрениот број $\overline{abc}$ еделив со 37, тогаш и бројот $n=\overline{bca}+\overline{cab}$ е делив со 37. Докажи.

Задача 14. Определи ги сите трицифрени броеви кои се деливи со 2 и со 5 и чиј збир на цифри е еднаков на 9.

Задача 15. Која цифра треба да стои на местото на буквата a така што збирот на броевите $\overline{2017a}$ и 211 да биде делив со 2, а која цифра треба да стои на местото на буквата a за овој збир да биде делив со 5.

Задача 16. Определи го бројот на двоцифрените броеви со својство: збирот на тој број и десет пати поголемиот број е трицифрен број.

Задача 17. Определи го бројот на двоцифрените броеви кои даваат еднаков остаток при делење со 4 и со 5.

Задача 18. Определи го бројот на четирифрените броеви такви што двоцифрените броеви формирани од кои било две последователни соседни цифри се деливи со 23.

Задача 19. На часот по математика секое момче од V^a одделение решило по 8 задачи, а секое девојче решило по 13 задачи. Учителката пребројила дека вкупно се решени 180 задачи. Колку ученици има во одделението?

Задача 20. Определи барем еден десетцифрен број запишан со различни цифри, кој е делив со 7?

Задача 21. Горазд купил повеќе од три исти пакети чоколади. Од едниот пакет извадил седум чоколади и вкупно му останале 65 чоколади. Колку чоколади останале во отворениот пакет?

Задача 22. Секој ден во текот на седум последователни дена метеоролозите ја мереле дебелината на снежната покривка на врвот Пелистер и добиле седум броја во сантиметри. Вториот ден дебелината на покривката била $20\,cm$ поголема во споредба со првиот ден, третиот ден таа била 3 пати поголема од претходниот ден, следниот ден се намалила за $58\,cm$, а петтиот ден заврнал обилен снег и дебелината на снежната покривка се зголемила 5 пати. Следниот ден времето се стоплило и половината од снежната покривка се стопила. При мерењето во седмиот ден дебелината на снежната покривка била за $65\,cm$ помала, отколку во шестиот ден. Метеоролозите констатирале дека на крајот на седмиот ден дебелината на снежната покривка измерена во сантиметри е број којшто покажува дата од месец февруари. Определи го збирот на цифрите на бројот којшто во сантиметри е дебелината на снежната покривка при првото мерење?

Задача 23. За својот нов велосипед Горјан набавил клуч кој се отвара со помош на шифра. Шифрата е четирицифрен број запишан со различни цифри. Секој природен број може да се подели без остаток со цифрата на стотките на шифрата, цифрата на илјадитите на шифрата е парна,а збирот на цифрата на илјадитите и цифрата на десетките е еднаков на 7. Цифрата на единиците на шифрата е помала од цифрата на десетките, а производот на двете цифри завршува на 5. Определи ја шифрата на клучот на Горјан.

Задача 24. Провери дали збирот на првите 1000 природни броеви е делив со 77.

Задача 25. Определи ги сите природни броеви чиј производ на цифри е еднаков на 528.

Задача 26. Кој природен број $a, 100 < a < 200$ при делење со 2, 3, 4 и 5 дава остатоци 1, 2, 3 и 4, соодветно?

Задача 27. При делење на бројот 2010 со некој двоцифрен број се добива остаток 15. Колку такви двоцифрени броеви постојат?

Задача 28. Определи ги количникот и остатокот при делење на изразот

$$1\cdot 2\cdot 3\cdot 4\cdot 5\cdot 6\cdot 7\cdot 8\cdot 9\cdot 10\cdot 11\cdot 12+75$$

со бројот 35.

Задача 29. На Дамјан му е ветена награда во вредност на поголемиот од двата собироци чиј збир е 20, а нивниот производ е 96. Колку изнесува наградата на Дамјан?

Задача 30. Производот на пет броја поголеми од 10 и помали од 20 изнесува 753984. Кои се тие броеви?

Задача 31. Производот на шест броја поголеми од 10, а помали од 20 е 7539840. Кои се тие броеви?

Задача 32. При делење на бројот 100 со некој број се добива остаток 6. Определи го делителот. Колку решенија има задачата?

Задача 33. Одреди ги сите четирицифрени броеви од облик $\overline{abba}$ за кои важи равенството

$$\overline{abba} \cdot 2 = \overline{ccdd},$$

при што a,b,c,d се различни цифри.

Задача 34. Дали постојат природни броеви m и n така што

$$m \cdot n \cdot (m-n) = 2015\,?$$

Образложи го одговорот!

Задача 35. Колку четирицифрени природни броеви при делење со 7 и со 41 даваат остаток 5? Кој е најмалиот број со различни цифри од овој вид?

Задача 36. При делењето на природните броеви 287 и 431 со природниот број n се добиваат остатоците 1 и 2, соодветно. При делење на бројот 231 со бројот $n+1$ се добива остаток 3. Најди ги сите такви броеви n.

4. ЗАКЛУЧОК

Во оваа работа се осврнавме на работата со надарените ученици за математика во петто одделение од основното деветгодишно образование. Притоа, покрај тоа што работата со надарените ученици за математика треба да е дел од диференцијацијата на наставата, важно е да се напомене дека, по правило, на оваа возраст треба да заврши препознавањето и идентификација на надарените ученици за математика, а самата работа со овие ученици треба да биде организирана така што:

- препознавањето и идентификацијата на учениците надарени за математика ќе се врши согласно карактеристиките на децата надарени за математика,
- за секоја возрасна група ќе се изработи посебна наставна програма, како што е програмата содржана во оваа работа и истата ќе се реализира во текот на целата учебна година, а не само непосредно пред натпреварите за математика, нешто што е практика скоро во сите држави на нашето потесно опкружување,
- за реализирање на програмата за работа со надарени ученици ќе се подготват соодветни дидактички средства, чија подготовка мора да биде поткрепена од надлежните институции, нешто што, колку што ни е познато, не е случај во ниту една држава од нашето потесно опкружување.

Литература

1. Đorđević, B.: *Školski oblici podrške u razvoju nadarenih učenika*, Nastava i vaspitanje, Beograd, 1990
2. Gallagher, J. J.: *Teaching the gifted children*, Boston, Allyn & Bacon, 1985
3. Glavche, M., Anevska, K., Malcheski, R.: Working with mathematically gifted students in the initial education – part one, Teacher, Faculty of education, Bitola

4. Glavche, M., Anevska, K., Malcheski, R.: Working with mathematically gifted students in the initial education – part two (accepted at a conference)
5. Heller, K. A., Feldhusen, J. F.: Identifying *and nurturing the gifted. An international perspective*, Studgard, Huber, 1986
6. Malčeski, R., Gogovska, V.: *The Role of Educational method in teaching of gifted and talented students*, The 10th International Congress on Mathematical Education, July 4-11, 2004, Copenhagen, Denmark
7. Malčeski, R., Gogovska, V.: *Using means inequality for getting structural mathematical knowledge*, Конференција за работа со надарени ученици, Русе, Бугарија, 2003
8. Malcheski, R., Malcheski, A., Anevska, K., Glavche, M.: *The role of the elementary number theory in the work with mathematically gifted students: the capabilities and challenges*, Teacher Vol. 12, No. 1, pp. 127-139, 2016
9. Polya, D.: *Mathematical Discovery*, Nauka, Moskva, 1976
10. Лесов, Х., Дойчев, С.: *Теми за класна и извънкласна работа по математика*, Регалия, София, 1995
11. Малчески, Р.: *Методика на наставата по математика* (трето *издание*), Армаганка, Скопје, 2019
12. Малчески, Р., Малческа, Ц.: *Работа со надарени ученици* (второ издание), Армаганка, Скопје, 2019
13. Малчески, Р.: *Математички талент* 2 (збирка задачи за петто одделение), Просветно дело, Скопје, 2018
14. Кендеров, П., Гроздев, С.: *Ев ропейския проект MATHEU: откриване, мотивиране и подкрепа на математическите таланти в европейските училища*, Математика и метаматическо образование, 33 пролетна конференция на СМБ, Боровец, 1-4 април 2004, София, 39-49, 2004
15. Гроздев, С., Кендеров, П.: *Инструментариум за откриване и подкрепа на изявени ученици по математика*, Математика и метаматическо образование, 34 пролетна конференция на СМБ, Боровец, 6-9 април 2005, София, 53-64, 2005
16. Кендеров, П., Гроздев, С.: *Диференцираното обучение по математика в европейските училища*, Математика и метаматическо образование, 35 пролетна конференция на СМБ, Боровец, 5-9 април 2006, София, 39-49, 2006

НЕУРОЛИГВИСТИЧКОТО ПРОГРАМИРАЊЕ КАКО АЛАТКА ВО ПОТТИКНУВАЊЕ НА КРЕАТИВНОСТА КАЈ СТУДЕНТИТЕ

М-р Билјана Галовска

Бизнис Академија Смилевски - БАС, Скопје, Р. С. Македонија
biljanagalovska@yahoo.com

Д-р Билјана Петровска
Ветеринарен факултет – Универзитет ,,Св. Климет Охриски,,
Битола, Р. С. Македонија
biljanamarkovskapetkovska@yahoo.com

АПСТРАКТ

За да се пристапи кон личен и професионален развој потребно е да се насочиме кон ,,проучување на субјективните искуства,,. Неуролингвистичкото програмирање е моќна методологија која ја користат илјадници луѓе во свестот за да излезат од зоната на комфорот и да тргнат кон личниот и професионалниот развој. Прв чекор за да се случи тоа е да се поттикнат креативните потенцијали кај студентите. Поедноставно речено НЛП истражува на кој начин луѓето функционираат. Тоа го вклучува нивното доживување на светот, начинот на кој ги преработуваат или меморираат информациите, како планираат, на кој начин носат одлуки и како се однесуваат према себе и другите. Разбирањето како луѓето функционираат и ги структуираат своите искуства бескрајно го подигнува нашиот потенцијал за емпатија, за влијание и за можноста за напредок и промени. Процесот на откривање на тоа како успешните луѓе функционираат за да се моделира нивното однесување била и примарната мотивација за работа на амбициозните студенти Ричард Бандлер и Џон Гриндер во 70-тите години од 20 век кога и го поставија моделот на одличност или успешност. Од тогаш стратегиите и техниките познати во неуро-лингвистичкото програмирање се развиваат и растат,а денес се применуваат во терапијата,

едукацијата, работа, спорт, раководење, продажба, менаџирање итн.

Неуролингвистичкото програмирање како методологија на исклучително успешни луѓе ни дава широк спектар на алатки и стратегии за работа на поттикнување на креативноста на студентите за креирање визија, подобра комуникација, развивање на верба во себе, поставување на предизвикувачки цели и отварање на потенцијалите до максимум за секој од нив. Се тоа со цел креативноста да биде водечка компонента на производот кој во случајот се личностите кои одат по патеката на прогресот.

Клучни зборови: *креативност, студенти, НЛП*

NEUROLIGNISTIC PROGRAMMING AS A TOOL TO INSPECT CREATIVITY WITH STUDENTS

m-r Biljana Galovska,
Smilevski Business Academy - BAS, Skopje, R. Macedonia S. Macedonia
biljanagalovska@yahoo.com

Dr. Biljana Petrovska
Faculty of Veterinary Medicine - Ss. Kliment Ohridski ,, Bitola, R. Macedonia S. Macedonia
biljanamarkovskapetkovska@yahoo.com

ABSTRACT

To approach personal and professional development we need to focus on “the study of subjective experiences”. Neurolinguistic programming is a powerful methodology used by thousands of people in their consciousness to get out of the comfort zone and to move towards personal and professional development. The first step for this to happen is to foster students' creative potentials. Simply put, NLP explores how people function. It includes their perception of the world, the way they process or memorize information, how they plan, how they make decisions,

and how they treat themselves and others. Understanding how people function and structure their experiences infinitely raises our potential for empathy, influence, and opportunity for progress and change. The process of discovering how successful people work to model their behavior was also the primary motivation for the work of ambitious students Richard Bandler and John Grinder in the 1970s when they set the model of excellence or success. Since then the strategies and techniques known in neuro-linguistic programming have evolved and grown, and are now applied in therapy, education, work, sport, leadership, sales, management, and so on.

Neurolinguistic programming as a methodology for extremely successful people provides us with a wide range of tools and strategies to work on encouraging students' creativity to create vision, better communication, develop confidence, set challenging goals, and maximize potential for each. them. This is in order for creativity to be the leading component of the product which in this case are the individuals who follow the path of progress.

Keywords: creativity, students, NLP

ВОВЕД

Што е креативноста? Дали сме креативни? Како можеме да ја развиваме креативноста?

Многу автори се занимаваат со прашањето како еден поединец може да биде креативен на свој начин, а при тоа многу важно е креативноста да ја развиваме во текот на животот. Ако имаме во предвид дека креативноста е придружник на успешноста, јасно е дека оваа методологија на наставниот кадар, а последователно и на студентите им дава можност за развој на своите потенцијали, а следствено на тоа и креативноста во насока на подобар професионален живот.

НЛП е акроним кој значи:

Н- неуро- како го доживуваме светот низ нашите сетила од кои ја креираме нашата реалност

Л-лингвистичко- искуствата ги опишуваме низ говор и му даваме значење. НЛП пружа рамка како јазикот влијае на мислењето,како го обликува и го менува расположението и како го одредува однесувањето.

П-програмирањето – се однесува на нашето внатрешно процесирање. Се што сме во можност да направиме и не сме, непосредно се однесува на нашата ментална програма. Според тоа, способноста да се направи нешто ново или поинакво зависи од можноста за влијание на обрасците на размислување, репрограмирање на менталните процеси и мрежата на внатрешните средства кои ги поседуваме. (S.Squire, 2013)

НЛП (неуролингвистичко програмирање) е светски позната методологија, која ја наоѓа својата примена во сите области на човековата активност, поточно каде и да комуницирате. Тоа помага да се запознаете подобро, да ги разберете другите, да се разберете себе и своето однесување, а како резултат добивате квалитетни врски, вештини за ефикасно решавање на проблематични ситуации, поголема самодоверба, успех во она што го правите и на крај, внатрешен мир. Како методологија која дава прогресивни резултати во однос на целите кои личноста сака да ги реализира како и истовремено да ги активира социјалните, психолошките, духовните, креативните потенцијали е многу погодна за работа или адаптирана примена во воспитно-образовниот процес.

Минувањето низ оваа методологија овозможува да се научи многу за учењето. НЛП како дисциплина го опремува човекот со вештини за учење и промени и со тоа ги покренува и ја одржува делотворна развојната спирала. Единствено нешто кое ќе направи разлика во вашето учење на оваа методологија е активното учество и отворениот ум.

РАЗВИВАЊЕ НА КРЕАТИВНОСТ КАЈ СТУДЕНТИТЕ ПРЕКУ АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

Во секој од нас постои скриен потенцијал, внатрешни ресурси од кои може да се активира креативноста кај индивидуата. Понекогаш на свесно ниво ги гушиме нашите потенцијали, односно не верувајќи во себе ја гушиме креативноста. Образованието е она кое има функција да го пронајде, поттикне и нахрани тој креативен потенцијал. Еден образовен систем кој би ја поттикнувал креативноста кај студентите, би требало да биде "провокатор" на креативниот потенцијал, спој на креативно учење и учење како да се биде креативен. Креативноста е сила која движи во прогрес, напредок во поле во кое ние имаме интерес или дејствуваме. Креативноста се состои во секоја работа во која нешто се создава, на пример креативна е жената која плете или измислува и создава нови плетки, но исто така и Ајнштајн бил креативен кога дошол до теоријата на релативноста.

Се поставува прашањето: Како наставниот кадар во високо образовните институции да го покрене овој креативен потенцијал кај студентите?

Креативноста е способноста да се добиваат, да се создаваат или да се откриваат нови идеи и решенија и да се согледуваат нови можности. Особено креативните луѓе честопати имаат големо знаење за нешто, работат на тоа со години, бараат нови решенија, собираат совети, примаат помош од други стручњаци и ризикуваат. Креативноста, во суштина, е витална форма на интелигенцијата што води кон напредок. Многумина научници, особено психолози, се занимавале со проучување на креативноста. Меѓу многуте дефиниции за неа, се чини дека најпрецизна е таа што вели дека за нешто да се каже дека е креативно, тоа треба да исполнува три критериуми (всушност, тоа се и трите критериуми за патентирање на одреден изум):

Оригиналност. Идејата мора да има ниско ниво на веројатност да се добие. Мора да биде уникатна.

Корисност. Идејата треба да има вредност, односно да функционира. Ако станува збор за решение, тоа навистина треба да го решава проблемот.

Изненадување. Идејата мора во себе да содржи момент на изненадување или да не е очигледна.[1]

Добро ни е познато дека креативните студенти имаат повеќе енергија, физичка и ментална. Фактичката состојба вели дека и покрај коефициентот на интелегенција студентите треба да бидат способни на работите да гледаат на свеж начин. Исто така ако знаеме дека НЛП е методологија која генерира идеи, поставува цели, разбива стереотипи и води до сопствени решенија, ја развива и дисциплината како вештина, тогаш креативните луѓе се оние кои не седат со скрстени раце туку покреваат акција. Неуролингвистичкото програмирање е методологија која ги буди потенцијалите на личноста, а следствено на тоа како наставен кадар на 21 век, кадар на иднината кој води до решение.

Група научници во 2015 година во „Списанието за личноста и социјалната психологија“ (Journal of Personality and Social Psychology) ја објавуваат студијата „Природата на креативноста: улогите на генетските фактори, личните карактеристики, когнитивните способности и средината“ направена врз основа на истражување со 300 парови близнаци. Целта на истражувањето била да обезбеди подлабоко разбирање на структурата и изворите на индивидуалните разлики кај креативните луѓе. Студијата истакнува дека креативноста е широк психолошки конструкт, што опфаќа два аспекта: креативноста како перцепција и докажана креативност. Когнитивните способности (вербалната и невербалната интелигенција) и специфичните карактеристики на личноста (отвореноста за искуства и екстровертноста) директно влијаат врз креативноста. А , со НЛП како методологија може да се влијае и на двете.

[1] https://magazin.antoris.mk/kreativen-i-se-ragja-i-se-stanuva/

Во светот постојат заблуди дека мал број надарени луѓе се родени креативни. Во НЛП постои акосиом-претпоставка која не бара да биде докажана, а истата гласи "сите ги имаме потребните ресурси за успех". Тоа значи ако еден пред нас направил нешто или никој пред нас не направил нешто слично на нашето, ние имаме ресурси тоа да го направиме. Образованието е тоа кое треба да ги поттикне во случајот студентите да поверуваат во своите потенцијали, да го активираат креативниот ум и да си дадат за право дека заслужуваат да бидат, направат и достигнат. Комбинацијата на несекојдневните алати од НЛП се база за развивање на вештини кои помагаат во прогресот. Секој има огромен креативен потенцијал и образованието е тоа што треба да го пронајде, поттикне и нахрани. Креативноста се однесува на сè што правиме и затоа и во високото образование таа треба да се поврзува со сите предмети, а не како што обично се прави, само со некои од нив (најчесто со уметностите). Креативноста е процес што подразбира фантазија и инспирација, но основата за неа се вештината, знаењето и контролата, па затоа во образованието мора да се работи на постојано и секојдневно усовршување. Една од главните вештини е размислувањето "out of the box" преку разни аналогии и метафори. На тој начин наставниот кадар дава правец студентите да се охрабрат сами да доаѓаат до одговорите и решенијата, а не тоа да им се нуди народски речено на тацна. Ако земеме во предвид дека НЛП иницира личен развоен процес, тогаш учењето добива друга димензија.

МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Истражувачкиот дел од трудот е насочен на високообразовните институции, на студентите, односно нивните ставови во поглед на креативноста и разбирањето на НЛП методологијата.

За да се согледаат размислувањата на студентите, користевме анкетен прашалник. Формата на прашалникот е конструирана на тој начин што дава можност испитаниците да го оценат секој од атрибутите од аспект на своите видувања стекнати во текот


на студирањето. Истражувањето беше спроведено на примерок од 50 испитаници (студенти) по случаен избор.

РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА


Резултатите од анкетното истражување го покажаа следното: Анкетираните студенти имаат различен став во однос на прашањето дали креативноста е нешто кое треба да се поттикнува низ воспитно-образовниот процес и наставните содржини. Од добиените одговори можеме да констатираме дека со ваквиот став целосно се согласуваат 35% од анкетираните, неутрален став искажале 45%, додека некои од испитаниците не се согласуваат со ваквиот став, 16%, а останатите 4% одговориле под друго, одговори од типот дека креативноста зависи од личноста.



Според анкетираните студенти наставните содржини пробудуваат креативност во зависност од начинот на кој ги пренесуваат професорите. Ваквиот став го подржале 63% од анкетираните студенти, додека 22% се изјасниле дека не зависат од начинот на кој професорот го пренесува материјалот. Останатите 15% одговариле дека единствен фактор да се пробуди креативноста на самиот час е ако се користат вежби, техники или одредени методи со кои за прв пат доаѓаат во допир.



На прашањето што најмногу делува на тоа тие да бидат креативни во даден момент, а потекнува од образовниот процес, најголем процент околу 44% одговориле дека метафорите како алатка се доста интереси и останууваат и подолго откако ќе се кажат, 26% вежби во кои се бара да се дојде до решение, 17% содржини во кои осознаваат нешто за себе и другите луѓе и остатокот (13%) припаѓа на други одговори од типот на енергијата на професорот, спонтаноста, моето расположени и сл.



Интересен истражувачки податок се доби во однос на прашањето за тоа дали се сретнале некогаш со НЛП методологијата и дали тој поим им е познат. 45% одговориле дека никогаш не слушнале за тој поим, 37 % слушнале за тој поим од социјалните мрежи, но не знаат точно за што станува збор, останатите 18% одговориле дека се информирани за тој поим преку одредени обуки, семинари или во склоп на семинари, на предавање на факултет, како и појаснување од пријатели кои работат на тоа поле.



На прашањето дали постои разлика во однос на поттикнувањето на вашите креативни потенцијали споредбено високо и средно образование, скоро половина од анкетираните (55%) одговориле дека високото образование ја има разбиено класичната школа и има доста нови иновативни пристапи и методи на работа кои придонесуваат да се раздвижат нивните внатрешни потенцијали, 33% не гледаат никаква разлика, додека 12% ја гледаат само поврзаноста со професорот во однос на тоа прашање и неговата умешност.



Бидејќи образованието е сложена дејност што би сакале тие наставниот кадар да применува за да ја поттикни креативноста кај нив? На ова прашање најголем процент од анкетираните студенти (58%) одговориле дека треба да има развиено main set за живот во 21 век и да биде актуелен со нешто кое предизвикува заинтересираност за нив, од типот на тоа да научат повеќе за сопственото функционирање, 23% одговориле кога се применуваат техники кои водат до развивање на вештини кои помагаат за натамошен развој во кој можат слободно да ја изразат својата креативност, додека останатите (19%) се изјасниле за развивање на атмосфера на доверба и поддршка, која ќе покаже дека нивните идеи имаат вредност.



ЗАКЛУЧОК

Креативноста не е само за мал број луѓе. Тој стереотип се напушта последнава деценија и се верува дека сите сме креативни на одреден начин и во одредена област. Првите кои можат да ја забележат и поттикнуваат креативноста се родителите, но важна улога во цел процес има и образованието, посебно тој процес во 21 век кога достапноста на информации е на дофат на раката во секое време, па е најважно наставниот кадар да е обучен да не ги едуцира, образува студентите, туку да ги спреми за работа и живот.

Низ истражувањето се доби податок дека се што упатува на поддршка, верба во потенцијалот на студентите, давање право да се изјасни, активното слушање, разбирање на други идеи, осмислување на содржините на малку поинаков начин создава атмосфера во која студентите „ги будат" потенцијалите кои се заспани во нив и делуваат директно од истите користејќи ги ресурсите кои им се на располагање. Понекогаш не знаат точно зошто нешто им се случило, па мислат дека случајно било добар момент, сепак се се сведува на тоа дека професорот треба да знае да ја насочува нивната активност во насока на решение кое треба да го пронајдат во практичната работа, во вербата во самите себе и во ослушнувањето на нивниот внатрешен глас

кога имаат идеи кои ги нема некој друг. При тоа охрабрувањето дека секогаш се на вистинскиот пат, измоделирано преку успешноста на другите и метафорите како главна алатка за работа со потсвеста и отклучување на внатрешните потенцијали.

Истражувањето дава еден увид дека студентите сакаат и уживаат да учат преку решавање на проблеми со пристапување на нови начини, да ги компинираат и откриваат врските во социјалните интеракции, нивната улога во истите, и давањето на право дека заслужуваат да ја изнесат својата идеја како оригинална и единствена, без разлика дали тоа ќе биде прифатено од другите, но и да знаат како да се усогласат со себеси и да прогресираат не гушејќи ја својата креативност. На тој пат НЛП методологијата може да понуди алатки кои се навистина корисни да се спознаат себе, своите потенцијали, да ги дефинираат целите и тргнат во правец на нивно остварување.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Dzojs L. Dzudit– Inspirativni menadzer, IPS Media Beograd, 2007
[2] https://magazin.antoris.mk/kreativen-i-se-ragja-i-se-stanuva/
[3] https://www.academia.edu/32584139/Kreativnost_i_inovativnost_nastavnika_u_savremenoj_skoli

Biljana Geras, M.A.
Dame Gruev Middle School - Bitola
Republic of North Macedonia

Emotional regulation in the achievements of gifted and talented students throughout the learning process

Summary

Emotional life and emotional reactions are of particular importance in the learning process. This is evident in the daily interpersonal relationships and communication between teachers and students, as well as between students themselves. Setting high goals and their realization can lead to imbalances and personal failures in gifted students. For these reasons, the subject matter of this paper are the dimensions of emotional intelligence such as self-control, self-regulation and self-motivation. The ability to control one's emotions is something that can be learned and improved upon. In the field of human emotion, numerous studies have shown that the propensity to experience and recognize emotions can significantly contribute to the efficiency of one's intellectual capacity and cognitive functions. It also enables optimal human functioning and guides the individual towards responsible and adaptive behavior.

The purpose of this paper is to put an accent on the importance of these dimensions in overcoming such conditions in gifted and talented students, where the teacher has an important role to play in helping to identify the emotions of the students so that they can be able to regulate and control their own behavior.

The paper will also emphasize the significance of emotional regulation in the achievements of gifted and talented students throughout their learning process. We cannot see these aspects of emotional education separately; we should not think that, having addressed one dimension, we have achieved the optimum. The conclusion of the paper will highlight the relevance of these aspects in gifted students, leading to a greater awareness of one's own emotions, ability to recognize and solve problems, as well as an awareness of one's own values and abilities.

These emotions need to be experienced, regulated and expressed.

Key words: emotional regulation, self-control, self-regulation, self-motivation, gifted and talented students

Introduction

The educational system determines which content the student should master and when, in order to achieve the envisioned competences and skills. The system, however, does not prescribe how the student will approach their learning. Achieving success in school will not depend only on the intellectual abilities of the student. The students' achievement in school will largely depend on how active they are in the educational process and whether they have cognitive, behavioral and motivational strategies for managing their learning, i.e. how successful they are in self-regulating their learning. A student who self-regulates knows what, when and how to learn.

Whether the child will be emotionally competent or not depends on their ability to control their emotions, their knowledge and understanding of the environment, social skills, as well as knowing how to act in accordance with this knowledge:

- The ability to perceive and understand emotions;
- The ability to recognize and express emotions;
- The ability to manage and regulate emotions.

1. Self-control

1.1. What is self-control?

Self-control refers to exercises for controlling oneself, especially with the aim of harmonizing the desired standards and achievements. Simply put, self-control is the ability to manage one's behavior and one's desires to achieve a certain goal. If a child lacks self-control it does not mean they are less intelligent. Setting high goals and achieving them can lead to imbalance and personal failure for gifted students. It is crucial for them to nurture their

consciousness. The more aware they are of their own reactions, the better they will be able to control them. Self-control has a direct impact on the achievement of goals among gifted students. Often too much ambition and desire to overachieve can make them impatient, irritable, nervous, and such pressure contributes to poor self-control as well as stress. The teacher has an important role in helping overcome such states in gifted and talented students. They should aid in the direction of recognizing the emotions of the student, so that they can regulate and control their behavior. The sooner they become aware of their own reactions and eliminate the conditions that hinder self-control, the more they will be able to control them. Causes of stressful situations can be the reactions and feedback of peers, the environment, and even education itself. Gifted and talented students, even when faced with difficulties, remain optimistic because their self-control combined with the desire to achieve overcome depression and frustration. The traits of these students can also be a strong motivation for those children who are not gifted but have a higher learning potential. A high degree of self-control indicates not only better grades, better communication skills with classmates, teachers, and their entire environment, but also a sense of security and good emotional adaptability.

Self-control helps learning activities to be directed towards the right goal, and self-regulation to achieve that goal.

2. Self-regulation

2.1. Defining learning through self-regulation

Self-regulation is an integrated learning process that consists of developing constructive procedures that affect gifted and talented students and their learning. These students can learn to become more self-regulating by acquiring specific strategies that are successful for them and will enable them to increase their control over their own behavior and learning. Current research shows that some gifted students have better self-regulated learning strategies than their peers, but those gifted students may have done very well in school without even using good self-regulatory strategies due to a combination of high skills and an unchallenging curriculum. Generally, if learning is relatively easy for someone, less effort is put into organization and other self-regulating activities. Social conditions or personal issues can prevent students from developing self-regulated learning strategies. Some students who already use these strategies face social or personal problems that may prevent them from using them regularly. Encouraging them to do so and supporting the use of self-regulatory strategies can be helpful.

2.2. Strategies of self-regulation

Compared to low-achieving students, high achievers set more specific learning goals, use different learning strategies, are more likely to self-monitor, and adjust their efforts more systematically. The quality and quantity of self-regulatory processes is crucial. We must understand that one strategy of self-regulation will not have the same impact on all students and cannot expect that the use of only a few strategies will have an optimal effect. It is important that students acquire more skills for self-regulated learning, rather than only using singular strategies. They must also learn that their goals and their choice of self-regulatory strategies need to be adjusted regularly as they come into contact with a variety of subjects, content and teachers.

Most often, in the classroom, teachers take the bulk of the responsibility for the learning process and students may begin to depend on this learning model. The development of good self-regulation usually involves the systematic use of the following:

- Self-monitoring (tracking and recording one's own performance);
- Self-assessment (comparing one’s performance with a set standard or goal, e.g. reviewing answers, comparing answers with the solutions or with other students);
- Self-reaction (personal processes such as goal setting and metacognitive planning, self-praise or criticism, exercises, memorization, structuring the environment or task, and seeking help).

A self-regulating student knows when to apply certain learning strategies, and depending on the task, they direct their behaviors towards achieving the learning goals that they have set for themselves. They are able to use a variety of strategies that allow them to maintain their concentration and avoid distractions during studying. A self-regulating student acts proactively, optimizes their learning, and adapts their behavior and thinking to the requirements of the task at hand. In addition, they have a number of positive motivational values, such as confidence in their own ability to perform a task, control over the learning outcomes, perception of the value of tasks and

willingness to get them done. Once the learning goals are set and the learning strategies to apply are chosen, motivational values start playing an important role in guiding the student's behavior.

Most researchers agree that the most efficient learning occurs when one carefully observes and considers one's behavior and acts on what one has learned. This means that students learn to reduce negative behaviors and enhance positive ones. Therefore, self-regulating students must learn to continually ask themselves: Does this strategy work for me in this situation?

To be self-regulating, they must shift their focus from comparing their performance with their peers to comparing with themselves. Goals guide activities, and students must learn not only that there are different ways to achieve goals, but also how to choose the best way to achieve them and/or complete a given task.

Students with high levels of self-regulation have good control over achieving their goals.

2.3. Phases of self-regulation

The first phase of self-regulation precedes actual performance and lays the groundwork for action. In this phase of rethinking, students map out their tasks, thereby minimizing the unknown, which in turn helps to develop a positive mindset. Realistic expectations can make the task more appealing. Goals should be set as specific outcomes arranged by how short-term they are. Teachers can ask gifted students to consider the following: When will I start? Where will I do the work? How do I get started? What conditions will help or hinder my learning activities?

The second phase of self-regulated learning involves processes during studying and an active attempt to utilize specific strategies that will make the students more successful. The gifted student should be instructed to consider the following while completing a task: Am I accomplishing what I hoped to do? Am I distracted? Does this take longer than I expected? Under what conditions do I achieve the most? What questions can I ask while working? How can I motivate myself to keep working?

The final phase of self-regulated learning involves self-reflection after completing the task of evaluating the results compared to the objectives. Talented students should learn to ask themselves the following: Did I achieve what I planned to do? Was I distracted and if so, how did I get back to the task? Did I plan enough time or did I need more time than I thought? Under what conditions did I achieve the best results?

Self-regulation implies an opportunity for the development of knowledge, skills and attitudes that support and strengthen future learning, but it is also a basic condition for success in learning overall (Soric, 2014).

3. Self-motivation

3.1. Motivation

The motivation of students in the school environment is one of the most important areas in pedagogical theory and practice, given the interest of the state, institutions, and students' goals of achieving higher success. That is why the formula for achieving higher success is an everlasting preoccupation for students and parents – one that is filled with uncertainty but ultimately leads to the goal. In general, motivational processes are key to initiate, persevere, and direct behavior towards the goal (Soric, 2014). There are a number of theories and constructs that attempt to explain motivation. For many authors the term *motive* means an inner need that triggers action towards a certain goal.

3.2. Self-motivation

According to Goleman, self-motivation is a part of the five dimensions of emotional intelligence:

In cooperation with Heimann, Schulz a German didactics scholar, by following the positivistic methodic approach, founded the Berlin didactic concept, and later, in the sixties, after leaving the aforementioned model of teaching, started advocating for equal opportunities for learning, individualized work, abilities for managing oneself, autonomy of schools, and as the most important active participation of learners in the planning and implementation of classes (Sejtanic, 2016). This is also the period in which a significant change occurs in the philosophical concepts, which is still prevalent even today and seriously influences didactic concepts. It is the point from which a new wave of teaching and learning starts; the viewpoint has changed, the accent has been placed on the already mentioned self-regulated learning, self-affirmation, self-awareness; new studies start to be conducted, answers to numerous questions start to be sought and still have not been answered, and hence this is one of the reasons why the present study is being conducted. Schulz in his theory highlights self-regulated learning through communication, he fosters independence and autonomy, through which he influences the development and meaningful guidance of the pupils character (Gojkov, 2013). In relation to that, a partnership i.e. interactional relationship is formed between the teacher and the pupil, within which the

communication is conducted independently, freely and democratically. The teachers and pupils agree on the preparation and application of the teaching content, which is of key importance for the domain of music giftedness. This presupposes the process of accepting, rejecting and suggesting different options or solutions through which a democratic, humane and pleasant working atmosphere is formed; an atmosphere rich with mutual acceptance, respect and personal aspirations of both the teacher and the pupil. This type of didactic, which has as a goal teaching in a school, strives towards the gain of permanent learning abilities. In other words the teachers and pupils should experience emancipation. Everything abovementioned should be preceded by emancipatory upbringing, which Hermann Giesecke interprets as an attempt of the implementation of emancipation and therefore the ability of individuals to guide themselves during their development towards self-affirmation, self-awareness and self-determination (Gizeke, H., 2004, according to: Vilotijevic, 2010, Gojkov, 2013). Giesecke highlights the importance of emancipation and indicates the relevance of goal setting, the development of competencies, the ability of critical reflection, the possibility of a socially responsible integrative partnership etc. (Gojkov, 2013). Furthermore, Blankerz highlights the importance of freedom and turning to oneself, and therefore presents the concept of emancipatory upbringing in the light of encouragement for the development of maturity. The aforementioned clearly highlights the encouragement of musically gifted pupils to develop self-regulated learning while they are guided by mentors, and the need for mentorship as a teaching method in the work with the gifted.

For the domain of music giftedness, it is significant to note Christine Moller's curriculum theory, which does not only present the curriculum didactic model, but also presents a plan for the creation and implementation of teaching units (Klafki, Sulc, Kube i dr., 1994). Moller believes that the development of the curriculum happens in three segments, the first is the planning of the learning, the second is organization and the third control of learning (Klafki, Sulc, Kube i dr., 1994). Therefore, learning planning consists of goal setting for a certain teaching unit, then comes the planning of the most adequate strategy, i.e. learning organization, while learning control is done in accordance with the selected actions which are used to assess whether the pupils have reached the set goals through the selected strategy (Sejtanic, 2016). Since musically gifted pupils learn and achieve success mostly through independent commitment and dedicated practice, with the guidance of the teacher/mentor, this type of curriculum would be adequate in the area of music giftedness. The positive aspects of the presented curriculum are the democratic and interactional relationship of the pupil and teacher which results in greater motivation and engagement in a reliable critical relationship between the pupil and the teacher who together participate in the teaching process. This theory presents an attempt to apply the understandings of critical pedagogy and its basics, the aforementioned principles (self-determination, co-determination, self-awareness, self-regulation, self-organization, self-criticism, self-validation, solidarity etc.), which may be acquired only through the united action of those who work in the education and upbringing of the gifted and the whole system i.e. the community which represents the environmental factors.

According to Bogunovic, the role of a music teacher is multidimensional; it is comprised of the cooperation of professional and personal characteristics (Bogunovic, 2005: 341). Therefore, Bogunovic (2010) selects a few significant roles of the music teacher acting as a mentor in the work with talented pupils. The music teacher i.e. mentor should be (Bogunovic, 2010: 209):

1. a teacher – conveys knowledge and skills,
2. an expert – possesses the ability, experience and accumulated knowledge (Krnjaic, 2006: 239, Lazarevic, 2005: 331, Bogunovic, 2010: 209)
3. a guide – knows the road to success and indicates how to overcome challenges, allows individuality in problem solving,
4. an advisor – advises regarding the expectations, possibilities and standards of the domain,
5. a friend – a source of emotional support,
6. a model – an example of certain values, beliefs and behaviors.

It is important to note that practice is a key source of success for musicians and that this domain is a common source of difficulty for mentors. It is the mentors duty to teach the pupils *how* to practice and perfect their knowledge and skills, so that they could advance in the domain of giftedness (Leman, Sloboda, Vudi, 2012: 76). In accordance with this, it is necessary for the mentors to influence the development of music self-reflexivity and self-awareness.

Planning and the construction of an adequate pedagogic strategy, by the teacher, has a profound influence on the pupils' professional orientation and decisions (Bogunovic, 2006b). Alibabic (2004) lists certain activities which can be applied in the work with musically gifted pupils, and we also present them here:

1. the complete preparation of the mentor, who makes plans and decisions regarding the way in which the pupil will be motivated, which sources will be used for goals, tasks, tools etc.,
2. creating a positive environment and atmosphere for learning and practice,
3. developing an instruction plan, e.g. planning together the goals, topics, content, compositions in relation to common needs, interests and preferences,
4. identifying learning activities, within which the mentor helps the pupils achieve their goals and develop the ability of self-evaluation,
5. conducting teaching and monitoring that process,
6. evaluating individual learning outcomes, i.e. demonstrating what the pupil has achieved and learned (Alibabic, 2004: 219-220). In music teaching this would primarily refer to the domain of practice, performance (singing and playing an instrument) etc. The mentors' task is to monitor, follow, demonstrate, encourage, etc.

In accordance with the previously stated, it may be concluded that in the process of self-regulated learning and knowledge acquisition, each musically gifted pupil, with the

encouragement and professional guidance of a mentor, must pass through a certain cycle. The cycle starts with the identification of problems, then moves on to adequately selecting strategies for overcoming the problems, the process of practice and evaluation and letter the parallel evaluation of short-term and long-term goals. Along with everything that has been mentioned so far, we must not forget the presence of motivation and focus on the goal, which are often of key importance for engagement and in the end achievement of success by the musically gifted pupil.

Conclusion

Taking into consideration the stance of numerous authors presented in this paper, with an overview, interpretation and beliefs of the author of the paper, it may be concluded that mastering self-regulated learning is of key importance for the advancement and development of musically gifted pupils. Furthermore, we presented the relation of concepts such as: self-determination, co-determination, self-awareness, self-regulation, self-organization, self-criticism, self-affirmation, solidarity and others, with the process of self-regulated learning which is in close connection to the success of musically gifted learners and therefore offers the possibility for the attainment of extraordinary music performance.

All of the above mentioned, is practically impossible to expect without the work and adequate engagement of a mentor. Apart from the all-encompassing and versatile role of the mentor, the most important role stands out, and it is the moral support of the musically gifted pupil, whose road to the final goal is not easy at all. They have ahead of them painstaking practice which in some cases, it seems, moves away from the set goal, because acquiring many skills and knowledge is needed on the road to success in music. Hence, the skill of the mentor is reflected in his/her ability to, within a task which is seemingly simple, boring and unnecessary, successfully maintain motivation in the musically gifted learner who will in the whole process of work, approach each individual challenge with the same enthusiasm and will for improvement. This enthusiasm will have a tendency to increase as the goal becomes closer. On this road, the ability of self-regulation and self-regulated learning may be of key value for the success of musically gifted pupils, and their attainment of success in music. Thus, more similar studies and studies like this one are needed so that encouragement and help could be provided for those who need it the most.

References

Alibabic, S. (2004). *Mentorstvo – strategija razvoja darovitih*. U: *Strategije podsticanja darovitosti*, sa 10. Međunarodnog okruglog stola o darovitima, str. 215-222. Vršac: Viša škola za obrazovanje vaspitača.

Altaras, A. (2006). *Darovitost i podbacivanje*. Pančevo: Mali Nemo.

Bandura, A. (1997). Self-efficacy: The exercise of control. New York, NY: Freeman.

Blankerz H. (1982). *Die Geschhchte der Pedagogik: Von der Aufklarung bis zur*. Gegenwart Wetzlar.

Bogunovic, B. (2005). *Neke karakteristike nastavnika instrumenta u muzičkoj školi*. Objavljen je u zborniku radova *Daroviti i odrasli*, sa 11. Međunarodnog okruglog stola o darovitima, str. 341-353. Vršac: Viša škola za obrazovanje vaspitača.

Bogunovic, B. (2010). *Muzički talenat i uspešnost*. Beograd: Fakultet muzičke umetnosti; Institut za pedagoška istraživanja.

Brookover, W. B., Paterson, A., Thomas, S (1964.): *Self-concept of ability and school achievement, Sociology of Education*, Vol. 37, 271–278.

Buha, V., Vasiljevic, V., Djenic, S. (2017). *Učenje na daljinu i proces personalizacije.* U: *Tehnika-Menadžment,* 67, br. 4, str. 591-600. Beograd: Savez inženjera i tehničara Srbije. https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0040-2176/2017/0040-21761704591B.pdf (pristupljeno 15.02.2020).

Vasiljevic, Z. (2006). *Metodika muzičke pismenosti*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

Vilotijevic, M. (2010). *Projektna nastava.* Beograd: Školska knjiga.

Gardner, H. (1983). Frames of mind: The theory of multiple intelligences. New York: Basic Books.

Gojkov, G. (2008). *Didaktika darovitih*. Vršac: Visoka škola strukovnih studija za obrazovanje vaspitača „Mihailo Palov".

Gojkov, G. (2009). *Didaktika i metakognicija.* Vršac: Visoka škola strukovnih studija za vaspitače "Mihailo Palov".

Gojkov, G. (2013). *Fragmenti visokoškolske didaktike*. Vršac: Visoka škola strukovnih studija za obrazovanje vaspitača „Mihailo Palov".

Gojkov, G., Stojanović, A. (2015). *Didaktičke kompetencije i evropski kvalifikacioni okvir*. Beograd: Srpska akademija obrazovanja.

Davidson, J. W., Sloboda, J. A., Howe, M. J. A. (1996). *The role of parents and teachers in the success and failure of instrumental learners.* Objavljen u *British Journal of Developmental Psychology, 14,* str. 399-412.

Djordjevic, J. (1997). *Nastava i učenje u savremenoj školi*. Beograd: Učiteljski fakultet.

Djordjević, J., Djordjević, B. (2016). *Priroda darovitosti i podsticanje razvoja*. Beograd: SAO.

Zimmerman, B. J. (2001). *Theories of Self-Regulated Learning and Academic Achievement: An Overview and Analysis*. U: B. J. Zimmerman i D. H. Schunk (ur.), *Self-Regulated Learning and Academic Achievement: Theoretical Perspectives* (str. 1-39), Lawrence ErlbaumAss. Publishers.

Ilic, M. (2000). *Responsibilna nastava.* Banja Luka: Univerzitet u Banjoj Luci.

Joksinovic, S., Janjetovic, D. (2008). *Pojam o sebi i vrednosne orijentacije adolescenata.* U *Zbornik institute za pedagoška istraživanja*, godina 40, br. 2, str. 288-305. http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0579-6431/2008/0579-64310802288J.pdf

Klafki W. (1993). *Die bildung siheoretische Didaktik in Rahmen kritisckkonstruktiver Erzihungswissenschaft* und Gudjons H.: *Erziehungswisenschheaft kompakt*. Begrman: Helbig, Hamburg.

Klafki, W., Sulc, W., Kube, F., Meler, K., Vinkel, R., Blankerz, H. (1994). *Didaktičke teorije.* Zagreb: Eduka.

Knezevic, V. (1986). *Strukturne teorije nastave*. Beograd: Prosveta.

Krnjaic, Z. (2006). *Interakcija mentora i darovitih učenika*. U: *Darovitost, interakcija i individualizacija u nastavi*, sa 12. Međunarodnog okruglog stola o darovitima, str. 238-245.Vršac: Viša škola za obrazovanje vaspitača.

Lazarevic, D. (2005). *Nastavničke kompetencije kao činilac u obrazovanju darovitih učenika*. Objavljen je u zborniku radova *Daroviti i odrasli*, sa 11. Međunarodnog okruglog stola o darovitima, str. 330-340. Vršac: Viša škola za obrazovanje vaspitača.

Lehmann, A. C. (1997). *Affective response to everyday life events and music listening.* Objavljen u *Psychology of Music, 25,* str. 84-90.

Leman, A., Sloboda DŽ., Vudi, R. (2012). *Psihologija za muzičare – razumevanje i sticanje veština*. Beograd: Univerzitet umetnosti, Fakultet muzičke umetnosti.

Maksic, S. (2007). *Darovito dete u školi.* Beograd: Zavod za udžbenike.

Milosevic, N., Sevkusic, S. (2005). *Samopoštovanje i školsko postignuće*. U: *Zbornik institute za pedagoška istraživanja,* god. XXXVII, br. 1, str. 70-87. Beograd: Institut za pedagoška istraživanja. https://www.ipisr.org.rs/images/arhiva-zbornika/37/Samopostovanje.pdf.

Mirkov, S. (2007). *Samoregulacija u učenju: primena strategija i uloga orijentacija na ciljeve.* Objavljen u *Zbornik institute za pedagoška istraživanja,* godina 39, br. 2, str. 309-328, ISSN 0579-6431. Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.

Opacic, G. (1995). *Ličnost u socijalnom ogledalu*. Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.

Pekic, J. (2008). *Inteligencija i osobine ličnosti kao prediktori uspešnosti muzički darovitih srednjoškolaca*. Objavljeno u *Primenjena psihologija*, Vol.2 (1), str. 75–91. Novi Sad: Filozofski fakultet.

Pravilnik o nastavnom planu i programu osnovnog muzickog obrazovanja i vaspitanja (2010). Beograd: *Službeni glasnik Republike Srbije: Prosvetni glasnik*, broj 5. http://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/viewdoc?regactid=408092&doctype=reg&findpdfurl=true (pristupljeno 15.2.2020).

Pravilnik o nastavnom planu i programu za sticanje obrazovanja u cetvorogodisnjem trajanju u strucnoj skoli za podrucje rada Kultura, umenost i javno informisanje (2016). Beograd: *Službeni glasnik Republike Srbije: Prosvetni glasnik.* *http://muzickasu.edu.rs/wp-content/uploads/2015/11/PRAVILNIK-o-izmenama-pravilnika-o-nastavnom-planu-i-programu-za-sticanje-obrazovanja-u-%C4%8Detvorogodi%C5%A1njem-trajanju-u-stru%C4%8Dnoj-%C5%A1koli-za-podru%C4%8Dje-rada-kultura-umetnost-i-javno-informisanje-2013.pdf* (pristupljeno 15.2.2020.)

Radiceva, D. (2008). *Uvod u metodiku nastave solfeđa*. Novi Sad: Univerzitet u Novom Sadu, Akademija umetnosti.

Radiceva, D. (2000). *Metodika komplementarne nastave solfeđa i teorije muzike*. Cetinje: Univerzitet Crne Gore, Muzička akademija.

Rados, K. (2010). *Psihologija muzike.* Beograd: Zavod za udžbenike.

Sosniak, L. (1985). *Learning to be a concert pianist.* Objavljeno u *Developing talent in young people* (str. 19-67), ur. B.S. Bloom. New York: Ballantine.

Sternberg, R., Lubart, T. (1992). Creative giftedness in children, in; Pnina, K., Tannenbaum, A. (eds.): *To be young and gifted,* 33-51. Norwood, New York: Ablex Publishing Corporation.

Sternberg, R., Lubart, T. (1993). Creative giftedness: a multivariate investment approach, *Gifted Child Quartetly,* 37 (1), 7-15.

Todorovic, J. (2005). *Vaspitni stilovi u porodici i stabilnost samopoštovanja adolescenata*. U: *Psihologija*, 2, str. 183-193.

Havelka, N. (1992). *Socijalna percepcija*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

Havelka, N. (1998a). *Vrednosne orijentacije adolescenata: vrednosti i svest o sebi*, U: *Nastava i vaspitanje*, 5, 803-824.

Havelka, N. (1998b). *Vrednosne orijentacije adolescenata: vrednosti i kontekst.* U: *Psihologija,* Beograd: Društvo psihologa Srbije.

Heimann, P. (1976). *Didaktik als Unterrichtswisswnschaft.* Stuttgart: Klett.

Coopersmith, S. (1967): *The antecedents of self-esteem.* San Francisco: W.H. Freeman.

Sejtanic, S. (2016). *Komunikacija u didaktičkim teorijama.* U: *Учење и настава,* год. II, бр. 3, стр. 429-444. Beograd: Klett.

Успешната комуникација во наставата и постигањата на учениците

Милена Пејчиновска, вонр. проф., milena.pejcinovska@uklo.edu.mk;
Јове Д. Талевски, ред. проф., jovetalevski@yahoo.com;
Виолета Јанушева, ред. проф. violetajanuseva@gmail.com

Abstract

Students' achievement in the learning process is largely conditioned by the type of the established interaction-communication relationships between students and the teacher in the teaching process. In practice, research results in this issue show that the basic preamble to achieve success in the teaching-and-learning process encompasses the relationships built between the teacher and the students, the relationships among the students, and the social-emotional climate in the class. In line with the said, one of the many tasks set before the teachers is to develop a good communication with the students as its quality immensely determines students' performance and progress in the learning process. In addition, this issue appears even more subtle when taking into consideration the fact that communication with students is of highly complex dimension within which the teacher does not only communicate knowledge, instruct, teach, build characters, navigate and motivate, but also solves the relationships in class affected by students' problems of social, emotional or other nature, whose resolution and improvement requires communicative skills. Therefore, the objective of this research is to indicate that successful interaction-communication relationships are the basis for understanding students' needs, interests and relationships, which leads to easier implementation of the most corresponding activities designed for enhancing students' performance in the learning process, and especially specific regarding gifted students in regular classes - presuming they have already been identified as such. The research in this issue is empirical and of descriptive type. The qualitative methods applied in the research are: non-structured interview and survey questionnaire on the teachers' opinions about the social-emotional class climate.

Keywords: successful communication, regular classroom, students' achievements

Апстракт

Успехот во процесот на учење, во голема мера, е условен од карактерот на воспоставените интеракциско-комуникациски односи меѓу сите учесници во наставниот процес. Испитувањата на оваа проблематика во практиката покажуваат дека основна претпоставка за да се постигне успех во наставата и во учењето се воспоставените односи меѓу наставникот и учениците, односите меѓу учениците и карактерот на социјалната и емоционалната клима во одделението. Во таа смисла, една од многубројните задачи кои се поставуваат пред наставниците е тие да воспостават добра комуникација со учениците од чиј квалитет, пак, во голема мера, ќе зависи нивниот успех и напредок во процесот на учење. Притоа, вака поставениот проблем е уште покомплексен ако се земе предвид фактот што комуникацијата со учениците се одликува со доста сложена димензија, во која наставникот, освен што е пренесувач на знаење, поучувач, воспитувач, насочувач, поттикнувач, е соочен и со социјалните проблеми и односи меѓу учениците, како и со нивните емоционални и други прашања, за чие решавање и подобрување е неопходна комуникациска умешност. Оттука, целта на овој труд е да укаже дека успешната комуникација меѓу наставникот и учениците, како и успешната комуникација меѓу учениците се основа за разбирање на учениците и на нивните потреби, интереси и однесување што, од

своја страна, води до примена на најсоодветни активности за подобрување на постигањата во процесот на учење, кои се однесуваат и на надарените ученици во регуларни одделенија, под претпоставка тие веќе да се откриени. Истражувањето на вака поставениот проблем е емпириско со дескриптивен карактер. Квалитативните методи применети за истражување на поставениот проблем се: недирективно интервју со наставниците и испитување на ставовите на наставниците во однос на социо-емоционалната клима во одделението.

Клучни зборови: успешна комуникација, процес на учење, успех на учениците

1. Теориско образложување

Како што е наведено во педагошката и во методичката литература, средината за учење и медиумите со кои се учи се клучни за да се постигне успех во реализацијата на образовните цели, додека примарно значење за успешно реализирање на воспитните цели, имаат социоемоционалната клима и квалитетот на воспоставената комуникација (Колонџовски, 2002: 73). Во таа смисла, ќе се обидеме да ги објасниме суштинските карактеристики на комуникацијата во наставата, како и да ги нагласиме аспектите на успешната комуникација, без која не може ефикасно да се реализираат целите на воспитно-образовниот процес, односно не може да стане збор за успешно поучување и учење во наставата.

Во стручната литература дадени се бројни дефиниции на поимот комуникација кои во проучувањето на проблемот пристапуваат од различен аспект. Во наједноставна смисла, под поимот комуникација се подразбира заедништво, општење, соопштување. Овој поим би можеле да го сфатиме и како процес во кој се разменуваат идеи, мисли, знаење и многу други информации (Мијановић, 2004: 236). Според одредени автори, комуникацијата е механизам со чија помош се создаваат и се развиваат односите меѓу луѓето (Rot, 2004: 30). Тој механизам во себе ги вклучува сите симболи на духот, средствата за нивно пренесување низ просторот и нивното одржување низ времето. Комуникацијата е, пред сè, втемелена во човечкиот живот, а наставното искуство е составен дел на креативно-духовната и сознајната надградба (Цветковић, 2004: 255).

Етимолошки овој поим упатува на интеракцијата, координацијата и кооперацијата меѓу поединците и, во тој контекст, под комуникација се подразбира свесно насочена активност на индивидуите кон усогласените и однапред дефинирани цели на групата врз која воспитно-образовно се дејствува или влијае. Оваа дефиниција е посебно прифатлива од аспект на наставниот процес, во кој наставникот му помага на ученикот да формира значења, да развие ставови и да создаде уверувања. Во таа смисла, целокупниот воспитно-образовен процес, всушност, е еден сложен комуника-циски процес во кој, на различни нивоа, се разменуваат огромен број информации чија цел е да предизвикаат извесна промена кај учесниците на кои тие информации им се упатени. Според Богнар и Матијевиќ (Bognar, Matijević, 1993: 257), темелот на воспитно-образовната комуникација е вербалната комуникација чиј контакт се воспоставува преку посредно и непосредно изговорени и напишани зборови. Рот (2004: 14) ја образложува комуникацијата како однос меѓу единките со помош на знаци кои имаат сигнификантна или репрезентативна и експресивна функција, притоа тој нагласува дека процесот на комуницирање првенствено се заснова на знаците, зборовите и комбинациите на зборовите од говорот, како и на пишуваниот текст. Меѓутоа, во комуникацијата карактеристични се и сигналите кои се израз на одредена

внатрешна состојба на организмот или, пак, се одраз на некои релативно трајни особини на поединецот и се јавуваат спонтано како ненамерни манифестации и експресии на состојбата на организмот. Според него, токму на овие две главни функции на знаците се заснова процесот на комуницирање со единствена цел, пренесување и за размена на информации. Во оваа насока, Богнар и Матијевиќ (Bognar, Matijević, 1993: 258) ќе додадат дека невербалната порака често се јавува како придружен, паразитарен фактор кој противречи на говорната порака, што не ја прави помалку значајна, посебно поради фактот што невербалните пораки се израз на интерперсоналните ставови тесно поврзани со емотивните доживувања. Невербалните изрази се силни и, бидејќи се помалку контролирани, поотворено зборуваат за личноста која ги манифестира (Bratanić, 1993: 94).

Воспоставените социјални односи, наставник – ученик, наставник (предавач) –аудиториум, наставник – група, наставник – наставно средство – ученик, укажуваат на карактерот на комуникацијата и на заемната интеракција помеѓу наставникот и учениците во наставата и токму од познавањето на овие односи ќе зависи успешноста на комуникацијата во воспитно-образовниот процес. Притоа, мошне значајно е што денес, примената на техничко-технолошките средства и улогата на масовните медиуми, се сè поприсутни во наставата, при што современите технички средства им овозможуваат на учениците самостојно да учат, да откриваат и да истражуваат, а наставникот има улога да им дава инструкции и насоки, да ги поттикнува, да ги коригира и да ја контролира комуникацијата на релација ученик – медиум – ученик. Примената на новата образовна технологија ја прави комуникацијата во наставата многу поразновидна и посложена (Janusheva, Pejchinovska, 2011: 446–447).

Многубројните педагошки и психолошки испитувања на оваа проблематика се засновани на достигањата и сфаќањата на хуманистичките теории (Havelka, 2000: 107) за воспитанието и образованието на личноста. Имено, тие ја објаснуваат суштината на воспитно-образовниот процес и интеракциските односи врз кои се заснова наставата и процесот на учење во многу подлабока смисла, при што од примарен интерес на ваквиот простап се потребите, интересите и однесувањето на поединците, односно севкупноста на проблемите на личноста, нејзиниот развој, активноста, креативноста, слободниот избор, одговорноста и насоченоста кон поставените цели и вредности. Во таа смисла, сфаќањата на хуманистичките теории се основа не само на комуникацијата помеѓу наставникот и учениците, како и меѓу учениците туку, во многу посуштинска смисла, тие се основата за разбирање на мотивите на учениците што ги рефлектираат нивните потреби, интереси и однесувањето во наставата и во процесот на учење. Значењето на психолошкото гледиште е уште посуштинско бидејќи овие теории првенствено ја уважуваат потребата за самоактуализација, како тенденција на секој поединец да ги реализира сопствените потенцијали и да ја задоволи потребата за личен идентитет кон која тежнее. Како мало појаснување на изнесеното, Вилотијевиќ (Вилотијевић, 1999: 304), концизно го истакнува гледиштето на Г. Лафрансоа, кој ги сведува карактеристиките на хуманистичките теории во следниве ставови: во наставата вниманието да биде на развој на мислењето и на чувствата, наместо на настојување учениците да усвојуваат готови знаења; учениците да градат позитивна слика за себе и за личниот идентитет; акцентот во наставата да биде на комуникацијата која ќе подразбира таков однос на наставникот што ќе промовира добри меѓучовечки односи и мирно решавање на конфликтните ситуации; да се откриваат и развиваат личните вредноси, и да се тежнее кон себезапознавање и самоактуализација.

Понатамошната анализа на проблемот на истражување повторно во нашиот интерес ги поставува психолошките аспекти и длабоката психолошка обоеност, што,

исто така, биле предмет на интерес на бројни научници меѓу кои и на една од истакнатите истражувачи на овие простори кога се зборува за елементите на микронаставата и за интеракциско-комуникациските аспекти на наставата. Имено, Братаниќ (Bratanić: 1993: 63) посветува големо внимание на важноста од емпатички пристап на наставникот за воспоставување на погодна социоемоционална клима што е неопходен предуслов за позитивни интеракциско-коминикациски односи меѓу сите учесници во наставниот процес. Емпатичкиот пристап првенствено подразбира наставникот да ги уважува и да ги разбира чувствата, потребите и ставовите на поединците, како и потребата за нивна самоактуализација. Емпатијата е сознајно-емоционална способност на поединецот да се постави и да се соживее со положбата на друг и да го согледа светот со негови очи. Тоа ја прави емпатијата многу сложена способност, која ја вклучува како интелектуалната така и афективната сфера на личноста, притоа, во когнитивната сфера вклучува: набљудување на другите личности од нивна гледна точка (со нивни очи); преземање на улогите на другите личности во одредена социјална ситуација; а во афективно-емоционалната компонента вклучува: осетливост кон чувствата на другите; и способност за сочувствување со другите. Оттука, големо значење за социоемоционалната клима (Andrilović, Čudina, 1985: 133) во одделението има емпатичкиот пристап на наставникот кој се заснова на способноста да ги согледа вистинските чувства на учениците, да ја прифати нивната личност, да ги разбере нивните ставови, без притоа да се идентификува во афективната сфера, односно да умее да се стави во положбата на другите, без да го изгуби сопствениот идентитет. Истражувањата недвосмислено покажуваат дека ваквиот пристап е една од најважните претпоставки за воспоставување на успешна комуникација, посебно поради тоа што емпатичката способност на наставникот, согледана низ призмата на социолошката теорија (Bratanić, 1993: 65), доаѓа до израз во комуникацијата ученик –наставник. Во таа смисла, наставникот со цел да ја приспособи комуникацијата на своите ученици, неопходно е со нив да се соживее и да ги пресретне нивните способностите и можности за разбирање (Janusheva, Pejchinovska, 2011: 438–439). Впрочем, досегашните истражувања укажуваат дека од големо значење е да се разберат чувствата на учениците во даден момент и адекватно на тоа, да се усклади однесувањето на наставникот, што е барање и очекување од секој наставник во процесот на поучување и учење со своето однесување да покаже почит и разбирање кон потребите на учениците и на таков начин да го поттикне и да го ефектуализира посакуваното однесување. Развиените емпатички способности на наставникот му помагаат да ги открие скриените мотиви во ученичкото однесување и единствено тогаш кога ќе ги открие вистинските мотиви на ученичката личност, всушност, може да се рече дека наставникот го разбрал ученикот, а тоа е предуслов за ефикасно учење (Pejchinovska, Janusheva, Kostadinovska, 2019: 132) и за развој на ученикот во посакуван правец (Јанушева, Пејчиновска, 2009: 298–299).

Научните гледишта, кога станува збор за комуникацијата во наставата, се усогласени околу фактот дека комуникацијата со учениците и комуникацијата меѓу учениците, се одликува со мошне сложена димензија, бидејќи училиштата во кои се изведува процесот на учење и поучување и во кои се одвива целокупното воспитно-образовно влијание, се отворен систем и комплексна социјална институција во која наставникот освен што е поучувач, пренесувач на знаење, воспитувач, поттикнувач итн, е соочен и со социјалните проблеми и односи меѓу учениците, како и со нивните емоционални и други проблеми, за чиешто решавање е неопходна исклучителна комуникациска сензитивност од која, пак, зависат односите меѓу членовите на одделението, а и исходите во процесот на учење (Pejchinovska, Talevski, 2013: 36).

1.2. Карактеристики на надарените ученици

Успешната комуникација меѓу наставникот и учениците, како и успешната комуникација меѓу учениците се основа за разбирање на учениците и на нивните потреби, интереси и однесување што, од своја страна, води до примена на најсоодветни активности за подобрување на постигањата во процесот на учење, кои се однесуваат и на надарените ученици во регуларни одделенија, под претпоставка тие веќе да се откриени. Поголем број автори наведуваат низа посебни карактеристики на надарените ученици за кои треба да се води сметка за да се поттикне нивата активност во насока на задржување и развој на нивното внимание, интересот и ставовите: надарените ученици многу полесно и брзо ги сфаќаат поимите и новите идеи, без да мора да издвојуваат време и голема енергија да ги научат; чувствуваат задоволство во изнаоѓањето нови односи и релации меѓу појавите, процесите и објектите или нови изуми до кои доаѓаат – надарените деца ги гледаат релациите во непосредното и поширокото опкружување, меѓу одредени појави и процеси и односи коишто врсниците и соучениците, а често и возрасните лица не ги забележуваат; имаат екстремен нагон, голема љубопитност, енергија и концентрација – тоа води кон упорно изнаоѓање на нови и нови решенија на ист проблем од нов аспект, нешто што на надарените ученици им е потребно како што им е потребен сонот и задоволувањето на мотивот за храна; имаат многу изразено чувство на идентификација – доколку се чувствуваат прифатени и се чувствуваат добро во сопствената кожа, овие ученици имаат силно чувство на самопочит и доброволно ги користат сопствените вештини за идентификација и емпатично дејствување, но од друга страна доколку се чувствуваат отфрлени, несакани и имаат чувство дека се доживуваат како „чудни“ во средината, тогаш со нивниот капацитет можат да доведат до социјални проблем во училиштето или во средината во која живеат; имаат зголемени перцептивни способности, тоа значи дека надарените деца ги гледаат и доживуваат многу поинтензивно секојдневните настани, појави процеси итн., што често може да биде причина за незадоволство од сопствената работа и за потреба од охрабрување од средината; дивергентно размислуваат (Јанушева, Пејчиновска, 2009: 296–297).

1.3. Значајни аспекти во комуникацијата меѓу наставникот и учениците во насока на ефектуирање на нивните постигања

За да се обезбеди успешна комуникација и позитивна социоемоционална клима во одделението неопходно е да се исполнат условите кои се поврзани не само со природата на содржините што се соопштуваат туку и со природата на односите меѓу учесниците во комуникацијата. Во таа смисла, комуникацијата меѓу наставникот и учениците треба да биде осмислена и реализирана во согласност со основните принципи на воспитно-образовната работа, како и во согласност со општите принципи за успешно комуницирање. Наставникот притоа, како искусно, дидактичко-методички и развојно-психолошки компетентно лице, треба да обезбеди добра интеракциско-комуникациска атмосфера за успешно реализирање на активностите. Во таа насока, во продолжение ќе бидат истакнати аспектите за успешна комуникација меѓу наставникот и учениците во одделението.

Од содржинска гледна точка, еден од најзначајните аспекти на комуникацијата е придавање на исто значење на зборовите што се основни носители на содржините. Пораките кои наставникот ги испраќа треба да одговараат на можностите и на знаците со кои располагаат учениците. Тешкотии настануваат кога се употребуваат различни зборови за исто значење, или, пак, при употреба на исти

зборови на кои им се придава различно значење. Пораката што ја испраќа наставникот треба да биде педагошки заснована, јасно артикулирана и правилно нагласена, а тоа значи да биде недвосмислена, прецизна, разбирлива, за да не доведе до дилеми, конфузија, недоразбирање и до негативни реакции кај учениците.

Истражувањата во областа се мошне јасни во поглед на следниот аспект, а тоа е, за да се воспостави успешна комуникациска врска меѓу наставникот и учениците, неопходно е релацијата да се заснова на добри меѓучовечки односи. Меѓутоа, веднаш се поставува прашањето за односот кој е, всушност, навистина добар, притоа, јасно е дека добриот однос меѓу наставникот и учениците не ги исклучува конфликтните ситуации, туку напротив, добриот однос создава можност за појава и на конфликти. Соодветно на тоа, добар меѓучовечки однос не е оној во кој воопшто нема конфликтни ситуации, туку оној кој конфликтите ги решава на адекватен начин (Janusheva, Pejchinovska, 2011: 447 – 448).

Понатаму, развиената емпатичка способност на наставникот, за која мошне јасно зборувавме и претходно, е еден од неопходните услови за воспоставување на успешна комуникација во наставата. Имено, емпатичката способност на наставникот и неговиот емпатички пристап се неопходни за развојот на емпатијата и кај учениците, бидејќи емпатичниот наставник успева да ги открие мотивите на учениците и овозможува нивно оптимално задоволување. Така, наставникот пристапувајќи емпатично со учениците, треба да воспостави позитивна комуникација и кај нив да предизвика пријатни чувства, да ја задоволи потребата за истакнување, да им овозможи да постигнуваат успех, да ја задоволи потребата за прифаќање и признавање во групата, да обезбеди место и положба во неа, да ја задоволи потребата за супериорност и да обезбеди развој на самодовербата. Притоа, наставникот треба што почесто во меѓусебната интеракција да ги поттикнува учениците да зборуваат за своите чувства, да ги открие нивните желби, мотиви и што е особено важно, да знае да ги слуша учениците, како и да создаде безбедна и пријатна средина и клима за работа. Сознанијата од испитувања во оваа област овозможија да се констатира дека во училишта во кои и учениците се ангажирани во активности за развивање и промоција на емпатијата, општиот успех е многу подобар. Техниките со конкретни активности, преку кои емпатичниот наставник ќе им помогне на учениците подобро да ги разберат сопствените чувства, а на тој начин подобро да можат да ги разберат чувствата на другите, се разновидни (Janusheva, Pejchinovska, 2011: 439 – 443). Овој аспект е мошне специфичен кога во одделението има надарени ученици, што произлегува од веќе истакнатото силно изразеното чувство за идентификација, како една од особините на личноста на надарените ученици. Така, овие ученици ако се чувствуваат прифатени од наставникот и од групата и доколку таквата припадност е проследена со пријатно чувство (се чувствуваат добро во сопствената кожа), тогаш имаат силно чувство на самопочит и доброволно ги користат сопствените вештини за идентификација и емпатично дејствување, но од друга страна доколку се чувствуваат отфрлени, несакани и имаат чувство дека се доживуваат како „чудни“ во средината, со својот капацитет можат да доведат до социјални проблем во училиштето или во средината во која живеат (Јанушева, Пејчиновска, 2009: 297).

Следен аспект за воспоставување на успешна комуникација е кога наставникот овозможува учениците да доживеат успех во учењето затоа што успехот доведува до нов успех. Во овој случај, наставникот треба активностите да ги приспособува на индивидуалните способности и на можностите на секој ученик, обрнувајќи особено внимание на надарените ученици. Тука многу е важно надарените ученици да почувствуваат дека наставникот им е наклонет и сака да им помогне, и дека нивните постигнувања и успеси го развеселуваат. Прифаќањето на учениците од

страна на наставникот е важно, но не е доволен услов за нивно приспособување во училиштето. На надарените ученици им е потребно прифаќање од страна на врсниците. На таков начин, учениците се потврдуваат и им се дава можност да ги афирмираат своите способности, а наставникот континуирано придонесува за подобрување на нивните постигања (Јанушева, Пејчиновска, 2009: 297).

Вниманието на истражувачите на оваа проблематика е кон важноста од педагошки артикулирана и високоетична комуникација на наставникот со учениците. Според тоа, наставникот, треба да избегнува строго формален, службен, ладен однос и однос на незаинтересираност кон учениците. Притоа, педагошкиот однос секогаш е продуктивен и во него ученикот е прифатен и разбран од наставникот, а е почитувана и неговата личност.

Меѓусебната доверба е следен значаен аспект што детерминира дали комуницијата меѓу наставникот и ученикот ќе биде успешна. Без заемна доверба, нема вистински меѓучовечки однос и соодветно на тоа, кога изостанува довербата, не може да стане збор за хумана комуникација. Поттиците, залагањето, разбирањето и интересот за проблемите, успесите, напредокот, развојот, судбината и иднината на ученикот, како и прифаќањето на ученикот како рамноправен партнер во комуницијата со посебно почитување на неговите потреби, мисли, чувства, интереси, вредности и сл., го подобруваат квалитетот на комуникацијата (Janusheva, Pejchinovska, 2011: 447 – 448).

Од прегледот на спроведените истражувања и сеопфатните анализи на проблемот, очигледно е дека вниманието како на домашните така и на странските истражувачи е насочено кон прецизирање на влијанието на релевантните аспекти што водат кон успешна комуникација и кон позитивни социоемоционални односи. Притоа, емпатичкиот однос, позитивната социоемоционална клима во училницата, меѓусебната доверба, поткрепувањето на резултатите (Janusheva, Pejchinovska, Kostadinovska, 2016: 126–127) развојот на самодовербата итн., од една страна и карактеристиките на комуникацијата од друга страна, ја детерминираат успешноста на воспитно-образовното влијание и на процесот на учење.

Методолошка рамка

Целта на трудот е да укаже дека успешната комуникација во наставата и успехот на учениците во процесот на учење се во тесна корелација.

Истражувањето на вака поставениот проблем е емпириско со дескриптивен карактер. Квалитативните методи применети за истражување на поставениот проблем се: недирективно интервју со наставниците и испитување на нивните ставови во однос на социо-емоционалната клима во одделението во поглед на аспектите кои водат кон успешна комуникација меѓу наставникот и учениците. Единиците на примерокот кои се намерно избрани ги сочинуваат одделенски заедници во кои се реализира активна настава и во кои се имплементирани барем два проекти за активно вклучување на учениците во процесот на учење. Намерно избраниот примерок го сочинуваат основни училишта и испитаници од основните училишта кои се интервјуираат, и тоа: 6 основни училишта од целата територија на Република Македонија во кои се интервјуирани 50 наставници од прво до петто одделение.

Резултати и дискусија

Во дискусијата на резултатите од истражувањето поаѓаме од претпоставката дека воспоставената успешна комуникација меѓу наставникот и учениците го

одредува квалитет на постигнатиот успех и напредокот на учениците во воспитно-образовниот процес и во наставата. Од наведените ставови на микропедагозите кои се занимаваат со истражување на оваа проблематика, мошне извесна е констатацијата дека начинот на којшто се предава наставното градиво и начинот на кој се учи и работи се доста важни, а можеби, во одредени ситуации, и поважни од вредноста на содржина што се изучува. Притоа, е значајно какви се односите помеѓу наставникот и учениците, меѓу учениците, како и каква е социјалната и емоционалната клима во одделението и во училиштето.

Врз основа на добиените резултати од недирективно интервју со наставниците, како и преку анализата на нивните ставови во однос на социоемоционалната клима во одделението, основни претпоставки на успешната комуникација во воспитно-образовниот процес и во наставата се сметаат: правилно интерпретирање и разбирање на пораките меѓу наставникот и учениците; влијание врз ставовите на учениците на доброволна основа и задоволство од комуницијата; и збогатување на односите и поттикнување на активност врз таа основа. Овие карактеристики на успешната комуникација се во согласност и со ставовите и мислењата на Братаниќ (1993), Андриловиќ и Чудина (1985) и Даниловиќ (1998).

Претпоставка за успешна комуникација е меѓусебното разбирање што се однесува на прецизно и недвосмислено восприемање на содржината презентирана од наставникот и нејзино интерпретирање и разбирање од учениците. Во таа смисла, најголемиот број од исказите на наставниците во недирективното интервју се во корелација со констатацијата дека причина за отежната комуникација меѓу наставникот и ученикот често се ситуациите во кои зборовите, кои се носители на обработуваната содржина, имаат различно значење за учениците. Понатаму, скоро сите наставници се согласни дека ситуациите од ваков карактер ќе се надминат единствено преку тенденцијата пораката да се толкува онолку пати колку што е неопходно, додека не се утврди дека ученикот и наставникот ја протолкувале на ист начин. Наставниците се согласни со констатацијата дека комуникацијата е успешна единствено доколку учесниците во таа комуникација ја протолкувале пораката на ист начин. Во вакви ситуации многу е важно поимите и изразите да се користат со точно, недвосмислено значење и притоа да се поаѓа од искуството и когнитивната зрелост на учениците.

Задоволството од коминикацијата првенствено се однесува на емоционалното доживување при комуницирањето. Во таа смисла, интервјуираните наставници во најголема мера го нагласуваат влијанието на чувствата врз ставовите во меѓусебните односи и во комуникацијата. Кон оние со кои се воспоставува комуникацијата може да се јават симпатии, антипатии, наклоност, љубов итн. Притоа, пожелно е да се развијат позитивни ставови, кои го детерминираат односот кон појавите и ситуациите, односно од ставовите зависи дали извесна ситуација учениците ќе ја оценат позитивно или негативно, дали ќе ја прифатат или не. Притоа, наставниците ја потврдуваат нашата претпоставка дека многу важно е ставовите во комуникацијата да се засновани на задоволство, затоа што наклоноста или ненаклоноста на ученикот ја одредува интерпретацијата на обработуваните содржини, а со тоа и комуникацијата. Ако ученикот кон некого чувствува наклоност и љубов, позитивно ќе ги интерпретира неговите постапки, или обратно, ако нечии постапки ги смета за лоши и нељубезни, тогаш и интерпретација ќе биде сведена на злонамерност. Во вакви ситуации комуникациските способности на наставникот имаат примарна улога. Тој ги балансира, ги уважува и ги промовира интеракциско-комуникациските односи меѓу учениците и им дава еднаква можност да се вклучат активно во наставниот процес, а притоа води сметка за нивните интереси, желби и афинитети. Оваа задача на

наставникот ни малку не е лесна и, и покрај комуникациската умешност, стручната подготовка и педагошко-психолошката подготвеност, наставникот треба да биде емпатичар и компетентна личност, која ќе ги промовира меѓучовечките односи во одделението и ќе влијае врз ставовите и постигањата на учениците (Pejchinovska, 2011: 670).

Ставовите на интервјуираните наставници беа едногласни и во поглед на тоа дека доколку изостане задоволството од меѓусебната комуникација, тоа негативно ќе се одрази врз врската со содржините и врз можноста да влијаат на ставовите на учениците, како и понатаму со идните постапки да влијаат врз збогатување на меѓусебните односи. Така, позитивните ставовите на учениците, што се во основата на меѓусебните односи во комуникацискиот процес, може да се развијат единствено доколку постојат позитивни чувства, меѓусебна наклоност и симпатии.

Важна претпоставка за успешна комуникација во наставниот процес и услов за позитивната социоемоционална клима во одделението е активноста на учениците. Сите наставници едногласно истакнаа дека учењето е резултат на активноста на ученикот кој е мотивиран и треба да се тежнее кон развој на интринзичната мотивација што доаѓа од внатрешната потреба за сознавање и претставува суштински двигател на активноста на ученикот. Во ваков случај со мотивацијата е поврзан и интересот на учениците кон учењето, како и со задоволството да доаѓаат во училиште. Ставовите на наставниците ја поткрепуваат тезата дека треба да се внимава на интересите на личноста која учи, што е суштината на интринзичната мотивација, преку нивно запознавање со вредноста, користа и применливоста на она што се учи, што е во согласност и со истражувањата на Даниловиќ (1998), Андриловиќ и Чудина (1985) и др. Така, интересот ја олеснува концентрацијата и вниманието и предизвикува истрајност во работата. Интересот кај учениците за наставните содржини полесно се развива доколку учениците почувствуваат успех, односно ако нивните постигнувања добијат соодветна поддршка. Интересите не се трајно дадени и непроменливи, на нив може да се влијае и голема е улогата на наставникот при нивното менување, развивање и контролирање. Интересите постојано се прошируваат, а тоа е поврзано со учењето кое, всушност, никогаш не завршува зашто човек никогаш не знае доволно за областа што го интересира и затоа постојано учи и се надоградува. Учениците ќе бидат мотивирани за работа и учење доколку ја знаат вредноста и користа од она што го учат (Danilović, 1998: 171). Секое учење започнува со намера, подготвеност, желба да се совлада нешто, да се сознае нешто ново за да се постигне поставената цел. Ученикот треба да знае зошто учи и што треба да научи, односно да има точно поставена цел кон чиешто остварување ќе се стреми. Притоа треба да биде поддржан, поттикнат од страна на наставникот кој треба да го иницира неговиот интерес и да го мотивира ученикот за свесно учење. Одлучувачка улога во поставувањето на намерата за учење имаат мотивацијата и интересот (Јанушева, Пејчиновска, 2009: 298–299).

Понатаму, анализата на одговорите од недирективното интервју ги потврдува следните претпоставки за успешна комуникација во наставата, и тоа: наставникот кај учениците преку позитивна комуникација предизвикува пријатни чувства и ја задоволува потребата за истакнување; овозможува учениците да постигнат успех; ја задоволува потребата за прифаќање и признавање во групата; обезбедува место и положба во неа; ја задоволува потребата за супериорност; и обезбедува развој на самодовербата.

Ставовите и мислењата на наставниците во однос на првата претпоставка ја поврзуваат позитивната комуникација меѓу наставникот и учениците и предизвиканите пријатни чувства кај учениците и го афирмираат значењето на

вербалните критики од наставникот дадени како пофалба, одобрување, истакнување и сл., кои, во голема мера, се одраз на интересот и наклоноста на наставникот кон учениците. Притоа, резултатите укажуваат на различното влијание на поттикнувачите врз различни ученици, поради што од особено значење е индивидуалниот пристап и доброто познавање на карактеристиките на секој ученик. Тоа е во согласност со ставовите на Андриловиќ и Чудина (1987) според кои на учениците кои се способни и солидни, доколку не извршат некоја задача, подобро ќе влијае добро избран прекор бидејќи кај нив ќе предизвика чувство од кое ќе сакаат да се ослободат, а додека кај ученикот кој е работлив, но со просечни способности повеќе ќе користат пораките со кои се искажува поддржување, коригирање, укажување и сл. Понатаму, наставникот треба посебно да внимава на учениците кои се интровертни, да ги поткрепува со пофалби и награди со цел да стекнат доверба во сопствените можности, а притоа да ги избегнува казната и прекорот кои во случај на неуспех го загрозуваат самопочитувањето на ученикот, кој поради страв од повторен неуспех може никогаш да не покаже активност во наставата, а долгорочно кај него може да се формира комплекс на помала вредност. Затоа, интровертните ученици треба позитивно да се поткрепуваат зашто на таков начин се зајакнува самодовербата во сопствените способности и преку позитивните коментари им се дава можност за самопотврдување.Токму поради сето ова што е наведено, пораката и комуникацијата со учениците треба да биде индивидуализирана и соодветна на секој ученик.

Исто така, ставовите на наставниците и останати бројни истражувања го потврдуваат фактот дека учениците различно оценуваат пораки од различни наставници, што, во голема мера, зависи од авторитетот на наставникот, кој се заснова како на неговата компетентност така и на неговиот однос спрема учениците (почитување на нивната личност, познавање на нивните потреби итн.). Меѓу останатите истражувања се истакнува тоа на Пејџ (година, во Ђорђевић, 2004: 79–80) за ефектите кои ги имаат коментарите и забелешките од наставникот врз постигнатиот успех на учениците. Така Пејџ поттиците ги категоризира во следните групи: општи забелешки и коментари од страна на наставникот, специфични коментари и група во која изостануваат коментарите. По првото тестирање, во групата во која учениците се запознати со резултатите направено е повторно тестирање со цел да се утврди влијанието на коментарот од наставникот. Притоа, учениците не се запознати со целта на тестирањето и ретестирањето. Утврдено е дека коментарите кои содржеле општи пофалби и одобрување, доведуваат до подобри општи резултати и го зголемуваат успехот на учениците во повторното тестирање, за разлика од учениците на кои по првото тестирање не им се дадени никакви коментари за постигнатиот успех. Понатаму, и кратките коментари за постигнувањата на првиот тест доведуваат до подобар успех при повторното тестирање на тестовите за знаење (Ђорђевић, 2004: 79–80).

Нашето истражување ја потврдува претпоставката дека известувањето на учениците за резултатите од сопствениот труд, било во вид на оценка или како слободен кометар, е посебно важно и на таков начин, преку соодветно повратна информација (ПИ), тие се охрабрени за постигнување на подобри резултати во учењето и во воспитно-образовниот процес воопшто (Пејчиновска, 2011).

Исказите од недирективното интервју со наставниците едногласно потврдуваат дека ефективната ПИ му помага на ученикот да ги согледа добрите страни на сопственото учење и напредок, да ја согледа разликата меѓу планираната и реализираната цел, да ги спознае сопствените слабости и причините за нив, му дава насока како да ги надмине уочените слабости и пропусти во знаењето, му овозможува самостојност во учењето и самостојно вреднување на постигањата и поставување на

соодветно ниво на постигања и, што е многу важно, го мотивира ученикот за понатамошно учење. Исто така, во најголема мера, овие искази се согласуваат со нашата претпоставка дека ефективната ПИ не прави споредба меѓу учениците и поаѓа од целите на наставата, потоа дека ефикасната и ефективната ПИ е корективна и вклучува конкретни постапки и насоки кои им овозможуваат на учениците навремено да го подобрат постигнувањето. Ефективната ПИ е навремена и се дава за да им биде корисна на учениците додека тие сè уште се засегнати со резултатите и додека сè уште работат на одреден проблем, кај кој, благодарение на ПИ ќе можат да коригираат одредени грешки и да ги расчистат постојните дилеми. Ефективната ПИ е индивидуализирана и поаѓа од индивидуалните карактеристики на учениците, (Пејчиновска, 2011).

Ставовите на наставниците во однос поволната училишна клима (Andrilović, Čudina, 1985: 133)[1] и аспектите на емоционалната атмосфера во училницата, што подразбира топлина и поткрепа, меѓусебно прифаќање, емпатичност на учесниците во наставата, како и од аспект на социјалната атмосфера што опфаќа поддржување и почитување на идеи и мислења, толеранција, односи на еднаквост, права на одлучување и преземање на иницијативи и сл., ја поткрепуваат претпоставката дека таа најмногу зависи од наставникот и неговата компетентноста, стручната подготвеност, развиената емпатичка способност, како и од познавањето на педагошката и психолошката проблематика. Овие компетенции треба да му овозможат на наставникот најсоодветно да ги избира методите на работа, да ја промовира колаборативната работа со афирмирање на меѓучовечките односи и со уважување на личноста на учениците, да обезбеди самореализација на нивната личност и сл. Пред сè, личноста на наставникот треба да ја обележуваат следните особини: доверливост, отвореност и искреност, толерантност, правдољубивост итн. Понатаму, значајно е неговото знаење за тоа кое однесување дава добри образовни и воспитни резултати и неговите умеења и вештини за достигнување на оптимални воспитно-образовни резултати, како и неговата лична филозофија во врска со тоа кои воспитно-образовни цели сака да ги постигне со својата работа.

Анализата на ставовите на наставниците во однос на исказите од интервјуто го поткрепуваат фактот дека создадената позитивна психолошка клима во одделението е еден од значајните услови и критериуми за успешна комуникација помеѓу наставникот и ученикот. Се утврдува дека добрите односи во одделението зависат од способностите на наставникот да воспостави добар однос со учениците, прифаќајќи ги емоционално, како и од неговите способности да биде во состојба да ги разбере потребите и проблемите на сите ученици. Личните особини на наставникот, неговите шеми и вредности и неговиот темперамент, во голема мера, го одредуваат квалитетот на искуството кое учениците го стекнуваат во одделението (Ђорђевић, 2004: 81).

Социјалната клима во одделението се создава преку општата атмосфера која владее во училиштето и зависи од начинот на кој функционира целокупната организација на работата, како и од начинот на кој наставниците меѓусебно комуницираат. Треба да се има предвид дека климата во одделението и комуникацијата која се одвива во него се најважен фактор за социјализација на учениците во училиштето. Треба да се нагласи дека добрата клима во одделението е

[1] Климата во училницата опфаќа четири димензии и тоа: емоционалната атмосфера; социјалната атмосфера; интеракција наставник – ученик од што зависи природата на комуникацијата; и натпреварувачка атмосфера или атмосфера на соработка, в. Janusheva, Pejchinovska, (2011).

резултат на свесниот напор на наставникот и на учениците. Истражувањата укажуваат на тоа дека однесувањето на наставникот се рефлектира на однесувањето на членовите на одделението. На пример, доминантното однесување на наставникот се гледа и меѓу членовите на одделението.

Понатаму она на што треба да се обрне внимание, а што се согледа преку истражувањето е пријателскиот однос на учениците со наставникот и пријателскиот однос меѓу учениците, со посебен осврт кон надарени ученици во одделението. Во таа смисла, меѓучовечките односи претставуваат значаен предуслов за поучување и за развој на личноста на сите учениците на сите нивоа. Добрите и топли односи на заемно прифаќање, решавањето на конфликтните ситуации по мирен пат, водењето на грижа за чувствата и уважувањето на ставовите на учениците се битни предуслови за воспоставување на заемна доверба, почитување и мошне значајни предуслови за развој и унапредување на емпатичноста и чуствителноста на учениците. Притоа, наставникот го одредува степенот на заемно дејствување и соработка.

Ставовите на наставниците ја потврдуваат и претпоставката дека од голема важност е наставникот да стане модел за идентификација за однесувањето на учениците. Тоа ќе овозможи тие, посебно надарените ученици, да ги прифатат нормите, вредностите и облиците на однесување на својот наставник или на друга личност. Притоа, наставникот како пример може да го користи сопственото однесување, но и однесувањето на повозрасните ученици, а не е исклучена и можноста тој да користи стории со ликови од литературата или со непосредни примери од реалниот живот, кои бараат емпатичко дејствување и чувствување и чии постапки можат да послужат како модел за идентификација. Ваквото поучување мора мошне умешно да се води, при што учениците треба самостојно да ги изградуваат своите гледишта и ставови, а наставникот заедно со учениците може да врши анализа на исправноста на однесувањето на моделите и на причините поради кои се донесуваат судовите во дадените ситуации (Pejchinovska, 2011: 671–672).

Од горенаведените фактори, прикажани во неколку категории во голема мера, зависи успешноста на комуникацијата која, пак, е основа за унапредување на постигањата на учениците во наставниот процес. Во таа смисла за да ја исполнат својата функција на вистински воспитно-образовни институции, училиштата мора континуирано да ја промовираат и да ја подобруваат комуникацијата меѓу сите инволвирани сегменти.

Заклучок

Како што може да се согледа интеракциско-комуникациските односи се основата на воспитно-образовниот процес и на наставата кои се остваруваат преку меѓучовечка комуникација со основна цел целосен развој на личноста на ученикот. Притоа, од успешноста на комуникацијата, во голема мера, ќе зависи ефектот од остварувањето на оваа цел. Не може да се замисли какво било влијание и позитивно насочување на учениците кое треба да доведе до посакувани промени во нивното однесување, без позитивна интеракција и комуникација. Претпоставките кои водат до успешна комуникација (емпатичкиот однос на наставникот, создавање позитивна емоционална и социјална клима во училницата, меѓусебна доверба, поткрепување на резултатите, развој на самодовербата, можност за самоактуализација и признавање во групата итн.), потоа водење сметка за спецификите на комуникацијата, во голема мера, ја детерминираат успешноста на учењето и поучувањето. Успешната комуникација овозможува успешно влијание врз учениците и постигнување на саканите промени преку поттикнување на активноста за учење, преку развивање на

социјални вештини за соработка и сл., додека односите на интеракција меѓу наставникот и учениците, како и меѓу учениците од кои зависи социјалната и емоционалната клима во училиштето и училницата, се во основата која води кон успешно учење и поучување. Погодната социоемоционална клима во регуларните одделенија, отсликана низ позитивните социјални и емоционални односи меѓу наставникот и учениците овозможува поголема ефективност во примената на одредени активности и техники во стимулацијата на учењето и развојот и кај надарените ученици. Така од голема важност се: пријателскиот однос на учениците со наставникот, пријателскиот однос меѓу самите ученици, развојот на емпатичноста, зголемувањето на соработката, наставникот да биде модел со кој учениците ќе се идентификуваат итн.

Во таа смисла, наставникот е основниот и многу важен чинител на успешната комуникација во наставата и од неговата личност, компетеност, професионалност и мотивираност зависи иницирањето и осмислувањето на успешното комуницирање со учениците, што од своја страна, пак, придонесува континуирано да се унапредуваат постигањата на учениците. Истражувањето покажува дека наставникот е клучната личност и основен фактор кој со своите лични контакти, воспоставената интеракција, создавањето на соодветна социјална и емоционална клима во училницата, со правилниот избор на наставните содржини и нивното дидактичко-методичко моделирање, со соодветното оценување и ефективна и квалитетна повратна информација, со своите интелектуални и морални способности, зрелост и поглед на свет, со својата развиена емпатичка способност и однос на доверба и разбирање, успева да допре до секој ученик, обезбедувајќи, притоа, оптимален развој и формирање на неговата личност (физички, интелектуален, социјален, морален...).

Библиографија

Andrilović, V., Čudina, M. (1985). *Psihologija učenja i nastave*, Školska knjiga, Zagreb, 66 – 133.

Andrilović, V. Čudina M. (1987). *Osnove opce i razvojne psihologije*, Skolska knjiga, Zagreb: 62 – 67.

Bognar, L., Matijević, M. (1993). *Didaktika*, Školska knjiga, Zagreb, 257 – 258.

Bratanić, M. (1993). *Mikropedagogija: interakcijsko-komunikacijski aspekt odgoja*, Školska knjiga, Zagreb, 63–94.

Цветковиќ, Н. (2004). „Важност комуникација у савременом образовном процесу“, во: *Комуникација и медији у савременој настави*, Учитељски факултет у Јагодину, Јагодина, 255.

Danilović M. (1998). *Tehnologija učenja i nastave*, Institut za pedagoška istraživanja, Beograd, 164.

Havelka, N. (2000). *Učenik i nastavnik u obrazovnom procesu*, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 107.

Јанушева, В., Пејчиновска, М. (2009). *Мотивирање на надарените ученици*. Универзитет *Св. Климент Охридски,* Зборник од првата меѓународна научна конференција: *Надарените и талентираните креатори на прогресот (теорија и практика),* Битола – Охрид, том 2: 295 – 302.

Janusheva, V., Pejchinovska, M. (2011). *The Teacher – a Successful Communicator and Promoter of the Students Achievements*, *Int'l Journal of Arts & Sciences (IJAS) Conference*, Gottenheim, Germany, published in the Scientific Journal: *Int'l Journal of Arts & Sciences* CD-Rom. ISSN: 1944-6934: 4(16): 437 – 449.

Janusheva, V., Pejchinovska, M., Kostadinovska, B. (2016). *The Motivational Function of the Grade*, published in the Scientific Journal: *The Online Journal of New Horizons in Education (TOJNED)*, Vol. 6, Issue 2, ISSN: 2146-7374: 124 –129.

Колонџовски, Б. (2002). *Ученикот во наставата по природа*, Факултет за учители и воспитувачи, Битола, 73.

Мијановић, Н. (2004). „Улога комуникације у процесу организовања савремене наставе и учења“, во: *Комуникација и медији у савременој настави,* Учитељски факултет у Јагодини, Јагодина, 236.

Пејчиновска, М. (2011). *Мотивационата функција на повратната информација во наставата по ЗО, природа, општество и подобрувањето на успехот на учениците*, CD од националната конференција со меѓународно учество: *Оценување за учење во 21 век*, Охрид.

Pejchinovska, M. (2011). *The Suitable Climate in Regular Classes and the Moral Sensitivity of Gifted Students*, in the Book of Proceedings of the International Scientific Conference: *Giftedness and Morality*, *17th Round Table*, Vršac, Serbia: ISBN 978-86-7372-148-4, 17 (2012): 668 – 673.

Pejchinovska, M., Talevski, D. J. (2013). *Pupils' Activities and Learning Process Effects*, Journal of International Scientific Publications: *Educational Alternatives*, Vol. 11, Part 2, ISSN 1313-2571: 33 – 43, презентиран на: *The 4th International Conference Education, Research & Development*, Sunny Beach, Bulgaria.

Pejchinovska, M., Janusheva, V., Kostadinovska, B. (2019). *Significance of Students' Activities for the Learning Process, Qualitative Analysis in Primary Education in Republic of Macedonia,* Journal for Educators, Teachers and Trainers, ISSN: 1989–9572.

Рот Н. (2004) *Знакови и значења*, Плато, Београд, 14.

Вилотијевић, М. (1999). *Дидактичке теорије и теорије учења*, Научна књига, Београд, 304.

Ђорђевић, Б. (2004). „Претпоставке за успешне комуникације и примена медија у сувременој настави“, во: *Комуникација и медији у савременој настави,* Учитељски факултет у Јагодини, Јагодина, 79–82.

THE ROLE OF THE STUDENT'S FAMILY EDUCATIONAL BACKGROUND AT ELEMENTARY SCHOOLS AND THEIR RESULTS

Rashiti Vlora[1], Ramadani Labinot[2], Rashiti Naser[2], Ramabaja Qëndresa[3]

1 PhD student - Faculty of Pedagogy, Bitola

Abstract

By use of the term school result we do not mean only the best grades, but also include the successful development of basic life skills, understanding school content and adaptation of students to the social environment. The general school result and the final grades in the subjects according to the curriculum, represent the basic measure and the reflection of the performance of the tasks and the quality of the work of the students during their school year. The purpose of this paper is to assess whether or not the education level of the family of elementary school students has an impact on their results. A questionnaire was prepared for the purpose of research which included 300 students of grades eight and nine of the elementary schools in the Municipality of Gjilan, Republic of Kosovo. Out of the total number of students, 100 students had parents with MA degrees, 100 students had their parents with Bachelor degrees and 100 students had parents with a middle school or elementary school level. However, elaboration of the results was performed using the Hi-square test. It has shown that the largest number of students who had a parent with a Master degree had excellent results, very good and good compared to students who had parents with a Bachelor degree, elementary or secondary education p <0:00. The results obtained through the univariate analysis ANOVA and the Post-Hoc analysis show that students whose parents had an MA degree statistically had better results than the others.

Key words: students, family, MA level, Anova, Post-Hoc

Introduction

In many sociological analyzes dealing with family issues, the family is defined as 'the cradle of mankind', 'the connection between the biological and the social', 'part of the social system', 'the primary social community', 'the original essence of society'. The family is defined as a way of organizing life, as a relationship based on shared families, which performs the reproductive function of the population and the association of children, as well as the maintenance of family members (Usakin, 2004). The basic social meaning of a family from the earliest times to the present is defined as both biological and educational. However, the family is undoubtedly the place where interpersonal relationships are stronger and better, as well as the best environment for the growth and development of a child, as well as care for all other family members (Majstorovic, 2007). The family is an educational community of parents and children, based on the emotion of love and is characterized by shared housing and the economic cooperation of members. It was and remains the main community in which the child's personality develops emotionally. A community whose task is to provide optimal conditions for the proper physical and mental development of the child and his/her preparation for community life (Ilishin et al., 2013). Talking about school and education one always thinks of educational institutions where one learns and evaluates, what students learn, what they know and what they achieve in school.

However, school life involves much more than that and students' experience and satisfaction with school are often neglected, but in general school life is a very important element of each student's education (Bubić and Goreta, 2015). Students at school achieve different experiences. Students at school have different experiences. These experiences have an impact on their attitudes towards the school and their education in general. However, schools and their teachers constitute a significant, influential and direct part of children's lives and their personal and social development (Juul, 2013). Education is also an existential state, because without a proper level of education it is not possible to establish a working relationship or be employed. One is obliged to go to school but it is also a personal need in order to enhance one's skills and it is a key factor for one's future (Rashiti , Tahiri 2013). In the study of the educational results, one of the questions is to what extent and on the basis of which characteristics of students, the level of schooling of the family or its wider social environment can predict the result of students in school (Babarović et al., 2010). The predictors of school result are numerous, and they can often be classified into three main groups: individual, family, and environmental (Škorokov, 2014). When we discuss the parents actions, which are important for the school results, recent studies have highlighted the involvement of parents, namely by helping them with their homework and also by stimulating them in various life activities, as well as the attitudes and expectations of parents as to how their children may achieve better results (Šimić et al., 2011). We emphasize that parental involvement in this is important for children to achieve results at school, which includes a range of relevant behaviors, such as cognitive stimulation, engagement in school work, progress monitoring, and assistance in defining learning strategies, as well as the formation of habit and persistence as a foundation for student result in school. Doing this, the importance of parental support and their expectation and aspiration and their stimulation towards their educational aspiration and their future planning are not excluded. However, good results at school always require good behavior during all this period of both school children and their parents.

Purpose

The purpose of this scientific work is to confirm the ratio of the educational level of the family of elementary school students and their school results.

METHOD OF WORK

Participants - Subjects

In order to achieve the goal, this scientific paper has included 300 students of grades eight and nine of elementary school of the Municipality of Gjilan, Republic of Kosovo. Out of total of 300 students, 100 of them had parents with MA degrees, 100 of them had parents with BA level degrees and the other 100 had parents with middle or elementary education. These results have been taken from the completed school year 2018/2019. The result of the students has been divided in five main groups: 1. Students with excellent result (5), 2. Students with very good result (4), 3. Students with good result (3), 4) Students with a sufficient result (2), 5. Students with a poor result (1). Prior to the survey, the permission of the Director of the Department of Education of the Municipality of Gjilan had to obtained and different head teachers of the Municipality. The survey was undertaken in September 2019.

Statistical Analysis

In order to achieve the purpose of the paper, the following statistical basic spreading parameters have been applied: Minimum, Maximum, Mean and Standard. Deviation, Skewness and Kurtosis. In order to confirm the difference between the arithmetic averages of the groups, the univariate and multivariate analysis Anova and Manova have been applied, as well as the Post Hoc LSD analysis.

RESULT

In considering the three groups of students, whose parents were divided according to their level of education (secondary education, Bachelor and Master), the following values have been achieved: arithmetic mean (Mean), standard deviation (Std. Deviation), minimum value (Minimum) maximum value (Maximum), coefficient of asymmetry of the distribution of results (Skewness) and the coefficient of curvature of the distribution of results (Kurtosis).

Table 1. Central and dispersion parameters of distributions of students' parents with three educational levels.

	N	Minimum	Maximum	Mean	Std. Deviation	Skewness	Kurtosis
High (middle) School	100	1.00	5.00	3.6100	.97333	-.350	.018
Bachelor	100	2.00	5.00	4.0200	.76515	-.310	-.496
Master	100	2.00	5.00	4.2900	.70058	-.831	.824

ANOVA	Sum of Squares	df	Mean Square	F	Sig.
Between Groups	23.447	2	11.723	17.380	.000
Within Groups	200.340	297	.675		
Total	223.787	299			

Table 2) shows the difference between the three levels of arithmetic MA level of students' divided on the basis of the educational level of their parents. The results obtained show that after processing the results through univariate analysis (ANOVA) significant statistical differences were obtained between the three groups of students divided according to the level of education of their parents (High school, Bachelor and Master). However, a significant statistical difference at the level of $p < 0.01$ was obtained. The ANOVA variation analysis is used to test the hypothesis as to whether there is a difference between two or more arithmetic averages, but it doesn't indicate that significant statistical difference between which the groups in which it does exist. Because of this, the LSD – post hoc test has been applied between the groups. Table 3) shows that a significant statistical difference exists among the arithmetic averages of three groups. There is a significant statistical difference between the group of students whose parents have a middle education and the group of students whose parents have a Bachelor degree - Mean Difference = -0.41000; $p < 0:00$. There is a significant statistical difference between the group of students whose parents have a middle education and the group of students whose parents have an MA degree (Mean Difference = -0.68000; $p < 0.00$).

There is a significant statistical difference between the group of students, whose parents have a BA (Bachelor) degree and the group of students whose parents have a middle education - Mean Difference = 0.41000; p <0:00. However, between the group of students whose parents have a Bachelor degree and the group of students whose parents have an MA (Master) degree, there is a significant statistical Mean Difference = -0.27000; p <0:02. There is a significant statistical difference between the group of students, whose parents have an MA (Master) degree and the group of students whose parents have secondary education - Mean Difference = 0.68000; p <0:00. However, between students, whose parents have a Bachelor level and an MA (Master), there is a significant statistical difference – Mean Difference = -=.27000; p<0.02. Considering the groups of students, whose parents have MA degrees and those with middle education, there is a significant statistical difference – Mean Difference = 0.68000; p<0.00.
There is a significant statistical difference between the group of students whose parents have MA degrees and the group of students whose parents have Bachelor level (Mean Difference = 0.27000; p <0.02).

Table 3. LSD - Post hoc test between the groups.

LSD	Multiple Comparisons					
(I) VAR00002	(J) VAR00002	Mean Difference (I-J)	Std. Error	Sig.	95% Confidence Interval	
					Lower Bound	Upper Bound
1.00	2.00	-.41000*	.11615	.000	-.6386	-.1814
	3.00	-.68000*	.11615	.000	-.9086	-.4514
2.00	1.00	.41000*	.11615	.000	.1814	.6386
	3.00	-.27000*	.11615	.021	-.4986	-.0414
3.00	1.00	.68000*	.11615	.000	.4514	.9086
	2.00	.27000*	.11615	.021	.0414	.4986
*. The mean difference is significant at the 0.05 level.						

The legend:
Group 1) students, whose parents have middle education, Group 2) students, whose parents have Bachelor level and Group 3) students, whose parents have MA level.

DISCUSSION

The variant analysis is used to test the hypothesis as to whether there is a difference between two or more averages. Testing, whether or not there is a significant difference between the two averages the test 'T' is also introduced, but in case of comparing more than two arithmetic averages of the 'T' test there may be a problem. No matter how it will be possible to compare more than two averages with the 'T' test two by two separately this would lead us to a big mistake. The more the first type of mistake is tested, the more it increases. The variety analysis is a kind of test used to compare more than two averages without having to increase the level of the first mistake.
This scientific paper presents the results of an empirical study that aims to examine the educational level of parents for the importance and their expectations to achieve school results for their children. The results obtained show that school results are a complex phenomenon, which are not only determined by different family levels but also by the family education level itself. A very important segment of parents' expectations for their children depends on the level of education of the parents themselves. Some authors in their papers show that many highly educated parents have a positive impact on their children to achieve good results in school, considering it important to monitor children's affinities and skills during their education.

Statistically meaningful differences between different parents with different education levels have been found and the way they express their expectations as well as the way they evaluate their children results at the end of the school year. Moreover, the distribution of the percentage of answers obtained shows some changes in the way in which some parents with different educational levels respond to the achievements or unexpected achievement of their students (Slijepčević et al., 2017). Based on the results obtained, it has been concluded that parents with a higher educational level are more aware and conscientious for their children to achieve high results. They also show their permanent support towards their children in cooperation with the school authorities.

Research in this scientific paper shows the similarities between the role of the parents and their impact on their children results in school. It shows that the largest number of students whose parents were highly educated, had excellent results comparing to the orphan (both parents missing) or students with one parent.

Considering that the chi-square is greater than the value of the square threshold with 4 degrees of freedom, the author comes to the conclusion that students with both parents or those living happily together with the well-educated parents have a statistically much better result rather than the orphan children, those who miss one parent or those with poor education (Delić et al., 2017).

Based on the result of this study, which is consistent with many other studies, it shows that children whose parents are highly educated have higher cognitive characteristics and they prove to be the best anticipators of the results in school (Burusic 2010). Research also shows that the involvement of parents is a key factor for children to obtain better results. Children do well when they see their parents assisting them on what they are doing at home, in the community or at

school. The involvement of parents in all aspects of life of their children is very important. Children will show their full potential at school or in life only when their physical and emotional needs are fulfilled. They need to study and feel comfortable, they need to learn how to take decisions and be responsible about the results of their decisions.

CONCLUSION

Research shows the role of parents' educational level in their children's school result. The best result in school are achieved by children whose parents are actively involved in their education, who often go to informational and parents meetings at school and openly speak about the problems and challenges. No matter how good the education system it is, the role or the parent(s) is more important and it determines the future of the child.

The parents' community is a key element which plays an important role in terms of child education. Without any doubt, the family is not only the basic cell of the family but is also the place where the future student will be shaped by his/her parents methods. The parent, the teacher and the student are a kind of a triangle strongly and sensitively implicated during the time the child is educated. Cooperation among these elements is needed and necessary. Without them the education process will not be fruitful and effective.

However, such a direct report will have an impact on the student's school result, the student's own orientation and professionalism.

REFERENCES

1.Antić, S. (2000). *Rječnik suvremenog obrazovanja*. Zagreb: Hrvatski pedagoški knjiţevni zbor.
2.Babarović, T., Burušić, J. i Šakić, M. (2009), "Uspješnost predviđanja obrazovnih postignuća učenika osnovnih škola Republike Hrvatske", *Društvena istraživanja*, 18 (4-5), 673-695.
3.Bubić, A. i Goreta, I. (2015). Akademske i socijalne odrednice općeg zadovoljstva školom. *Psihologijske teme*, 24(3), 473-493.
4.Burusic, J. (2010). Odrednice školskog uspjeha učenika osnovnih škola: osnovne spoznaje i metodološki aspekti istraživanja. *Suvremena Psihologija / Contemporary Psychology* 13(v):184-197.
5. . Rashiti N. Tahiti S. "Llojet dhe ndërlidhjeve të dukurive massive, "Studime Sportive" Tiranë, 5/2003
6.Delić, S., Salem Bakić, S., Selma Bakić, S. (2017). *Uticaj srukture porodice učenika osnovne škole na njihov uspjeh.* DHS 3, 239-252.
7.Ilišin, V., Bouillet, D., Gvozdanović, A., Potočnik, D. (2013), *Mladi u vremenu krize*, Prvo istraživanje IDIZ-a i Zaklade Friedrich Ebert o mladima,
8.Juul, J. (2013). *Škola u infarktnom stanju*. Zagreb: Znanje Majstorović, I. (2007), "Odgoj djece u obitelji – pravni aspekti", *Dijete i društvo,* (2), 441-448.
9.Malacko, J. i Popović, D. (1997). Metodologija kineziološko-antropoloških istraživanja (The methodology of kinesiological-anthropological researches). Priština: Fakultet fizičke culture.

10.Slijepčević, S. D., Slađana N. Zuković, S.N., Kopunović, R.D. (2017). Roditeljska očekivanja i školsko postignuće učenika. Zbornik Odseka za pedagogiju, Filozofski fakultet u Novom Sadu, Sveska 26.157-174.
11..Šimić Šašić, S., Klarin, M., Proroković, A. (2011), "Socioekonomske prilike obitelji i kvaliteta obiteljske interakcije kao prediktori školskog uspjeha srednjoškolaca u Hrvatskoj, Bosni i Hercegovini i Makedoniji". *Ljetopis socijalnog rada,* 18, 1, 31-62.
12.Škorokov, L. (2014), "Uloga socioekonomskog statusa obitelji u objašnjenju internaliziranih i eksternaliziranih problema i školskog uspjeha kod mlađih adolescenata", Diplomski rad, Sveučilište u Zadru, Odjel za psihologiju.
13.Ušakin, S. (2004), *Obiteljske spone,* Zbornik, Semejnye uzy I i II
14. Ajvazi V.Rashiti N. (2013) Atletska Ajrobia, ZBORNIKE NAUCNIH I STRUCNIH RADOVA "SPORTA I ZDRAVLJE" Tuzla , ISSN 1840-4790

Correspondence to:

Rashiti Naser , PhD

Physical education and Sport

University of Prishtin - Kosova

Phone: +383 49 666 619

E-mail: naser.rashiti@uni-pr.edu

Josif Petrovski
"St. Kliment Ohridski" University, Faculty of Education – Bitola
josif.petrovski@uklo.edu.mk

USING ICT IN THE EDUCATION OF THE GIFTED AND TALENTED STUDENTS

Abstract

Gifted and talented students are those who are recognized by professionals for having outstanding abilities and are capable of high performances. Many times these students require different educational programs to those normally provided by the regular school program. The gifted students are spread around the world and ICT makes it possible that gifted students communicate with other gifted students all around the world. ICT, besides helping their education, can also improve their social communication and improve relationships with other students, parents and educators, and help to minimize public pressure. This paper describes the use of Information and Communications Technology (ICT) in gifted education and highlight techniques for gifted students. The use of ICT for gifted and talented education has proved effective during the past decade. ICT can be used by educators to better the development of the gifted, which will be very useful for them as they could advance their abilities and skills.

Keywords: ICT, talented, education

Јосиф Петровски
Универзитет „Св. Климент Охридски", Педагошки факултет – Битола
josif.petrovski@uklo.edu.mk

КОРИСТЕЊЕ НА ИКТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НА НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИ СТУДЕНТИ

Апстракт

Надарени и талентирани студенти се оние кои се препознаени од професионалци за своите извонредни карактеристики и се способни за високи резултати. Најчесто на овие студенти им се потребни различни едукативни програми наспроти оние што обично се обезбедени во редовната училишна програма. Надарените студенти се распространети низ целиот свет и ИКТ им овозможува да комуницираат со други надарени студенти ширум светот. ИКТ, покрај тоа што помага во нивното образование, може да ја подобри и нивната социјална комуникација и да ги подобри односите со другите ученици, родители и наставници и да помогне во намалување на јавниот притисок. Овој труд ја опишува употребата на информатичка и комуникациска технологија (ИКТ) во образованието на надарените и талентираните и ги потенцира техниките употребени во нивното образование. Употребата на ИКТ за надарено и талентирано образование се покажа како ефикасна во текот на изминатата деценија. ИКТ може да ги користи наставниците за подобар развој на надарените, што ќе биде многу корисно за нив, бидејќи тие би можеле да ги унапредат своите способности и вештини.

Клучни зборови: ИКТ, талентирани, образование

Вовед

ИКТ може да се користи на многу начини за да има корист за учениците, бидејќи е интердисциплинарна по природа. Заради тоа, ИКТ е идеален начин за решавање проблеми, може да поддржува критичко размислување, како и работа во групи. Разни истражувања во врска со употребата на ИКТ покажаа дека ова е позитивно поврзано со подобрување на учењето во повеќе области. Доколку се испланира правилно, ИКТ може да поддржува различни активности за сите студенти. Повеќето ученици уживаат во учењето преку ИКТ и, бидејќи тоа е област која постојано се менува, тие имаат корист од нови и иновативни технологии кога ќе влезат во училиште. Кога се планира, мора да се размислува за начините на кои ИКТ може да го подобри учењето на учениците и да им помогне на учениците да ги исполнат планираните намери за учење. Ако има ученици на час со посебни образовни потреби, може да има специфични начини на кои ИКТ може да им овозможи поцелосен пристап до наставната програма. Како што се развива и станува достапна новата технологија, сè повеќе се размислува за имагинативни начини на кои ИКТ може да се користи за поддршка на учењето. Една многу важна работа е, пред употреба, да се прилагоди употребата на ИКТ за ученици од различна возраст, пол, потреби и способности. Така, ИКТ ќе биде подостапна за различни групи ученици. Исто и адаптацијата на материјалите мора да се направи соодветно како претходното. Учениците можеби понекогаш ќе работат сами за да можат да развијат одредена вештина или да го консолидираат сработеното. Најголем предизвик во поддршката на ИКТ е тоа што учениците имаат широк спектар на способности. Со оваа технологија ќе можете да разгледате како напредуваат учениците додека работат.

Во трудот „Талентираност и надареност“ (ERIC Digest, 1990) се вели: „користејќи широка дефиниција за надареност, училишниот систем може да очекува да идентификува 10% до 15% од ученичката популација како надарена и талентирана“. Постојат различни мерки на надареност. Една мерка е стапката на учење. Когнитивно надариениот студент може да има стапка на учење што е можеби една и пол до две или повеќе пати поголема од просечниот студент. Во училница од основно или средно училиште со 25 до 30 ученици, можеби двајца или тројца ученици ќе ја имаат оваа супериорна стапка на учење. Таквите ученици имаат тенденција да добиваат добри оценки и нивните акумулирани знаења и вештини се движат многу понапред од просечните студенти.

Едукација на талентирани и надарени студенти

Многу различни пристапи се преземаат во обидите да се обезбеди соодветно образовно опкружување за талентираните и надарените студентите. Ако постоеше еден „најдобар“ пристап, тогаш веројатно тој пристап ќе беше широко спроведен. Сепак, јасно е дека не постои еден најдобар пристап. Ова поле на развој на ИКТ и примената во образовниот процес не е повеќе нова вест. Веќе постојат експерти кои долго време работат и го проучуваат ова. Студентите сега имаат редовен пристап, не само до компјутер, туку и до интернет. Повеќе не е проблем недостатокот на компјутерска инфраструктура, туку нашиот образовен систем сега се соочува со проблем кои делови на ИКТ ќе им помогнат на надарените студентите да ги постигнат своите цели, а во исто време да е ефикасно. Ова не би бил премногу тежок проблем доколку ИКТ е нешто едноставно. Бидејќи надарените и талентирани студенти учат побрзо и подобро од просечните студенти, тие можат да постигнат повисоко ниво на познавање за поширок спектар на неколку дисциплини отколку просечните студенти. Секоја научна дисциплина има свои услови за тоа што претставува високо ниво на познавање. Меѓутоа, ако некој користи доволно широка дефиниција за решавање на проблеми, тогаш клучен аспект на нивото на стручност на една личност во дисциплината е колку лицето што ги поставува и решава проблемите во рамките на дисциплината. За многу видови

проблеми, ИКТ е моќен ресурс. Така, луѓето кои имаат широк спектар на знаење и вештини за ИКТ, имаат многу корисен и општ наменски ресурс.

Во последнава декада, голем број на експерти во полето на примена на ИКТ во образованието тврдат дека ИКТ сега е една од основите на образованието. Постои видлив напредок на интеграцијата на ИКТ во наставната програма во основното и средното образование и секојдневните активности во училницата, но овој напредок беше бавен. Постојат различни причини за ова. Некои, примери вклучуваат:

- ИКТ е релативно скапа и не е толку лесно достапна како другите „традиционални“ наставни средства, како што се хартија, молив и книги.
- Повеќето наставници имаат многу скромно ниво на знаење и вештини за ИКТ, особено затоа што ИКТ се однесува на решавање сложени проблеми и исполнување на комплексни задачи.
- Преку интеграција на ИКТ во содржината на наставната програма и наставните процеси ќе се направи голема промена во она што сега се претставува како добро образование. Многу родители, едукатори и политичари се спротивставуваат на оваа промена, секој од свои причини.

За да се намалат проблемите, треба добро да се спреми лекцијата и активностите што ќе се изведуваат за време на неа и да се осигуриме дека потребната опрема е достапна и не е резервирана од други. Ако работиме на нови програми или опрема, треба да бидеме сигурни дека ќе можеме да управувате со нив кога учениците се присутни.

Техники на ИКТ во наставата со надарени и талентирани

Мобилно учење (Mobile learning)

Мобилното учење е нова и многу ветувачка форма на учење. Всушност, тоа е следната генерација на е-учење. Развојот на мобилните телефони и апликации за истите, исто така влијаеше на едукативниот процес. Употребата на паметни телефони дава пристап до образовни ресурси насекаде и во секое време. Мобилното или „подвижно“ учење е форма на учење што го искористува потенцијалот што го нудат безжичните преносни технологии и се одвива без студентот да мора да биде на однапред одредена локација. Ние веќе живееме во ера на подвижност, каде уредите како телефони, таблети и лаптопи постојано се носат и користат насекаде (Sharples и други, 2005). Од таа причина, образованието мора да биде дизајнирано на таков начин што ќе ги поврзува луѓето со виртуелниот свет и ќе создаде мобилни заедници за учење. Така, учењето нема да се одвива на одредена локација, туку ќе се движи во просторот, времето, темите и технологиите. Според Тракслер, Мобилното учење е концепт што треба да се разјасни. Тој забележува дека поради сеприсутната дифузија на технологијата, природата на знаењето постојано се менува и со тоа се менува начинот на кој се шири учењето. Исто така, заради надарените и талентирани студенти, Мобилното учење мора да поддржува персонализирано учење, кое ги признава различните и може да ги поддржи индивидуалните ученици. Значи, студентите можат да го искористат просторот и времето за да ги прошират своите знаења. Главна задача во дизајнирањето на образование за надарените е да се промовираат збогатени програми. Придржувајќи се кон тоа, Мобилното учење може да помогне во индивидуалното учење, фокусирајќи се на потребите на секој ученик. Кобкрофт (Cobcroft и други, 2006) тврди дека мобилните технологии се способни да создаваат креативност, соработка, активности за критичко учење и комуникација со други студенти.

Постои голема разновидност во тоа како наставниците и учениците можат да ги користат овие дигитални медиуми. На овој начин, надарените студенти ќе имаат пристап до сите тие места за да ги изразат своите посебни таленти и да бидат поактивни во училницата.

Дигитална училница

Дигиталната училница има карактеристики на „традиционален час“, но не бара вистинско присуство на поединците. Заедничко место на учениците е мрежата, а не училницата. Виртуелната ситуација им дава можност на студентите да ги споделат своите прашања, своите мисли и тие имаат можност да комуницираат едни со други преку мрежата. На талентираните ученици им е потребен час без граници и ограничувања каде што ќе можат да ги користат нивните уникатни и посебни потреби за учење. Дигиталната училница е иновативна техника, која може да се користи со талентирани и надарени студенти и надвор од училишните активности. Секако, факт е дека современите студенти, се генерација која расте со новата технологија и од тие причини Пренски (Prensky, 2001) ги нарекува „дигитални домородци“, бидејќи тие се „мајчин јазик“ на дигиталниот јазик на лаптопи, телефони, интернет и други медиуми. Дигиталната училница нема ограничувања во просторот и времето и тоа е училница без граници. Надарените можат да користат технологија за да бараат информации за работи што ги интересираат и лесно да комуницираат со другите користејќи социјални апликации. Поради нивната способност да апсорбираат многу информации и да ги процесираат уште побрзо, им треба огромна разновидност на знаење за да го искористат на свој начин. Покрај тоа, дигиталната училница им овозможува на надарените можност да комуницираат едни со други внатре и надвор од училницата.

Паметна табла

Употреба на паметна табла е дел од технологијата што е корисна за академскиот развој на надарените студенти. Екрани осетливи на допир се поставени на ѕидот на училницата и проекторот покажува информации што можат да се манипулираат и прикажат со неограничени можности. Предноста на оваа технологија е во нејзиниот дизајн за употреба во пространа работна област со групна интеракција каде што надарените деца можат да комуницираат со други надарени деца. Учесниците стануваат визуелно и физички ангажирани бидејќи се поврзуваат со електрична содржина и мултимедија во заедничко опкружување за учење. Тие можат да манипулираат со текст и слики, да прегледуваат веб-страници, да пресекуваат и залепат истражувачки информации, да гледаат видео клипови, да формулираат графикони и да дизајнираат живописни и креативни презентации. Студентите ги комбинираат своите когнитивни и физички способности за да комуницираат со паметната табла.

Заклучок

Целта на овој труд е да се претстави како новата технологија, а особено информатичката и комуникациската технологија (ИКТ) можат да ги поддржат надарените и талентираните студенти. Преку презентирање на разни ситуации анализиравме дека надарените студенти можат да имаат различни придобивки и да добијат многу предности од употребата на ИКТ во своето образование. Надарените ученици кои имаат посебни образовни вештини, исто така, мора да се третираат на посебен начин. Употребата на разни техники за ИКТ може да помогне во оваа насока и да има одлучувачка улога во обликувањето на знаењето и вештините. Со користење на соодветни едукативни алатки што технологијата им ги нуди на талентираните и надарените, можат полесно и побрзо да ги развијат нивните посебни вештини и таленти.

Мораме да разбереме дека ИКТ е многу корисна алатка, која може да им помогне на ваквите студенти, бидејќи има потенцијал да создаде ефективни и независни средини идеални за

индивидуализирано образование. Персонализирано програми се идеални за надарените да можат да постигнат оптимални резултати. Во денешно време, технологијата е присутна во сите сегменти од нашиот систем, а е дел во животот и развојот на младите ученици и повозрасните студенти, па затоа образовниот систем мора да научи да ја прилагоди и да ја применува. Како што оваа технологија се развива, така и истражувањата на полето на употребата на овие технологии во образованието на надарените и талентираните ќе се зголемуваат.

Користена литература

A. Drigas, R- E Ioannidou, “ICTs in Special Education: A Review”, Commun. Comput. Inf. Sci., vol. 278, pp. 357–364, 2013.

J. Traxler, “Defining, discussing, and evaluating mobile learning: The moving finger writes and having write”. International Review of Research in Open and Distance Learning, vol. 8, no 2, pp.1-12, 2007. https://doi.org/10.19173/irrodl.v8i2.346

M. Prensky, “Digital Natives, Digital Immigrants”. On the Horizons, NCB University Press, vol. 9, no. 5, pp.1-6, 2001.

M. Sharples, I. Arnedillo-Sanchez, M. Milrad & G. Vavoula, “Mobile Learning: Small devices, big issues”. Technology - Enhanced Learning: Principles and Products, Chapter 14, pp. 233-249, Springer Netherlands, 2009. https://doi.org/10.1007/978-1-4020-9827-7_14

M. Sharples, J. Taylor, G. Vavoula, “Towards a Theory of Mobile Learning”. Mobile Technology: The Future of Learning in Your Hands. mLearn 2005 Book of Abstracts, 4th World Conference on m Learning, 2005.

R. Cobcroft, S. Towers, J. Smith & A. Bruns, “Mobile learning in review: Opportunities and challenges for learners, teachers, and institutions”. Proceed-ings Online Learning and Teaching (OLT) Conference 2006, pp. 21-30, 2006.

Kristina Petrovska
Elementary school “Dame Gruev” - Bitola
k_petrovska@yahoo.com

Josif Petrovski
Faculty of Education
St. Kliment Ohridski University - Bitola
josif.petrovski@uklo.edu.mk

TEACHER’S CHALLENGES IN IDENTIFYING GIFTED AND TALENTS STUDENTS

Abstract
Constant development of the modern education that strives to meet the needs of each student individually also increases the number of professional obligations that teachers face in the educational process. Seeing as they are the ones who have the leading role in this area every new assignment they get contributes toward new challenges and new experiences. This often leads to overwhelmed teachers and it becomes significant problem when certain goals are meant to be achieved.
This paper tries to show one of the many challenges of contemporary education that teachers face that refers to a relatively small group of students but represent an important part of the society needs. We direct our attention towards the gifted and talented students that unfortunately often remain unnoticed as such during the educational process. Therefore, this paper will focus on the problems that rise in the process of identifying these groups of students by the teacher as the person who spends the most time with these students and who is competent enough to identify talents and giftedness of certain students. The basic types of giftedness among students will be discussed; the principles and methods of identification will be outlined and special attention will be assigned to the most common problems and errors in identifying these students.
Key words: Teacher, giftedness, identification, challenges.

ПРЕДИЗВИЦИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ПРИ ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Апстракт
Постојаниот развој на современото образование што се обидува да ги задоволи потребите на секој ученик индивидуално, исто така, го зголемува бројот на професионални одговорности со кои се соочуваат наставниците во образовниот процес. Гледајќи дека тие се оние кои ја имаат водечката улога во оваа област, секоја нова задача што ја добиваат придонесува за нови предизвици и нови искуства. Ова често доведува до презаситеност на наставниците и станува значаен проблем кога треба да се постигнат одредени цели.
Овој труд се обидува да го покаже еден од многуте предизвици на современото образование со кои се соочуваат наставниците, а тој се однесува на релативно мала група студенти, но тие претставуваат важен дел од потребите на општеството. Ние го насочуваме нашето внимание на надарените и талентирани ученици кои, за жал, честопати остануваат незабележани како такви во текот на образовниот процес. Затоа,

овој труд ќе се фокусира на проблемите што се јавуваат во процесот на идентификување на овие групи ученици од страна на наставникот како личност која поминува најмногу време со овие ученици и која е доволно компетентна да ги идентификува талентите и талентите на одредени ученици. Се дискутира за основните видови на надареност кај учениците; ќе бидат наведени принципите и методите на идентификација и ќе се посвети посебно внимание на најчестите проблеми и грешки при идентификувањето на овие студенти.
Клучни зборови: Наставник, талент, идентификација, предизвици.

Вовед

Една од карактеристиките на секое развиено општество е да го насочи вниманието кон оние на кои им е потребна помош. Развиено општество со општествени одговорности им помага на своите членови на кои им е потребна помош и не само што ги поддржува слабите членови, туку и оние потенцијално силни - надарени и талентирани деца. Таквите членови можат значително да придонесат за иднината на нивното општество и на светот. Надарените и талентирани луѓе, особено, ќе придонесат за развој и напредок во општеството. Неопходноста за ефикасно идентификување и грижа за надарени и талентирани деца беше водечка идеја за овој труд. Основното и средното образование се важни фази на детското образование каде надареноста и талентираноста можат да бидат откриени, поддржани и развиени од страна на наставниците.

Со цел да се откријат и идентификуваат талентираноста и надареноста, корисно е да се применат оние модели што се претставени со обемни вербални дефиниции. Вакви модели постојат во разни видови, од едноставни (Трите прстени на Ренцули (Renzulli, 2016)) до повеќедимензионални (Минхенскиот модел на надареност и талент (Heller и др., 2006). Нормално, моделите, како и дефинициите, значително се разликуваат меѓу себе, па оттаму нивната примена зависи од ситуацијата во која се наоѓаат едукаторите. Се проценува дека учениците кои се надарени и високо талентирани опфаќаат од 5 до 15% од сите ученици во една заедница, пример училиште. Учениците во училиштето можат да покажуваат зголемени можности во креативноста, музиката, танцот, уметноста, спортот и слично. Како главни интелектуални карактеристики кои покажуваат кон надареност се:

Вербално владеење. Надарените деца користат напреден вокабулар од раните години. Тие прикажуваат флуиден, описен орален јазик, рано совладување на фонетскиот код и граматиката. Може да користат зборови или фрази од други јазици асимилирани на нивниот мајчин јазик во предучилишна возраст. Овој богат вокабулар и специфичен начин на зборување може да предизвикаат проблеми во комуникацијата со нивните врсници. Вербалното владеење може да биде пасивно затоа што развојот на размислување е пред развојот на говорот. Во овој случај, постои ризик надареноста да остане неоткриена.

Моќ на апстракција. Заедно со висока креативност, оваа способност им помага на децата да произведуваат оригинални производи и идеи. Децата сакаат да си играат со зборови, уживаат во вербални загатки и експерименти во природните науки.

Метакогнитивни вештини. Надарените деца имаат свои знаења за тоа кога и како да користат посебни стратегии за учење или за решавање проблеми. Метакогнитивните вештини им помагаат на децата да го планираат, следат и проценуваат нивното размислување. Децата често користат понапредни стилови на учење отколку нивните врсници.

Критичко размислување. Надарените деца имаат тенденција да предизвикуваат наставници, возрасни или „експерти“. Тие се скептични во врска со фактите што ги добиваат и бараат дополнителни информации.
Флексибилно и оригинално размислување. Надарените индивидуи сами бараат одговори. Нивната фантазија е богата, тие лесно ги искажуваат своите ставови. Нивната работа и производи се често уникатни.
Смисла за хумор. Имаат смисла за хумор што се разликува од нивните врсници. Тоа е комбинација на брилијантни вербални вештини и генерализирање.
Рано читање. Во литературата можеме да го најдеме терминот „деца со хартија и молив“ (Фримен, 1979). Повеќето од надарените деца се заинтересирани за букви и броеви. Тие се способни да создаваат зборови од букви во рана возраст понекогаш дури и порано отколку што почнуваат да зборуваат. Некои експерти (на пример, P. J. Стернберг) сугерираат дека можноста за читање пред детето да достигне четири години е знак на исклучителна надареност. Често оваа способност кај децата е мотивирана од нивните природни интереси, но постои и можност оваа способност да е охрабрена од амбициозни родители.
Брза, точна меморија. Надарените деца се брилијантни набљудувачи и имаат големо внимание на деталите. Тие претпочитаат логично размислување од меморирање.
Хоби и интереси. Децата имаат тенденција да се фокусираат на книги, енциклопедии, атласи, компјутери, шах. Тие уживаат во класификацијата и генерализација на информациите.

Некои од индикаторите кои покажуваат на надареност и талентираност кај учениците се одредени индивидуални карактеристики:
◆ Живописна имагинација (сонување со отворени очи): Надарените деца можат многу креативно да мечтаат. Кај нив мечтаењето има повеќе креативни отколку ескапистички карактеристики.
◆ Мотивација: Обично внатрешната мотивација преовладува спрема надворешната мотивација. Овие деца копнеат по учење и добивање нови информации и имаат различни интереси. Менталната активност воопшто не ги заморува. Немаат желба за работа во области кои не им се во интерес.
◆ Голема вклученост: Некои надарени и талентирани деца имаат високо ниво на енергија за омилените активности уште од најмала возраст. Може да се појави нервоза кога им се задаваат други активности.
◆ Супер-чувствителност и дополнителна перцепција: Многу надарени и талентирани деца се емотивно чувствителни. Тие интензивно ги перципираат субјектите и појавите. Тие можат да бидат чувствителни на естетика, хармонија и слично.
◆ Перфекционизам: Некои надарени и талентирани деца се многу амбициозни и имаат тенденција кон перфекционизам. Овие деца можат да бидат многу самокритични или да станат емотивни, дури и ако го направиле она што се очекувало од нив.

Фази на идентификација и дијагноза
Според експертите, процесот на дијагностицирање се состои од три последователни фази: номинација, психолошка дијагноза и педагошка дијагноза. Со оглед на горенаведените принципи на надареност и талент, детето треба постојано да се следи, бидејќи различни деца покажуваат различни карактеристики, во различни временски

периоди. Значи, не сите надарени и талентирани деца се исти. Некогаш, потребно е и повеќе пати во различни периоди да се направат фазите на идентификација и дијагноза.
Фаза 1. ПРЕДИЈАГНОЗА (НОМИНАЦИЈА): Номинирањето обично го прави родител или наставник. Во фазата на пред-дијагноза се применуваат вообичаени методи на идентификација, како набљудување на зададени активности или интервју – разговор на одредени теми. Резултатите од набљудувањето може да се запишат во т.н. скала за номинирање што се изјави за знаци на надареност. Одговорниот потоа го проценува нивото на надареност според скалата.
Фаза 2. ПСИХОЛОШКА ДИЈАГНОЗА (ПОТВРДА). Дијагнозата за надареност ја даваат педагошки и психолошки центри за советување. Прв дел од испитувањето е дијагностицирање на коефициентот на интелигенција и профил на когнитивни способности што го прави психолог. Ако резултатот на коефициентот на интелигенција е 130 или повеќе, се преминува на втор дел - Комплексниот преглед, кој се состои од анамнеза (семејна и лична); IQ и профил на когнитивни способности; креативност; тест на личноста; социјални и комуникациски вештини; читање и пишување; мотивација и интереси, стручна ориентација; исклучителни перформанси или активности на училиште и надвор од училиште итн.
Фаза 3. ПЕДАГОШКА ДИЈАГНОЗА. Педагошката дијагноза е поделена на две фази - почетна и континуирана.
Почетната педагошка дијагноза се поставува пред креирањето на индивидуалниот план за образование и е од суштинско значење за дополнување на образовниот процес на детето. Овие резултати се однесуваат на содржината на наставните програми и наставни методи и влијаат врз индивидуалниот план за образование што задолжително го креира училиштето ако е покажана исклучителната надареност на детето е заверена од педагошките и психолошките советувалишта.
Оваа фаза на педагошка дијагноза се фокусира на добивање што повеќе факти потребни за индивидуалниот план за образование. Најчесто користените методи на педагошка дијагноза се набљудување, интервју и анализа на активностите на детето. Вака се дефинираат областите кои се во интерес на детето, а со тоа може да се адаптира наставната програма или вон школските активности.
Континуирана педагошка дијагноза се однесува на повторна проценка по одредено време на индивидуалниот план за образование и негови измени и дополнувања .

Заклучок

За да ги идентификуваат надарените и талентирани ученици, училиштата прво мора да ја разберат надареноста и талентот. Некои надарени студенти не може лесно да се идентификуваат, бидејќи многу фактори може да го прикријат изразот на надареност. Важно е да се знае дека надарените и талентирани ученици се наоѓаат во сите заедници без оглед на нивната културна, социо-економска или етничка припадност. При идентификација на надарените ученици, ние сме во можност да ја одредиме областа на надареност на ученикот и нивото на надареност.
Идентификацијата е процес со дијагностичка цел. Заемна соработка помеѓу родителите, наставниците, училишните психолози и други професионалци е задолжителна. Идентификацијата треба да се случи во текот на школувањето, а не само во одредено време, како на пример во
запишување. Откако ученикот ќе биде идентификуван како надарен, училиштата можат да користат соодветни образовни одредби и стратегии за да се грижат за нив. Во тој

процес, училиштата може да најдат дека учениците имаат дополнителна надареност и во други области.

Овие се главните цели за идентификување на надарени и талентирани ученици и посакуваните резултати од успешното идентификување.

Користена литература

Brown, S. W., Renzulli, J. S., Gubbins, E. J., Siegle, D., Zhang, W., & Chen, C. H. (2005). Assumptions underlying the identification of gifted and talented students. *Gifted child quarterly*, *49*(1), 68-79.

Callahan, C. M., Hunsaker, S. L., Adams, C. M., Moore, S. D., & Bland, L. C. (1995). Instruments Used in the Identification of Gifted and Talented Students.

Heller, K. A., & Hany, E. (2004). Identification of gifted and talented students. *Psychology Science*, *46*(3), 302-323.

Heller, K. A., Perleth, C., & Lim, T. K. (2005). The Munich model of giftedness designed to identify and promote gifted students. *Conceptions of giftedness*, *2*, 147-170.

Parke, B. N. (1981). Identification of gifted and talented students. *Journal of Career Education*, *7*(4), 311-317.

Renzulli, J. S. (2016). *The three-ring conception of giftedness: A developmental model for promoting creative productivity*. Prufrock Press.

Tuttle Jr, F. B. (1988). *Characteristics and identification of gifted and talented students*. NEA professional Library, PO Box 509, West Haven, CT 06516.

М-р Марина Кузмановска

Улогата на семејството во поттикнување и развојот на надареноста, талентираноста и креативноста

Апстракт

Семејството носпорно е основна институција која низ историјата наназад, како и денес е примарна во процесот на социјализација на личноста. Како составен дел на општството семејството не останува изолирана клетка. Тоа е основна клетка во која детето што поседува талент и воопшто кај просечните деца го осознава, ги добива првичните сознанија за она што го опкружува, за доброто и злото, за убавото и неубавото.

Фундаменталното значење на семејството се состои во тоа да му овозможи на надареното,талентирано или креативно дете само да создава и слободно да се изразува. Семејната средина, е многу важен факто во кој се создава атмосфера каде што детето е слободно да го развие идентитетот при што ги унапредува индивидуалните мисли и ги изразува слободно. Во семејството се подржуваат во произнесувањето на индивидуалната размисла што е од исклучителна важност за јакнење на ниванта самодоверба. На тој начин се зголемува веројатноста да се создадат поединци кои ќе бидат ислкучително надарени, талентирани или креативни и компетентни во својата работа.

Родителите се најважната акла која мора да ги одржува врските со своите деца, но во исто време треба да им дадат простор за развивање на сопствена автономија, независност како и развивање на психолошка и емоционална сопственост.
Клучни зборови: Семејство, идентитет, творечки вештини, автономија.

The Role of the Family in Promoting and Developing Giftedness, Talent, and Creativity

Abstract

The family is undoubtedly a fundamental institution that has historically been as primary in the process of socialization of the person as in history.As an integral part of society, the family does not remain an isolated cell. It is a basic cell in which a child possessed by talent and in the average child in general, receives the initial knowledge of what surrounds him, of good and evil, of the good and the beautiful.

The fundamental meaning of the family is to enable a gifted, talented or creative child to create and express himself or herself. The family environment is a very important factor in creating an atmosphere where the child is free to develop his / her identity while promoting individual thoughts and expressing them freely. The family is supported in expressing individual thought that is of utmost importance in strengthening one's level of self-confidence. This increases the likelihood of creating individuals who are extremely gifted, talented or creative and competent in their work. Parents are the most important asset that must maintain relationships with their children, but at the same time they should be given the space to develop their own autonomy, independence as well as the development of psychological and emotional ownership.

Keywords: Family, identity, creative skills, autonomy.

Вовед

Теоретичарите, кои се сомневаат во значењето на влијанието на животната средина врз однесувањето на детето, ја потенцираат важноста на социјалниот процес и важноста на социјалното учење преку засилено учење и набљудување.

Почетоците на социјалните модели, стекнати во семејството, се пренесуваат во текот на развојот во други области на меѓучовечките односи, децата ги пренесуваат научените модели од семејството за да комуницирате со нивните врсници во другите средини. Со оглед на тоа што социјалната интеракција вклучува разновидност од социјални вештини, социјално кометентните деца го ускладуваат нивното однесување со други луѓе, така што тие наоѓаат "заеднички јазик", споделуваат информации и ги испитуваат сличностите и разликите во согласност со предходно научените психосоцијални вештини. Психосоцијалните вештини се состојат од основните социјални вештини, вештини поврзани со функционирањето во групата, кои се занимаваат со емоции и стрес, и алтернативи за агресија.

Можеме слободно да заклучиме дека децата ги учат социјални вештини на моделите на однесување од неговата околина. Детето може да донесе психосоцијалните вештини како што се: кооперативност, одговорности, емпатија, великодушност, љубезност, љубопитност ...

Но исто така и вештини како што се: судири, скржавост, конформизам и себичност кои се поврзани со проблеми во социјализацијата.

Главен показател за правилен креативен развој на личноста представува поврзаноста со социјалната средина, ефикасноста и снаодливоста во креативното делување кај учениците. Тоа е така бидејќи независноста во голема мера зависи од слободата на креативното изразување на идеи, мисли и акции. Со оглед на тоа што семејството како главен императив представува примарна социјална средина, со тоа ќе ја етаблираме и неговата улога во развојот на независноста на децата и креативноста.

Дефинирање на поимот семејство

Семејството е најважниот фактор на формирање на личноста, неговиот ефект е најважен во првите години на животот, и тоа е исклучително важно за нормален развој на личноста, детето да биде сакано каде ќе се чувствува безбедност (што зависи од односот меѓу родителите.

Дали детето ќе биде социјално компетентно или не, зависи од способностите за контрола на емоциите, знаењата и разбирањата за животната средина, социјални вештини, како и од способноста на детето. Компетентното детедете може да ги искористи предностите на стимуланси од животната средина, сопствената иницијатива, и да се постигнат добри развојни резултати кои ќе овозможат задоволително и компетентно учество во заедницата каде што детето припаѓа.

Во семејството се стекнува чувство на безбедност и сигурност со помош на охрабрувањето кое се добива од родителите. Туака се развива чувството на блисост, внимание, грижа и заемништво од кое подоцна ќе произлезат знаењата, вештините,

ставовите и вредностите кај личноста. Во прилог на истакнатите ставови одат и истражувањата на современите психолози кои истакнуваат дека "примарната социјализација на детето секогаш се врши во рамките на примарните груп, т.с. во помали групи каде взаемните односи меѓу луѓето се лични, спонтани, човечки, интимни каде надареното дете до некоја мера ужива заштита, симпатија и сигурност на групата".[1]

[2]Постојат различни размислувања за семејството,па според тоа сосема е логично што постојат голе број на дефиниции за структурата и начинот на функционирање на едно семејство. Важно е како членовите во семејствота ќе изнајдат заеднички јазик со кој ќе комуницираат меѓу себе, колку што може да се задовлуваат поединечните потреби на секој член во семејството.

Во семејството се поставуваат основните темели на емоционланиот и когнитивниот развој, ја детерминира ориентацијата на дететто кон иднината,кон поставувањето цели, кон усвојувањето и градењето вредности и кон создавањето однос кон традицијата. Делувајќи образовно,семејството учествува во изградувањето на идентитетот на детето, на неговата самопроценка и чуството за компетентност.

Детето стекнува диспозиции во семејството кои се поволни за учење или не, на пример се здобива со ниво на барања, мотивација за учење, самоконтрола или способност за кооперација. Исто така доаѓа до израз и влијанието врз ставовите, интересите, стекнувањето на знаење, слика за смиот себе мотивирачки способности и тн. Што се однесува на односот меѓу родителите и креативните деца значајна е општата атмосвера која владее во семејството, како што е чувството на сигурност, довербата и љубовта. Од посебна важност е и меѓусебното однесување на родителите, како и односот кон нивните деца во периодод на психо-физичкиот развиток на детето во времето на пубертетот кога адолесцентот жувее во еден посебен свет, има свио објаснувања за мноштво појави во кои се сретнува а посебно ова се појавува кај надарените и талентирани деца каде имагинацијата и креативноста се на многу високо и завидно ниво. [3]

Cornell и Grossberg (1987), како најважни карактеристики на семејната средина за успешно лично прилагодување на креативно надарените деца ги издвојуваат кохезијата, отвореноста и конфликтите.

Кохезијата представува степен на посветеност како помош и поддршка која членовите во семејството си ја пружат меѓусебно. Отвореноста е мерка во која членовите на семејството се охрабрени да делуваат отворено и директно истражувајќи ги своите чувства. Конфликтите ја мерат количината на лутина, агресија и недоразбирања помеѓу ченовите во семејството.

За детето најважно е да живее во семејство во кое ќе преовладува семејната интеракција која треба да биде отворена и кооперативна, со избегнување на несигласувања и слобода за личното истражување.

---

[1] К.А. Несторовска, Соработката
на училиштетео со родителите, Битола 1997 стр. 43

[2] M. C.Obradovic, Nadarenost
Razumjevanje,prepoznavanje,razvivanje,str78

[3] Арнаудова,В., Ачковска Лешковска, Е. (2000) *Надарено дете,* Филозофски факултет, Скопје,стр.56

Успешни родители се оние кои им обезбедуваат на своите деца стабилно семејно опкружување со позитивни вредности кои ги нагласуваат високи образовни постигнувања, семејна кохезија, упорна работа и почитување на наставниците, како и примена на специфични стратегии (Tsai.2000).

Успешни родителски стратегии се: квалитетно поминато време со своите деца од кое ќе имаат корист, постојани разговори и активно слушање и следење на своите деца, подучување на децата од најраното детство преку обезбедување на стимулативно опкружување, охрабрување на децата да работат добро преку давање на модел за углед, јакнење на детските добри навики, давање на предизвици преку поставување на цели засновани на нивните способности, изградување на самодовербата, координирање на конзистентната работа помеѓу родителите и наставниците, охрабрување на децата да станат креативни и продуктивни, помагање на децата да направат равнотежа на она за што се посветени.

Охрабрувањето на децата да постанат креативни и продуктивни представува посебна стратегија чија примена значајно допринела за децата да постигната високи достигнувања. Успешни родители се оние кои им даваат личен пример на своите деца преку односот на сопствениот живот и работа, стабилност во меѓусебните односи и позитивен однос кон својата улога како родител. Родителите кои се трудат, кои се успешни и задоволни од постигнувањата, им нудат на децата активен и реален однос на сопствениот развој кој води до задоволувачки резултати, што делува поттикнувачко. Подршката од страна на родителите и емотивното прифаќање ќе резултира со интеграција, самодоверба, внатрешна хармонија, истрајност и со развој на вештините, при што ќе се развие способноста за индивидуалност, љубопитност, интерес и спремност да се одговори на предизвиците.

Взаемното делување на семејтвото и училишниот воспитен модел представува првиот чекор во обезбедување на подршка на целокупниот детски развој.[4]

Заклучок

Од овде може да се заклучи дека унапредувањето и развивањето на кративноста треба да се истражва пред се како културен феномен, особено зарди неговото се поголемо значење во развивањето на човековите интелектуални способности, и унапредувањето на целокупниот процес на хуманизација. Затоа, за да успеме во оваа наша намера, во равојот и унапредувањето на надареноста и креативноста, потребно е да ја направиме истата како една мултидимензионална концепција во културата.

На тој начин ќе сметаме дека сме реализирале дел од поставената задача. Ако, пак со ваквото истражување предизвикаме поставувања на некои прашања, и го подигниме нивото на радозналост за поставената проблематика, мислам дека тоа е секако одреден доптринос во создавање на услови за унапредување и развој на оваа проблем.

Како истакнува проф. Максич, поттикнувањето на детската фантазија,е императив за развој на креативноста во младиот период кај личноста. Колку повеќе современиот свет креативноста ја гледа како едно од решенијата за проблемите со кои се соочуваат,толку бенефитите ќе бидат поголеми

Сосема сум сигурна, дека не би било добро да се движиме во наредните децении без максимално искористување на капацитетите кои ги имаме.

[4] **С.Максич и С. Мирков,(Сарадња школе и породицу у постицању талента и креативноти младих-Институт за педагошка истраживања-Београд)**

Користена литература

1. Арнаудова,В., Ачковска Лешковска, Е. (2000) *Надарено дете,* Филозофски факултет, Скопје
2. Ачковска-Лешковска, Е.,Надареност, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Филизофски факултет, 2009
3. Арсовска Несторовска, К.,Соработка на училиштето со родителите,Микна,Битола,1997
4. Арсовска Несторовска, К., Влијанието на глобалните општествени промени на општествената положба на семејството, студија на случаи Битола, Докторска дисертација, Скопје, 1998
5. Čudina-Obradpvić, M., Nadarenost-razumijevanje, prepoznavanje, razvivanje, Skolska kniga – Zagreb, 1990
6. Ferbežer, I., Darovitost-izabrani po radovi prezentovani u svetu, Visa skola za obrazovanja vaspitaća, Vrsac, 2002
7. Jasmina Šefer, Visa škola za obrazovanje vaspitača-Vršac, Zbornik 4, Vršac, 1998

ПОВРЗАНОСТА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИТЕ ВРДЕНОСТИ СО ЗНАЕЊЕТО

Вонр. Проф. Д-р Виктор Митревски
Педагошки факултет – Битола
viktormitrevski63@gmail.com

Доц. Д-р Весна Стојановска
Педагошки факултет – Битола
stvesi@yahoo.com

АПСТРАКТ

Општо познато е дека знењето и континуитетот на учење претставуваат клучните елементи на успешност на секоја институција, поготово кога станува збор за високо-образовните институции. За знаењето како невидлив имот или општо познат како индивидуален капитал во образовните институции постојат повеќе теоретски размислувања и дефинирања, од збир на корисни и употртебливи знења, до збир на синергирани знења, искуства, откритија, иновации и процеси кои се корисни и во се функција на самиот општествен поредок. Во основа станува збор за нематеријален капитал кои се базира на човечките вредности, способности и знење. Заеднички вредности кои ги поседуваат високо–образованите институции и кои во основа зависат од индивидуалното и колективности знење. Индивидуалното знење кое постои во способностите, вештините и главите на единките и колективното знење кое се шири, споделува и пренесува помеѓу членовите на иснституцијата и надвор од неа кон нејзините корисници.

Она што е заедничко во вреднувањето скоро за сите високо–обрзовни институции е фактот дека знаењето кое се поседува претставува водечки ресурс за постигањата и одржливата конкурентска предност, и на кое мора да му е посвети посебно внимание, изнаоѓаќи различни методи и начини како истото максимално да се искористи и ја допре својата права вредност.

Нашите размислувања не наведоа да направиме едно истражување кое ќе го реализиравме во неколку високо–образовни институции, во кои ќе може да се согледа каква е улогата на знењето и колку постигнатите индивидуални вредности се признаваат и вреднуваат.

Клучни зборови: вредности, капитал, знење, институции.

ВОВЕД

За создавањето и вложувањето во знаење, многумина го делат мислењето дека тоа всушност е вложување за создавање и градење на индивидуален, сосптвен, интелектуален капитал. Каптал за кој се мисли дека е најголема и најприфатлива инвестиција во животот на човекот, кој несомнено може да го подигне и му овозможи брзо и ефикасно прилагодување и снаоѓање во најразлични сложени и новонастанати ситуации, поготово во денешните бурни техничко-технолошкие и социо-економски транзиции и случувања.

Кон управувњето со знење (менаџментот на знење) може да се гледа исклучиво како кон еден генератор или движечка сила која прави спој помеѓу ентузијазмот на едикната и институциналните способности за иновирање и следење на современите текови во научните и образовните случувања. Тоа е процес на следење и интегрирање на нови сознанија, искуства и промени, кои можат да доведат до унапредување и подобрување на научно-образовните ефекти, а се јавуваат ислучиво како последица на новите знаења до кој може да се дојде (Митревски, 2018). Вложувањето во знење во една образовна институција претставува создавање на заеднички сопствен интелектуален капитал, преку кој истата се препознава и ја прави поразлична од сите други.

Предмет на нашето истражувањето ни беа давателите и корисниците на знење, кои всушност се и директни учесници во процесот на менаџмент со знењето во високо-образовните и научни институции, а целта и намерата да се види каква е поврзаноста и какви релации постојат помеѓу знењето и интелектуалните вредности кои се добиваат во ваквите институции.

ИНТЕЛЕКТУАЛЕНИОТ КАПИТАЛ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Проценките за нивото на кое котираат високо-образовните институции многу често се потпираат на интелектуалните капацитети со кои тие располагаат и кои ги нудат, што несомнено дека е една од дилемите кои треба во иднина да бидат предмет за натамошна поширока анализа. Денеска не е доволно само да се има знаење, способноста на образовните институции се огледа точно во менаџирањето со знење и негово имплементирање како краен продукт во процесот на учење. Самиот образовен процес не смее да се состои само во собирање на информации и катаголизација на факти, туку да се посматра како систем на созананија кои ќе делуваат и вијаат мотивирачки на човековите сваќања за престојните трендови. Секоја модерна образовна институција потребно е да биде ориентирана и се потпира кон реалните современи погледи и случувања во светот, во кои менаџментот на знаење се јавува како еден од најзначајните, ако не и клучен фактори за натамошниот развој.

Носечки потенцијал на високо-образовните институција е точно интелектуалниот капитал или како што уште некои го нарекуваат опипливиот капитал, интегриран од три значајни компоненти. Во неговото дефинирање учествуваат *човечкиот капитал, структурниот капитал* и *релацискиот капитал,* кои делуваат во интегрирана функционална заеднчка спрега и поврзаност, градеќи една неделива целина.

Значајноста на човечкиот капитал во образовните институции се огледа преку знењето и вештините кои поединецот ги поседува, а се стекнува по пат на образование, искуства и обуки.

Структурниот капитал подразбира примена на најразлични нови софистицирани техничко-технолошки процеси и компјутерски модели и системи, кои во соработка и примена со формите и методските постапки претсатвуваат составен дел од образовниот систем.

Додека релацискиот капитал се огледа преку воспоставените односи на меѓусебна соработка и комуникација помеѓу професорите, стручните соработници и корисниците односно студентите на факултетите и другите високо- образовни институции.

МЕНАЏМЕНТОТ НА ЗНАЕЊЕ ВО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Имаќи го во предвид влијанието и фактот дека наставниот и професорскиот кадар во високо-образовните институции се една од клучните компоненти за успешносто ширење и користење на знењето кај студентите, нивните постигања во образовниот процес се основен показател за ефикасноста во работењето на институцијата. Успешнста на менаџментот на знење се огледа преку имплементацијата на активностите во наствниот процес во кој крајната цел е создавање на дополнителни вредности кај сите корисници, студенти, наставници, професори и други заинтересирани во високо- образовните институции, а го карактеризираат неколку фази или чекори кои се меѓусебно поврзани: создавање и креирање на знењето (*Creation*); освојување на знењето (*Capture);* проширување, зачувување и складирање на знењето (*Storing*); трансфер и поделба на знаењето кон и со други (*Sharing*)и примена на знењето (*Application*).

Познати се повеќе гледишата за поделбата на знењето, помеѓу кои епистомолошкото и онтологошкото кои укажуваат за поделба на експлицитно и преќутно *(tacit)* знаење (епистемологија) и индивидуално и колективно (онтологија) знење. Она што објективно е најзначајно за високо-образовните институции е експлицитното знење кое дава широки можности за негова примена, пред и се, пренесување и обременување помеѓу давателите и корисниците на знаење (*професор- професор; професор- студент; студент- студент*). Добро е тука да ја споменеме поделбата според формите на знаење во кое се идентификувани трте форми на знаење: *јавното знаење, заедничкото искуство* и *личното знење*.

Јавното знење или експлицитното знење (достапно за сите) е со најширока примена во образовните системи, поготово во високото образование кое е на највисоко ниво и има најширока примена помеѓу професорскиот кадар и студентите. Заедничкото искуство се огледа преку постоење на широко ексклузивно власништво на релација професор- професор и професор- студент. Под лично знење се подразбира знењето до кое најтешко се доаѓа и кое го поседува самата единката. Се однесува на стекнато знењето кое го поседува професорот, наставникот или студентот, всушнст се работи за способност и компетентност, односно стилот и мајсторството на работа, или знење кое го има стекнато самата личност. Она што ги

поврзува сиве овие форми на знења е неопходноста како да се користат или правилно применуваат (продуктивното знаење), за што е потребна организирана и систематска работа за примена на знењето во соодветни нови и сложени услови. Високо-образовните институции впрочем се тие кои го нудат и продаваат ваквото знење во организираниот систем на образовниот процес. Во контекс на претходно изнесеното ќе ги споменеме причините заради кои не се доаѓа до правилно усвојување и поделба на знењето, а тоа се: игнорирање; непостоење на апсорциски капацитети; недостаток на комуникација и недостаток на мотивација (O'Dell and Grayson, 1998). А она што и натаму останува како дилема е „колку се доаѓа до потребното знење", дилема или прашање кое треба во идниа да биде предмет на една поширока дебата.

МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Наведеното истражувањето е само дел од едно поголемо истражување извршено во текот на 2019/20 година од страна на студенти и професори на Педагошкиот факултет во Битола. Во предметниот фокус од поширокото истражување опфатени се одредени актуелни состојби во високо-образование институции од Охридско-Пелагонискиот регион, поконкретно областа од вреднување на постигањата во високото образование.

3.1.Примерок на испитаници

Во истражувањето опфатени ни беа вкупно 96 испитаници, од кои 75 студенти, 9 соработници и 12 професори од неколку високо-образовни институции во Битола (Педагошки факлулте, Висока медицинска школа, Факлултет за Биотехнички науки и Високата стручна школа Бизнис Акдемиа Смилевски).

Примерокот на испитаници формиран по случаен избор.

3.2.Примерок на варијабил и применети инструменти и методи

Од истражувачките инструменти, а со цел обезбедување на релевантни податоци со квантитативни показатели на скала од 1 до 5 извршена беше проценка на дадени ставови. Вкупна бројка на индикатори (варијабли) брои осум, со кои се објаснува дел од просторот на интелектуалните вредност и менаџментот на знење. При изработката на инструментите водено е сметка за објектнвноста, целисходноста, економичноста, практичноста и применливоста на истите.

За потребите на овој труд од просторот на дескриптивната статискика користени се: рангот, минималните и максималните вреднсти, аритметичката средина, стандардната девијација, варијансата и показателите за распределбата на вредностите на кривата, скјуникс и куртозис. Од просторот на компаративната анализа (каузални процедури) користена е корелациона матрица. Податоците обработени се со примена на статистичката програма SPSS.

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Индикатори

1	*VAR00001*- Интелектуалните вредности во образовнте инситуции се признаваат и вреднуваат
2	*VAR00002*- Постои доверба во Нашата институција како давател на знење
3	*VAR00003*- Давателите на знење (професор/ наставник) се најдоговорни за ефектите на интеракција во наставниот процес
4	*VAR0004*- Довербата во давателот на знење (професор/ наставник) го олеснува процесот на учење
5	*VAR00005*- Институцијата во целост е посветена на унапредување со знењето
6	*VAR00006*- Во Нашата институција на клиентите им се посветува доволно внимание за да можат да се стекнат со потребното знење
7	*VAR00007*- Во институцијата исполнети се очекувањата од добиените знења
8	*VAR00008*- Лицата кои располагаат со интелктуални знења се посебно ценати во нашата институција

Во табеларниот преглед бр. 1 дадени се податоците на испитаници во истражувањето од извршените проценки. Прикажани се основите дескриптивни показатели, бројот на испитаници (N), рангот (Range),

минималниот (Minimum) и максималниот (Maximum) резултат, аритметичката средина (Mean), стандардната девијација (Std. Deviation), варијансата (Variance) и показателите за распределба на вредностите на кривата, скјуникс (Skewness) и куртозис (Kurtosis). Од добиените резултати во сите индикатори (варијабли), може да се забележи дека вредностите се движат во границите од 3,39 до 4.44, односно најниски вредности забележани се во првиот индикатор *(VAR00001- Интелектуалните вредности во образовните инситуции се признаваат и вреднуваат),* додека највисоки вредности во четвртиот индикатор *(VAR0004- Довербата во давателот на знење (професор/ наставник) го олеснува процесот на учење).* Според добиени вредности во повеќе индикатори (пет) забележани се одредни отстапувања од нормалната дистрибуција (*VAR00002, Std. Deviation= 1,162; VAR00005, Std. Deviation= 1,176; VAR00006 Std. Deviation= 1,114; VAR00007, Std. Deviation= 1,076; и VAR00008, Std. Deviation= 1,205 .).* Вредностите кои укажуваат на степенот на наклонетост на кривата (*Skewness*) во два индикатори *(VAR00003- Давателите на знење (професор/ наставник) се најдоговорни за ефектите на интеракција во наставниот процес, Skewness= -1,091 и VAR0004- Довербата во давателот на знење (професор/ наставник) го олеснува процесот на учење, Skewness= -1,606)* укажуваат дека постои негативна асиметричност, што значи дека поголемиот број на добиени резултати се со над просечни резултати. Според резултатите кои укажуваат на закривеност на врвот на кривата (*Kurtosis*), може да се забележи дека во два индикатори постојат отстапувања. Поточно во третиот *(VAR00003- Давателите на знење (професор/ наставник) се најдоговорни за ефектите на интеракција во наставниот процес, Kurtosis= 1,280)* и четвртиот индикатор *(VAR0004- Довербата во давателот на знење (професор/ наставник) го олеснува процесот на учење, Kurtosis= 3,166),* забележана е лептокуртичност или повисока хомогеност, т.е., поголемиот број на вредности концентрирани се околу аритметичката средина.

Табеларен преглед бр. 1

Deskriptive Statistiks

VAR	N	Range	Minimum	Maximum	Mean	Std. Deviation	Variance	Skewness	Kurtosis
VAR00001	96	4,00	1,00	5,00	**3,39**	,988	,976	-,376	,176
VAR00002	96	4,00	1,00	5,00	**3,70**	1,162	1,350	-,577	-,437
VAR00003	96	4,00	1,00	5,00	**4,14**	,925	,855	-1,091	1,280
VAR00004	96	4,00	1,00	5,00	**4,44**	,792	,628	-1,606	3,166
VAR00005	96	4,00	1,00	5,00	**3,76**	1,176	1,384	-,945	,147
VAR00006	96	4,00	1,00	5,00	**3,50**	1,114	1,242	-,489	-,299
VAR00007	96	4,00	1,00	5,00	**3,51**	1,076	1,158	-,571	-,222
VAR00008	96	4,00	1,00	5,00	**3,53**	1,205	1,452	-,573	-,469
Valid N (listwise)	96								

Во интеркорелацискатата матрица (табеларен преглед бр. 2) дадени се добиените вредности од истражувањето со кои се утврдува коефициентот на поврзанст (Pearson Correlation) на применетите индикаторите со кои се објаснува дел од просторот на интелекталните вреднсти и знењето во високо-образовните институции. Според добиените вредности може да се констатира дека помеѓу критериумот (*VAR00001- Интелектуалните вредности во образовнте инситуции се признаваат и вреднуваат*) и предикторите (*остнатите индикатори*) постои поврзаност од ниско, средно и високи позитивно ниво. Највисоки вредности на корелација (од високо ниво) забележаи се помеѓу критериумот или првиот индикатор (*VAR00001- Интелектуалните вредности во образовнте инситуции се признаваат и вреднуваат*) со седмиот индикатор (*VAR00007- Во институцијата исполнети се очекувањата од добиените знења*), **r= ,674, N= 96, p= ,000**, додека најниски (од ниско ниво) со четвртиот индикатор *(VAR0004- Довербата во давателот на знење (професор/ наставник) го олеснува процесот на учење),* **r= ,280, N= 96, p= ,003.**

Поврзаност помеѓу предикторските индикатори констатирано е дека постои на ниско, срдно и високо позитивно ниво. Највисоко ниво на корелација констатирно е дека постои помеѓу шестиот (*VAR00006- Во Нашата институција на клиентите им се посветува доволно внимание за да можат да се стекнат со потребното знење*) и седмиот (*VAR00007- Во институцијата исполнети се очекувањата од добиените знења*) индикатор, **r= ,759, N= 96, p= ,000,** додека најниско ниво помеѓу четвртиот (*VAR0004- Довербата во давателот на знење (професор/ наставник) го олеснува процесот на учење*) со шестиот (*VAR00006- Во Нашата институција на клиентите им се посветува доволно внимание за да можат да се стекнат со потребното знење*) индикатор, **r= ,203, N= 96, p= ,024.**

Табеларен преглед бр. 2

Correlations

		VAR00001	VAR00002	VAR00003	VAR00004	VAR00005	VAR00006	VAR00007	VAR00008
VAR00001	Pearson Correlation	1							
	Sig. (1-tailed)								
	N	96							
VAR00002	Pearson Correlation	,588**	1						
	Sig. (1-tailed)	,000							
	N	96	96						
VAR00003	Pearson Correlation	,311**	,342**	1					
	Sig. (1-tailed)	,001	,000						
	N	96	96	96					
VAR00004	Pearson Correlation	,280**	,294**	,637**	1				
	Sig. (1-tailed)	,003	,002	,000					
	N	96	96	96	96				
VAR00005	Pearson Correlation	,615**	,686**	,369**	,373**	1			
	Sig. (1-tailed)	,000	,000	,000	,000				
	N	96	96	96	96	96			
VAR00006	Pearson Correlation	,626**	,687**	,301**	,203*	,751**	1		
	Sig. (1-tailed)	,000	,000	,001	,024	,000			
	N	96	96	96	96	96	96		
VAR00007	Pearson Correlation	,674**	,562**	,311**	,279**	,705**	,759**	1	
	Sig. (1-tailed)	,000	,000	,001	,003	,000	,000		
	N	96	96	96	96	96	96	96	
VAR00008	Pearson Correlation	,507**	,567**	,341**	,250**	,581**	,529**	,544**	1
	Sig. (1-tailed)	,000	,000	,000	,007	,000	,000	,000	
	N	96	96	96	96	96	96	96	96

ЗАКЛУЧОК

Имајќи ги во предвид досегашните теоретски сознанија за создавањето на интелектуалните капацитети и вредности во високо-образовните институции, може да се констатира дека менаџментот на знење (управувањето со знење) претставува клучен фактор во неговниот развој, поготово ако се земат во предвид компонентите кои учествуваат во дефинирањето и градењето на тој капитал (*човечкиот капитал, структурниот капитал* и *релацискиот капитал*). Практичното значење од нашето истражување на одреден начин е уште една потврда за важноста, влијанието и улогата на знењето во создавањето на интелектуалните вредности, од кое може слободно да се издвојат и неколку посебни заклучоци. Добиените коефициенти на корелација укажуваат дека постои висока поврзаност помеѓу интелектуалните вредности со довербата на институцијата како давател на знаење, со посветеноста и вниманието на институцијата во унапредување на знењето, со очекувањата кои ги дава институцијата, како и со ценетоста и мислењето за лицата кои располагаат со интелектуални знења. Генерално можеме да констатираме дека управувањето со знење во високо-обрзовните институции претставував една од главните карики во саздавањето на интелектуалниот капитал.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Cavaleri, S., Seivert, S., Lee, W.L., *Knowledge Leadership,* The Art and Science of the Knowledge – based Organization, Elsevier, 2005.

2. Mitrevski, V. i Aceski, A. Management of knowledge in organizations with different activities. Journal of „ *INDIAN JOURNAL OF COMMERCE & MANAGEMENT STUDIES", (*India*),* Vol. VIII, Issue - 1, 2017. Str. 22-27.

3. Митревски, В. Значењето на менаџментот на знаење за успешноста на образовните институции. **Во** *зборник на трудови* „Современите менаџерски предизвици и организиациските науки", Битола: Петта меѓународна научна конференција, 2018, стр. 355-363.

4. Митревски, В. и Митревска, М. Улогата на наставникот во процесот на менаџирање со знаење. ***Во*** *зборник на трудови* „Менаџментот и современите практики"со предметен фокус *Предизвици и можности во современите услови на работење*, Скопје: Шести меѓународен симпозиум, 2019, стр. 108-112.

5. O'Dell, K. and Grayson, C. J. If only we knew we know: Identification and Transfer of Internal Best Practices, Free Press, *California Menagement Review*, 40, 3, 1998, p.p. 154-174.

УЛОГАТА НА ИНФОРМАТИЧКО - КОМУНИКАЦИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ

м- р Мирј ана Ристевска
СОУ„ Крсте П. Мисирков“ – Демир Хисар
e- mail : mi r eristevska@gmail . com

Апстракт

создавањето многудетни семејства. Ова е од особен интерес од причини што демографските движења во Македонија последниве децении се значително успорени, односно, природниот прираст во повеќето делови на државата има негативен тренд, што доведува до состојба каде населението старее, се раѓаат се' помалку деца, а младите се' поретко се одлучуваат да склопуваат бракови и да создаваат семејства, особено во продуктивниот период. Ова меѓудругото доведува и до сериозен недостиг на популација, посебно од групата на работоспособно население и тоа има страшен импакт во се' поголемиот недостиг на работна сила.

Мерките од овој корпус на стимулативни активности би требало да се преземат од страна на заедницата (Владата, општините, верските заедници и сл.), на начин што би се одвојувале материјално-финансиски средства за помагање на склучен брак (на пример, до 30-годишна возраст), финансиско стимулирање на секое новородено дете со драстично зголемување на износите на стимулативните средства за новородено трето, четврто дете итн.

2.Стратешки политики во областа на образованието

Во функција на подигнувањето на квалитетот на образованието, есенцијалната констатација говори дека во Република Македонија нема стратешки пристап во научните истражувања. Квалитетот на истражувањата треба да се подигне на многу повисоко ниво, а за подигнувањето нба квалитетот на образованието, мора да бидат земени во предвид повеќе индикатори. Всушност, не треба да биде цел просто објавување на стручни и научни трудови во списанија со импакт-фактор, туку треба да се поведе посебно внимание на тоа, овие трудови да имаат апликативен карактер и импакт врз севкупните општествени состојби. Со еден збор, тие треба да предизвикаат некакво општествено влијание и да се насочени кон некој од сегментите на општествениот развој. Фактот дека ниту една високообразовна институција од Република Македонија не е рангирана меѓу првите 2.000 универзитети на Шангајската листа, доволно зборува за императивот кој стои пред нас како општество, дека состојбите со квалитетот на нашиот образовен систем не е на посакуваното ниво и дека на тој план многу сериозно треба да се работи во периодов кој претстои.

Во овој сет мерки и активности, посебно внимание треба да се обрне на воспоставување поинтензивен дијалог помеѓу бизнис-секторот и образованието, односно, создавање поголема кохерентност на овој план. Сведоци сме на состојба каде ваквите релации во нашата држава се на исклучително ниско ниво, а тоа мора да се поправи со воспоставување на ваков вид соработка, од проста причина што бизнис-секторот го црпи кадровскиот потенцијал единствено од образовните институции и тој точно знае во секој момент кои профили и каков кадровски потенцијал му се потребни во функција на создавање одржлив развој на целокупната економија во државата. Меѓудругото, овие мерки би се состоеле во заедничко планирање на бизнис-заедницата и образовниот систем на идните кадри и нивната профилација, воведување на процеси на доедукација и преквалификација на одредени профили итн.

Во овој контекст, заедницата треба посебно да се ангажира во насока на издвојување и доделување средства во вид на стимулации за младите кои ќе се одлучат да отворат свој бизнис и активно да се вклучат во бизнис-секторот. Дел од таквите мерки би биле и организирањето обуки, едукации и стручна помош за идните млади бизнисмени во смисла на нивно охрабрување во процесот на нивно активното вклучување во светот на бизнисот.

3.Институционални мерки и политики

Во оваа група мерки и политики, на водечка позиција би ги сместил легислативните (законските) политики. Во прв ред, неопходно е значително подигнување на нивото на буџетските средства кои треба да се издвојуваат за македонското образование. Освен тоа, од големо значење за надминување на проблемите на тој план би било воведувањето на практични и функционални институционални мерки во вид на материјално-финансиски стимулации за талентираните ученици и студенти, како и ваков вид поддршка и стимулирање на научно-истражувачката дејност, особено на трудови и проекти од апликативен карактер. Со еден збор, неопходно е воспоставување на институционален систем кој истовремено треба да биде функционален, но истовремено и одржлив и надградлив.

Во овој сет мерки и политики, императивно се наметнува потребата од законско регулирање на критериумите за студирање, особено во делот на евалвацијата, начинот на студирање, како и пропулзивноста во студирањето. Во тој контекст, посебно внимание треба да се обрне на приватните високообразовни установи, каде, за волја на вистината, критериумите не се на потребното ниво.

Од особено значење во оваа насока, секако треба да биде и изнаоѓањето на модалитети за квалитетен и функционален процес на практична работа и едукација на студентите, преку напуштање на стереотипите на практикување на билдање на студентите со „гола теорија“. Во овој контекст би ја сместил и неопходноста од воведување практики за стимулирање и на професорскиот кадар во насока на лично, институционално, научно надградување и напредување.

Сепак, најзначајно во моментов е да се надминат лошите и безперспективни практики на целосна политизираност и партизираност во процесите на вработување и во процесите на професионален и кариерен напредок. Она што, за жал, денес претставува наше секојдневие, а се отсликува низ вработувања на некомпетентни и нестручни кадри на несоодветни работни места и каде партиската припадност претставува единствен применлив критериум, е сериозна пречка за севкупниот државен и општествен прогрес и просперитет. Тоа е прашање кое заслужува севкупен, консензуален пристап од страна на сите општествени чинители.

Меѓутоа, во прв ред, според сите стручни и научни обсервации, како од домашните, така и од меѓународните институции, под итно треба да се создаде реален амбиент на владеење на правото и создавање силна правна држава, како своевидна сигурност за сите оние млади високообразовани кадри кои иднината ја бараат во странство заради нивната исфрустрираност и разочараност од актуелните политички и севкупни односи и состојби на несигурност и безперспективност. Со еден збор, обврска на заедницата е целосно имплементирање на европските вредности во нашиот општествено-политички систем и создавање услови кои би ги задржале младите во својата држава.

Паралелно со изнесеното, државата мора да се ангажира за поинтензивно привлекување на домашни и странски инвеститори кои би инвестирале во реалниот сектор и би создале поголема додадена вредност во нашата економија преку отворање нови работни места и вработување на поголем број млади образовани кадри. Секако, ова би се постигнало со поттикнување на инвеститорите преку создавање поволна и стимулативна бизнис клима, со воведување најразлични реални финансиски олеснувања, релаксирање на фискалната политика итн.

Во прв ред, државата треба да се ангажира и во делот на создавање реални економски претпоставки за подигнување на платите и воопшто подигнување на животниот стандард на граѓаните, пред се’ преку создавање здрава и лојална

конкуренција помеѓу стопанските и нестопанските субјекти, што од своја страна би придонело и кон посилна мотивираност кај населението, а посебно кај младите високообразовани кадри, кои во едни такви констелации помасовно би се одлучувале да останат во Македонија.

Еден од фундаменталните аспекти врз кој државата би требало да стави сериозен фокус е создавањето цврста законска регулатива во процесот на образованието и задржувањето на образованите кадри во рамките на сопствените општествени потреби. Во суштина, тоа значи дека државата мора да изгради систем на ограничувања во процесот на одливот на мозоци, особено онаму каде што таа инвестирала. Имено, факт е дека нашиот образовен систем има силна социјална димензија и профилираност, како во основното и средното, така и во високото образование, пред се' во државните високообразовни институции. Нашите ученици, односно нивните семејства, се целосно поштедени од било какви финансиски давачки во текот на школувањето. Слична е состојбата и со студентите на додипломските студентски програми на државните универзитети, каде тие плаќаат буквално симболични износи на име партиципација за студирање, минимални средства за сместување во студентските домови и за исхрана во истите, користат субвенциониран превоз итн. Значи, нашето општество сериозно инвестира во добивањето „готов производ", односно во процесот на оформување на образованието на илјадници млади луѓе секоја година. Спротивно на тоа, земјите каде што по завршеното образование најчесто се упатуваат нашите „мозоци", буквално ништо не инвестирале во нивната стручна и научно-образовна подготовка и изграденост, туку, едноставно, бесплатно добиваат „готов производ". Ако се има предвид фактот дека сите ние како општество, во рамките на фискалната политика, секој месец издвојуваме средства за образованието со цел овие млади луѓе речиси бесплатно да се школуваат, императивно се наметнува потребата од нивно „оддолжување" кон државата и општеството. А, токму во таа насока државата преку имплементација на соодветни законски решенија кои би важеле за студентите на државните високообразовни институции треба да ја регулира таа проблематика. Тоа би можело да се направи на два можни начини:

а) Депонирање на средства во висина на просечните трошоци на студирањето пред започнување на истото, со обврска на државата, да му ги врати рефундирани за износот на законски важечките камати по завршување на студирањето, се разбира, доколку лицето остане да живее и да работи во Република Македонија;

б) Целосно авансно рефундирање на просечните трошоци за студирањето, зголемени за износот на законски важечките камати од страна на државата во која лицето би се отселило и би работело по дипломирањето, што пак, би се регулирало со билатерални меѓудржавни договори како дел од примената на меѓународното право.

Заклучни согледувања

Иако одливот на млади кадри се препознава како сериозен општествен предизвик, дури и од страна на креаторите на политики, истиот не се препознава и не се дефинира како проблем во документите за јавни политики и политичката агенда. Наместо тоа, се применува пристап кон младинските политики насочен кон решавање на поединечни проблеми, најчесто поврзани со вработувањето на младите, иако не постои воспоставен механизам со кој се следи влијанието на ваквиот пристап и колку истиот навистина придонесува кон решавање на проблемот. Единствени стратешки документи во државата, кои го третираат проблемот на одливот на мозоци се „Националната Стратегија за вмрежување и соработка со високо образовани и

стручни кадри 2013 – 2020“ и „Националната стратегија за млади 2016 – 2025“. Ако се имаат во предвид фактите кои говорат дека Македонија во моментов се наоѓа на непопуларното осмо место во светски рамки според одливот на мозоци, дека според последните истражувања поврзани со појавата, дури 78% од студентите од завршните години на високообразовните установи во земјава, се изјасниле дека својата иднина ја гледаат надвор од Македонија, дека секое поединечно напуштање на државата ја чини неа по 15.848 евра на годишно ниво, ако се има предвид фактот што за само една година (2018-2019), бројот на млади работоспособни лица во нашата држава се намалил за 12.548, но, ако исто така се земе предвид и тоа дека за последниве шест години се регистрирани нови 4.772 вработени со високо образование, но, во исто време се регистрирани нови 39.126 високообразовани кадри со статус невработени, императивно се наметнува неопходноста од создавање нови активни политики кои сериозно ќе се спротивстават и ќе застанат на патот на ваквите појави.

Во групата на **системски мерки и политики**, во трудов се потенцирани: пописот на населението како мерка која не само што едноставно ќе ја преброи популацијата, туку ќе ги постави и демографско-развојните компоненти како суштински прашања за севкупниот општествен развој; како и бројните стимулативни мерки кои треба да придонесат кон поинтензивно склучување бракови кај младите и создавање многудетни семејства. Ова е од посебно значење заради зголемување на популацијата во земјава, подобрување на негативните демографски појави се' поприсутни последниве децении и зголемување на понудата на пазарот на трудот со млади работоспособни луѓе.

Во **стратешките политики во областа на образованието**, посебен акцент треба да се стави на: значително повисоки буџетски издвојувања за образованието; подигнување на квалитетот на македонското образование; стимулирање на научно-истражувачката дејност и нејзино квалитативно издигнување на многу повисоко ниво; воспоставување на блиски релации помеѓу бизнис-секторот и образовниот систем во насока на планирање, профилирање, доедукација и доквалификација на кадровскиот потенцијал; како и финансиска стимулација и охрабрување на младите за отворање свои бизниси и нивно активното вклучување во светот на бизнисот.

Споменатите развојни мерки и политики неопходно е да имаат и реална институционална подлога, односно, неопходни се и **институционални мерки и политики**. Во овој сет политики, би ги издвоил: легислативните (законските) политики преку издвојување поголеми средства за образованието и за научно-истражувачката дејност; законско регулирање на критериумите за студирање, особено во делот на евалвацијата, начинот на студирање, како и пропулзивноста во студирањето; изнаоѓање на модалитети за квалитетен и функционален процес на практична работа и едукација на студентите, преку напуштање на стереотипите на практикување на билдање на студентите со „гола теорија“; надминување на лошите и безперспективни практики на целосна политизираност и партизираност во процесите на вработување и во процесите на професионален и кариерен напредок; создавање на реален амбиент на владеење на правото и создавање силна правна држава, како своевидна сигурност за сите оние млади високообразовани кадри кои иднината ја бараат во странство заради нивната исфрустрираност и разочараност од актуелните политички и севкупни односи и состојби на несигурност и безперспективност; како и поинтензивно привлекување на домашни и странски инвеститори кои би инвестирале во реалниот сектор и би создале поголема додадена вредност во нашата економија преку отворање нови работни места и вработување на поголем број млади образовани кадри.

Работна библиографија

1.*Национална стратегија за млади 2016-2025*, Агенција за млади и спорт, 2016

2.*Национална стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013-2020 година*, Агенција за млади и спорт, 2013

3.*„Youth2Business“ форум*, Економски факултет - Скопје, 2015

4.*Глобален економски форум,* The Economist, *2018*

5.Документ за јавна политика, Институт за стратешки истражувања и едукација - ИСИЕ, Скопје, 2017

6.*Расте одливот на мозоци, половина од младите не гледаат иднина во Македонија,* Институт за социјална демократија „Прогрес“ - истражувања, Скопје, 2016

Улогата на семејството во потикнувањето и развојот на надарените

м-р Гоце Бумбароски
ООУ Кочо Рацин, Прилеп, goce_bumbaroski@hotmail.com

Препораки за промена на односот на семејството кон надарените

- ✓ Понекогаш гледам со чувство на потполна збунетост.
- ✓ Во конфузијата што го исполнува светот денеска, јас гледам непочитување на многу вредности во животот.
- ✓ Убаво е се околу нас, но многумина се слепи за тоа!
- ✓ Тие го гледаат чудото на оваа земја - и изгледа не гледаат ништо.
- ✓ Секоја секунда живееме во нов и единствен момент од универзумот,
- ✓ Момент што никогаш не бил пред тоа ниту ќе биде потоа.
- ✓ А на што ги учиме нашите деца во училиштето?
- ✓ Ги учиме дека два и два се четири, и дека Париз е главниот град на Франција.
- ✓ Кога ќе ги научиме, исто така, што се тие?
- ✓ Би требало да му речеме на секое од нив: дали знаеш што си?
- ✓ Ти си чудо. Ти си единствено.
- ✓ Во целиот свет не постои дете исто како тебе.
- ✓ Во илјадници години што поминале,
- ✓ Никогаш немало друго дете како тебе.
- ✓ Погледни го твоето тело - колку е чудесно!
- ✓ Твоите нозе, твоите раце, вештината на твоите прсти, начинот на кој се движиш!
- ✓ Можеш да станеш Шекспир, Микеланџело, Бетовен.
- ✓ Имаш способност за се.
- ✓ Да, ти си чудо. И кога ќе пораснеш
- ✓ Можеш да му нанесеш штета на некој друг, чудесен како тебе!
- ✓ Ти мораш со внимание да се однесуваш кон другите.
- ✓ Ти мораш да работиш-ние сите мораме да работиме-да го направиме овој свет вреден за неговите деца.

Pablo Casals

Прв дел
Концептуализација на надареноста

1. Дефинирање на надареноста

Феноменот на надареноста различно е дефиниран не само во различни епохи на цивилизацискиот развој, туку и различно во одделни периоди од развојот на психологијата.

Така, на пример, во првобитната заедница надарен бил оној поединец што бил успешен ловец, во древна Грција оној што бил добар говорник, вешт воин или олимписки шампион, а пак во 20 век за кој што е карактеристичен брзиот развој на науката и техниката, тоа бил научникот или пронаоѓачот.

Историски гледано, прва научна студија за надареноста е делото на Ф. Галтон со наслов "Наследен гениј" (Хередитари гениус), што е публикувано во 1869 година. Како што е познато Галтон го застапувал становиштето дека надареноста е наполно наследно детерминирана, односно дека таа по пат на наследување се пренесува од една генерација на друга. Освен тоа, тој ја дал и идејата дека надареноста е дистрибуирана во популацијата според Гаусовата крива.

Раководејќи со една таква идеа Галтон изработил дури и скала на надареност кај која нејзините степени биле определени според принципот од колкав број на луѓе некој поединец е понадарен. Така, на пример: највисокиот степен на скалата кој бил именуван како врвен "гениј" означувал најдаровит поединец што може да се пронајде во милиони луѓе .

Галтоновата концепција за надареноста подоцна се покажала како научно незаснована па затоа е и напуштена. Меѓутоа неговата идеја за дистрибуираноста на надареноста во популацијата се уште е актуелна.

"Разликата помеѓу надарените и другите е само во надареноста"

Многу подоцна дури во 1921 година, Терман и неговите соработници ги започнале истражувањата во кои за првпат биле употребени психолошки инструменти за идентификување на надарените деца. Тогаш всушност е дадена и првата дефиниција за надареноста. Сосема логично, бидејќи притоа бил применет психометриски приод, надареноста била дефинирана како висока, општа интелектуална способност, идентификувани биле како надарени оние деца што на Станфорд Бинеовиот тест на интелегенција имале количник на интелегенција 140 и над тоа. Што значи Терман ја сфаќал надареноста како мошне високо ниво на интелегенција, а која што ако се разгледува како посебен вид, може да се именува со изразот "општа надареност".

Според Вити (Р. Вити) даровит е оној поединец чии што постигнувања се константно значајни во која било потенцијално вредна област на човековата активност.

Според сфаќањето на Галагер (J.Галагер 1976) надарени се оние деца што се способни за високи постигнувања или кои имаат потенцијална способност, специфични академски способности, творечко или продуктивно мислење, способност за раководење, визуелни и други психосензорни и психомоторни способности .

2. Кои се надарени деца?

"Животот на надарените е исполнет со труд, очекувања, желби, неизвесност..."

Според Вернон и соработниците (Vernon, Ph.E. et al. 1977) надарени се оние деца кои уште во раното детство се поактивни и позаинтересирани за својата средина во

споредба со другите деца: многу рано почнуваат да зборуваат, имаат добро помтење, сакаат да ги истражуваат работите околу нив и да манипулираат со нив, подобро логички резонираат, брзо разбираат и го применуваат тоа што го слушнале, имаат многу развиена фантазија.

Подоцна, во училиштето лесно учат, брзо сваќаат нови односи, не чекаат готови поими и информации од други. За новите вештини потребни им се помалку објаснувања во споредба со другите ученици. Постигнуваат подобри резултати во јазиците, природните и општествените науки, математиката, а некои се истакнуваат и во некои области од уметноста.

Уживаат во решавањето проблеми и чувствуваат потреба да проверуваат и да бараат нови одговори. Од аспект на креативноста, надарените ученици поставуваат необични прашања, наведуваат неочекувани идеи, имаат желба за истражување на нови области, имаат жива фантазија, широки интереси и различни видови на хоби. Покажуваат успех во активностите за планирање и организирање, социјално се добро прилагодени и често стануваат водачи на формални и неформални групи. Развојот на нивните емотивни карактерни особини зависи од нивното разбирање и прифаќање од страна на наставниците и соучениците .

3. Потреба од рана идентификација на надареноста во семејството

Идентификацијата на надарените, истакнува со право Ѓорѓевиќ (1979), во основа е сложена, стручна и општествено значајна работа. Сложена е поради фактот што во себе вклучува извршување на разновидни задачи. Таа претставува стручна работа заради тоа што бара од оние што треба да ја извршуваат да бидат стручно оспособени за тоа. Општествено значајна е пак од повеќе причини. Тоа се сознанијата дека надарените деца и младинци се најдрагоценото богатство на секој народ и дека надарените се најзначајниот фактор не само за развојот на науката, туку и за севкупниот општествен развој.

Природно е првите проценувачи на надареноста на детето да бидат родителите, бидејќи тие од најраната возраст имаат објективна можност да го перцепираат развојот на своето дете и неговите реакции во различни ситуации. Според Корен (Корен, И. 1993), родителите успешно ги забележуваат општите способности или посебните дарби кај своите деца.

Оваа констатација ја поткрепуваат и резултатите од истражувањата на Британското национално здружение за надарени деца (Тхе Натионал Ассоциатион фор Гифтед Цхилдрен), според кои три четвртини од вкупно 125 родители на надарени деца, се изјасниле дека самите ги забележале нивните исклучителни способности до третата година. Само 7% од испитаните родители не биле свесни за тоа до четвртата година од животот на децата .

"И помислата за постоењето на надарените е повеќе од ништо"

Раното препознавање на знаците на надареното однесување кај децата од страна на родителите е важно затоа што придонесува да се зголемат можностите за развој на согледаните потенцијали.

Меѓутоа, проценувањата на родителите не се секогаш со добра прогностичка валидност што е последица на нивната недоволна оспособеност, неможноста да го споредуваат своето со другите деца на иста возраст, или пак, тенденцијата да ги преценуваат постигнувањата, кои повеќе се резултат на нивниот притисок, отколку на реалните способности од детето .

Втор дел
Семејството и надарените деца

1. Улогата на семејството

Семејството претставува централно место во животот на секое дете. Тое е прва емоционална и социокултурна средина во која што се развива детето. Родителите можат континуирано да ги следат сите реакции и манифестации на однесувањето на детето во најразлични ситуации.

Понекогаш родителот е склон да верува дека има надарено дете. Можеби нема?! Но родителите можат да им помогнат на децата да постигнат максимален успех со нивната дарба. За да го реализираат тоа, тие мора подобро да ја разберат надареноста, бидејќи тие можат да придонесат најмногу за стимулирање на надареноста кај децата, без да им одземат дел од нивното детство.

Мора да се признае дека во практиката не е секогаш така. Посветувањето на надареното дете бара од родителите ангажирање, нова обврска, создавање стимулативна клима, која ќе го ослободи уште повеќе да го искаже својот потенцијал. "Често надарените знаат и да ја наплатат негрижата за нив и тоа многу скапо"

Родителите имаат пресудно значење за општиот развој на ученикот, а посебно за препознавањето и развојот на надарениот ученик .

Забележувањето на првите знаци на надареност започнува уште во првата година од животот, кога родителите ги забележуваат карактеристичните облици на однесување на нивното дете: како тоа се однесува на одреден звук, како воспоставува контакт, што во одредена социјална ситуација е за него карактеристично, што за детето претставува посебен интерес, како него го манифестира и сака да го задоволи и друго. Родителите први можат да ја почувствуваат "необичноста" на своето дете во која било област и вид на активност. Родителите имаат најголема можност да го забележуваат однесувањето на своите деца. При реализирањето на оваа задача родителите најчесто, го споредуваат своето дете со неговите врсници.

Терман и Оден наведуваат дека родителите кај натпросечните деца забележуваат:

- ✓ Богата информираност
- ✓ Широк речник
- ✓ Добро меморирање
- ✓ Љубопитност
- ✓ Брзо разбирање
- ✓ Пишување и читање пред поаѓање во училиште
- ✓ Интерес за научни книги и др.

2. Типови на родители

Родителите му овозможуваат на детето максимално да ја изрази својата индивидуалност и да биде она што навистина е. Родителите на надарените деца, треба да знаат дека нивните превисоки или прениски аспирации можат да направат проблеми во социјализацијата на нивното дете.

Премногу амбициозни родители склони се да претераат во истакнувањето на она што нивните деца го можат и го знаат. Скромните родители, од страв нешто да не се промени и "поквари" тешко ја прифаќаат надареноста на детето.

И двата случаи можат да влијаат на детето да изгради неповолна слика за себеси, да покажува недоверба спрема возрасните, да се чувствува инфериорно, загрозено. Поради тоа треба да се има во вид дека позитивните чувства, привлечноста и

усогласените аспирации на децата и родителите водат кон прифатеност на младите во училиштето и друштвото, што за надарените е многу важно (А. Стојановиц, 2003).

Некои родители, пак вознемирени поради чинот дека нивното дете е надарено чувствуваат поголема одговорност во неговото воспитување и образование. Иако не се доволно упатени, можеби чинот да бидеш надарено дете е права среќа и многу деца не гледаат на тоа нивно животно искуство како на посебна среќа. Многу од нив ќе заминат толку далеку за да ја прикријат својата надареност при што ќе се вклопат помеѓу своите врсници .

"Луѓето не ги забележуваат надарените се додека се тие меѓу нив"

Трет дел
Соработката на семејството со училиштето

1. Актуелни состојби во соработката

"Ако родителите навреме утврдат дека нивното дете е надарено, ако им се реални очекувањата, ако му создадат соодветни услови за работа и ако во границите на нивните можности го потикнуваат неговиот развој, ако редовно соработуваат со училиштето тогаш тоа е среќно, зашто постојат елементарни услови надареноста да дојде до израз и надареното дете да успее".

Тргнувањето на детето во училиште претставува важен настан во неговиот живот и во животот на неговите родители. Со самото тоа родителите му го доверуваат детето на наставникот т.е. на училиштето и заедно започнуваат да ги делат обврските: нова средина, училница, наставничка, наставни предмети, учебници, распоред на часови, одење и враќање од училиште, домашни задачи, оценки.

Родителите постојано треба да бидат информирани за местото и средината во која што ќе престојува нивното дете: каква е училницата, хигиената, осветлувањето, загревањето, клупите, столчињата и се друго бидејќи сето тоа може да влијае на здравјето и расположението на детето и на неговата желба за учење .

Треба да се интересираат и да бидат информирани за наставните програми и проекти кои што се реализираат или треба да бидат реализирани, која е нивната цел, кои и какви учебници се потребни односно се она што директно или индиректно се однесува на нивното дете и од кое зависи неговиот успех или неуспех во развивањето на надареноста. Токму поради тоа потребно е и многу значајно да постои соработка помеѓу училиштето и семејството.

Најчесто соработката помеѓу наставникот и родителите се одвива преку следниве форми:

- Индивидуални разговори со родителите на надарените деца
- Групни родителски состаноци
- Посета на родителскиот дом
- Писмено известување на родителите

Голем број на родители имаат негативен став кон училиштето и наставниците, што многу често е резултат на сопственото негативно искуство, и најчесто тие родители ја одбегнуваат соработката со наставниците. Во такви ситуации наставниците треба да се потрудат да им ја повратат довербата на родителите во училиштето како воспитно-образовна институција и да ги заинтересираат за што поголема соработка .

"Какви училишта, настава и наставници им се потребни на учениците кои имаат други и свои потреби и мерки?"

Наставниците средбите со родителите никогаш не треба да ги започнуваат со критикување на ученикот, туку треба да ги посочат позитивните страни на нивното дете, неговата заинтересираност кон одредени наставни предмети и сл.

Секој наставник треба да располага со основните податоци за родителите, да завземе емпатичен став, да покаже голема доверба и да знае да ги чува тајните кои што ќе му ги доверат родителите .

2. Интеракција на педагошкиот триаголник (родител-наставник-ученик)

Наставниците се повеќе увидуваат дека е пожелно и вредно во нивните разговори со родителите да ги вклучуваат и самите ученици. Основна тема на секој од овие разговори се заинтересираноста и постигнувањата на учениците за одделни предмети.

Учениците обично се плашат од оние разговори помеѓу наставникот и родителите во кои не учествуваат тие самите и не знаат за што се разговара. Учениците најчесто имаат впечаток дека родителите и наставниците се состануваат во тајност за да би зборувале против нив, за да изнесуваат некои непријатни информации или да се договораат за нешто што е важно за нив без нивното учество .

Наставниците кои го употребиле педагошкиот триаголник (родител-наставник-ученик) забележале позитивни резултати. Предностите од тоа се:

- Поголемо чувство на сигурност кај ученикот
- Подобро користење на времето
- Комплетни информации за учениците кои ги добиваат родителите
- Шанса да се разрешат несогласувањата помеѓу родителот и ученикот
- Подобро планирање за идното учење
- Зголемена желба на ученикот да ги почитува одлуките со оглед на тоа дека и тој учествува во нивното донесување

3. Потреба од промена на односот

Наставникот ја има единствената можност да создаде услови потенцијално надареното дете да стане позитивен и полезен член на општеството. Тој треба да биде свесен дека на некои надарени деца им недостига синхронизираност со нивните врсници, семејството и со времето во кое живеат. Затоа, неопходно е наставникот да ги разбере чувствата на фрустрираност и изолираност кај овие деца, кои можат да се појават, бидејќи нивниот интелектуален развој е побрз од емоционалниот и физичкиот.

Тој треба да биде свесен за евентуалното несовпаѓање на интелектуалните и социјалните потреби, како, на пример: потребите за сигурност и социјално прифаќање.

"Талентите најчесто патат бидејќи се тоа што се"

Мејкер (Maker, 1982) во таа смисла истакнува дека наставниците, покрај знаењата од сопствениот предмет, треба да располагаат со:

1. Сознанија за развојот на детето,
2. Доверба,
3. Вештина за развој на флексибилен и интересен материјал,
4. Високо развиена вештина за прашување и објаснување,
5. Желба повеќе да насочуваат отколку да диктираат, дозволувајќи им на учениците да развиваат независност во мислењето и однесувањето,
6. Веќе докажан успех како наставници во редовните училишта,
7. Можности да направат грешки и
8. Наставниците треба да поседуваат лидерски вештини .

Да се биде наставник на надарени ученици

Елизабет Друс во 1976 година напишала:

"Задачата на наставникот е да инспирира и да ослободува. На надарените ученици најмногу можат да им помогнат тие наставници, кај кои постои комбинација на две карактеристики. Прво, тие треба многу да знаат и постојано да го збогатуваат

своето знаење со актуелните постигнувања во предметот што го предаваат. Второ, тие мора да имаат вонредна вештина за комуникација. За надарените ученици креативен е оној наставник, кој има верба во младите луѓе и ги сака учениците, кој е љубезен, демократичен и полн со разбирање. Ваквите наставници веруваат дека сите човечки суштества се по природа добри и имаат потенцијали. Насочуван на такви вредности, ученикот може - да избере стил на живеење и поглед на светот - исто како и секојдневни избори, за кои повеќето луѓе не се свесни.

Треба да признаеме дека надарените деца уште од мали се способни да увидуваат значајни нешта и нашата задача, како наставници е Сократовска: да го извлечеме креативното од нив и да им дозволиме да бидат таму каде што можат да го откријат тоа што, всушност, веќе го знаат ."

За наставниците кои ги подучуваат надарените ученици доволно е да имаат просечни способности, натпросечно да се заинтересирани да им помагаат на надарените, секогаш да се спремни за соработка, да умеат да го наградат трудот, да ја ценат интелегенцијата и да знаат како да ја негуваат (Цларк, Б. , 1983; Керамичиева, Р. , 1989).

Kathnelson, A & Colles, L. 1982 барале од 10-годишни надарени деца да наведат каков треба да биде идеалниот наставник. Одговорите се прикажани на следнава листа, според која наставникот треба:

1. Да ги разбира
2. Да има смисла за хумор
3. Да може да го направи учењето забавно
4. Да е весел
5. Да ги подржува и да ги респектира
6. Да е интелигентен
7. Да е трпелив
8. Да е флексибилен
9. Добро да го познава наставниот предмет
10. Да ги објаснува внимателно нештата
11. Да е вешт во групните активности

Во истата студија било консултирано и мислењето на нивните родители. Како врвни приоритети во рангирањето на професионалните компетенции на наставниците, тие ги наведуваат следниве:

1. Знаење за природата и потребите на надарените
2. Вештини за развивање на сликата за себе
3. Вештини за интегрирање на когнитивните, афективните, сензорните и интуитивните способности

Во однос на личните особини за нив најважни се:

1. Разбирањето
2. Прифаќањето
3. Почитувањето
4. Довербата
5. Себепочитувањето
6. Отвореноста за нови идеи
7. Флексибилноста

"Додека добриот едукатор треба да биде пример со педагошки карактеристики, од едукаторот кој треба да работи со надарени деца, децата и родителите - сите очекуваат да биде пример над примерите!"

Четврт дел
Актуелни и потенцијални форми и облици на подршка

1. Влијанието на семејството врз развојот на надареноста

Семејството е првата и најважната средина во развојот на децата кои забележуваат значителен успех како возрасни. Тоа ги поставува основите на емоционалниот и когнитивниот развој, ја детерминира ориентацијата на детето кон иднината, кон поставувањето цели, кон усвојувањето и градењето вредности и кон создавањето однос кон традицијата. Делувајќи образовно, семејството учествува во изградувањето на идентитетот на детето, на неговата самопроценка и на чувството за компетентност.

Според некои автори (Алберт, 1971, 1980; Симонтон, 1987) процесот на социјализација, кој се остварува во две екстремно различни семејни средини, придонесува децата да се развијат во надарени индивидуи. Едната ја сочинуваат непотполни семејства, во кои детето рано го губи едниот родител, а другата семејства, во која постојат нормални односи помеѓу членовите и кои стимулативно влијаат на развојот на надареното дете .

"Човекот е господар на светот само ако ги подржува надарените"

1.1. Неповолната семејна средина и надареност

Чарли Чаплин имал ужасно детство. Татко му бил тежок алкохоличар, а мајка му психички нестабилна. На 5 годишна возраст бил прифатен во дом за сирачиња, каде што поминал две години.

Мајката на Исак Њутн го напуштила кога бил дете, оставајќи го на баба му. - Според Хоув (Хоње, М. Ј. А., 1992).

Наспроти надарените, кои растеле во неповолни семејни услови, историјата забележала и еминентни уметници и научници кои детството го поминале во особено пријатна и потикнувачка семејна средина и среќно живееле до крајот на животот. Такви биле Рафаел, Верди, Бах, Гете и др.

Што претставува позитивна семејна средина, која промовира и креативна мотивација и долготрајно лично исполнување?

Теоретските истражувања и емпириските резултати укажуваат на две главни димензии.

Првата е стимулација од страна на родителите, која води кон индивидуалност, љубопитност, интерес и спремност да се одговори на предизвици.

Другата димензија е подршката од страна на родителите, топло, емотивно прифаќање, кое резултира со интеграција, самодоверба, внатрешна хармонија, истрајност и со развој на вештини .

"Секој е талентиран за нешто ако знае за што"

1.2. Поволната семејна средина и надареност

Рут Лоренс останала забележана во историјата како чудо од дете, кога на 10-годишна возраст, на приемниот испит за упис на колеџот Ст. Хугх'с Цолледге, Охфорд, постигнала најголем успех од 530 кандидати. Испитот траел три часа, а се состоел од три дела:

1. Аритметика и геометрија,

2. Сметање, веројатност и статистика и
3. Чиста и применета математика

Рут никогаш не посетувала училиште. Кога била на 5-годишна возраст татко и, кој бил советник за компјутери, ја напуштил работата за да ја едуцира дома. Мајка и, која исто така работела со компјутери, го издржувала семејството. Покрај за математика, Рут се интересирала за англиски јазик, историја, географија, природни науки, а научила и да свири на пијано. Почнала да чита на 4-годишна возраст, а една година подоцна почнала да ги изучува академските предмети. Најнапред нејзините родители не планирале да не ја праќаат во редовно училиште, но чувството на задоволство од домашното подучување, како и позитивните резултати тие продолжиле дома да ја подучуваат .

"Времето(не) работи за надарените"

Бидејќи не посетувала училиште, таа многу не другарувала со врсници. Уживала во сериозна конверзација со возрасните, понекогаш гледала телевизија и покажувала широк круг на интереси. Таа не работела понапорно од нејзините просечни врсници, но се концентрирала во тоа што уживала, особено на математиката. Нејзина амбиција била да стане професор по математика и истражувач во тоа поле уште на тинејџерска возраст .

Може да се заклучи дека постои поврзаност помеѓу семејните односи во раното детство и надареноста на индивидуата. Значи надарените индивидуи, веројатно, имале или неповолни семејни односи во детството, кои успеале да ги надминат, или растеле во многу добра семејна средина, која ги стимулирала и подржувала. Просечното или нормалното детство може да придонесе за ефективен развој .

2. Начини на подршка во семејството

Семејството е прва емоционална и социокултурна средина во која што се развива детето. Родителите можат континуирано да ги забележуваат сите реакции и манифестации во однесувањето на детето во различни ситуации. Самите родители се во состојба да го помогнат и подржат развојот на способностите на своето дете. Предуслов за тоа, помеѓу останатото, е солидното педагошко образование на родителите .

Кога станува збор за подршка од страна на семејството за надарените неопходно е да се нагласи значењето на познавањето на карактеристиките на надареноста. На тој начин се обезбедува континуитет, се зголемува чувството за сигурност кај детето и неговата полесна адаптација во училиштето. Во таа смисла, неопходно е родителите да ја следат работата на своите деца и нивниот развој во целина, да ја охрабруваат и подржуваат самоиницијативата кај децата и да му овозможат изнесување на силни и моќни ставови и мислења.

Треба да се нагласи дека родителите не ги создаваат надарените деца, туку создаваат атмосфера во која детето може да ја изрази својата надареност. Сето друго е издигнување на детето.

Надареното дете се раѓа со висок потенцијал, и она во што родителската улога е незаменлива е препознавањето на надареното дете и адекватната подршка на неговиот развој. Родителите мораат да развијат потполно разбирање за надарените деца како би му биле од помош. Не треба да се заборави и дека знаењата и вештините кои учениците ги развиваат и стекнуваат во семејството би требало да им овозможат квалитетен живот.

Родителите мора јасно да ја дефинираат надареноста и да разберат како таа се развива.

Во целина гледано, развивање на специфични методи, програми и начинот на помош и нивната суштинска примена се елементи во третманот на надарените на патот за остварување на нивните полни потенцијали .

Треба да бидат свесни дека со надареноста секогаш доаѓаат и поголеми проблеми. Да имате надарено дете е исто како да имате вреќа полна со златници. И не заборавајте дека со секој златник може да го купите и она што е корисно и она што е штетно, и добро и лошо...

Родителите на надарените деца можат да паднат во замка ако бараат преголеми очекувања од децата. Надареноста не подразбира секогаш зрелост, одговорност, уредност, несоодветно однесување итн.

Позитивна, здрава слика за себеси подразбира развиена свест за најдобрите и најслабите делови од себеси и прифаќање на чинот дека сите луѓе се несовршени. Нагласете ги добрите страни на детето. Неговите недостатоци и предности - ви се допаѓале на вас и на другите или не - треба да се знаат.

3. Препораки за односот на семејството кон надарените

- ✓ Забележувајте ги првите знаци уште во првата година од животот на детето, карактеристичните облици на однесување: како тоа се однесува на одреден звук, како воспоставува контакт, што во одредена социјална ситуација е за него карактеристично, што за детето претставува посебен интерес, како него го манифестира и сака да го задоволи и друго
- ✓ Вие не ги создавате надарените деца, туку создавате атмосфера во која детето може да ја изрази својата надареност. Сето друго е издигнување на детето
- ✓ Мора јасно да ја дефинирате надареноста и да разберете како таа се развива
- ✓ Раната идентификација на надарените деца го означува најдрагоценото богатство на секој народ
- ✓ Надарените се најзначајниот фактор не само за развојот на науката, туку и за севкупниот општествен развој
- ✓ Вие уште од најраната возраст имате објективна можност да го перцепирате развојот на своето дете и неговите реакции во различни ситуации
- ✓ Треба да ги забележувате општите способности или посебните дарби кај своите деца
- ✓ Посветувањето на надареното дете бара од вас ангажирање, нова обврска, создавање стимулативна клима, која ќе го ослободи уште повеќе да го искаже својот потенцијал
- ✓ Охрабрувајте го и на секој начин потикнувајте ја самостојноста во акција (од хранење, преку основната хигиена до сложени моторички и останати вештини) со јасно изразен позитивен став ,,ти тоа го можеш"
- ✓ Помогнете му да го урамнотежи погледот на големите вредности во своето врсничко опкружување
- ✓ "Еден изгубен ден за надарените е една изгубена надеж"
- ✓ Барајте и најдете активност во која детето може да ужива заедно со другите деца: на игралиште, во парк, во возење велосипед итн.
- ✓ Помогнете му да пронајде деца со слични интереси. Важно е да сфатите како вие ќе го пронајдете и иницирате таквото пријателство

- ✓ Помогнете му да сфати дека сите ние имаме многу улоги во животот, дека секој е со нешто надарен и талентиран за нешто, и дека таа различност нас не чини побогати
- ✓ Пофалете го своето дете но и другите деца за нивните позитивни акции. Вниманието на детето само на неговите способности води до фрустрација
- ✓ Пофалете го детето и за обидите, упорноста и оригиналноста кои ги искажува, не само за завршеното дело
- ✓ Многу надарени деца мислат дека се сакани само и/или пред се за своите способности и за се она што го прават совршено, а не поради себеси и се плашат дека нема да бидат сакани ако постојано не ги искажуваат тие способности
- ✓ "Луѓето не ги забележуваат надарените се додека се тие меѓу нив"
- ✓ Покажете му на детето дека го вреднувате и цените она што е добро во него и она што знае добро да го прави

Стереотип за надарено дете

Стереотип: Постои стереотип за надарено дете: мал-возрасен, со очила врамени во груба рамка, со раце полни со претешки книги на Хомер, Платон, Декарт, Ајнштајн.

Современо сфаќање: Според физичкиот изглед надарените деца суштински не се разликуваат од врсниците: можат да бидат полесни или потешки, пониски или повисоки, па тешко можат да се препознаат на прв поглед .

"Задоволство е надарените да бидат задоволни"

Завршни констатации

Од претходно изнесеното може да заклучиме дека речиси во секоја област на човековиот труд постојат луѓе кои се исклучителни и кои поради некои причини, се издвојуваат од толпата. Тие луѓе се нарекувани гении, супериорни, надарени, талентирани, експерти, па дури и среќни. Евидентно е дека денес во светот на надарените им се посветува се поголемо внимание, бидејќи тие претставуваат најголемо национално богатство на една земја. Нагласениот интерес за нив е инспириран од се поизразеното настојување да се постигне престиж и доминација во науката, техниката и другите области од човечкото творештво, што е посебно присутно во високо развиените земји.

Според многу автори, "увозот на умови" е највтината инвестиција која секојдневно се потврдува во современиот свет .

"Без постојана работа нема талент и нема големи дела"

А.С.Пушкин

Семејството е првата и најважната средина во развојот на децата кои забележуваат значителен успех како возрасни. Родителите се тие кои му овозможуваат на детето максимално да ја изрази својата индивидуалност и да биде она што навистина е. Родителите на надарените деца можат да паднат во замка ако бараат преголеми очекувања од нив. Тие треба да му покажат на детето дека го вреднуваат и го ценат она што е добро во нив и она што знае добро да го прави.

БИБЛИОГРАФИЈА

СТРАНСКА ЛИТЕРАТУРА
1) Цветковиќ – Лаs J. „Ја хочу и могу више" , Загреб, 2002
2) Томас Г., Како бити успешан наставник, Београд, 2001
3) Зборници:
- Зборник 12
- Зборник 12

ДОМАШНА ЛИТЕРАТУРА
1. Арнаудова В., Лешковска А. Е., Надарено дете, Филозофски факултет-Скопје, 2000
2. Кеверески Љ., Како да ги препознаеме надарените и талентираните ученици, НИРО, Просветен работник, Скопје
3. Коскарова П.Р., Методика на воспитна работа, Скопје, 2003
4. Стојановски З., Петроска В., Арнаудова В., Актуелни прашања на идентификацијата на надарените деца и младинци, Филозофски факултет, Скопје

The role of the family in encouraging and the development of gifted children

Goce Bumbaroski, MA
Kocho Racin Primary School, Prilep, goce_bumbaroski@hotmail.com

Recommendations for changing the attitude of the family towards the gifted

- Sometimes I see a feeling of complete confusion.
- In the confusion that fills the world today, I see disrespect for many values in life.
- Everything around us is beautiful, but many are blind to it!
- They see the wonder of this country - and they seem to see nothing.
- Every second we live in a new and unique moment of the universe,
- A moment that has never been before or will never be.
- And what do we teach our children at school?
- We teach them that two and two are four, and that Paris is the capital of France.
- When we learn them, what are they?
- We should tell each of them: do you know what you are?
- You are a miracle. You are unique.
- There is no child in the world like you.
- In the thousands of years that have passed,
- There has never been another child like you.
- Look at your body - how wonderful!
- Your feet, your hands, the skill of your fingers, the way you move!
- You can become Shakespeare, Michelangelo, Beethoven.
- You have the ability to do everything.
- Yes, you are a miracle. And when you grow up
- You can hurt someone else who is just as wonderful as you!
- You need to be considerate of others.
- You have to work-we all have to work. To make this world worthwhile for his children.

Pablo Casals

Part one

Conceptualization of giftedness

1. Defining giftedness

The phenomenon of giftedness is defined differently not only in different epochs of civilizational development, but also differently in separate periods of the development of psychology.

Thus, for example, in the original community the individual who was a successful hunter was gifted, in ancient Greece the one who was a good speaker, skilled warrior or Olympic champion, and in the 20th century characterized by the rapid development of science and technology. was the scientist or inventor.

Historically, the first scientific study of giftedness was the work of F. Galton entitled "Inherited Genius" (Hereditary Genius), published in 1869. As is well known, Galton advocated the view that giftedness is completely inherited, that is, that it is passed on from one generation to the next through inheritance. He also gave the idea that giftedness was distributed among the population according to the Gaussian curve.

Guided by such an idea, Galton even developed a scale of giftedness in which its degrees were determined by the number of people an individual is more gifted with. So, for example: the highest level of the scale that was named the top "genius" meant the most gifted individual that can be found in millions of people.

Galton's concept of giftedness later proved to be scientifically unfounded and therefore abandoned. However, his idea of distributing giftedness to the population is still relevant.
"The difference between gifted and others is only in giftedness"

Much later, in 1921, Terman and his colleagues began research into the psychological tools first used to identify gifted children. Then, in fact, the first definition of giftedness was given. Logically, as a psychometric approach was applied, giftedness was defined as high, general intellectual ability, identified as those gifted who had an IQ of 140 or higher on the Stanford Binet Intelligence Test. Which means that Terman saw giftedness as a very high level of intelligence, which, if considered a special kind, can be called "general giftedness."

развој е континуиран процес кој се одразува во пристапот за доживотно учење и станува главен приоритет во европските образовни системи.“[11]

Во текот на изминатите две децении, во светот има три главни реформи, кои директно влијаеле врз пристапот до професионален развој на училишниот персонал:[12]

Прашањата кои произлегуваат од бројните реформи на некои земји во последниве години отворија и различни можности за пристап до структурно и содржинско дизајнирање на конкретни едукации. Формалниот професионален развој на воспитно-образовните работници се појави како феномен кој е подложен на промени, кој треба да се подобри и прилагоди на времето и дадениот простор. Денес, повеќето теоретичари кои се занимаваат со професионална обука на училишниот кадар, овој феномен го гледаат како на *процес* (Bolam, 2008), во која сите вработени во училиштето пред се треба да учат, да ги зголемуваат и да ги користат потребните знаења, вештини и вредности. При тоа е важен процесот на прилагодување на потребите на секој поединец, но исто така и на потребите на училишниот менаџмент.

Суштината на професионалното стручно оспособување на училишниот кадар мора да вклучува учење за независен, критички пристап кон праксата, но и на барањата на јавноста за професионалните вредности и одговорности, кои се, исто така, отворени за критички надзор.[13]

4.1. ПОТРЕБА ЗА СТРУЧНОТО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ДИРЕКТОРИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНИ И ДРУГИ КОМПЕТЕНЦИИ

Зборувајќи генерално за професионалниот развој на директорите на училиштата во светот, првенствено се мисли на стекнување на практични компетенции потребни за решавање на реалните животни проблеми во институциите што ги водат, а програмите за стручни семинари ги реализираат образовани инструктори.[14] Најчесто станува збор за дирекори-инструктори кои стекнале знаења и компетенции преку верифицирани универзитетски програми и на тој начин стануваат искусни теоретичари и практичари кои можат да ги подучуваат помладите и помалку искусни директори како предавачи, ментори, лидери на работилници и фасилитатори. Основните теоретски знаења и вештини стекнати преку стручните оспособувања на директорите во светот може да се сумираат во вештините на водење и менаџирање со институцијата.

Постои широк спектар на институции вклучени во стручно оспособување и усовршување на директорите на училиштата. Воглавно се однесува на универзитетите кои нудат постдипломско стручно образование од областа на училишниот менаџмент,

[11] Bolitho, R., Milović, S. (2010). *Stručno usavršavanje i profesionalni razvoj*. Vo: Zbornik radova “Stručno usavršavanje i profesionalni razvoj“. Zagreb: AZOO, str. 5 – 7.

[12] Cheng, Y., C. (2008). New Learning and School Leadership: Paradigm Shift Towards the Third Wave, in Leadership for Learning. International Perspectives: Sense Publishers, p. 38-39

[13] Bolam, R. (2008). Professional Learning Communities and Teachers’ Professi- onal Development, in Teaching: Professionalization, Development and Lea- dership. Toronto: Springer, p. 161

[14] Kouzes, M., Posner, B. Z. (2007). Leadership and Challenge. San Francisco: Josse-Bass

националните педагошки центри, центрите за иновации во образованието, синдикалните организации, стручни здруженија на директори и специјализираните училишта за училишен менаџмент. Времетраењето на професионалниот развој е исто така различен, од 150-250 работни часови распоредени во две до три календарски години. За директорите со повеќе работно искуство во повеќето земји се одржуваат кратка верзија на семинарот, но таквата обука трае околу една година.[15]

Но, професионалниот развој на директорите на училиштата не треба да се поистоветува со стручно оспособување кое се однесува на директорите почетници или пак оние кои сакаат да станат директори. За такви кандидати во поголемиот дел од европските земји се организираат семинари за стекнување на основните компетенции за работата на директорот во училиштето, што во организациска смисла може да бидат подготвителни, но може да траат и по неколку години, како на пр. во Австрија, за време на првиот мандат на директорите на училиштата[16].

Прашањето за *потребата* на директорот за стекнување на основните директорски компетенции станува се повеќе предмет на научно проучување. Според поновите истражувања за образовните потреби на директорите на средните училишта од скандинавските земји[17], последните години беше изразена зголемена желба и потреба на директорите да стекнуваат нови знаења од областа на училишниот менаџмент. Испитаните директори истакнуваат дека нивниот ангажман за активно учество во работата на понудените семинари за обука бара одредени лични одрекувања, како и зголемен напор во учењето, и со оглед дека различни луѓе учат на различни начини, во ангажманот е секогаш силно присутен и личен елемент. Заклучоците од истражувањето покажуваат дека за такво учење на директорот со работа е потребна добра подготовка и спроведување на самите семинари, како и постојана заемна помош и соработка на колегите директори кои се во процес на професионален развој.

Од училишните директорите се очекува на стручни семинари да развијат и лични квалитети како што се храброст, оптимизам, толеранција, емоционална интелигенција, самосвест, амбиција, посветеност кон работата и постојана желба за учење. Притоа се јавуваат отворени прашања на кои секоја земја во која се организира семинарот за стручно усовршување на директорите на училиштата треба да најде конкретни одговори:

- *Како да се усогласат различните нивоа на стручност и компетентност во стручното усовршување на постојните директори?*
- *Како да се развијат ефективни начини за привлекување на најдобри кандидати за идни директори?*
- *Како да се изберат најдобрите кандидати за идни директори?*
- *Како да се стимулираат директорите постојано да ги развиваат своите способности?*

---

[15] Една од студиите која, меѓу другото, дава и преглед на институциите - носители на стручно усовршување, времетраење, организација и сл. во европските земји е ENIRDEM - Европската мрежа за подобрување на истражувањето и развојот на образовниот менаџмент (European Network for Improving Research and Development in Educational Management - ENIRDEM). (Verbiest, 2001)

[16] Достапно на: www.siteresources.worldbank.org. Превземено на 12 февруари 2019

[17] Tronsmo, P. (2010). Leadership in the Education Sector. Oslo: The Norwegian Directorate of Education and Training

За потребите на ова истражување и поставени се листата на клучни поими или т.н. појмовно – категоријален апарат кој се користи: 1. Менаџментот на човечки ресурси (Human Resource Management), 2. Подобрување на работата на воспитно - образовните институции (Училишно подобрување – School Improvement), 3. Училиште (Воспитно – образовна организација), 4. Училишен директор, 5. Лидерство, 6. Улогата на емоциите на работно место, 7. Емоционални компетенции, 8. Социјализирачки компетенции, 9. Професионален развој на вработените во училиштата, 10. Поимот оспособување или обука, 11. Стручно оспособување (стручна обука) на директорите на училиштата-*pre-service training*, 12. Поимот професионален развој (professional development),

5. ПОЈАВА НА ИСТРАЖУВАЊЕ, ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕ, ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ, ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Појава што е третирана во ова истражување се: **компетенциите на училишните директори и нивно стекнување преку обуки и професионален развој кај директор-почетник, директор-ментор и директор-советник**. Ова подразбира креирање на соодветни програми за сертификација и континуиран професионален развој на училишните директори во зависност од фазата во која се наоѓа училишниот директор (на почетокот на извршување на својата функција и понатаму во текот на извршување на директорската функција). Особен акцент во оваа насока треба да биде ставен на емоционалната интелигенција на училишниот директор, како фактор за стекнување на потребните професионални компетенции што му се потребни за ефективно и ефикасно управување со училиштето.

Проблемот кој во ова истражување се наметна е: **Недоволно соодветна подготовка на кандидати за училишни директори и непостоење на програми за континуиран професионален развој на директори, со посебен осврт на недоволното вклучување на програми за развој на емоционално интелигентно лидерство кај училишните директори.**

Тргнувајќи од актуелноста на проблематиката на истражување опишана претходно, **предмет** на истражувањето ќе бидат: **емоционалната интелигенција како фактор за стекнување соодветни стручни компетенции во кариерниот развој на директорите на училиштата**, односно влијанието на емоционалната интелигенција на училишниот директор во неговиот кариерен развој пред и во текот на извршувањето на функцијата директор, и како емоционалната интелигенција влијае врз стекнувањето на професионални компетенции за оваа важна менаџерска функција во училиштата.

Основната цел на ова истражување е, врз основа на теориските сознанија и врз основа и анализа на емпириско истражување кое е спроведено, да се даде дијагноза на постојната состојба во поглед на програмите за обука и сертификација на училишни директори во Република Северна Македонија

Теориската цел на ова истражување има задача да ги истражи светските и европските искуства и практики на развиените држави во процесот на подготовка и професионален развој на училишни директори. Исто така, има за цел да разработи некои основни поими од современото образовно лидерство, како на пример: образовен менаџмент, емоционално интелигентен лидер, функции и улоги на училишниот директор и сл.

Практичната цел во ова истражување има задача да даде дијагноза на постојната состојба во поглед на подготвителните програми за обука на директори и програмите за континуиран развој на директори и дали тие соодвествуваат со реалните барања и потребни компетенции што треба да ги поседуваат училишните директори за успешно да ги менаџираат и водат училиштата кон реализација на поставените цели и задачи и кон подобрување на резултатите на ниво на училиште.

Методолошката цел на ова истражување е да се дизајнира можен модел со кој ќе се дефинираат потребите за обуки и професионален развој на училишни директори-почетници, училишни директори-ментори и училишни директори-советници.

6. ДИНАМИКА И ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За остварување на поставените цели и задачи на истражувањето што е спроведено, во емпириското истражување беше спроведен анкетен прашалник за училишни директори, за добивање на ставови и мислења на училишните директори, и покрај основните информации за структурата на испитаници, е составен од 9 прашања, кои во најголем дел содржат повеќе искази, на кои испитаниците на скала на ставови, ќе го изкажуваат своето мислење и став по одредено прашање.

Примерокот на испитаници во истражувањето беа директори на основни и средни училишта од Република Северна Македонија и тоа:

- 100 испитаници – директори на основни училишта
- 50 директори од средни училиштата

Примерокот на испитаници меѓусебно ќе се разликуваат и по своето искуство како училишни директори (директори-почетници и директори со поголемо искуство како училишен директор).

Теренското истражување, вклучувајќи ја подготвителната и главната фаза, беше спроведено во 2018-2019 година. Беа искористени соодветни научни методи и техники на истражување и мерни инструменти: компаративен, дескриптивен и аналитичко-синтетички метод, аналиа на содржина, анализа на податоци, анализа на резултати.

Резултатите кои се добија од ова истражување обезбедија компаративна анализа на програмите за обука и професионален развој во развиените земји, да ги истражи различните улоги и функции на директорите на современите основни и средни училишта, со што се потврди значењето на емоционалната интелигенција на училишниот директор како фактор за стекнување соодветни стручни компетенции во кариерниот развој на директорите на училиштата.

Очекувани резултати од истражувањето се: тргнувајќи од дијагнозата на постојната состојба, а врз основа на резултатите добиени од теориското и емпириското истражување кое се спроведе да се добие реална слика за состојбите во врска со предметот на истражување, а воедно **и да се дизајнира можен модел со кој ќе се дефинира посеопфатна програма за обуки и понатамошен професионален развој на училишните директори во Република Северна Македонија.**

7. МОДЕЛИ НА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ДИРЕКТОРИТЕ НА УЧИЛИШТАТА

Во литературата посветена на професионалниот развој на директорите на училиштата наоѓаме низа различни дефиниции за *моделот на професионален развој*. Значајна теоретска анализа на моделот на професионален развој на директорите на училиштата беше разработена од М. Д. Мамфорд и сор. (2000). Според авторите[18], градењето на нивниот предлог-модел директно дејствува група дефинирани компоненти кои во текот на процесот на усовршување се испреплетуваат и се надградуваат:

- компетенции на училишниот директор кои ќе се стекнат и подобрат,
- особините на личноста на лидерот,
- претходното работно искуство,
- влијание на окружувањето,
- конечните резултати од професионалниот развој.

Целта на стручното усовршување е да се подобрат оние компетенции на директорат, со кои училишните директори подоцна ќе можат ефикасно да ја извршуваат својата работа. Во овој контекст, водителите и организаторите треба да имаат предвид дека учесниците се разликуваат во нивните општи и когнитивни способности, мотивацијата за работа на личен професионален развој и претходното работно искуство кое директно влијае на индивидуалните особини на учесникот и брзината на прифаќање на нови знаења и компетенции за време на процесот на стручно оспособување. Влијанието на окружувањето врз учесниците пред и за време на процесот е компонента која ги спојува сите компоненти на прикажаниот модел и игра важна улога во постигнувањето на конечните резултати од стручното оспособување на училишните директори.

8. ХИПОТЕТИЧКИ МОДЕЛ НА СТЕКНУВАЊЕ НА СТРУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ВО КАРИЕРНИОТ РАЗВОЈ НА ДИРЕКТОРИТЕ НА УЧИЛИШТАТА

Во изградбата на хипотетичкиот модел на стручното усовршување на директорите на основните и средните училишта во Република Северна Македонија се користат резултатите од позитивните искуства на одредени земји во осмислување и практичното спроведување на одредени модели, прикажани во теориискиот дел од книгата. Притоа беа анализирани само оние модели или делови од модели кои во својот развој и практична примена имале сличен контекст и проблематика со нашата просветна реалност. Посебно внимание е посветено на оние клучни елементи на забележаните модели кои се препознатливи и можно применливи во нашите услови за директорите на училиштата.

Уважувајќи ги позитивните практични достигнувања на трансформациското лидерство како актуелен светски модел на стручни усовршувања на училишните директори, кој во изминативе години се спроведува во нашата земја, при изработка на хипотетички модел за идните задолжителни стручни усовршувања на директорите на училиштата во Република Северна Македонија, земени се теоретски и практични

[18] Mumford i dr., (2000). Leadership skills: Conclusions and future directions, Leadership Quarterly, 11 (1), London: SAGE, str. 162

познавања на оние автори кои критички пристапија кон анализата на овој модел и укажуваа на некои негови недостатоци и можни опасности. Така, при утврдувањето на конечниот содржин и дидактичкото моделирање на предложениот модел, се разгледани и некои други, прифатливи приоди во содржината планирање на стручните усовршувања на директорите на училиштата, со оглед на фактот дека кај нас се уште не постојат јасно дефинирани директивните компетентни профили / стандарди, ниту пак јасно искажани цели за тоа каков училишен директор сакаме да имаме (иако согласно Законот за обука и испит на директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење се донесени и соодветни документи – Програма за обука и испит на директори на основни и средни училишта и Програма за напредна обука на директори дадени во продолжение на трудот).

8.1. ПОСТОЈНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА И ИСПИТ НА УЧИЛИШНИ ДИРЕКТОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 3 став 1 од Законот за обука и испит на директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 145/15 и 192/15), министерот за образование и наука, во декември 2015 година донесе *Програма за обука и испит на директори на основни и средни училишта*.[19]

Со оваа програма се пропишуваат содржините на модулите според кои кандидатите за директори на основни и средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење следат обуката: 1. Примена на информатичко-компјутерска технологија при менаџирање во образованието, 2. Теорија на организација, 3. Луѓето во организацијата, 4. Директорот како педагошки раководител, 5. Финансии, 6. Законодавство.

Врз основа на член 22 став 4 од Законот за обука и испит на директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 145/15 и 192/15), министерот за образование и наука, донесе *Програма за напредна обука на директори*.[20]

Со оваа програма се пропишуваат темите од содржината на напредната обука на директорите на основни и средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење, и тоа: 1. Водство, 2. Раководење со човечките ресурси, 3. Педагошко раководење на училиштето, 4. Финансиско раководење, 5. Законско и административно работење на училиштето.

8.2. ХИПОТЕТИЧКИ МОДЕЛ НА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА НА

[19] ПРОГРАМА ЗА ОБУКА И ИСПИТ НА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА Службен весник на РМ, бр. 219 од 14.12.2015 година

[20] ПРОГРАМА ЗА НАПРЕДНА ОБУКА НА ДИРЕКТОРИ Службен весник на РМ, бр. 219 од 14.12.2015

УЧИЛИШНИ ДИРЕКТОРИ

Како можни теоретски предлози во конструкцијата на **првата фаза** на предложениот модел како најсоодветни се дел од Шведскиот модел на стручното оспсообување на идни директории[21], делови од Кипарскиот модел на стручното усовршување на директорите на почетокот на мандатот,[22] како и дел од моделот кој се имплементира последните години во САД во Колеџот на Св. Елизабет во сојузната држава Њу Џерси,[23] кои исто така се однесуваат на стручното усовршување на директорите на почетокот на мандатот. Како што е наведено, првите два споменати модели во земјите на потекло се однесуваат само на кандидатите за директорите и на директорите на почетокот на мандатот кои претходно работеа во школскиот систем како заменици директори. Исто така, значајно е да се спомене и фактот дека сите забележани модели, кои служеле како теориски предлог во конструкцијата на првата фаза на нашиот модел, во светот имаат вградена поддршка на менторско водење на директорите низ целиот процес на стручно оспособување и првично усовршување на директорите,[24] што кај нас не е случај. Затоа и некои делови од значајни модели на менторско водење,[25] се адаптирани кон нашите услови и како такви се вградени во првата фаза од предложениот модел. Како теориска поддршка во конструкцијата на првата фаза на предложениот модел, се донесоа констатации и сфаќања изведени по спроведените истражувања за потребите на директорите на училиштата во Република Северна Македонија (особено во делот на социо-емоционалните компетенции) на почетокот на мандатот (Vrgoč i suradnici, 2002; Burcar 2005; MZOŠ, 2005). Имајќи ги во предвид резултатите од истражувањето, може да се заклучи дека стручното оспособување на идни директори во Република Северна Македонија е една од поголемите нерешени проблеми во нашата земја во однос на стекнување на основни менаџерски компетенции, но и социо-емоционални компетенции. Освен тоа, евидентно е и недостатокот на менторско водење во системот на стручното усовршување на директорите на средните училишта во нас.

Во конструкцијата на **втората фаза** на предложениот модел, кој се однесува на стручно усовршување и понатамошен професионален развој на директорите на училиштата со повеќегодишно директорско искуство, како дел од теоретски предлог беа анализирани и применетите делови од некои постојни модели поврзани со стручно усовршување за времетраење на службата (за стручно усовршување), за директорот со нешто помалку години раководство, сметано како *компензациско стручно усовршување* и *континуирано професионално усовршување* (CPD), за сите директори со повеќегодишно искуство, што е организациски во врска со прашањето на понатамошниот професионален развој на училишните директори.

---

[21] Johansson, O. (2010). School Leadership for Learning: Goals of the National School Leadership Training Programme in Sweden. PLA, Cyprus, October 2010. Report

[22] Kythreotis, A. (2010). The Initial Training Programmes for Newly Promoted School Principals in Primary and Secondary Schools in Cyprus: School Lea- dership for Learning. PLA, Cyprus, October 2010. Report

[23] Markowitz, A. H. (2010). US Perspective on Leadership Development. New Jer- sey: College of Saint Elizabeth


[24] Roberts, B. (2007). The useful elements of pre-principalship preparation, Scho- ol of Education. Hamilton: University of Waikato, New Zealand

[25] Klasen, N., Clutterbuck, D. (2003). Implementing Mentoring Schemes. Oxford: B. Heinemann

Како можни теоретски предлози во конструкцијата на втората фаза на предложениот модел, најприфатливи беа дел од британскиот модел NPQICL на стручно усовршување на директорите со искуство,[26] австрискиот модел на задолжително стручно оспособување и усовршување[27] и Холандскиот модел на модуларно стручно усовршување.[28] При конструкцијата на втората фаза на предложениот модел, беа земени во вид и резултатите добиени од емпириското истражување кое е спроведено за искажаните потреби на анкетираните училишни директори за развој на основните социо-емоционални и стручни компетенции што се од суштинско значење за одредување на програми за стручно усовршување во областа на менаџирањето и водењето со училиштето.

Една од задачите на ова истражување беше, врз основа на емпириско истражување, да се применат оние резултати и сознанија кои би можеле да придонесат во креирање на нов модел на професионален развој на училишните директори во Република Северна Македонија. Врз основа на компарацијата на моделот што денес постои во нашата земја во однос на самопроценката на корисноста на овој модел (во рамките на функциите на водење и менаџирање) и постојните модели во развиените земји и земјите во земји со историско сличен образовна историјат, како и степенот на мотивација на директорите за учество на определени форми на стручно оспособување, како и на искажаната потреба за воведување на менторство, се пристапи кон креирање на тристепен модел на професионален развој на училишните директори во Република Северна Македонија.

Шема 1. ХИПОТЕТИЧКИ МОДЕЛ на професионален развој на училишните директори




Компензациско стручно усовршување (ЕДНА календарска година)

[26] Достапен на www.nationalcollege.org.Uk преземени: 12 јануари 2019

[27] Schratz, M., Petzold K. (2007). Improving School Leadership Country, Backgro- und Report for Austria**.** Insbruck: Department of Teacher Education and Scho- ol Research, University of Innsbruck

[28] Grot, D. (2004). Towards Outcomes Based Secondary School Management. Am- sterdam: Nederlandese School vor Onderwijsmanagement



8.2.1. Структура на првата фаза на хипотетички модел на стручно усовршување на директорите на училиштата во Република Северна Македонија

Во првата фаза од предложениот модел на професионален развој на директорите на средните училишта во управувањето со училиштата ќе учествуваат само директорите кои се на почетокот на мандатот.

Оваа фаза трае една година и ја има следната структура:

-Континуирано менторско водење

Пред да влезат во процесот на професионален развој (стручна обука), на директорите - почетници ќе им бидат назначени ментори, директори со долгогодишно искуство. Пожелно е менторот да дојде од истиот тип средно училиште и истиот град како директор - почетник, за да може во секое време да му биде на располагање на

директорот – почетник.[29] Прашањето за официјално назначување ментор на Република Северна Македонија може да се реши на два начина:

- со назначување на еден од постојните назначени раководители на локалната самоуправа или координатори на директорите на училиштата на локално ниво кои повеќе години дејствуваат неформално како ментори во Република Северна Македонија, или
- со воспоставување на постојана професионална соработка со Државниот испитен центар, како единствена институција во нашата земја која организира професионална обука за директори на училишта, од една страна и идните именувани директори - ментори од друга страна. Менторот на почетокот на процесот на професионален развој на директорот – почетник ќе има за задача да ги трасира начининот на работа на директорот - почетник и постепено да ги развива директорските компетенции во областа на менаџирање со вработените и управувањето со институцијата.[30] По завршувањето на првиот модул од страна на директорот-почетник, задачата на менторот ќе биде да му помогне на директорот-почетник во процесот на определување и пишување на дадената домашна задача (семинарски труд или истражувачки проект). По завршувањето на вториот модул, менторот заедно со директорот-почетник ќе извршат евалуација на успешноста на процесот на воведување на новиот директор и ќе му помага на директорот в о изработката на задададена писмена работа на тема од областа на училишниот менаџмент. Во текот на целата прва година на мандатот на новиот директор, менторот постојано ќе го следи и ќе му помага на новиот директор во својата работа.

-Активно учество на директорот – почетник во работата на двата модули

За директорите на почетокот на мандатот, во една календарска година ќе се организира стручна обука во **два дефинирани модули**:

❖ **Прв модул: Вовед во училишен менаџмент**

На два дводневни семинари во временско растојание од еден месец, директорите ќе стекнат основни компетенции во областа на менаџирање на училишна институција. Со демонстрација на структурата на училишниот систем и задачите на директорот, кои мора да бидат во согласност со важечката правна легислатива, ќе се обработуваат теми од од пошироко познавање на законодавството, на пример, применливоста на специфичните закони во секојдневната работа на училиштето, познавањето на училишната документација и поголемо познавање на законските прописи, на пр. законите за образование во основното и средното образование, државните педагошки стандард за основно и средно образование, Законот за работни односи, но исто така и запознавање со цела низа други важни закони и прописи поврзани со училишната работа и индивидуалните права на поединци (наставници и учениците), правата на детето, обезбедувањето на безбедни услови за работа и престој во училишната средина и слично.

Во првиот воведен модул, признати теоретичари од областа на училишниот менаџмент, како и искусни практичари, ќе им укажат на новите директори на

[29] Lovely, S. (2004). Staffing the principalship, finding, coaching and mentoring school

[30] Blackman, M. C., Fenwick, L. T. (2000). The principalship: Looking for Leader in a Time of Change. Education Week, 19 (29), Bethesda, Editorial Projects in Education, str. 46 – 68

вообичаените грешки направени од страна на директорите на почетокот на нивните должности, како и на поважните проблеми со кои се соочуваат во првите години на мандатот. Во овој модул, директорите, исто така, ќе се здобијат и со основни познавања од целите на менаџментот и знаења и вештини од познавањето на принципите на системот на менаџмент. Содржински, модулот завршува со стекнување на вештини за евалуација како основа за понатамошен развој на училиштето. На крајот на семинарот/обуката, секој директор има задача да направи личен проект во областа на менаџментот во училишната институција.

❖ **Втор модул: Вовед во процесите на менаџмент и водство**

На два дводневни семинари, директорите ќе стекнат компетенции во областа на менаџирање со човечките ресурси и контрола на квалитетот на наставниот процес. Тие ќе развијат способност за проценување и расудување, да креираат визија за училиштето, креирање на акциони планови и да планираат подобрување на училишната работа. Во овој модул, посебен акцент е ставен на прашања поврзани со прашањата за однесување на учениците и улогата на директор во конфликтни ситуации. Овие компетенции се стекнуваат преку развивање на комуникациски вештини, доминантна тема на овој модул. По завршувањето на семинарите / обуките, директорите, врз основа на дадено акционо истражување во нивното училиште, подготвуваат елаборација за нивната улога во остварувањето на визијата на училиштето. После позитивните оценки на менторот, активностите на директорот на семинарите за професионален развој и позитивно оценетите писмени задачи (два зададени проекти), новите директори можат да стекнат доволен број на ЕКТС кредити за добивање на првата лиценца.

8.2.2. Структура на втората фаза на хипотетички модел на стручно усовршување на директорите на училиштата во Република Северна Македонија

Во втората фаза на предложениот модел на стручна обука (професионален развој) на директорите на училишта во управувањето со училиштата, ќе присуствуваат директорите во втората и третата година од првиот директорски мандат директорите со повеќегодишно директорско искуство. Некои делови од предложениот модел за професионален тренинг се организираат за двете групи на директори, на пример, првите три задолжителни модули за сите директори на училиштата, без оглед на нивното работно искуство и по една стручна конференција на државно ниво кој ќе се одржува еднаш годишно. Сепак, некои делови од предложениот модел се прилагодени само на работата на директор со помалку години искуство на оваа функција *(in-service training)*. За нив, во некои фази на професионалната обука, се задржува моделот на менторско водство, додека менаџерите со подолгогодишно искуство ќе имаат стручно оспособување поврзано со нивниот понатамошен професионален развој.

При конструкцијата на оваа фаза од хипотетичкиот модел, се почитуваат резултатите од истражувањето во 2008 година во неколку федерални држави на САД,[31] според кои *на организаторите на стручното оспособување / професионален развој укажуваат на повнимателно формирање на групи учесници во семинарот*

[31] Clarke, S. (2008). The Five Models of Professional Development. ICT Action Research. New York: Crown Press, p. 232-256

според нивното работно искуство и претходно знаење, бидејќи потребите на учесниците се разликуваат од планираните. Така, директорите со повеќегодишно работно искуство во еден двогодишен циклус на стручно усовршување / професионален развој ќе имаат можност да работат во три задолжителните модули (но не и во истата група со директорите со прв мандат) и да изберат два модули од листата на изборни модули по желба. И едните и другите ќе имаат обврска да учествуваат на национална стручна конференција, која ќе се организира еднаш годишно.

-Активно учество во работата на повеќедневен стручен собир на државно ниво (еднаш годишно)

Резултатите од емпириското истражување покажаа дека моделот на стручното усовршување на сите директории на средните училишта на државно ниво се уште е исклучително интересен и потребен. Прифаќајќи ги овие резултати, овој најстар модел на стручно усовршување на директорите на училиштата кај нас останува да остане составен дел од предложениот систем на професионални усовршувања, првенствено поради рангираните потребите на директорите за едногодишно стручен собир, без оглед на годините на искуството на директорите. Планирани се и формално-содржински промени на овој модел во однос на досегашната ситуација. Поради воведување на модуларно стручно усовршување за сите директори, се покажа дека традиционалните „работилници“ на овие стручни собири станаа излишни, поради ненамерно повторување на содржините од други модели на стручни усовршувања, како и поради масовноста и неможноста за учество на сите, или на повеќето директори на семинарите. Исто така се ограничува времето на настапи за предавачи до најмногу еден час, а почитувајќи ги мислењата и предлозите на директорите според резултатите на ова емпириско истражување, бројот на избрани слушатели кои доаѓаат од редовите на искусни директори со теми од презентација на добри практики, ќе се зголеми во однос на другите предавачи.

-Активно учество во работата на девет задолжителни модули

За директорите во втората и третата година од првичниот директорски мандат во предложениот модел ќе се организираат двегодишна стручна усовршување и преку девет дефинирани модули:

- **Прв модул: Стратешки менаџмент во образованието**

Во дводневен семинар на директорите на стручни и научни предавања и на методот на искуствено учење ќе се стекнат со вештини за управување со училиштето, со теоретски објаснувања и усвојување на клучните стратешки поими, како што се стратегискиот менаџмент, лидерство, менаџмент, образовниот менаџмент и слично, да се запознаат со класичните и современите стратегии на лидерство во училиштата, како и за повеќе важни модели на стратешко менаџирање. На крајот на работа во овој модул, директорите ќе стекнат компетенции за анализа на околината во контекст на стратегискиот менаџмент.

- **Втор модул: Водење на воспитно-образовни установи**

Модулот е замислен како дводневен, а директорите ќе добијат компетенции на водење на воспитно-образовни институции преку стручни и научни предавања и метод на искуствено учење.

Во организациски смисла ќе се води сметка за претходно формирање на групите на учесници на семинарите, како во работењето на овие модули директорите не би биле на исто ниво со директорите кои имаат помалку години директорски

искуства. Работата со оваа група на директори во сите модули се темели пред се на методите на искуствено учење. Во текот на втората година стручното усовршување на директорите по слободен избор можат да избираат уште два од останатите шест модули, на кои се задолжени активно да учествуваат.

За овие директорите е задолжителен и дводневен стручен собир на државно ниво кој се организира еднаш годишно за сите директорите на училиштата. По завршениот двагодишен циклус на стручно усовршување, директорите ја повторуваат процедура и избираат изборни модули кои се сметаат за најпотребни за лично постојано стручно усовршување. На крајот на двегодишниот циклус на втората фаза на моделот на обуки за стручно усовршување на директорите на училиштата, се врши евалуација на циклусот, а директорите им се доделени соодветните ЕКТС-бодови кои ќе бидат неопходни за понатамошна ресертификација.

Модулите треба да се креираат согласно потребите на училишните директори. Емпириското истражување покажа дека новите директори на почетокот од својот прв мандат имаат најголема потреба од стекнување на поголеми вештини и знаења од ефективно лидерство, менаџирање со човечките ресурси, комуникациски вештини, администрирање и законодавство и донесување одлуки, а помалку од претприемачко лидерство и кризен менаџмент.

Слични потреби за дополнително професионално усовршување имаат и директорите со повеќе мандати.

Генерално, од Табела 20 може да се заклучи дека и покрај поминатите иницијални обуки за училишни директори, кај сите целни групи директори се јавува потребата за дополнително стручно усовршување во сите области на училишниот менаџмент.

Табела 1. Потреба на училишните директори за дополнително стручно усовршување

	Дали се потребни знаења и вештини:	**директор со прв мандат**	**директор со повеќе мандати**	**Вкупно**
1	a) Ефективно лидерство	4,96	4,98	**4,97**
2	m) Менаџирање со човечките ресурси	4,98	4,94	**4,97**
3	e) Комуникациски вештини	4,98	4,90	**4,95**
4	l) Администрирање и законодавство	4,98	4,88	**4,95**
5	k) Управување со материјално-финансики ресурси во училиштето	4,97	4,85	**4,93**
6	g) Донесување одлуки	4,95	4,88	**4,93**
7	c) Тимска работа	4,88	4,98	**4,91**
8	b) Инструкциско лидерство (директорот како педагошки раководител)	4,87	4,94	**4,89**
9	d) Менаџирање со проекти	4,86	4,85	**4,86**
10	f) Емоционално интелигентно лидерство	4,82	4,94	**4,86**
11	h) Менаџирање на конфликти	4,84	**3,85***	**4,53**
12	n) Друго (евалуација на работата на училиштето)	4,63	**3,96***	**4,44**
13	j) Претприемачко лидерство	**4,34***	4,21	**4,30**
14	i) Кризен менаџмент	**4,37***	**3,31***	**4,03**

Во однос на потребата за професионален развој и стекнување и развивање на социо-емоционалните компетенции како важен предуслов за успешно водење на училишната заедница, директорите во најголем број имаат потреба за јакнење на емоционалната самосвест (93%), ориентација кон успехот (90% од испитаниците), иницирање или менаџирање со промените (89%), како и во делот на усовршување на

вработените за подобрување на нивните перформанси (89%). Од Табела 21може да се заклучи дека скоро во сите области на социо-емоционалните карактеристики училишните директори имаат неопходна потреба од понатамошно стручно оспособување и усовршување, што мора да се земе предвид при креирање на содржините на модулите за професионален развој на директорите на училиштата.

Табела 2. Потреба од дополнителни обуки за стекнување на социо-емоционални компетенции на директорот на училиште

Емоционални карактеристики на директорот на училиште	**2=да**	**%**	**1=делумно**	**%2**	**0=не**	**%3**	**Средна оценка**
Емоционална самосвест: препознавање на сопствените емоции и нивниот ефект	139	93%	11	7%	0	0%	**1,93**
Ориентација кон успехот: Настојување да се работи подобро и да се постигне посакуваниот успех	135	90%	15	10%	0	0%	**1,90**
Катализатор на промени: иницирање или управување со промените	134	89%	16	11%	0	0%	**1,89**
Усовршување на другите луѓе: помош на вработените за подобрување на работата	133	89%	17	11%	0	0%	**1,89**
Инспирација: инспирирање и водење на вработените во организацијата	122	81%	28	19%	0	0%	**1,81**
Прецизна самопроценка: познавање на сопствените сили и ограничувања	112	75%	38	25%	0	0%	**1,75**
Управување со проблеми: решавање на инетреперсонални конфликти	112	75%	34	23%	4	3%	**1,72**
Самодоверба: чувствување на сопствените вредности и способности.	94	63%	56	37%	0	0%	**1,63**
Услужливост: Препознавање и задоволување на потребите на вработените и клиентите	89	59%	61	41%	0	0%	**1,59**
Самоконтрола: Инхибиција на емоциите во корист на постигнување на цели и организациски норми	78	52%	72	48%	0	0%	**1,52**
Доследност: Отвореност и доследност во вредностите, емоциите и однесувањето	78	52%	72	48%	0	0%	**1,52**
Прилагодливост: флексибилност во работа со променливи ситуации и препреки	69	46%	81	54%	0	0%	**1,46**
Оптимизам: позитивен поглед кон светот, иднината и секојдневието	69	46%	81	54%	0	0%	**1,46**

Иницијатива: Активност и склоност кон акции	56	37%	94	63%	0	0%	**1,37**
Емпатија: Разбирање на другите и активно интересирање за нивните проблеми. Способност за препознавање и сочувствување со емоциите кои другите ги чувствуваат	55	37%	93	62%	2	1%	**1,35**
Впечаток: другите да се согласат со иницијативата	64	43%	74	49%	12	8%	**1,35**
Свесност за организацијата: Набљудување на политичките односи во организацијата	38	25%	103	69%	9	6%	**1,19**
Тимска работа: градење на однос за создавање на заедничка визија и синергија	32	21%	106	71%	12	8%	**1,13**

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Оваа научно истражување има за цел да ја истражи емоционалната интелигенција како фактор за стекнување соодветни стручни компетенции во кариерниот развој на директорите на училиштата. Добиените резултати од емпириското истражување, но и од истражувањето на бројната литература во ова подрачје, доведоа до низа откритија кои можат значително да придонесат за понатамошен развој на моделите на стручното усовршување на директорите на средните училишта во Република Северна Македонија во сферата на училишниот менаџмент со цел подобрување на квалитетот на директната работа на училишните директори.

Со теориската анализа на проблемското подрачје и емпириското истражување со цел евалуација на постојниот модел на стручно усовршувања на директорите на училиштата во нашата земја, се дојде до значајни сознанијаа кои овозможуваат да се направат релевантни заклучоци, чии резултати може да се изнесат во форма на предлози, сугестии, тврдења и решенија за успешно (ре)дизајнирање на задолжителните обуки на директорите на средните училишта во Република Македонија.

Врз основа на теоретската анализа се дојде до релевантни заклучоци за трендовите на унапредување на стручното усовршување на директорите, обединување на постојните модели од аспект на работното искуство на училишниот директор со цел стручно усовршување на директорите на основните и средните училишта. Притоа, како најважни и најприсутни се истакнаа моделите на стручноусовршување чија цел е да се произведат трансациски и трансформациски директор и директорот кој раководи „така да служи со срцето и умот“. Во таа насока, училишниот директор мора да поседува социо-емоционални компетенции, односно емоционална интелигенција.

Во светски размери најзастапени се два најпрестижните модели на стручно усовршување, менторско водење и моделот на модуларно стручно усовршување, а врз основа на работно искуство на директорите, постојните модели се обединети во три основни групи: модели кои се спроведуваат пред преземање на функцијата директор

(стручно усовршување), во првите години на мандатот (воведување) и за време на траење на функцијата (континуирано, односно развојно стручно усовршување).

Теориското и емпириското истражување кое е спроведено ќе придонесе и за подобро разбирање на основните поими поврзани со стручното усовршување на директорите на основните и средните училишта во училишното управување.

Резултатите од истражувањето може да помогнат во практичното поставување на нов систем на модели за стручно усовршување на директорите на средните училишта во Република Северна Македонија во училишниот менаџмент. Најголемо подобрување се очекува во делот на стручното усовршување што се однесува на новите директорите и практичното користење на првиот чекор на предложениот хипотетички модел, во кој, во замена за непостоењето на стручното усовршување на директорите пред нивното стапување во функција, отвора можност за систематски и потемелен влез во улогата училишен директор. Со тоа би се направил голем напредок во областа на стручното усовршување на директорите на почетокот на нивното работење. Резултатите од истражувањето исто така укажуваат на потребата од проектирање на специфичен систем на модел на стручно усовршување на директорите на училиштата со оглед на претходните менаџерски искуства на директорите, што како практика беше искористено и презентирано со практичното користење на втората етапа на предложената хипотетичка модел.

Уште повеќе, истражувањето покажа дека успешните директори поседуваат изразена емоционална интелигенција. Тоа го препознаваат и директорите вклучени во емпириското истражување и со своите одговори покажуваат висок процент на потреба за развивање и јакнење на сопствените социо-емоционални компетенции.

Проектирањето на подобрување на квалитетот на стручното усовршување на директорите на средните училишта во Република Северна Македонија во делот на училишен менаџмент е еден од клучните критериуми за научната вредност на новите сознанија добиени од ова истражување, кое преку практична примена на теориските проекции и практична примена на предложениот модел на стручно оспособување и усовршување на училишните директори, значи и научна верификација на предложениот модел и, последователно, да придонесе за професионален развој на директорите на основните и средните училишта и за поквалитетно менаџирање, водење и раководење со училиштето.

БИБЛИОГРАФИЈА

Adair, J. (2007). Leadership for Innovation. London: Kogan Page.

Adams, J. D. (1986). *Transforming Leadership*. Alexandria, VA: Miles River Press. *Administrative Science Quarterly*, 45, 187-231.

Ainoia, J. (2011). What Are the Different Types of Professional Training and Development? Dostapno: www.wisegeek.com

Al-Gasim, S. S. (1991). The relationship between principal leader behavior and middle school climate in Hail District, Saudi Arabia . Unpublished dissertation.

Alimo-Metcalfe, B. (1998). *Effective Leadership*. Local Government Management Board, London.

Amabile, T. (1988). The intrinsic motivation principle of creativity. In Staw, B. and Cummings, L.L.(Eds.), *Research in Organizational Behavior, Volume 10*. Greenwich, CT: JAI Press.

American Association of Colleges for Teacher Education. (2001, March). PK-12 educational leadership and administration (white paper). Washington, DC.

Anderson, M., E. (1991). Principals: How to Train, Recruit, Select, Induct, and Evaluate Leaders for America's Schools. Eugene: University of Oregon, Eric Cle- arinhouse on Educational Management, ED 337 843.

Andrilović, V., Čudina, M. (1985). Osnove opće i razvojne psihologije. Zagreb: Školska knjiga.

Appleberry, J. B., & Hoy, W. K. (1969). The pupil control ideology of professional personnel in 'open' and 'closed' elementary schools. *Educational Administration Quarterly, 5*, 74-85.

Aquino, G. (1985). *Educational Administration*. Quezon City: Rex Printing.

Argyris, C. (1958). The organization: What makes it healthy? *Harvard Business Review*, March-April, 107-116.

Ashforth, B. (1985). Climate formation: Issues and extensions. *Academy of Management Review, 10*, 837-847.

Bachman, W. (1988). Nice guys finish first: A SYMLOG analysis of U.S. Naval commands. In Polley, R.B. et al. (Eds.), *The SYMLOG practitioner: Applications of small group research*. NY: Praeger.

Bahtijarević-Šiber, F., Sikavica, P., Pološki-Vokić, N. (2008). Temelji menadžerstva. Zagreb: Školska knjiga.

Bailey, S. S. (1988). The relationship between leadership styles of high school principals and school climate as perceived by teachers. Unpublished dissertation.

Bal, J., Jong, J. (2007). Improving School Leadership. Report for the Netherlan- ds: OECD Review Background.

Bancroft, R. M. (1986). Principal's leadership style and school climate. Unpublished dissertation.

Barbuto, J. E. (2005). Motivation and transactional, charismatic, and transfor- mational leadership: a test of antecedents. Journal of Leadership and Organi- zational Studies, 11 (4), London, Sage, str. 26 – 40.

Barnett, K., McCormick, J., Conners, R. (2000). Leadership behavior of secon- dary school principals, teacher outcomes and school culture, a Paper presen- ted at the Australian Association for Research in Education Annual Conferen- ce, Sydney, 4.-7. 12. 2000.

Bar-On, R. (2000b). Presentation at Linkage Emotional Intelligence Conference, London, May 18.

Barrick, M.R., Mount, M.K., and Strauss, J.P. (1993). Conscientiousness and performance of sales representatives: Test of the mediating effects of goal setting. *Journal of Applied Psychology, 78*.

Boyatzis, R., Goleman, D., and Rhee, K. (2000). Clustering competence in emotional intelligence: Insights from the emotional competence inventory (ECI). In R. Bar-On and J.D.A. Parker (Eds.), *Handbook of Emotional Intelligence*. San Francisco: Jossey- Bass.

Brothers, L. (1989). A biological perspective on empathy. *American Journal of Psychiatry, 146* (1), 10-19.

Burns, J. M. (1978). *Leadership*. New York: Harper and Row.

Bush, T., Middlewood, D. (2005). Leading and Managing People in Education**.** London, SAGE.

Byron, K. L. (2003). Are better managers better at 'reading' others? Testing the claim that emotional intelligence predicts managerial performance. Unpublished dissertation,

Caruso, D.R., & Salovey, P. (2004). *The Emotionally Intelligent Manager* . San Francisco: Jossey-Bass.

Catholic Health Association (1994). *Transformational leadership for the healing*

Cherniss, C. and Adler, M. (2000). *Promoting Emotional Intelligence in Organizations*. Alexandria, Virginia: ASTD.

Cohen, L., Manion,L., Morrison, K. (2007). Metode istraživanja u obrazovanju. Jastrebarsko: Naklada Slap.

Cooper, R., & Sawaf, A. (1997). *Executive EQ*. New York: Berkley Publishing Group. Covey, S. R. (1991). *Principle-Centered Leadership*. New York: Summit Books.

Copland, M. A. (1999). Problem-based learning, problem-framing ability and the principal selves of prospective school principals (Doctoral dissertation, Stanford University, 1999). Dissertation Abstracts International, 60/08, 2750.

Darling-Hammond L., Hightower, A., Husbands, J., LaFors, J., Young, V., Christopher, C. (2005). Instructional Systemic Change: The Story of San Diego's Reform. Lanham, MD: ScarecrowEducation.

Delanshere, G. Petrovsky, A. (1994). Capturing Teacher Knowledge: Performan- ce Assessment. Educational Researcher, 23, Washington DC, AREA, str.11–18.

Dembowski, F. L. (1998). The Assessment of Management Policies and Practi- ces in School Districts. Conference paper, EDRS Price MF01/PC01. Devos, G., Tuytens, M. (2006). Improving School Leadership. University Gent: Department of Educational Studies.

Domović, V., Oldroy, D. (2005). Teacher Education in Croatia and other European Countries. Zagreb: MZOŠ.

Fleishman, G. (1973). *Current developments in the study of leadership*. Carbondale, IL: South Illinois University Press.

Сериозно внимание заслужува и педагошката практика како значајна компонента на иницијалното образование. Последните десет години во светот е присутна тенденција за нејзиното зголемување и проширување. За жал кај нас уште е недоволна осмислена, главно се реализира преку настава на соодветните методики, што е сосема незадоволително.Неопходно е, на практичната компонента да и се даде поголема значање и тоа како во поглед на времетраењето така и во поглед на содржината, задачите и начинот на нејзината реализација. Мошне важно е таа да биде методички осмислена, со почитување на основните педагошки принципи и на законитостите на воспитнообразовниот процес.

Познато е дека недоволно осмисленета професионална подготовка на наставниците на најдиректен начин, имплицира сериозни проблеми во воспитно-образованат практика. Новите предизвици со кои се соочуваат воспитанието и образованието, предпочинат наставник професионално оспособен за творечко делување. Кој ќе потикнува, мотивира, овозможува разновидни наставни образовни и воспитни ситуации во кои ученикот ќе ја доживува сопсвената себереализација (сам да реализира одредена задача). Во таа смисла, посебно внимание заслужува потребата од концепциско и програмско и дидактичко осмислување не само на иницијалното туку и на континуираното образование.

1.2. Професионален развој на Насатвниците

Ликот на наставникот треба да биде во согласност со реалното случување и соодветнитепотреби. Тоа е лик на наставник за 21-век, богат по општообразовно и стручно полеи оспособен и мобилен на планот на стекнување потреби и вештини за успешно реализирање на неговата професија. Значи, наставникот[1] ќе мора, покрај стекнувањето на формалната квалификација, потребно е постојано да се оспособува стручно и професионално.

Задоволувањето на потребите за: зголемување на квалитетот на наставниците и обучувачите во контекст на нивната видеоизменета улога на знаење базирано општество и остварување на нивна континуирана образовна мобилност, создавање на услови за втора шанса за невработените наставници чии способности и знаења со оглед на работата во голема мерка се редуцирани, нивелацијата на сетификатната, персоналната и работната квалификација во доменот на иницијалното образование на наставниците, перманентна научно-истражувачка дејност во сферта на образованието, надминувањето на парциални приоди во осовременување на образовната практика и теорија, и афирмирање на педагошката теорија и практика и нејзино имплементирање во меѓународни рамки, представува една од приоритетните задачи на Министерството за образование и наука, на Република Македонија во наредниот период.

Ваквиот приод е клучен не само од национален аспект, туку и од аспект на остварување на правт цел од Процесот на дефинирање на целите на Европската комисија за образование: „Подобровање на квалитетот и ефикасноста на системите за образование о обука во Европската унија„[2]. Четрите клучни прашања кои треба да се одговорат се:

1. Идентификување на вештините што треба да ги поседуваат наставниците и обучувачите, со оглед на нивните променливи улоги во општесвото базирана на знаењаа.
2. Обезбедување на услови кои им пружат адекватна подршке на наставниците и обучувачите во нивното третирање на предизвиците на општеството базирано на знаење, вкучувајќи иницијална обука и професионално усовршување од перспективат на доживотното учење.
3. Обезбедување на задоволителен влез во наставничката професија, во сите предмети и степени, како и грижа за долгорочните потреби од оваа професија преку зголемување на атрактивноста на наставата и обуката.
4. Привлекување на нови „регрути„ во образованието и обучувачката професија кои имаат професионално искуство во дгруги области.

1.Под поимот наставник се подразбират наставници од основното и средното образование (гимназиско и стручно образование). Поимот обучувачи се користи за означување на подршката и обуката на ученици (обучувани) во претпријатијата, каде се одвива работната компонента на стручното образование и обука.
2.Нивоата на постигањата кои се прифатени од страна на Советот на Европа во мај 2003 година, се исто така важни при разгледувањето на стратешката улога на наставниците и обучувачите.

1.3. Евалвација и усовршување на програмите за обука на наставници

Програмите за иницијална обука на наставниците, треба да се динамични, променливи и да се во постојан развој. Тие треба да ги подготвуваат идните наставници за прогресивно и проактивно превземање на професионаните обврски кои се очекуваат од нив. Тие треба постојано да размислуваат за природата на образовниот систем, не само да одговарат на промените во професионалниот контекст, туку да придонесат и за самиот процес на промени. Поради тоа, при дефинирање на студиските програми за иницијално образование на наставниците мора да се води сметка за:

Стручноста е традиционална карактеристика односно компетенција на добриот наставник и таа останува од есенциална важност. Добриот наставник е битен извор на знаења и разбирање. Меѓутоа, начинот на кој наставникот ги стекнува и гради своите компетенции треба да се менува и да се ситуира во рамките на системот за доживотно учење, како сумирачки поим на иницијалното образование и континуираното професионално усовршување.

Педагошки компетенции – Наставникот треба да биде компетентен на општопедагошки и дидактички план за да може да пренесе широка сфера на знаења и вештини со посебен фокус врз стратегиите за стекнување на знаења и вештини, развојот и стимулирањето на мотивацијата за учење, креативноста, самостојноста, критичкото мислење, способноста за решавање на проблеми и креативноста кај учениците за сметка на фаворизирањето на енциклопедизмот, фактографијата и репродукцијата.

Компетентноста за употреба на образовната технологија, е клучна карактеристика на професионалноста на наставниот кадар во образованието.Најважно е да се разбере технологијата во смисол на педагошки потенциал и можност за нејзина интеграција во стратегиите за учење и организација на работата.

Организациски компетенции и способност за тимска работа – Наставничката професија не може повеќе да се третира само како индивидуална активност, таа се повеќе се трансформира во тимска работа и представува дел од колективната ,,организација за учење,, .

Флексибилност – Наставникот мора да прифати дека барањата можат да се променат неколку пати во текот на неговата професионална кариера и не треба да ја интерпретира професионалноста како изговор за отпор кон промените.

Отвореноста – е вештина која наставникот треба да ја научи како способност за работа со родителите на начин кој треба да биде комплементарен на другите аспекти на на неговата професионална работа.

Врз база на вака дефинираните општи категории односно компетенции може да се даде спектарот на клучни професионални компетенции за наставникот каде што секоја институција што обучува наставници треба да го задоволи, и тоа со:

- Висока експертиза во еден или повеќе специфични предмети (академско образование).
- Поседување на стабилни знаења и разбирање од предметната област за кои тааа е одговорна.
- Познавање на најмалку еден странски јазик.
- Дополнување на своите предметни експертизи со педагошки способносети, вклучувајќи ја и мотивацијата за учење, креативноста, соработката, разбирање на социалниот контекст на образованието (особено предметните наставници).
- Разбирање за педагошкиот потенцијал на технологјата, развојот на способностите да се интегрира во процесот на наставата и учењето.

- Способност за интегрирање на принципите на доживотното учење во процесот на наставата и учењето.
- Способност за постигнување на меѓународни (Европски) стандарди во релизирање на наставата.
- Широки и станндизирани знаења и разбирања на основните карактеристики на образованието во најразличен, особено Европски и интеркултурен контекст.
- Способности за воспоставување и одржување на дефинирана аргументација за образовни прашања на јасен, луциден и кохерентен начин.
- Отчетност за приднесот кон образованието ха детето и превземање професионална одговорност за развојот на личноста, талентот, менталните, духовните и физичките атрибути на секое дете.
- Знаење, разбирање и спремност за вклучување во тековните образовни прашања и давање придонес во процесите на развој на курикулумите (особено на локано ниво), професоионалниот на вработените и севкупниот училиштен развој.
- Оспособеност за примена на широк спектар на различни стратегии во наставата со цел овозможување на учењето на децата, вклучувајќи соодветна примена на информатичко-комуникациската технологија. (ИКТ)
- Способност и посветеност за промоција на еднаквоста на можностите за сите во инклузивно општество и активно преземање чекори за елиминација и дискриминацијата.
- Интелектуалната независност и докажан критички ангажман.
- Знаења и способности за унапредување на учењето на оние ученици кои имаат проблеми односно бариери во учењето, вклучувајќи ги оние кои имаат потреба од подршка во одредени курикулумски области и оние со емоционални потешкотии и проблеми во однесувањето.
- Известување на родителите и другите заинтересирани страни за успехот и напредокот на учениците.
- Способност за примена на истражувања и други видови на валидна евиденција со цел обезбедување на информациикои би го воделе изборот, промените и приоритетите во промовирање на образовните практики и напредокот.
- Соодветно однесување како професионалец за развој кон другите наставници и колегите од други професии, пара-професионалци и агенции кои се ангажирани во давање подршка на учениците и стекнување искуство во соработка со нив.
- Извршување на административни задачи според барањата на училиштето.
- Превземање обврски и заложби за сопсветниот професионален развој што произлегува од професионалност на само-увид и само-евалвација на сопсвената професионална практика и практиката на другите.

Треба да се истакне дека овие клучни компетенции овозможуваат нивна примена во различни социални, културни, лингвистички и образовни опкружувања.Од горенаведеното јасно е дека програмите ќе бараат од студентите да поминуваат подолго време на училиште и други релевантни

образовни институции. Како резултат од ова, тие ќе имаат можност да стекнат директно искуство во наставата на учениците и во професионалната интеракција со други наставници, парапрофесионалци, родители и преставници на други професии.

Барањата кои се поставуваат пред програмите за иницијална обука на наставниците имаат за цел да ги објаснат и илустрираат аспектите на работата на студентите, кои дизајнираната програма во целост да го остварат. Овие карактеристики ќе се користат од државата и од основното училиште во дизајнирањето стратегии за оценување , кои ќе гарантираат дека се остварени барањата за компетенции на студентите во иницијалната обука на наставници. Институциите за иницијално образование треба да продолжат да се грижат за студентите и по завршувањето на студите и да им пружат адекватна помош за време на нивниот приправнички период.За време на приправничката пракса тие треба да работат кон постигање на стандардите за регистриран (лиценциран) наставник.

Иницијалното образование на наставниците кои завршиле студии надвор од образовната сфера (идни наставници во предетната настава) се остварува со паралели или сукцрсивна педагошка доквалификација на високообразовните установи кои се занимават со образование на наставниците или кои за предмет на своите студиски програми го имаат образованието.

Стручните наставници во средното образование потребите од педагошки компетенции може да ги стекнуваат паралелно со својата стручна обука (познато како студии под Б) или сукцесивно, односно по завршувањето на нивното стручно образование, во соодветна педагошка високообразовна установа.

Акредитацијата на програмите за иницијална обука на наставниците ја врши Одборот за акредитација кој е во склоп на секторот за високо образование при Министерсво за образование и наука, и тоа мора да е прифтливо во контекст на:

- Екстерен систем на одобрување или акредитација на програмите за образование на наставниците
- Надворешен систем за сертификација на професионалните квалификациина наставниците.

Овој надворешен систем за сертификација треба да ја потврди содветноста на програмата за образование на наставниците и нејзината можност за подготвување на професионалните задачи и улогата на наставничката професија.Во таа смисла, Одборот за акредитација на студиските програми за иницијалното образование на наставниците, и крајна Одлука донесува доколку се исполнат следниве услови:

- Студиските програми да бидат водени од страна на институции кои вклучуваат препознатливи општествени партнери кои располагаат со содветен и квалитетен наставен кадар.
- Студиските програми да бидат водени од страна на институции кои успешно го поминале процесот на внатрешната и надворешната евалвација (по можност од европските институции).
- Студиските програми да бидат водени од институции кои ги задоволуваат стандардите за евалвација на програмите за образование на наставници.

- Студиските програми да ги исполнуваат условите прдвидени за иницијално образование на наставниците во поглед на потребните компетенции.

1.4. Создавање на ефикасна и стручна институционална подршка на системот за образование и усовршување на наставниците и обучувачите

За да се обезбеди успешна обука потребно е од воспоставување на систем за акредитација на давателите на образовните услуги за да се осигура дека услугите за обука на наставниците во текот на работењето се обезбедуваат од повеќе понудувачи на обуки и дека тие ги исполнуваат соодветните стандарди за квалитет.За да се реализира сето ова, потребна е и соодветна стручна и институционална подршка.Таква подршка подразбира етаблирање и функционирање на следниве тела:

1. Совет за професионален развој на наставници (СПРН)

Советот за професионален развој на наставниците, го формира, Министерството за образование и наука (МОН) и Советот поднесуваа извештај директно до Министерството за образование и наука. Советот нема надлежност за донесување на Одлуки, хеговата еулога е да дава совети, како и предлози или препораки за да се обезбедува успех во имплементацијата на политиката поврзана со наставниците.

Улогата на СПРН е давање на стручни совети, инструкции и препораки до Министерството за образование и наука за можни идни развојни цели поврзано со наставниците. Ваквите цели можат да ги вклучат прашањата поврзани со:

- Правниот статус на наставниците
- Професионалните квалификации
- Сертификацијата
- Професионалниот развој и
- Задолжителната обука пред вработувањето.

Членови: СПРН е составен од:

ПРЕСТАВНИЦИ	**Бр.**	**НАЗНАЧУВАЊЕ**
Наставници	1	Назначен од синдикатот на наставниците
Високо образование	2	Назначен од Универзитетите
Директори	1	Назначен од асоциацијата на директорите на училиштата
Општински совети	1	Назначен од здружението на директори
Преставници на заедницава	3	Лица со висока положба во општеството со одредено искуство во образованието кои ќе ја зајакнат работата не СПРН. Овие лице се назначуваат од Министерството за оообразование и наука

		по прибавено мислење од локалната самоуправа.Најмалку еден од назначените лица треба да биде родител од училиштен одбор.
МОН	1	Проjектниот советник за професионален развој на наставниците истовремено тој ќе биде Пресадавач на советот
Секретар	1	Назначен од страна на советот
Вкупен број на членови	10	

2. Одбор за акредитација за програми за стручна и професионална обука на наставниците

Професионалното и стручното усовршување на наставниците во текот на нивната работна кариера се реализира во контекст на степенестиот (скалест) моден на професионален развој во соработка на широк круг на акредитирани даватели на образовни услуги, а под кординација на Одборот за акредитација на програми за професионално усовршување.Успешната реализација на оваа мерка ќе води сметка за тоа дали програмите за професионално и стручно усовршување на наставниците се поставени врз барањата кои произлегуваат од:

- Професионалните улогу кои наставникот треба да ги изврши во основното училиште и во поширокиот општествен контекст.
- Работните задачи на наставникот во училиштето (едукација, евалуација, администрација, советување и иновација).
- Содветно ниво на квалификација за компетентно извршување на професионалните улоги и задачи.

Статус – Одборот се формира од страна на Министерството за образование и наука. Одборот го советува МОН за прашањата поврзани со акредитацијата на понудувачите на обука на наставниците во текот на работата и нивните програми, и да донесе Одлука за акредитација на понудувачите на обука за наставниците во текот на работата и нивните програми.

Улога – Одборот треба да обезбеди совети, инструкции и препораки на Министерството за образование и наука во развојот и имплементацијата на компонентата – обука за наставниците во текот на работата.

Одборот се занимава со:

- Пружи помош за да се воспоставуваат стандарди и процедури за акредитација на понудувачите на обука на наставниците во текот на работата и нивните програми.
- Обезбедување совети и инструкции за информациите кои треба да им бидат достапни на понудувачите на обука на наставниците во текот на работните врски со новите предлози за акредитацијата.
- Донесување Одлуки за акредитација на понудувачите на обука на наставниците во текот на работата и нивните програми.

- Обезбедување совети и инструкции за публикацијата на понудувачите на обука на наставниците во текот на работата и нивните програми.
- Прегледување и оценување на развојот и имплементацијата на програмата и извештаите на консултантите и предлагање цодветни чекори што ќе произлегуваат од овие прегледи.
- Составување редовно како што ќе биде потребно и на барање на проектниот советник за професионален развој на наставниците.
- Доставување полугодишни извештаи до заинтересираните страни.

Членови – Одборот го има овој состав:

Преставници	**Бр.**	**Назаначување**
Наставници	1	Назначен од синдикатот на наставниците
Високо образование	3	Назначен од Интер-универзитетската конференција
Директор на училиште	1	Назначен од Асоцијацијата на директори
МОН	1	Проектниот советник за професионален развој на наставниците - председавач
Преставници од НВО	1	Назначен од невладините организации (НВО)
Вкупно	**7**	

Придобивки на наставниците:

- Наставниците како професионалци ќе можат да се фокусират на своите кариери и да размислуваат проактивно за можностите на напредок во својата кариера.
- Наставниците ќе можат да станат поефикасни менаџери во реализирањето на воспитно-образовниот процес.
- Наставниците ќе станат поефикасни, поорганизирани и поконструктивни во својата работа.

Придобивки за институциите:

- Поставување на основа за систем за интерна контрола на работата на наставниците.
- Поставување на основа на порационален систем за иабор и напредување на наставниците (истовремено промовирајќи еднаквост во можностите).
- Поефективна искористување на буџетот за обука на наставниците во текот на работата.

3. Агенција/Одбор за лиценцирање на наставниците

Статус: Агенцијата/Одборот се формира од страна на Министерството за образование и наука и Синдикатот на просветните работници, го советува МОН и синдикатот за прашањата поврзани со лиценцирање на новите наставници и тесно соработува со институциите за контрола на квалитетот во основното и средното образование кои се Државен просветен инспекторат и Државен испитен центар.Агенцијата/Одборот има право да одземе лиценца на наставник доколку утврди последователни слабости во неговата работа, детектирани од страна Државен просветен инспекторат и Државен испитен центар.

Улога: Оваа професионална организација превзем аодговорност за:

- Лиценцирање на наставниците вра основа на изградени индикатори за квалитет.
- Гарантирање и подигање на квалитетот на професионалните услуги на наставниците.
- Соработка со МОН и другите социални партнери во одобрувањето и акредитацијата на програмите за обука на наставниците.

Членови на Агенцијата/Одборот:

Преставници	**Бр.**	**Назначување**
Наставници	3	Назначени од синдикатот на наставниците
Високо образование	3	Назначени од страна на Интер-универзитетската конференција
Директор на училиште	1	Назначен од асоцијацијата на директори
МОН	1	Проектниот советник за професионален развој на наставниците - председавач
ДПИ	1	Назначен од Државниот просветен инспекторат (ДПИ)
Бкупно	**9**	

2. КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Изостанувањето на системски пристап во имплементација на проектите и старите навики за умраниловка во статусот и наградувањето, кај голем дел од наставниците, без оглед што поседуваат анаења и способности за современа настава и учење, создале отпор кон професионалните обврски, со што и имплементацијата на современи стратегии во наставата ја доживуваат како

привремен и често дополнителен работен ангажман. Кон тоа придонесуваат и селективноста во имплементацијата и непостоењето на објективна евалвација.

Очигледно е дека осовременувањето на наставата и учењето е невозможно да се изврши, се додека системски не се изврши промена во статусот и наградувањето на наставниците, со што би се избегнале ситуациите во кои сите наставници имаат ист статус и се вреднуваат (наградуваат) **исто,** без оглед на квалитетот што го поседуваат, пристапите што ги практикуваат во наставата и резултатите што ги постигнуваат во работата со учениците.

Министерството за образование и наука системски ќе изгради модел за напредување во кариерата за наставниците во основното и средното образование, и ќе го вгради во законската регулатива.

Ваквиот модел за напредување во кариера за наставниците треба да овозможи степенест пристап во статусот на наставниците (наставник-приправник, наставник, истакнат наставник и наставник- ментор) кој ќе биде соодветно поткрепен и со степенест пристап во нагрдувањето (наставник приправник 80% плата , за останатите степени наградувањето се регулира со посебен правилник). Изборот во повисоко звање ќе се врши врз основа на прецизни индикатори за стекнатите компетенции, искуство, покажан квалитет/успех во наставата и учењето на учениците, иновациите и училишните и вонучилишните активности.

Професионалната квалификуваност на наставникот не смее да заврши со стекнување на Диплома , туку треба да се развива и унапредува во наставната практика.

Многу е важно кај наставниците да се развива свеста и потребата за континуирано учење, како основа за професионален развој.Поставување на критериуми и стандарди за напредување по нивоа е исто така важен мотивирачки фактор за постојано професионално напредување на наставниците.

2.1 РАЗВОЈ НА КАРИЕРАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ

2.1.1 Наставник почетник

- Нивоо на образование – Универзитетски степен на образование
- Компетенци за базично нивоо во стручното подрачје

(за предметни наставници и стручни наставници)

- Педагошки компетенции- завршена студиска програма за професионално педагошко усовршување.
- ИТ компетенции- базично информатичко образование
- Уверение дека е психо-физички здрав
- Положен психолошки тест
- Евалвација

1. Интерна – самопроцена, проценка од ученици, стручни работници, виш наставни/ ментор и директор.
2. Екстерна – од родителите, советниците и инспекторите и стопансвото.

Времетраењето на звањето односно приправничкиот стаж трае една година.

2.1.2. Наставник

- Нивоо на образование – универзитетски степен на квалификација
- Наставно искуство – најмалку една година како наставник почетник
- Законски услови – стекната **лиценца** за наставник
- ИТ компетенции – употреба на компјутерски апликации
- Психолошки профил
- Уверение дека е псико-физички здрав

Опис на задачите

1. Учествување во тимското планирање на наставата
2. Учествување во дизајнирањето на материалите за учење
3. соработување со стручните служби во училиштето
4. Учествува во креирањето и дизајнирањето на воннаставните и вонучилишните активности на учениците
5. Води сопствена педагошка евиденција
6. Учество во обука за задоволување на основните услови и критериуми
7. Подржува иницијативи за осовременување на наставата
8. Учество во проектни активности во училиштето
9. Следи актуелна педагошка и стручна литература
10. Објавува сопствени прилози во стручниот печат
11. Следи и учествува на стручни собири, трибини и др.

- **Остварува соработка:**

1. Интерна – со ученици, наставници, стручни активи, стручни соработници и директор
2. Екстерна – со родители, претпријатија, стручни асоциации, локална заедница и др.
3. **Евалвација**
    - Интерна – самовреднување, вреднување од страна на ученици, стручни соработници и директор
    - Екстерна – родители советници, инспектори, претпријатија и др.
4. Користење на образовна технологиа
5. Добиени одреден број на кредити (бодови од предходно наведените критериуми) регулирано со посебен правилник на напредување.

2.1.3. Истакнат Наставник

Услови и креитериуми

- Работно искуство – најмалку 4 години како наставник
- Објавување трудови во стручниот печат

- Учество во проекти во својство на имплементатот на проектни активности
- Минимум 200 часа обука од соодветни области
- Учество во стручни тела и органи во училиштето
- Учество на сручни собири во својство на излагач на сопствен труд
- Иработена сопствена стручна библиографија
- Развива и користи сопствени материали за учење
- Соработува со локалната заедница
- Уверение за здравствена состојба
- Волентерска училишна работа
- Употреба на стручна литература и други извори на учење
- Монтирање, раководење, анализи и евиденции на наставниот процес
- Туторство/менторствпо на студенти идни наставници и ученици
- Проектна настава
- Развивање на наставни материали, дидактички материали, наставни средсва и други извори за образование
- Менторсво на наставници почетници
- Учествува во комисија за изработка на наставни програми
- Остварува соработка :
    1. Интерна – со ученици, наставници, стручни активи, стручни соработници и директор
    2. Екстерна – со родители, претпријатија, стручни асоцијации, локална заедница и др.

- **Евалвација:**

    1. Интерна – самовреднување, вреднување од страна на ученици, стручни соработници и директор
    2. Екстерна – родители, советници, инспектори, претпријатија и др.

Добиени одреден број на кредити (бодови од предходно наведените критериуми), регулирано со посебен правилник за напредување.

2.1.4. Наставник Ментор

Услови и креитериуми

- Работно искуство – најмалку **6** години како истакнат наставник
- Иновации во наставата и училишната работа
- Национални проекти (член на тим, советник, кординатор)
- Употреба на современа литература и други извори на учење
- Проектни активности во меѓународно нивоо
- Публикација (објавување) на стручна и педагошка литература
- Менторство во проектни обуки на наставници
- Учество во проекти во својство на координатор, член на примарен тим, тим на девелопери или тим за обука
- Учество на државни и меѓународни собири
- Развивање на материали за учење и дидактички материали

- Остварува соработка:
    1. Интерна – со ученици, наставници, стручни активи, стручни соработници и директор
    2. Екстерна – со родители, претпријатија, стручни асоцијации, локална заедница и др.
- **Евалвација:**
    3. Интерна – самовреднување, вреднување од страна на ученици, стручни соработници и директор
    4. Екстерна – родители, советници, инспектори, претпријатија и Државен испитен центар.

Добиени одреден број на кредити (бодови од предходно наведените критериуми), регулирано со посебен правилник за напредување.

Бидејќи напредувањето во кариерата за наставниците бара системско Решениесо прецизно дефинирање на сите аспекти за преминување од едно на друго нивоо, мора да се изработи јасен и прецизен правилник за напредување на наставниците.

Еднаш стекнатите звања немаат траен карактер, што ќе биде регулирано со посебен правилник согласно постојните законски прописи.

Во разни земји различно е поставен, регулиран и организиран процесот на стручното усовршување на наставниците.

3. ФИФНАСИСКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА СИСТЕМОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Во рамките на оваа компонента треба да се утврдат различни извори на финансирање на професионалнит развој на наставниците. Во испитувањето на финансирањето на професионалниот развој е утврдена дека во 2013 година, 19% од опфатените општини и 15% од училиштата во тие општини обезбедиле средства за професионален развој на наставниците. Тој износ бил речиси еднаков на износот што за истата година го обезбедила државата преку Бирото за равој на образованието (БРО) за истата намена, но за сите училишта од цела држава. Ова е показател за постоење свест за потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците со средсва обезбедени од различни извори на финансирање.

За да ги предвидиме финансиските оптоварувања на буџетот на Република Македониј од предложените решенија за професионален развој на сите наставници е изготвена и финансиската конструкција.За да може навремено и реално да се планират потребните средсва во буџетот и решенијата да почнат да се применуваат и за да може да се обезбеди различен пристап во финансирањето на стручното усовршување на наставниците, се изработени две финансиски сценарија:

- Утврдени финансиски обврски на МОН и БРО и на општините за обезбедување по пет (5) часа стручно усовршување на наставниците на ниво на општините. Се предпоставува дека со овој модел ќе се следи и дисеминацијата на стекнатото знаење на нивоо на училиште и општина, односно дека неколкукратно ќе се зголеми бројот не обучени наставници.На тој начин чинењето на обука по наставник

значително ќе се намали, а со тоа и оптоварувањето на централниот и на локалниот буџет.

- Утврдени финансиски обврски на МОН/БРО за обезбедување на шеесет (60) часа стручно усовршување за сите наставници и стручни соработници во РМ за период од три (3) години. Овој модел е прифатен од страна на МОН/БРО и е внесен во законската регулатива.

Двете сценарија беа дискутирани со представници од МОН и БРО пред да им бидат доставени на БРО и МОН за понатамошна употреба и планирање идните активности поврзани со професионалниот развој на наставниците.

Извор: *Закон за наставници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15)*

1. Финансиките плаирања за унапредување на наставниците на наставник ментор

Унапредувањето на наставниците во звања наставник ментор ги има следните предности ис слабости:

1. Унапредување на наставниците ментори според утврдесниот број на наставници на училишно нивоо:

Овој модел што постои во законската регулатива , а го ограничува бројот на наставниците што моќат да напредуваат во кариерата на годишно нивоо, по двајца (2) наставници во училиштата со помал број на ученици, односно до 50 наставници и по тројца (3) во училишта со над 50 наставници, и со дополнителна поделба на училишта со помал и поголем број на наставници од овие кои ги истакнавме, наставници кои треба да се стекнат со звање наставник ментор, и колку ќе бидат финансиските оптоварувања по училиште.

Според овој модел, вработените во помалите училишта ќе го достигнат максималниот број на наставници ментори и наставници советници, многу порано отколку нивните колеги во големите училишта. Притоа потребни се 15 години за напредување во звање во сите училишта. Овој модел го отвори прашањето на правичност, мотивација и можностите што им се нудат на наставниците кои ќе ги исполнат стандардите за напредување во кариерата. Поради тоа се пристапува кон развивање на моделот опишан подолу.

2. Унапредување на наставници ментори според број определен на општинска ниво:

Утврден е бројот на натавниците што треба да се стекнат со авањето наставник ментор на нивоо на држават и колкави ќе бидат финансиските оптоварувања по општини (без оглден на голенинтат на училиштата) за период од пет (5) години, земајќи го предвид бројот на наставници и просечниот број на ученици по наставник. Сепак, поради нееднаквиот сооднос на бројот на ученици на еден наставник на национално ниво, предложена е формула која ги зема предвид бројот на студенти, број на училишта, и на бројот на наставниците на

нивоо на општина, при што најголемо влијание да има бројот на ученици како крајни корисници на ефектот од работата на наставниците ментори.

Бројот на наставници ментори по општина секоја година го определува , Министерството за образование и наука, земајќи ги во предвид горенаведесните параметри.

3. Унапредување на наставници во звањата ментори и советници според бројот определен од централно нивоо:

Утврден е бројот на наставници, што треба да напредуваат ва звања и колкави ќе бидат финансиските оптоварувања (без оглден на голенинтат на училиштата) за период од пет (5) години. Дојдена е до констатација дека овој модел е најприфатлив за Министерството за образование и наука, и е внесен во законската регулатива.

При истакнување на финансиските сценарија користени се податоци од интернет страницата на Државниот завод за статистика, и податоци добиени од Министерство за образование и наука.

4.АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКИТЕ И ПРАКСАТА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ И КАРИЕРНИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ОСНОВ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ

Знаеме добро дека добрата настава и добрите наставници се клучен училишен фактор на успехот за успехот на учениците. Затоа се поставува прашањето „ Како треба да се подготват наставниците за да одговорат на различните предизвици со кои се соочуваат?„ Анализата на политиките и праксата на професионалниот и кариерниот развој на наставниците помага да се даде одговор на оваа комплексно прашање.

4. 1. Осум цели на образовните политики за наставен кадар

Во продолжение следи краток осврт на клучните наоди за секоја од осумте цели на образовните политики:

- Поставувања на јасни очекувања од наставниците – Во наставните програми јасно е дефинирано што се очекува од учениците да постигнат и што треба да прават наставниците.Меѓутоа, недостигаат дефинирани компетенции за тоа што наставникот треба да знае, да умее и да прави за успешно да ја реализира воспитно-образовната работа.Изработка на каталог за професионални компетенции ќе придонесе за подобро разбирање на современата наставничка професија, како професија што поставува сложени барања и налага постојано усовршување.
- Обезбедување на квалитетен кадар – Процесот на приправничкиот стаж и менторирањето, како и изведувањето на стручниот испит треба да се подобрат. За таа цел потребно е да се изработи и упатсво за подготовка на менторска програма и воведе задолжителна обука за ментори. Исто така, треба да се зајакне контролата на квалитетот на спроведување на приправничкиот стаж и да се подобрат механизмите за изведување на стручниот испит. Меѓу другото,

треба да се изготват стандарди за наставници во различни звања што ќе биде основа за проценка на исполнетост на условите за стекнување на соодветно звање.

- Подготовка на наставниот кадар – Иницијаното образование за наставници во Република Македонија има потенцијали, идните наставници да се стекнат со потребните знаења и вештини. Меѓутоа, тоа треба да вклучува повеќе практично искуство што ќе овозможи идните наставници да ги практикуваат теоретските знаења и да почнат да ги стекнуваат основните професионални компетенции за наставниците, уште од времето на студиите.
- Поврзување на вештините на наставниците со потребите на учениците – Во Република Македонија евиденцијата што се води не овозможува во секое време да се имаат податоци за тоа дали по одделни наставни предмети недостига квалификуван кадар и како резултат на тоа нема системски мерки за надминување на овој проблем. Току за тоа треба да се подобри системот за идентификување на наставен кадар што недостига и да се изготват проекции за идните потреби од квалификуван кадар.
- Раководење на наставниот кадар од страна на високопрофесионални директори – Кандидат за директор на училиштето задолжително поминуваат обука преку која се стекнуваат со вештини за раководење, меѓутоа не постои систем за постојано стручно усовршување на директорите. Исто така е потребно да се воспостави систем за задолжителна перманентна обука на директорите. Воедно, анализата покажа дека е потребно да се рационализираат нивните административни обврски, така што редовно ќе се ажурираат податоците од училиштето, така што државните институции директно ќе ги превземат информациите што им се потребни.
- Следење на наставата и учењето – Република Македонија е во фаза на воспоставување на системи за оценување на учениците што можат да се користат за подобрување на наставата и градење на образовните политики. Меѓутоа, нема усогласени долгорочни политики за тоа какви видови на оценувања на учениците ќе се вршат, какви анализи ќе се прават и за кои цели ќе се користат сознанијата. Наставниците треба да добијат обуки за користење на резултатите од екстерни оценувања за подобрување на сопсвената работа. Исто така, треба да се изготват стандарди за квалитетот на работењето што ќе се користат за интерно и екстерно оценување на работата на наставниот кадар.За таа цел треба да се разработат процедури за интерно следење на работата на наставниците, а критериумите за нивно вреднување да бидат усогласени со стандардите за вреднување на национално нивоо.
- Подршка на професионалниот развој на наставниците – Наставниците во Република Македонија се обврзани професионално да се усовршуваат, но не постојат специфични барања во врска со обемот и интензитетот на обуките. Затоа е потребно да се определи законско задолжителен **минимум** часови на обука и да се обезбедат доволно средтсва за да може секој наставник да ги следи обуките. Потребно е да се преиспите системот за вреднување на сертификатите од обуките и тој да се поврзе со времетраењето на обуките, а особено со сертификацијата на примената на знаењата стекнати од обуката. Процесот на акредитација на програми да се врши редовно и да има обуки на кои наставникот ќе учествува согласно личната проценка на потребите, а не само доколку го испрати училиштето.
- Мотивација на наставниците за работа – Согласно законските одредби, наставниците може да напредуваат во звања, но тие сеуште не се применуваат.

Исто така, постоојат законски механизми што обезбедуваат одговорно работење на наставниот кадар и мал број механизми за поврзување на кавлитетот на работењето со приањата, но и тие ретка се применуваат во практика. Со цел да се мотивираат наставниците е потребно да почно примената за одредбите за напредување во кариера, кое што ќе биде базирано врз оценка на квалитетот на работата.

Вреднувањето на работата на наставниците не треба да се прави формално, туку да се обезбедените резултати од вреднувањето да влијат на подобрувањето на работата. Да се обезбедат механизми и финансиски средства, за да успешните наставници да бидат финансиски наградувани, или да имаат друг вид на придобивки.

4.2. Компетенции и стандарди за насатвниците

Што преставуваат компетенциите и стандардите на наставниците?

Компетенциите се описи на она што се очекува наставникот да знае и да умее да прави, како и на вредностите од кои се раководи во сфојата професија. Стандардите, пак, ги опишуваат очекувањата од наставниците што достигнале различни нивоа во својата кариера, односно може да се стекнат со звање наставник ментор и наставник советник. Во различни земји се користат различни приоди да се опишат очекувањата од наставниците, кај нас тие се организирани околу клучните подрачја на работата на наставникот, и тоа на:

- Знаење за наставниот предмет и за воспитнообразовниот систем
- Поучување и учење
- Создавање стимулативна средина за учење
- Социјална и образовна инклузија
- Комуникација и соработка со семејството и заедницата
- Професионален развој и професионална соработка

Како компетенциите и стандардите може да придонесат за подобар квалитет во образованието?

Квалитетно образование не е можно без квалитетни наставници. Истражувачите и практичарите се обидуваат да откријат, што е тоа што еден наставник го прави добар наставник. Определувањето на компетенциите што се очекува добриот наставник да ги поседува е еден од начините, наставниците подобро да се подготвуваат за својата професија. Основните професионални компетенции ќе бидат водич за усогласување на универзитетското образование за наставници со барањата на струката од една страна, а од друга, ќе бидат основа за воведување на наставниците во работа во текот на приправничкиот стаж. Компетенциите и стандардите за наставник ментор и наставник советник, покрај тоа што ќе се користат при унапредувањето во звања, ќе се користат и за планирање и следење на професионалниот развој на наставниците. Нацрт компетенциите и стандардите за наставници по излегувањето беа доставени до

сите училишта да дадат мислење и предлози за подобрување, кои веќе се вградени во документите. Бирото за развој на образованието, му предложи на министерот да ги донесе со што ќе се обезбеди законска основа за нивна примена.

4.3. Професионални компетенции на насатвниците - Зошто им се важни на наставниците?

Следејќи ги светските трендови, во последниве години, се направени голем број на реформи во воспитно-образовниот систем во Република Македонија, настојувајќи да се обезбедат настава и учење, кои би ги оспособиле учениците за живот во 21-век, и кај нив да развијат вештини за доживотно учење.Тие промени често ги збунуваа наставниците, затоа што се чини дека постојано од нив се бара нешто ново и различно. Од друга страна, бројни истражувања покажуваат дека квалитетот на наставата и постигањата на учениците во голема мера зависат од знаењата, вештините и посветеноста на нивните наставници. Само наставник, кој и самиот е подготвен да се менува, може да придонесе кај учениците да се развијат способности и ставови важни за доживотно учење. Формалното образование, особено само базичното образование, повеќе не е доволно за да се одржи чекор со големиот број промени и да може истите успешно да се имплементираат во воспитно-образовната работа. Затоа потребен е континуиран професионален развој на наставниците преку различни форми на неформално и информално образование.

Сите се согласуваме дека за квалитетно образование, несомнено е потребен квалитетен наставник. Но, дали сите мислиме на исто кога зборуваме за квалитетен наставник? Кои се карактеристиките за еден квалитетен наставник? Кои се тие знаења и вештини кои треба да ги поседува еден наставник, каква треба да биде реализацијата на наставата, како треба да соработува со учениците, родителите и поширокатa заедница, колку и во која насока треба професионално да се усовршува за да може да се нарекува квалитетен?

Иако одговорите на овие парашања се неопходни за да се постигне посакуваниот квалитет во образованието, сепак досега не постоеше исто разбирање на поимот „квалитетен наставник„ , што доведе до различно толкување дури и од страна на самите наставници, така што тие се обидуваат да го постигнат квалитетот, што самостојно, на некој начин, го дефинирале, во зависност од нивните дотогашни потенцијали, искуства и опркружувањето во кое работат. Притоа, секој од наставниците настојува да се усовршува според сопствени насоки и соогледувања за тоа што е квалитетен наставник, на индивидуална иницијатива, без да постои утврдена политика за професионален развој на наставникот, како и во отсуство на стандарди и критериуми за професионален развој и напредување во кариерата.

Во програмата за професионален развој на училишниот кадар, која е состевен дел на Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 – 2015, се потенцира потребата од професионален кариерен развој на наставниците, како основен фактор со кој би се мотивирале вработените во образованието за доживотното учење и професионално усовршување, а со сето тоа и за реализирање квалитетна настава и зголемување на постигањата на учениците. Но, иако професионалниот и кариерен развој е

законски регулиран, до сега не беше пропишано со подзаконски акти и процедури како истиот ќе се спроведува.

За првпат со Законот за наставници во основни и средни училишта донесен во 2015 година е регулиран начинот на професионален и кариерен развој на наставниците. Според Законот, наставникот за да изведува настава треба да ги поседува основните професионални компетенции за наставник, а може да напредува во звање наставник ментор и наставник советник, доколку ги постигне пропишаните стандарди за тие звања.

Постоењето на документи какви што се Основните професионални компетенции на наставници и професионалните стандарди за наставник ментор и наставник советник е првиот чекор кон утврдување на знаењата и вештините кои треба да ги поседува еден наставник за успешна реализација на воспитно-образовната работа, како и за неговата оспособеност за напредување во звање.

Професионалните компетенции всушност се она што веќе подолго време им беше потребно на наставниците во Република Македонија, опис на она што се очекува наставникот да знае и да умее да прави, како и на вредностите од кои тој треба да се раководи во сфојата професија, односно опис на поимот „ квалитетен наставник„.

Стандардите, пак ги опишуваат очекувањата што е тоа што треба да го поседува секој наставник за да може да се стекне со звање наставник ментор и наставник советник, односно да напредува во својата кариера. Основните професионални компетенции на наставници се важен документ што се очекува да придонесе за добро регулирањето на наставничакат професија.

Библиографија

1. Менаџмент на човечки расурси; Проф. Д-р Добри Петровски – Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски„ - Битола.

2. ILO (International labour office Geneva), Меѓународна организација на труд (1999) Колективно преговарање – приручник за образование на работници.

3. Закон за основното образование, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016)

4. Закон за средното образование, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016)

5. Закон за Бирото за развој на образованието, („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/2006; 142/2008; 148/2009, 69/2013, 120/2013, 148/2013, 41/2014 и 30/2016).

6. Закон за стручно образование и обука, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014 и 145/2015).

7. Закон за Академијата за наставници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 192/15 и 30/16).

8. Закон за наставници во основните и средните училишта, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015 и 30/2016).

РАНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ

М-р Розе Костеска[1]
Татјана Грегова [2]

Апстракт: Досегашното искуство во работењето со децата од предучилишна возраст зборува за можност кај нив да се забележат одредени сигнали кои укажуваат на нивната потенцијална надареност и талентираност. За да се зборува за вистинска надареност и талентираност неопходно е да се изградат процедури кои ќе значат следење на развојот на детето, за да може да се применат постапки кои ќе сведочат за раната демонстрација на евентуална надареност и талентираност. Покрај проценката која ќе се засновува на стандардите на постигнуваата на детето, неопходно е да се воспостави клима и средина за учење која оди во прилог на развој на детската кретивност, надареност и талентираност. Тоа значи во функција да се стават детската природна потреба да се прашува, да се дознава, да се откриваат нештата на свој сопствен оригинален начин. А воспитувачот е тој кој тоа ќе го поттикнува, ќе го мотивира, ќе обезбедува услови за поттик и хранење на детската потреба да се открива и истражува се околу себе.За да може тоа да го оствари тој треба доследно и професионално да ја користи својата најдрагоцена алатка: набљудувањето. Овој труд зборува токму за праксата на рана идентификација на надареноста и талентираноста во предучилишните институции.

Клучни зборови : надарен, талентиран, детето, рана возраст,идентификација,воспитувач

The Process of Early identification of gifted and talented in pre-school institutions

Abstract: Experience of working with preschool children indicates an opportunity for to notice certain signals indicating their potential giftedness and talents. To speak of genuine talent and giftedness, it is necessary to build procedures that will mean monitoring the development of the child, so that procedures can be applied to witness the early demonstration of eventual talent and giftedness. In addition to an assessment based on the standards of the child's achievements, it is necessary to establish a learning environment and environment conducive to the development of children's creativity, talent and giftedness. It means creating an learning environment in which child's natural need to ask, to find out, to discover things in their own original way will be at the focus of work . And of course this process demands an educator who will motivate, provide the conditions for the nurturing and encourages the child's need to discover and research everything around him. To be able to complete this teacher should be able about professional using of his basic working tool his / her.: observation. This paper is dedicated to illumination of the practice of early identification of giftedness and talent in preschool institutions.
Key words: **gifted, talented, child, early age, identification, educator**

[1] ЈОУДГ„Јасна Ростеска“Охрид
[2] ЈОУДГ„Мајски Цвет“ Битола

В О В Е Д

Во поново време сведоци сме на се позачестено користење на изразот на поединецот и општеството за децата со „посебни потреби“.

Посебноста се сфаќа и се користи како општ поим за деца со попреченост во развојот, односно со отстапки од нормалниот развој кој се очекува според одредени стандарди на одредена возраст на децата, а всушност таа има пошироко значење. Посебни потреби има секоја индивидуа, а од тука и секое дете поединечно. Вака сфатеното значење на поимот посебност не води и кон размислување за отворање на прашањето за надарените и талентираните деца.

Почитта кон поединецот треба да се насочи и кон надарените и талентираните деца кои остануваат или незабележани или погрешно проценети како деца кои не се послушни, незаинтередирани, повлечени во себе и друго. Причината во ова треба да ја бараме во недоволната посветеност на општеството за овие деца кои се неговиот најзначаен ресурс, недоволната компетентност на воспитувачите во предучилишните установи за откривање и работа со надарени деца и нивната вистинска мисија и визија за нивното значење за развојот на децата со кои работат како и потенцијалот кои тие деца го носат во себе. Особено кога се знае дека раниот детски развој и градењето на здрав темел врз кој потоа ќе се гради личноста е најважен за секоја личност поединечно, а се реализира токму во предучилишниот перид, се поставува прашањето: Што е компетентност и дали предучилишните установи располагаат со компетентни кадри кои работат на откривање и работа со надарени деца. Дали високообразовните институции посветуваат внимание на овој проблем при едукацијата на воспитувачите и друго.

Поради наведеното, потребно е детално да се истражи колку воспитувачите во предучилишните установи се оспособени за откривање и работа со надарените деца, но и за нивниот интерес за проширување на сопствените компетенции.

1.Која е разликата меѓу надарени и талентирани деца?

Ова е многу важно за да се направи дистинкција. Во светот малку луѓе ја прават оваа разлика, а таа е пресудна за многу нешта. Постои мит дека сите деца се надарени. Тоа не е вистина. Што значи надарено дете? Зборуваме за креативни, иновативни мислители.

Кога ќе ги погледнете мозоците на надарено и на дете што постигнува високи резултати додека процесираат некоја сложувалка или проблем, сликата е целосно различна. Има и физички и когнитивни разлики во начинот на кој тие ја процесираат информацијата. Тука е клучот.,според најнови истражувања на(D-r Rebekah Granger Ellis 2019)[3]

[3] D-r Rebekah Granger Ellis 2019://www.fakulteti.mk/news/06042019/intervju-so-d-r-rebeka-elis-nadarenite-deca-imaat-poinakov-mozok---vnatre-e-kako-vo-fliper

Надарените и талентирани деца се ставени на маргините, понекогаш за нив се донесуваат и погрешни проценки и заклучоци во зависност од нивното однесување и не им се посветува посебно внимание иако и тие се деца со посебни потреби.

Кога зборуваме за **надареност**, станува збор за потенцијал, а не за достигнување. Затоа што често тие деца не постигнуваат високи резултати во школо. Кога зборувам за овие креативни мислители, зборувам за оригиналност, преземачи на ризици, флуентност, флексибилност на мисла, критички процесирани вештини кои се на високо ниво и се брилијантно употребени. Тие земаат елементи за кои никогаш нема да помислите дека се поврзани и на тој начин доаѓаат до одговорот. Секогаш ми се интересни наставниците кога велат: „Како ти текна тоа?!“ Но, тие успеваат да си ја следат мислата. И навистина е интересно да го видиш нивното МР за тоа што се случува во нивниот мозок. Високоинтелигентна личност, дете кое достигнува високи резултати користи едно или две процесирања на мозокот. Но, во мозокот на надарено дете е како во флипер. Сѐ е на сите страни, мозокот бара пристап насекаде, во секој спомен, однос со луѓе, прави когнитивни конекции кои останатите луѓе вообичаено не ги прават.

Талентирано дете е тоа што има висока надареност во конкретна област - за јазици можеби, или за визуелни или изведувачки уметности или во некоја стем-област – наука, технологија, математика. Нив обично ги нарекуваме академски надарени бидејќи станува збор за еден предмет. Тоа се 5 % надарени што постигнуваат високи резултати. Останатите 95 % се под оној чадор на поинакви дефиниции.

Талентот најчесто е многу прецизно одреден – музички, артистички, во една особена област. Надареноста е начин на кој мозокот процесира информација. Има многу надарени деца што исто така се и талентирани, но има талентирани што не се надарени и надарени што не се талентирани. Затоа мора добро да се разграничи, да бидеме многу јасни за што зборуваме и како ги препознаваме. На пример, дете што е музички или уметнички талентирано, можеби нема потреба од специјализиран курикулум во средината, како што има потреба надарено дете, затоа што мозокот им функционира поинаку. Во другата ситуација зборуваме за висок капацитет во одредена област D-r Rebekah Granger Ellis 2019)[3]

Во денешни услови голем број од надарените деца се „гушат“ во просечноста, со несоодветниот пристап од страна на возрасните кон нив. Од тука и потребата за кадар кој ќе биде едуциран да ги препознае и да работи со овие деца. Раното детство е важно за севкупниот развој на личноста.

Состојбата во која се наоѓаат надарените деца кај нас упатува на потреба од промена на односот кон нив, бидејќи тие заслужуваат поинтензивен третман на сите нивоа и степени на образование вклучувајќи го и предучилишното. Од тука крајно е време и ние да се соочиме со фактот дека со потребите и развојот на надарените деца не може да правиме компромис. Грижата и подршката на нивниот развој за нас треба да претставува приоритетна општествена и институционална цел и задача.

Токму од оваа причина се наметнува неопходноста за дополнително усовршување на воспитувачите во предучилишните установи во насока на тоа како да го препознаат, негуваат и дополнително да го стимулираат надареното дете, а тоа може ефикасно да се постигне преку системот на задолжително стручно усовршување. Со оглед на тоа што наставните активности се прилагодени спрема „просечните деца“, надарените деца се наоѓаат во незавидна положба и единствениот начин на кој можат да го покажат својот талент се воннаставните (слободните) активности.

Се смета, односно се тврди дека на проблемот со едукација на надарените деца мора да му се посвети многу поголемо внимание и да се пристапи многу посериозно кон овој проблем, во што најголем придонес можат да дадат воспитувачите кои континуирано би ги развивале своите компетенции во детектирањето на надарените деца и би го поттикнувале нивниот развој. На тој начин, воспитувачите ќе знаат и ќе можат да одговорат на потребите на надарените деца и ќе им ја дадат својата целосна помош со која тие би станале продуктивни членови на општеството.(Đorđević B; Maksić, S, 2005, стр. 125-147)[4].

Според истражувањето кое го направивме кај колешките – воспитувачките можеме да кажеме дека најголем број од колешките, , кај децата најмногу можат да го забележат талентот за уметност (музичка и ликовна) и само мал дел умееат да откријат некоја надареност кај децата а тоа се должи на моменталната(голема) бројност на деца во групите, неможноста да му се посвети повеќе идивудуален пристап на секое дете Талентот на музика и сликање најчесто се смета на генетската предиспозија или изложеноста на детето во таква средина каде се негува музика и уметноста .

Пронаоѓањето, поттикнувањето и негувањето на талентот и креативноста на децата и младите претставува предизвик на современиот свет, од кој ќе зависи неговиот иден развој.(Кеверески.Љ, 2000, стр. 32)[5]

<u>2.Улогата на воспитувачот во раниот детски развој и потребите и можностите на преучилишните установи за идентификација и работа со надарени деца.</u>

Новите сфаќања за важноста на првите пет години од животот одат во прилог на потребата од рано препознавање и стимулирање на специфичните потреби на децата. Повеќето автори ги наведуваат следните ефекти кои се јавуваат со раното препознавање и нивното поддржување: поттикнувањето на сигурноста, самодовербата, иницијативноста, мотивираноста, интересот, самоефикасноста, храброста за ризик, отпорноста на критика и други. Овие ефекти се доволни нашето внимание да го насочиме кон раното препознавање на надарените деца и

[4] Đorđević B, Maksić S (2005). Podsticanje talenata i kreativnosti mladih: izazov savremenom svetu. Zbornik Instituta za pedagoška istraživanja, 37 (1). стр. 125-147.
[5] Кеверески.Љ.2000г.Како да ги препознаеме надарените и талентираните

нивно вклучување во развојната програма со која ќе го развиваат својот потенцијал. (Кеверески, Љ, 2000, стр.43)[6]

Досегашната практика во предучилишните установи го потврдува тврдењето на П. Шимлеша дека :„училиштето -во нашиов случај -градинката - наликува на „менза“ во која децата добиваат ист вид на храна без оглед на нивните желби и апетити“.Од тука и потребата од промена каде градинката треба да биде место каде сите деца, а посебно надарените ќе добиваат „храна“ соодветна на нивните желби, потреби и можности.

Од тука воспитувачите треба да креираат атмосфера која ќе го стимулира развојот на надарените деца. Тоа се однесува на креирање на интересна настава за надарените, која ќе го задоволи нивото на способностите на надарените, давање можност детето самостојно да ги изразува своите потреби, вештини, истрајност, упорност, креативност и иницијативност. Секако еден од најважните фактори во постигнувањето на позитивни резултати на секое поле, а особено на полето на откривањето и работата со надарените деца е соработката на воспитувачите со родителите на децата. Квалитетна комуникација на релација воспитувач-родител е основа за обезбедување на правилен и оптимален развој и учење на детето.

Детската градинка како ресурсен центар треба да биде подготвена и отворена за едукација и поддршка на родителите. (Програма за рано учење и развој, 2014)[7].

Градинката представува системска целина на повеќе компоненти, методи, форми и аспекти на воспитно-образовно дејствување врз развојот на детето. Доколку се јави потреба, градинката со кадарот со кој располага треба да е во состојба да соработува и со други институции и воспитно-образовни асоцијации од социолошки, психолошки, медицински и друг карактер. (Котева,Т, 2006; стр.128)[8].

Истражувањата говорат дека воспитувачите можат да постигнат огромни успеси при проценката на способностите на особините на личноста кај надарените и талентираните деца. Се смета дека воспитувачите кои се заинтересирани и кои добро ги познаваат способностите и особините на личноста на надарените, можат многу лесно да ги воочат индикаторите во однесувањето на тие деца.Според (Amer Ćaro 2009, стр. 63-66)[9] најчести индикатори се следните:

- самодисциплинирани се и независни;

[6] Кеверески.Љ.2000г.Како да ги препознаеме надарените и талентираните

[7] Национална програма за развој на образованието во Р.М 2005/2015стр71

[8] Котева, 2006 Семејното воспитание и социјалното однесување на децата стр128, академски печат, скопје, 2006

[9] Amer Ćaro – Stavovi nastavnika općine Tešaj o darovitim učenicima; во Zbornik radova pedagoškog fakulteta u Zenici (2009). Univerzitet u Zenici, Pedagoški fakultet u Zenici. Zenica. стр. 63-66.

- поставуваат многу прашања;
- се обидуваат задачите да ги решат на невообичаен и имагинативен начин;
- поседуваат многу информации за различни нешта;
- имаат желба, односно сакаат да откријат како се случуваат или како функционираат нештата;
- ги критикуваат другите за глупавите идеи;
- понекогаш сакаат да бидат сами и досадно им е ако ништо не работат;
- имаат смисла за хумор и со леснотија ги разбираат нештата;
- уживаат во решавање на проблеми и загатки;
- често имаат сопствени идеи за тоа како нештото треба да се направи;
- отпорни се на притисоците од групата, соработуваат, завземаат сопствени ставови и независни се во размислувањето и мислењето;
- имаат висок степен на развиено дивергентно мислење;
- поседуваат посилна мотивација и поголеми општи знаења во споредба со своите врсници.

Овие деца имаат добра меморија и се способни да ги воочат факите без многу повторувања. Воедно, тие се обдарени со интелектуална љубопитност, поставуваат многу прашања, а најголем дел од нив покажуваат необичен степен на оригиналност и фантазија. Исто така, надарените деца се способни да го применат наученото и творечки да го искористат во нови ситуации. Но, факт е и дека честопати се случува воспитувачите погрешно да ги проценат или да не ги забележат способностите на овие деца, заведени од изгледот на детето, пријатната или непријатна надворешност на детето, неговото лесно или тешко изразување, неговата поизразена физичка активност, а честопати и од неговите лични карактеристики. Праксата покажува дека честопати се случува да се прецени комуникативното, пријатно дете кое има добар речник и располага со бројни информации, не увидувајќи дека тоа е само резултат од добрите семејни услови. Од друга страна, може да се случи, односно се случува да бидат потценети многу интелигентни деца, само затоа што се мирни и повлечени, ако не соработуваат со своите врсници, не постигнуваат соодветен успех, ако се непријатни или ако работните навики им се слаби. Надареноста како динамичен процес се покажува на различни начини и мора да се посвети внимание на следното:

1. „Ѕвезда која губи сјај“ – раниот развој кај некои деца создава впечаток дека може да се сметаат за надарени, но подцна постепено или нагло, го губат поволниот почеток што го покажале;
2. Група деца кои многу рано покажуваат дарба во посебна насока: музика, ликовна област, а во останатите области се просечни;
3. Детето може да изгледа способно, но не и надарено во раните години, а потоа одненадеж да манифестира еден или повеќе таленти до степен кој дава основа да го сметаме за надарено;
4. Група која ја сочинуваат деца надарени во широк опсег, но кои имаат некоја „специфична дамка“, односно слабост или потешкотија во една област или правец;(J, Anđelković; V, Rančić; V, Pančić; B, Ranđelović, 2011)[10]

[10] Jelena Anđelković, Valentina Rančić, Violeta Pančić, Branislav Ranđelović. Analiza zastupljenosti akreditovanih programa vezanih za rad sa talentovanom decom. во: Zbornik radova (2011). U službi talenata/U službi darovitih. III međunarodna naučna

Правилната идентификација на надарените деца бара примена на стандардизирани тестови за општи и специјални способности. Воспитувачите имаат можност секојдневно да го следат развојот на надареноста, а доколку се стручно оспособени, можат да им помогнат на децата максимално да го развијат својот талент за одредено подрачје. (Đorđević,2005)[11]

Сосема е очигледно дека од исклучителна важност е да се работи на едукацијата на воспитниот кадар и да се влијае врз тоа воспитувачите да се мотивираат, да им се обезбеди соодветно и стручно усовршување од доменот на работа со талентирани – надарени деца, со цел да можат да ги идентификуваат децата и да ги препознаваат нивните специфични можности.

Изработката на индивидуални образовни планови бара соработка помеѓу воспитувачите, стручните работници и соработници и родителите во сите фази од образовниот процес (од изработката, реализацијата и следењето на постигнувањата на децата). Воспитувачот мора добро да ја познава содржината на образовната програма, а посебно принципите на развој на надареноста. Неговата улога е и да го води поединецот во совладувањето на посложените вештини и усвојувањето на сè поапстрактните облици на репрезенатција на знаењата. Со индивидуализираниот пристап во групата, тој треба да го стимулира развојот на интересите кои се усогласени според видот и развиеноста на способностите на децата. Посебните задачи главно се издвојуваат во математиката и јазикот, а многу ретко од областа на музичката и ликовната култура и физичкото воспитание. Теоријата е една, а каква е, всушност, ситуацијата во праксата?

Од овие причини, заклучуваме дека многу деликатен проблем во врска со надарените е и прашањето, како да се препознаат, како да се работи со нив, односно каков воспитувач треба да работи со надарените деца.

<u>3.Видови работа со надарени деца</u>

Праксата покажува дека работата со надарените-талентираните деца во градинките, во најголем број случаи, се одвива на слободните активности , дополнителна активности и во одделни активности. При тоа, работата со надарените деца е препуштена на воспитувачот иако се знае дека оваа работа бара сосема поинаков пристап и дека во работата со овие деца најдобри ефекти би се постигнале во сите етапи (подготвување, планирање, реализација и евалуација) и ги почитува специфичностите на децата со кои се работи.

---

konferencija o negovanju talenata/ o radu s darovitima. Regionalni centar za profesionalni razvoj zaposlenih u obrazovanju, Kanjiža; стр. 20-29.

[11] Đorđević B, Maksić S (2005). Podsticanje talenata i kreativnosti mladih: izazov savremenom svetu. Zbornik Instituta za pedagoška istraživanja, 37 (1). стр. 125-147.

Паралелно со развојот на психолошката и педагошката теорија и пракса, се развивале и се дооформувале сознанијата за начините на кои со помош на воспитно-образовните активности може да се обезбеди оптимален развој на надарените и најспособните деца. Првиот пристап во работата со надарените тврди дека надареноста најнапред треба да се идентификува. За идентификација најчесто се користат резултатите од тестирањето на интелектуалните способности, творечките способности, тестовите за личноста, но и резултатите од систематското следење и набљудување. (Dockal, V; Laznibatova, J; Kovac, T., 1992)[12]

Другиот пристап во работата со надарените се залага за развој на надареноста на сите деца аргументирајќи дека градинката мора да се грижи за своите деца. Од практични и морални причини тешко е надареноста да се ограничи на мал процент деца. Засега дарбата е развоен поим чие манифестирање може да биде поттикнато или успорено, а мерките и инструментите за идентификација на надареноста не се доволно прецизни. Сепак, (Đorđević B, Maksić S (2005)[13]. сметаат дека наставните стратегии на образование за надарените се добри за сите ученици

Психологот и педагогот во градинката имаат мошне важна улога во севкупниот процес на откривање, работа и следење на развојот на надарените деца. Тие треба да работат на откривање на надарените деца и да предлагаат мерки и форми за работа со нив во текот на годината, да вршат следење и тестирање на постигнувањата на децата. Сето тоа го прават во тесна и континуирана соработка со воспитувачот, негователот и останатите стручни работници и стручни соработници во градинката и секако со родителите на децата. Процесот на нивното активирање треба да започне уште при приемот на детето во градинка при што треба во предвид да ги земат информациите и забележителните искуства кои ги даваат родителите, а подоцна и искуствата на воспитувачот и негователот кои работат со детето. Процесот на препознавање и следење воспитувачот може да го води преку опсервирање, интервјуа, прашалници, разговор и сл. (Закон за заштита на децата; Сл .в. на Р.М.бр. 23, 2013г)[14].

Во нашата долгогодишна работа со деца од предучилишна возраст секојдневно се среќаваме со различни деца кои покажувале поинакво, поразлично, посебно однесување за време на престојот во градинка.

Како пример сакаме да го споделиме нашето искуство за Марин момче на 3 и пол год, кое уште од самото доаѓање во воспитната група во градинката покажа

[12] Dockal V, Laznibatova J, Kovac, T (1992) - The research on talent in Slovakia. во: Monks F.J, Katzko M.W, van Boxtel H.W. (ed.) Education on the gifted in Europe: Theoretical and research issues. Amsterdam-Lisse. Swets and Zeitlinger; стр. 177-180.

[13] Đorđević B, Maksić S (2005). Podsticanje talenata i kreativnosti mladih: izazov savremenom svetu. Zbornik Instituta za pedagoška istraživanja, 37 (1). стр. 125-147.

[14] („Службен весник на РМ“ 98/2000)

поинакви интереси и специфични способности за разлика од другите деца. При секојдневното набљудување забележавме дека тој покажува индивидуален интерес за нешта кои децата од неговата групи не ги интересираат.

Кога ги забележавме овие карактеристики кај него, поразговараме со неговите родители кои споделија дека и тие забележале работи кои им било необично, како дете од три годишна возраст ги знае, умее и покажува. Ни кажаа дека со детето не се работило наменски во ниту еден аспект од развојот. Тој, покажува способности за препознавање, именување на цифрите на броевите до 1000 без грешка, самостојно брои и напред и наназад, над 1000, ги знае само 1000,2000,3000,4000 и итн, ги препознава буквите и од кирилицата и од латиницата. Умее да чита зборови, пишува бројки и букви, а умее и самостојно да напише мали едноставни зборови.. Работи со логопед за подобра артикулација и дискриминација на гласовите за правилно изговарање на зборовите. Вози велосипед и тротинет, сака да игра со топка, но најмногу му се допаѓаат игрите со бројки и букви. Се лути кога не е нешто во негов интерес а умее задоволството и радоста да ја сподели Го користи стекнатото искуство во процесот на учењето, покажува добри манипулативни способности,добро внимание, истрајност, иницијативност и самоконтрола.. На почетокот не воспоставуваше комуникација со другите деца, но со тек на неговиот престојот во градинката се повеќе ги развиваше односите со децата. Тоа доведе да развие чувство на припадност ,сигурност и безбедност во групата.

Тоа беше и мотивот ние да се пријавиме. на оваа конференција. Ние ќе го следиме неговиот развој и во соработка со стручната служба и секако со родителите ќе изработиме индивидуален план за работа со него и во групата а и дома.

<u>Заклучок</u>

Впечатоците говорат дека работата со надарените деца е незадолжителна и е препуштена на ентузијазмот на воспитувачите, затоа што градинките во повеќето случаи создаваат погодна и пријатна атмосфера за оптимална работа и развој на секое дете и секој воспитувач. Затоа треба да се охрабрат воспитувачите и да им се даде моќ, да ги вооружиме со наука за работата на мозокот на овие деца. Треба да им излеземе во пресрет на сите деца и на тие „поинаквите и посебните “ бидејќи тоа е нивниот крик за помош, не е недисциплина, тоа е повик да го разберете јазикот на нивниот мозок. Бидејќи, на крајот на краиштата, не постои наставник/воспитувач/учител кој не сака деца. (D-r Rebekah Gradger Ellis 2019)[15]

Литература:

1. Кевересќи.Љ.2000,„Како да ги препознаеме надарените и талентираните“,2000г

[15] D-r Rebekah Granger Ellis 2019://www.fakulteti.mk/news/06042019/intervju-so-d-r-rebeka-elis-nadarenite-deca-imaat-poinakov-mozok---vnatre-e-kako-vo-fliper

2. Котева, 2006 Семејното воспитание и социјалното однесување на децата стр128, академски печат, скопје, 2006
3. Лена Дамовска и група автори Стандарди за рано учење и развој кај децата од 2-6 години, Министерство за труд и социјална политика 2009.
4. („Службен весник на РМ“ 98/2000)
5. Национална програма за развввој на образованието во Р.М 2005/2015стр71
6. Програма за воспитно- образовната дејност во предучилишното воспитание и образование Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето, Скопје 1982г
7. Amer Ćaro – Stavovi nastavnika općine Tešaj o darovitim učenicima; во Zbornik radova pedagoškog fakulteta u Zenici (2009). Univerzitet u Zenici, Pedagoški fakultet u Zenici. Zenica. стр. 63-66.
8. Dockal V, Laznibatova J, Kovac, T (1992) - The research on talent in Slovakia. во: Monks F.J, Katzko M.W, van Boxtel H.W. (ed.) Education on the gifted in Europe: Theoretical and research issues. Amsterdam-Lisse. Swets and Zeitlinger; стр. 177-180.
9. Đorđević B, Maksić S (2005). Podsticanje talenata i kreativnosti mladih: izazov savremenom svetu. Zbornik Instituta za pedagoška istraživanja, 37 (1). стр. 125-147.
10. Jelena Anđelković, Valentina Rančić, Violeta Pančić, Branislav Ranđelović. Analiza zastupljenosti akreditovanih programa vezanih za rad sa talentovanom decom. во: Zbornik radova (2011). U službi talenata/U službi darovitih. III međunarodna naučna konferencija o negovanju talenata/ o radu s darovitima. Regionalni centar za profesionalni razvoj zaposlenih u obrazovanju, Kanjiža; стр. 20-29.
11. Margarita Todorović (2011). Položaj talentovane dece u inkluzivnoj nastavi. Osnovna Škola „Ćele Kula“. Niš, Srbija.
12. Закон за заштита на децата (Сл .в. на РМ бр 23, 2013г)
13. D-r Rebekah Granger Ellis 2019://www.fakulteti.mk/news/06042019/intervju-so-d-r-rebeka-elis-nadarenite-deca-imaat-poinakov-mozok---vnatre-e-kako-vo-fliper)

CARE FOR THE TALENTS IN THE ORGANIZATIONS

Prof. Toni Soklevski Ph.D
Business Academy Smilevski BAS Skopje
sokle2000@yahoo.com

Prof. Lidija Stefanovska Ph.D
Business Academy Smilevski BAS Skopje
l_stefanovska@yahoo.com

Prof. Gordana Tasevska Ph.D
Business Academy Smilevski BAS Skopje
gorde.tasevska@yahoo.com

Talents are in every organization and they are its most important resource. How and how much organizations care about talent in their communities is precisely the subject of this research conducted in 2019 in forty organizations of the most diverse activities and sizes in our country.

Successful companies succeed in connecting the passions of talent with the interests of the company. If the leader fails to do so, his talents will start looking for himself in another company. True talent always strive for improvement and we want change and innovation. Wise leaders never "put talents in a box", but rather, they are exempt from it. Talented professionals have good ideas, thoughts and concerns. If the leader does not want to listen, they will find another leader who wants to do it.

The paper contains quantitative findings and qualitative recommendations that can serve to improve the treatment of talent in organizations in our country. A special contribution of this research paper is the created model for efficient and effective talent care in organizations.

Keywords: talent, care, organization.

ГРИЖА ЗА ТАЛЕНТИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Проф. д-р Тони Соклевски
професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје
sokle2000@yahoo.com

Проф. д-р Лидија Стефановска
професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје
l_stefanovska@yahoo.com

Проф. д-р Гордана Тасевска
професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје
gorde.tasevska@yahoo.com

Талентите ги има во секоја организација и тие се нејзин најважен ресурс. Како и колку организациите се грижат за талентите во своите средини е токму и предметот на ова истражување спроведено во текот на 2019 година во четириесет организации од најразлични дејности и големини во нашата земја.

Успешните компании успеваат да ги поврзат страстите на талентите со интересите на компанијата. Ако лидерот не успее да го направи тоа, неговите таленти ќе почнат да се бараат себеси во друга компанија. Вистинските таленти секогаш се стремат кон подобрување и ги сакаат промените и иновациите. Мудрите лидери никогаш „не ги стават талентите во кутија“, туку баш напротив, тие ги ослободуваат од неа. Талентираните професионалци имаат добри идеи, мисли и размислувања. Ако лидерот не сака да ги ислуша, тие ќе најдат некој друг лидер кој ќе сака да го прави тоа.

Трудот содржи квантитативни наоди и квалитативни препораки кои можат да послужат за подобрување на третманот кон талентите во организациите во нашата земја. Како посебен приднес на овој научен труд е креираниот модел за ефикасна и ефективна грижа на талентите во организациите.

***Клучни зборови**: талент, грижа, организација.

ВОВЕД

Од анкетирањето и структуираните интервјуа на извршните директори и менаџерите во четириесет организции во нашата земја за тоа кои се клучните приоритети за последните две години, менаџментот на талентите стои високо на листата. Менаџирањето на талентите е секогаш лесен и безбеден избор. Генерално, за талент менаџирањето се гледа на долг рок. Најголемиот предизвик за организациите е да го направи менаџирањето на талентите итно и да го направи приоритет за денес, не за во иднина.

Најсоодветните трендови на талент менаџирањето се потпираат на следните пристапи:

- Фокус на сегашноста, не на иднината.

Наместо да се фокусирате на интервенциите кога се работи за менаџирање на таленти за во иднина, може да се фокусирате на интервенциите кои имаат ефект денес. Примери: отстранете го лицето кое го блокира одвивањето на процесите во менаџмент

тимот и назначете некој од вашите најдобри потенцијали; на тимот кој поседува огромен потенцијал доделете му одговорност за развој на нови пазари; не се воздржувајте да ги поставите вашите најдобри луѓе на вашите најважни работни позиции.

- Од стандарден до индивидуален пристап.

Најважниот тренд во секторот за човечки ресурси е индивидуализацијата. Денес, не е потребно да вршите претпоставки за тоа што сакаат луѓето и што им треба. Индивидуалниот пристап станува се почест и вработените се повеќе очекуваат однос како кон вашите клиенти. Ако ги знаете способностите на вашите луѓе, кои се нивните желби и во кои насоки сакаат да се развиваат, вие може да креирате можности кои се поклопуваат со индивидуалните потреби и желби.

- Консултации за перформансот.

Добрите луѓе сакаат да бидат подобри. Консултирање за перформансот е вежбата со која им помагате на луѓето да станат подобри, преку редовен фидбек. Помошта на најдобрите да станат уште подобри не е лесна, полесно е да му/и дадете задачи на вашиот просечен работник и насоки за како да го подобрат својот перформанс.

- Аналитиките за талентот се во основата.

Талент аналитиките се основата на секоја иницијатица од менаџметот на таленти. Најважните талент менаџмент трендови може да бидат имплементирани преку талент аналитиките. Фокусирајте се на сегашноста, не на иднината. Ова се некои од клучните точки на кои треба да го насочите менаџирањето на талентите во организациите.

1. ТЕОРЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Менаџментот со таленти е корисен термин кога ја опишува посветеноста на организацијата да вработи, управува, развива и задржува талентирани вработени. Ги опфаќа сите работни процеси и системи кои се поврзани со задржување и развивање на супериорна работна сила. Управувањето со таленти е посветеност на организацијата да регрутира, да вработи, задржи и да ги развие најталентираните и се чувствувате вработени достапни на пазарот на труд. Управувањето со таленти е бизнис стратегија која се надева на организациите ќе им овозможи да ги задржат своите највисоки талентирани и најквалификувани работници. Исто како вклучување на вработените или признавање на вработените, тоа е наведената деловна стратегија која ќе обезбеди привлекување на врвни таленти во конкуренција со други работодавачи. Кога ќе му кажете на потенцијалниот вработен дека сте посветени на стратегијата за управување со таленти, која ќе осигури дека тој или таа ќе имаат можност професионално да се развијат , ќе ги привлечете најдобрите таленти. Ова е затоа што студии постојано покажуваат дека можноста да продолжат да растат и да ги развиваат своите професионални и лични вештини е главен мотив за тоа зошто вработените земаат и останууваат на работа.[1]

Талент менаџментот е нов концепт на организациите за постигнување конкурентска предност и постигнување повисоки перформанси во работењето. Постојат различни дефиниции за овој концепт, меѓу кои ќе издвоиме неколку. „...е интегриран сет на процеси и процедури кои се користат во една организација со цел да се привлече, задржи и развие талентот со цел постигнување стратегиски цели“[2]; „ ...е процес преку кој менаџерите треба да ги предвидат и задоволат своите потреби за

[1] Сузан М. Хитфилд (2016), Управување со талентите, Њујорк.

[2] Marcia J. Avedon- Senior Vice President, (2018), Human Resources and Communications for Ingersoll Rand.

човечки капитал“[3]. Може да се каже дека талент менаџментот е интегриран сет на процеси, програми и културни норми во една организација, дизајнирани и имплементирани за да се привлечи, развие, распредели и задржи талентот во функција на постигнување на стратегиските цели и идните бизнис потреби. Имено, талент менаџментот вклучува[4]: (1) развивање на стратегија за да се утврди она што организацијата треба реализира како моментални и идни потреби на бизнис планот; (2) воспоставување процеси со цел да се измери надлежноста - потребни и достапни; (3) создавање на широк спектар на развојни алатки и процеси со цел да се обезбедат соодветни пристапи во зависност од индивидуалните потреби на вработените; (4) идентификување на начини за да се добијат и задржат оние кои се од клучно значење за успехот; (5) и воспоставување соодветни пристапи на организацијата, за истата да се справи со оние кои не се вклопуваат со организациските барања.

Она што се чини дека ги разликува практичарите и организациите фокусирани на менаџмент на таленти од организации кои користат термини, како што се управување со човечкиот капитал или управување со перформансите , е нивниот фокус на улогата на менаџерот, наспроти потпирање на човечки ресурси, за животниот циклус на вработен во една организација .

Практичарите на другите две стратегии за развој и задржување на вработените би рекле дека, на пример, управувањето со перформансите има ист сет на најдобри практики. Се вика само со друго име. Управувањето со таленти им дава на менаџерите значајна улога и одговорност во процесот на регрутирање и во тековниот развој и задржување на вработените со повисоко ниво. Во некои организации, само најдобрите потенцијални вработени се вклучени во системот за управување со таленти. Во други компании, секој вработен е вклучен во процесот. Во некои компании, системот за управување со таленти е достапен преку електроника; во други, пристапот е неформална комуникација меѓу менаџерите и персоналот за човечки ресурси.

Управувањето со таленти е деловна стратегија и мора целосно да се интегрира во сите процеси поврзани со вработените во организацијата. Привлекувањето и задржувањето на талентираните вработени во системот за управување со таленти е работа на секој член на организацијата, но особено менаџерите кои имаат персонал за известување (талент).


Една ефективна стратегија, исто така, вклучува споделување на информации за талентираните вработени и нивните потенцијални патувања во кариерата низ организацијата. Ова им овозможува на различните оддели да ги идентификуваат достапните таленти кога се создаваат можности или се појавуваат.

Битно е што моделот на менџмент талентот мора да биде координиран со останатите организациски програми и системи во функција на постигнување подобри бизнис резултати. Овој тек на координација е претставен на следнава слика:[5]

[3] Cappelli, P. (2008), Talent on demand: Managing talent in an ago ofuncertainty, Boston: Harvard Business School Press.

[4] James A. Cannon (2011), Talent Management and Succession Planning, Published by the Chartered Institute of Personnel and Development,151 The Broadway, London.

[5] Talent Management: Understanding the Dimentions, CIPD, 2006.



Сл.1: Корелација меѓу бизнис стратегијата, стратегијата на талентот и бизнис резултатите

Критични фактори за успех на овој процес се:

- да биде насочуван од бизнис стратегијата;
- да биде интегриран со останатите организациски процеси; и
- да биде управуван и да биде вкоренет начин на размислување.

Во поголемите организации, управувањето со таленти бара Информациски системи за човечки ресурси (ХРИС) кои ги следат патеките на кариерата на вработените и управуваат со расположивите можности за талентираните вработени

Компетенциите се рамка што поврзуваат мноштво на процеси што се однесуваат на човечките ресурси. Поради тоа, тие се почетна точка во талент менаџментот. Меѓутоа, се поставува прашање: како компаниите треба да ги имплементираат компетенциите за подршка на талент менаџментот? За да бидат компетенциите во функција на ефикасен и ефективен талент менаџмент потребно е да се дефинира методологија со којашто ќе се реализираат следниве пет фази:

- Планирање и дефинирање на целта. Имено, оваа фаза е клучна за успешна реализација на процесот на талент менаџментот. Дел од оваа фаза вклучува интерна комуникациска стратегија, определување на проектен тим, негови улоги и одговорности, како и евалуација на софтверот за талент менаџментот.
- Модел на персонализација. Во оваа фаза е потребно да се избере модел на компетентност којшто ќе ги рефлектира уникатните потреби на компанијата. Проектниот тим, како и експертите кои ќе бидат вклучени треба да ги идентификуваат клучните компетенции кои се критични за компанијата. Најдобар пристап е top-down. Имено, обратниот пристап bottom-up резултира со многу компетенции кои тешко се управуваат.
- Проценка на вработените. Оваа фаза се фокусира на собирање информации за нивоата на компетенции и вештини на веќе избраните компетенции на вработените. Постоењето дескриптори обезбедува објективна основа за оценување. Исто така и самите вработени можат да извршат самоевалуација или мултипроценка на компетенциите. Во текот на овој процес, вработените можат да го детерминираат нивното поседување со компетенции, се со цел да се утврди разликата меѓу нив и стандардите коишто се пропишани за одделна позиција. Во оваа фаза, исто така, се реализира процес на комуникација меѓу вработените со нивните менаџери во врска со нивниот професионален развој и развој на кариерата. Резултатите се интегрираат во еден систем за управување со таленти за обезбедување на потребните тренинзи, обука и развој на човековите ресурси.
- Резултати од анализата и активности. Во оваа фаза, врз основа на информациите од претходните фази, се прави анализа на компетенциите, недостатоците и предности за поединци, тимови, одделенија или компанијата во целина, како и имплементирање на стратегија за искористување на предностите и надминување на недостатоците.

- Одржување. Оваа фаза нема крај. Имено, истата продолжува со оглед на постојните организациски промени и потребата за ажурирање на компетенциите и приспособување на истите на новите производи, технологии и процеси.

2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Истражувањето беше спроведено во текот на цела 2019 година во 40 организации во нашата земја со над 30 вработени, а се однесуваше на истражувачкото прашање: Утврдување на разлики во грижата кон талентите од трите нивоа на менаџмент: топ, оперативните и линиските менаџери.

Табела 1: Разлики во компетенциите помеѓу нивоата на менаџмент (топ, оперативни и линиски)

ANOVA							
	Нивоа на менаџмент		Sum of Squares	df	Mean Square	F	Sig.
а. грижа за таленти	топ	Between Groups	2,528	2	1,264	62,430	**,000**
	оперативни	Within Groups	4,475	221	,020		
	линиски	Total	7,004	223			
b. грижа за таленти	оперативни	Between Groups	6,749	2	3,375	80,572	**,000**
	линиски	Within Groups	9,256	221	,042		
	оперативни	Total	16,006	223			
v. грижа за таленти	оперативни	Between Groups	,250	2	,125	5,552	**,004**
	линиски	Within Groups	4,970	221	,022		
	оперативни	Total	5,220	223			

Од инспекцијата во Табела бр.1, а врз основа на применетата универијантна анализа (ANOVA) на варијанса, може да се констатира статистички значајна разлика на ниво од 0.05, помеѓупристапот кон грижата за таленти на трите нивоа на менаџирање (топ, оперативни и линиски менаџери) во извршеното истражување:


а. Грижа за талентите во реализација на работните задачи, разлики помеѓу трите нивоа на менаџирање со коефициент на значајност од F (2, 221) = 62,43, и p = .000 (Sig. = .000).

б. Грижа за талентите во реализација на работните активности, разлики помеѓу трите нивоа на менаџирање со коефициент на значајност од F (2, 221) = 80,57, и p = .000 (Sig. = .000).

в. Грижа за талентите во контекст на работата, разлики помеѓу трите нивоа на менаџирање со коефициент на значајност од F (2, 221) = 5,55, и p = .004 (Sig. = .004).

Табела 2: Разликите на аритметичките средини во нивоата на маенаџирање

		Subset for alpha = 0.05		
а) компетенции	**N**	**1**	**2**	**3**
1.топ менаџери	40	3,63		
3. линиски менаџери	80		3,79	
2. оперативни менаџери	104			3,92




Графикон бр. 1 а. Грижа на таленти во реализација на работните задачи – разлики помеѓу топ, оперативните и линиските менаџери

Од инспекцијата на Табела бр. 2 и шематскиот приказ (графикон бр. 1) може да се видат разликите на аритметичките средини во нивоата на менаџирање (Топ менаџери, Mean = 3.63; Оперативни менаџери, Mean = 3.92 и Линиски менаџери, Mean = 3.79) во показателот од а. Грижа за талентите во реализација на работните задачи.

Табела 3: Разликите на аритметичките средини во нивоата на маенаџирање

		Subset for alpha = 0.05		
б) компетенции	**N**	**1**	**2**	**3**
1.топ менаџери	40	3,47		
3. линиски менаџери	80		3,66	
2. оперативни менаџери	104			3,91


Од инспекцијата на Табела бр. 3 и шематскиот приказ (графикон бр. 2) може да се видат разликите на аритметичките средини во нивоата на маенаџирање (Топ менаџери, Mean = 3.47; Оперативни менаџери, Mean = 3.91 и Линиски менаџери, Mean = 3.66) во показателот од б. Грижа за талентите во реализација на работните активности.



Графикон бр. 2 б. Грижа на таленти во реализација на работните активности – разлики помеѓу топ, оперативните и линиските менаџери

Табела 4: Разликите на аритметичките средини во нивоата на маенаџирање

Г) компетенции	N	Subset for alpha = 0.05	
		1	2
3. линиски менаџери	80	3,49	
2. оперативни менаџери	104	3,49	
1. топ менаџери	40		3,57



Графикон бр. 3 в. Грижа на таленти во во контекст на работата

Од инспекцијата на Табела бр.4 и шематскиот приказ (графикон бр. 3) може да се видат разликите на аритметичките средини во нивоата на маенаџирање (Топ

менаџери, Mean = 3.57; Оперативни менаџери, Mean = 3.49 и Линиски менаџери, Mean = 3.49) во показателот од в. Грижа за талентите во контекст на работата.

Успешниот талент менаџмент е резултат на начинот на размислување на секој менаџер кој во организацијата се однесува одговорно спрема менаџмент талентот како составен дел од нивниот бизнис, а не единствена одговорност на одделот за човечки ресурси. Истиот ќе им овозможи на организациите да создадат уникатен и релевантен бренд на вработени и постигнување долгорочна конкурентска предност.

ЗАКЛУЧОК

Современите услови на стопанисување и водење на деловни бизниси значително ги променија претпоставките на планирањето и дејствувањето на стратегискиот менаџмент. Пред топ менаџментот се поставија предизвиците иницирани од интензивното динамичко окружување, а пред се, од се поголемиот квантум на потребно и расположливо (екстерно и интерно) знаење, како за компанијата така и за конкуренцијата. Сето тоа налага во процесот на деловно стратегиско одлучување да се вклучи целисходно управување со организациското знаење и менаџери кои ќе бидат носители на тој нов концепт.

Имено, тој концепт се заснова на зголемување на индивидуалните компетенции на секој менаџер поодделно, како и вкупните менаџерски компетенции на компанијата на начин кој овозможува квалитетно управување со различните модалитети на знаења. При тоа, процесот на управување со знаењето во рамките на компанијата и процесот на развој на менаџерските компетенции треба да се комплементарни, компатибилни и да овозможуваат нивна симултана реализација. Евалуацијата на компетентоста на менаџерите треба да биде основа за креирање на развојни планови на акција за развој на тален менаџментот. Истата е основа за поставување објективни критериуми за развој и идентификација на приоритетите на талентот.

Организациите почнуваат да ја ценат стратегиската вредност на талентот и неговото влијание врз постигнувањето повисоки организациски перформанси. Тоа претставува голема промена во начинот на водење на бизнисот од аспект на вредноста на човечките ресурси. Во услови на економија базирана на знаење, истиот не претставува приоритет, туку императив на современиот бизнис кој во своите најважниприоритети треба да ја има грижата за талентите и нивниот развој.

Од тој аспект мора да постои корелација меѓу моделите на компетентност, бизнис стратегиите, стратегиите за управување со талентот и деловните резултати. Поради тоа треба да се креира модел за талент менаџмент, што ќе биде показател како талентот се движи низ организацијата и низ поодделните процеси. На тој начин ќе може да се измери ефектот на секоја компонента од тој модел, што ќе биде основа за донесување битни стратегиски одлуки за талент менаџментот. Бизнис резултатите треба да бидат повратна врска за превземање корективни акции и мерки со цел креирање нови бизнис и талент стратегии.

Успешното управување во глобалната економија наметнува потреба од инволвираност на сите менаџерски нивоа во процесот на управувањето со знаењето, а тоа бара зголемување на компетенцијата на менаџерите. Јакнењето на менаџерските компетенци се постигнува со целисходно управување со знаењето во рамките на компанијата и зголемување на нејзината конкурентност.

Со зголемување на менаџерките вештини, односно менаџерските компетенции се влијае на организациските процеси на компаниите и се обезбедува зголемена

ефективност, ефикасност и иновативност. Како резултат на тоа, потребно е да се идентификуваат клучните компетенции и да се креираат програми за нивни развој, бидејќи истите се фундамент за рационално управување со талентите. Во таа насока талент менаџментот е водечки императив на секоја организација.

Талент менаџментот не е само процес на управување со физички, односно човечки ресурси, туку интегриран и сеопфатен пристап на управувањето со способностите, компетенциите, вештините, потребите, интересите, кариерата, стравт и очекувањата од луѓето дека организациските вредности и потреби ќе бидат поефикасни и поефективни.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Cappelli, P. (2008), Talent on demand: Managing talent in an ago ofuncertainty, Boston: Harvard Business School Press.
2. James A. Cannon (2011), Talent Management and Succession Planning, Published by the Chartered Institute of Personnel and Development,151 The Broadway, London.
3. Ron Sanchez (2003), Knowledge Management and Organizational Competence, Oxford University Press, USA; 1St Edition
4. Сузан М. Хитфилд (2016), Управување со талентите, Њујорк.
5. Talent Management: Understanding the Dimentions (2006), CIPD.

Sashka Jovanovska
PhD, English language professor, North Macedonia
E_mail: saska_dimitrovska@yahoo.com

Developing talented students' linguistic abilities

Abstract

All officials in question: According to you, how much is i prepared the educational system of the Republic of Kosovo regarding the process of identification and work with gifted and talented students at school level? The answer is that our system is not sufficiently prepared.

Also, most officials and principals know the rules of the legal iva which regulates the problem of talented and talented students. But they express skepticism that the teaching framework for the identification and development of these children has not yet been prepared.

From the data of principals and officials we understand that every school year schools organize individual competitions at school level for certain fields / subjects. School teachers, of the same subjects and levels, compile instruments (tests) with requirements (questions, assignments) for each subject and each class, which are administered the same for all participating students.

The Municipal Directorate of Education (MED) of Peja and with it the MED of other municipalities had special professional commissions at the municipal level, engaging teachers of different schools, for all subjects and classes, who design instruments (tests) on request. (questions, assignments) for each subject and each class, which are administered the same for all participating students.

Data from the most teacher and educator questionnaire

Of the 57 teachers and educators interviewed, 52 (over 90%) stated that they had gifted / talented students in the classroom.

To the question: Do you make changes in your way of working (encouraging creativity, originality, critical thinking, independent learning regulation, high thought processes) as forms of work with gifted students? Most declare that they do not have time for creativity based on classes with a large number of students and the lack of special programs for them.

In their school, there is no grouping of gifted / talented students into homogeneous groups (grouping according to abilities). There are also no special work programs with gifted / talented students in the school where they work.

As a high frequency response from the interviewees, it is evident that the teaching staff

express readiness, interest and a strong need for professional development in the field of talent and talent. They also think that with their work I can give

significant contribution to the advancement and motivation of gifted or talented students.

Officials of the municipal directorate as well as teachers estimate that the process of advancing the identification of children with talent and talent should be taken over by the Ministry of Education.

The approval of Administrative Instruction No. 14/19 for children with exceptional intelligence, talent and talent, is seen as very necessary for starting in a more institutional form of identifying children with talent and talent in Kosovo. This is expected to be a national strategy that would help advance these children.

Recommendations:

- Schools need more support from the professional service.

- To enrich the programs (in depth and breadth) as a working method with gifted students.

- Parents of students to participate in the identification of gifted / talented students.

- To create a database on gifted / talented children for each school.

- To allocate a special budget for schools for work with gifted / talented students.

- Care for gifted / talented students in Kosovo should be maintained at the state level.

References :

- Koren, I., Kako prepoznati i identificirati nadarenog uĉenika, olskolske novine, Zagreb, 1989

Marland, S. P., Jr. (1972). Education of the gifted and talented: Report to the Congress of the United States by the U. S. Commissioner of Education and background papers submitted to the U.S. Office of Education (Vol. 1 & 2, Government Documents Y4.L11 / 2: G36, pp. 79–118). Washington, DC: U.S. Government Printing Office.

- Law no. 04 / L-032 Law on Pre-University Education in the Republic of Kosovo Article. 39 point 4, as well as Article 40.

- Kosovo Strategic Education Plan 2017-2021

- Curriculum framework of pre-university education of the Republic of Kosovo.

- Administrative Instruction No. 14/19 for children with exceptional intelligence, talent and talent.

THE MOTIVE OF ACHIEVEMENT AND SCHOOL SUCCESS IN GIFTED AND TALENTED STUDENTS

D-r Anita Azeska
MIT University, Department of Psychology, st.Bul. Treta Makedonska Brigada bb, 1000 Skopje Republic of Macedonia
a.azeska@gmail.com

Abstract

This study researches the relationship between the general motive of achievement (OP) (Havelka & Lazarevič, 1981) and school success (Ceci & Williams, 1997) in gifted and talented students. On purposeful sample of 230 students (115 gifted and talented students and 115 average students, from the third classification period of several elementary schools in the Republic of North Macedonia) was applied the test for measuring the general achievement motive – MOP of 54 items. School achievement in this study was measured on the basis of data from school diaries on average student semester achievement. The results of this study show a positive correlation between the general motive of achievement and school success, ie the higher general motive of achievement results in greater school success by observing the association at the level of all students included in the survey and at the average student level. This research will contribute to the increase of empirical knowledge in the area of giftedness and talent. In addition, it is important to apply the research findings to increase the effectiveness of teaching from a content, methodological and organizational point of view, ie to contribute to organized educational treatment of gifted students. Or, how can the education of the intellectually gifted students be improved and their academic failure prevented?
Keywords: general motive of achievement; school success; gifted and talented students; average students.

МОТИВОТ НА ПОСТИГНУВАЊЕ И УЧИЛИШНИОТ УСПЕХ КАЈ НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ

Д-р Анита Азеска
МИТ Универзитет, Факултет за психологија, ул. Трета Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија
a.azeska@gmail.com

Абстракт
Овој труд го истражува односот помеѓу општиот мотив на постигнување (ОР) (Хавелка и Лазаревиќ, 1981) и училишниот успех (Ceci & Williams, 1997) кај надарените и талентираните ученици. На намерен примерок од 230 ученици (115 надарени и талентирани ученици и 115 просечни ученици од третиот класификационен период од повеќе основни школи во Република Северна Македонија) беше применет тестот за мерење на **општиот мотив на постигнување - МОП** кој содржи 54 ајтеми. **Училишниот успех** во ова истражување се мереше врз основа на добиените податоци од училишните дневници за просечниот полугодишен успех на учениците. Резултатите до кои се дојде во ова истражување покажуваат позитивна поврзаност на општиот мотив на постигнување и училишниот успех, односно повисокиот општ мотив на постигнување резултира со поголем училишен успех посматрајќи ја поврзаноста на ниво на сите ученици вклучени во истражувањето и на ниво на просечни ученици. Ова истражување ќе придонесе кон зголемување на емпириските сознанија од областа на надареноста и талентираноста. Освен тоа, важноста е во примената на наодите од истражувањето за зголемување на ефективноста на наставата од содржински, методолошки и организациски аспект, односно придонес кон организиран едукативен третман на надарените ученици. Или, како може да се подобри образованието на интелектуално надарените ученици и да се спречи нивното академско потфрлување?

Клучни зборови: општ мотив на постигнување; училишен успех; надарени и талентирани ученици; просечни ученици.

1. Вовед

Во психологијата долго време на надареноста се гледало како на израз на високите интелектуални способности, општи или специфични, но ваквото сфаќање не можело да даде одговор на еден очигледен емпириски факт: зошто луѓето со еднакво високи способности не постигнуваат и еднакви творечки резултати? Истражувањата поттикнати од ова прашање покажале дека одговорот лежи во способноста на творците да дадат оригинално решение на проблемот на кој подолг период потполно му се посветуваат. Така се концепирале гледиштата според кои надареното однесување во било која област на човековата дејност е детерминирано од развиеноста на одредена група карактеристики во интелектуалната, креативната и мотивациската сфера (Арнаудова & Ачковска-Лешковска, 2000).

Според (Sternberg, 1993) сите концепции на надареноста, без исклучок, истакнуваат дека **способностите** се битен предуслов за надарено однесување и постигнување забележителни резултати, но постојат разлики во однос на прифатеното гледиште за природата на способностите.

Како и способностите, и **креативноста** е конструкт кој трпел промени во текот на својот 50-годишен развој. Суштинска одлика на креативната способност е создавање на нови продукти и речиси нема концепција за надареноста во која не е инволвирана способноста за креативна продукција.

Нагласувањето на **мотивацијата** како битна компонента на надареноста стана актуелна последниве децении. Воведувањето на тестовите на личност во истражувањата резултираа со листи на конативно - емотивни особини релевантни за творечка продукција.

Мотивот на постигнување (ОР) укажува на степенот на изразеност на *општиот мотив на постигнување*. Степенот на изразеност на мотивот на постигнување претставува резултат од дејствувањето на многу индивидуални и социјални фактори. База за развојот на овој мотив претставуваат способностите, знаењата, вредносните ориентации и други динамички црти на личноста, а неговото изразување и структуирање е условено од квалитетот на стандардите на успешност кои се прифатени во општеството, во економската, политичката и културната сфера.

За период од околу еден век истражувачите успеале да откријат дека надарените ученици во принцип можат да се појават и да го развијат талентот само во образовна средина погодна за нивните уникатни способности. Во тој контекст Renzulli (1986; според Арнаудова & Ачковска-Лешковска, 2000) поаѓа од тезата дека не постои *надареност* како нешто што детето го поседува, како некој златен хромозом кој врз основа на одредени манифестации треба да се открие, туку дека постои *потенцијална надареност* како можност со правилна грижа и едукација да се развие *надарено однесување.*

Доминантен критериум за успешност на поединецот вклучен во системот на формалното образование претставува училишниот успех, (Ceci & Williams, 1997). Проучувањето на училишниот успех е тема на бројни истражувања од сферата на образованието. При тоа се проучуваат голем број на фактори и аспекти кои имаат директно или индиректно влијание врз училишниот успех на учениците.

Во последните неколку децении има се повеќе теоретски и практични докази според кои успехот во училиштето не се објаснува пред се со повисокиот степен на развиеност на општите и посебните интелектуални способности. Во поновите испитувања се забележува дека само 50% од успехот во училиштето може да се објасни со интелигенцијата, додека другите 50% од варијансата се сатурирани со фактори од неинтелектуална природа. Ова значи дека интелектуалните способности претставуваат само еден од условите за постигнување добри резултати во училиштето, додека крајниот успех зависи од делувањето на други фактори како што се: карактеристиките на социјалниот и емоционалниот развиток, степенот на мотивираност за учење, специфичноста на одделни особини и црти на личноста, социо-економското и педагошко-културното ниво на семејството итн.

Со оглед на тоа што во нашата педагошка практика постои уверување дека е доминантен психометрискиот концепт во перцепирањето на училишниот успех, овој труд ќе даде нова светлина во однос на разбирањето на училишниот успех. Во таа смисла треба да се истакне дека најновите истражувачки трудови имаат тенденција да укажат дека постојат голем број на некогнитивни фактори кои го стимулираат, обликуваат и детерминираат училишниот успех.

Па така дефинирањето на истражувачкиот проблем и постулирањето на хипотезите во ова истражување беа условени од наодите во литературата од каде произлегуваат претпоставки за поврзаноста помеѓу мотивацијата и училишниот успех кај надарените и талентираните и просечните ученици.

Поставена е следнава хипотеза:

- *Надарените и талентираните и просечните ученици кои покажуваат повисок општ мотив на постигнување покажуваат и повисок училишен успех.*

2. Метод

2.1. Испитаници

Во рамките на истражувањето е користен намерен примерок, кој го сочинуваат ученици од основни училишта во Република Северна Македонија.

Вкупно беа вклучени 230 ученици, од кои 120 момчиња и 110 девојчиња од десетина основни школи во Република Северна Македонија чиј избор беше случаен. Беа избрани 115 ученици (53 девојчиња и 62 момчиња) кои го задоволуваа критериумот за поседување на најмалку една пофалница или награда за учество на натпревари од интернационален, државен или регионален карактер. За групата на ученици која беше избрана на овој начин, а врз основа на списокот на ученици добиен од класните раководители, претпоставивме дека е надарена и талентирана, бидејќи и други автори (Sternberg & Zhang, 1995;) при селектирањето на надарените и талентираните ученици тргнуваат од истите критериуми.

Другата група на ученици (вкупно 115, од кои 57 девојчиња и 58 момчиња) е избрана од учениците од истите основни училишта и од истите класови како и надарената и талентирана група на ученици. И оваа група е составена од ученици кои се членови на одделни училишни секции, меѓутоа, нивните успеси надвор од училиштето не се така евидентни како успесите на надарената и талентираната група на ученици.

2.2. Мерни инструменти

- За мерење на **општиот мотив на постигнување** е применет Тестот **МОР.**

Овој тест претставува ревидирана форма на Хермансовиот тест од 1967 година, а негови автори се Ненад Хавелка и Љубиша Лазаревиќ (1981). Оваа ревидирана форма содржи 54 ајтеми, а за секој ајтем се наведени повеќестепени одговори. Поголемиот број од нив се отворени, непроективни, не се потполно ″прозирни″, а нивната дијагностичка вредност е главно независна од лаичката интерпретација на смислата на содржината на ајтемите.

Одговорите што ги даваат испитаниците на овој тест претставуваат соодветни информации за степенот на експонираност на три мотивациски варијабли: а) општ мотив на постигнување (ОР), кој се мери врз основа на одговорите дадени на 26 ајтеми и чиј максимален број на поени е 26; б) позитивно емоционално ангажирање и емоционална самоконтрола во ситуации на постигнување (РЕ) чии индикатори се одговорите на 14 ајтеми, а максималниот број на поени изнесува 14 и в) негативни емоционални реакции или емоционална инхибиција и нестабилност во ситуации на постигнување (NE), која, исто така, е мерена низ 14 ајтеми, а максималниот број на поени е, исто така,14.

Секоја информација добиена со МОР има целосно значење, па според тоа таа може да се користи самостојно или во комбинација со другите информации од истиот тест.

Според наодите на авторите (Havelka & Lazarevиќ, 1981), тестот МОР покажува задоволителна концептуална и емпириска валидност.

*Во спроведеното истражување Кронбах алфа коефициентот за Општиот мотив за постигнување изнесува изнесува **0,82** со што се потврдува и високата релијабилност на инструментот.*

- **Училишниот успех** во ова истражување се мери врз основа на добиените податоци од училишните дневници за просечниот полугодишен успех на учениците.

2.2. Постапка

Теренскиот дел од истражувањето е извршен во периодот од декември 2018 година до април 2019 година. Со испитувањето се опфатени основни училишта од територијата на Република Северна Македонија. Изборот на училиштата беше направен случајно. Испитаници беа надарени и талентирани и просечни ученици од шесто до деветто одделение или од третиот класификационен период.

2.3. Статистичка обработка на податоците

Одговорите од пополнетите инструменти од страна на испитаниците вклучени во истражувањето беа внесени и статистички обработувани со статистичкиот софтверски пакет SPSS 20 за оперативниот систем Windows.

Хипотезата е тестирана преку утврдување на корелација помеѓу варијаблите односно проверувана е поврзаноста помеѓу мотивот на постигнување и училишниот успех со примена на *Пирсонов коефициент на корелација.*

3. Резултати

Од прикажаните податоци во Табела 1 се забележува дека постои статистички значајна позитивна поврзаност помеѓу општиот мотив на постигнување и училишниот успех (r=0,25; p<0,01) кај надарените и талентираните и просечните ученици.

Табела 1. *Корелации помеѓу општиот мотив на постигнување и училишниот успех кај надарените и талентираните и просечните ученици (N=230)*

Варијабли	Училишен успех
Општ мотив на постигнување (ОР)	**0,25****

**** p<0,01 коефициентот е значаен на ниво 0,01; * p<0,05 коефициентот е значаен на ниво 0,05**

Од прикажаните податоци во Табела 2 се забележува дека постои статистички значајна поврзаност помеѓу општиот мотив на постигнување и училишниот успех (r=0,19; p<0,01) кај просечните ученици.

Табела 2. *Корелации помеѓу мотивацијата и училишниот успех кај просечните ученици (N=115)*

Варијабли	Училишен успех
Општ мотив на постигнување (ОР)	**0,19***

** p<0,01 коефициентот е значаен на ниво 0,01; *p<0,05 коефициентот е значаен на ниво 0,05

*Кај групата од надарени и талентирани ученици *заради константност на варијаблата училишен успех не се смета корелација.*

4. Дискусија и заклучок

Главните конструкти во овој труд беа соодветно дефинирани и анализирани од повеќе аспекти. Имајќи ја во предвид предикцијата како главна истражувачка цел, беше испитана поврзаноста помеѓу споменатите конструкти односно истражувачки варијабли. Претпоставките за нивните заемни релации беа базирани на теориски и емпириски заклучоци од релевантните истражувања.

Имено, во повеќе наврати, повикувајќи се на резултатите од истражувањата кои се занимавале со проблематиката на гореспоменатите варијабли беше потенцирано дека надареното однесување во било која област на човековата дејност е детерминирано од развиеноста на одредена група карактеристики во интелектуалната, креативната и мотивациската сфера.

Хипотетсската рамка на ова истражување главно се однесуваше на проверување на односот на избраните варијабли, како придонес во дискусијата за добивање на поцелосна слика за природата на надареноста и талентираноста.

Дефинирањето на истражувачкиот проблем и постулирањето на хипотезите беше условено од концепциите за надареноста и талентираноста, поточно од неоспорниот факт дека постојат поединци кои можат да изведуваат одредени активности побрзо, подобро и пооригинално од своите врсници или кои се способни да дадат исклучителни резултати во различни области од човековата дејност. Овој факт сеуште ја прави областа на надареноста атрактивна за истражувачите.

Во педагошко-психолошката литература во Република Северна Македонија недостасуваат емпириски истражувања насочени конкретно на оваа област. Затоа, задачата на овој труд е да даде свој придонес во расветлувањето на овие појави кај ученичката популација кај нас, како и да поттикне нови емпириски истражувања кои ќе се занимаваат со оваа проблематика.

Резултатите до кои се дојде во ова истражување покажуваат позитивна поврзаност на општиот мотив на постигнување и училишниот успех, односно повисокиот општ мотив на постигнување резултира со поголем училишен успех посматрајќи ја поврзаноста на ниво на сите ученици вклучени во истражувањето (Табела 1) и на ниво на просечни ученици (Табела 2). Кај групата од надарени ученици, како што беше спомнато погоре, заради константност на варијаблата училишен успех, не се смета корелација.

Добиените резултати соодвествуваат со резултатите добиени во емпириските истражувања на повеќе истражувачи. Имено, мотивацијата во контекст на училиштето е често истражувана така што поголема мотивација се поврзува со подобар училишен успех (Keeves, 1986; Parsons, Adler & Meece, 1984; Skinner, Welborn & Connell, 1990; Wentzel, 1998; Wong & Csikszentmihalyi, 1991).

Мотивацијата е една од најважните детерминанти на училишниот успех (Vizek-Vidović, Rijavec, Vlahović-Štetić, Miljković, 2003). Според истите автори мотивацијата е сложен процес кој опфаќа верувања, перцепции, вредности, интереси и однесувања. Истражувачите користат различни пристапи за мотивација, како што се теоријата на мотивација за постигнување (Atkinskon & Raynor, 1978), теоријата за сопствена вредност (Covington, 1984), теоријата на атрибуција (Weiner, 1992), моделот на очекувања на успех (Eccles & Wiegfield, 2002), теоријата на само-ефикасност (Zimmerman, Bandura & Martinez-Pons, 1992) и др.

Gottfried (1990) покажала дека децата кои од седум и осум години биле интринзично мотивирани за учење и во покасната возраст исто така биле интринзично мотивирани. Истражувањата покажуваат дека учениците се различно мотивирани за различни наставни предмети, односно како што учениците се здобиваат со поголемо образовно искуство и како што во училиштето се добиваат повеќе и повеќе различни предмети, така се повеќе се јавува и мотивација за некое специфично подрачје, а таа специфична мотивација може да се генерализира на некои слични области (Gottfried, 1990; Gottfried, Fleming & Gottfried, 2001), па така детето кое е мотивирано да научи германски јазик, многу е веројатно дека ќе биде мотивирано да научи и англиски јазик.

Во врска со позитивната корелација помеѓу мотивацијата и училишниот успех, доследни резултати се пронајдени во однос на математиката и писменоста за читање и училишниот успех (Broussard & Garrison, 2004; Gottfried, 1990; Lange & Adler, 1997; Vlahovic-Štetic, Vidović & Arambašić, 1999). Се покажало дека интринзичната мотивација добро го предвидува успехот по математиката и писменоста за читање во прво одделение на основното училиште, а екстринзичната мотивација не е поврзана со наведените критериуми. Со зголемување на возраста, кај учениците од трето одделение, интринзичната и екстринзичната мотивација добро го предвидува успехот во читањето, а успехот по математиката може да се предвиди само врз основа на интринзичната мотивација (Broussard & Garrison, 2004).

Истражувањето на (Lange & Adler, 1997) покажало дека интринзично мотивираните ученици од трето до петто одделение се повеќе самоефикасни, подобро учат нови однесувања и постигнуваат подобар успех во училиштето. Во ова истражување мотивацијата се покажала како подобар предиктор на училишниот успех од когнитивните способности. (Gottfried, 1990) покажала дека интринзично мотивираните ученици постигнуваат подобар успех и имаат повисок IQ, поголема училишна компетентност и помала испитна анксиозност од учениците кои не се интринзично мотивирани.

Мотивацијата за учење е еден од одлучувачките фактори за успехот во училиштето и во овој контекст таа е поврзана со позитивни ставови кон училиштето, подобра дисциплина и поголемо задоволство, како на учениците така и на наставниците (Кеверески, 2000, 2007).

Понатаму, (Dević, 2015) во своето истражување открил дека подобрите училишни вештини, интелигенцијата и подобрите социјални вештини се поврзани со поголема мотивација за успех во училиштето.

Некои пристапи на мотивацијата ја сфаќаат како нестабилна особина на учениците која осцилира во одредена средина и специфичен училишен предмет.

Истражувањето на Bong (2004), ја нагласи важноста на активната регулација на сопствената мотивација за одредени училишни предмети. Резултатите од оваа студија покажале дека учениците значајно поинаку се чувствуваат во различни ситуации, така што учениците кои се високо мотивирани во една предметна област не мораат подеднакво добро да се чувствуваат во друга предметна област. Истражувачите од ова теориско подрачје за мотивацијата, пристапуваат кон училишниот успех преку: теоријата на самоефикасност, атрибуциската теорија, концептот на интринзична наспроти екстринзична мотивација и теоријата на целна ориентација (Dević, 2015).

Според Feldhusen (1986; според Ачковска-Лешковска, 2009) некои деца покажуваат висок мотив за постигнување уште на почетокот на школувањето, кој лесно се препознава по нивната наизглед неограничена енергија, разновидните интереси, вклученоста во многу активности и истрајноста во работата. Овој мотив е битна компонента на надареноста затоа што **талентот** може да се реализира само со напорно вложување труд. *Поставувањето високи барања пред децата и младите со високи способности е еден од начините за развој на мотивот на постигнување, а додатна стимулација претставува натпреварувањето со врсниците.*

Наодите од ова истражување препорачуваат подолготрајно континуирано следење на надарените деца, кое ќе опфати проценување и тестирање на нивните карактеристики и евалуација на нивните перформанси и продукти. Поголема стручност или подготвеност за соработка на лицата инволвирани во проценувањето и тестирањето на надарените деца. Да се надмине недостигот од психолошки мерни инструменти и да се унифицираат критериуми за надареност. Да се прифати компромисното решение: интеграција на помали возрасти, а селекција на поголеми со оглед на фактот дека одредени дарби се јавуваат во различни развојни периоди.

Со ова истражување се зголемува свесноста за обезбедување на специјална едукација на надарените, која ќе им овозможи потполн развој на актуелните и потенцијалните способности. Последните години се прават обиди и иницијативи за обуки на наставниот кадар, за кој веруваме дека ќе придонесат кон поголемо заложување на компетентните субјекти во образовниот процес.

Заклучокот е дека ова истражување дава придонес во зголемувањето на емпириските сознанија од областа на надареноста и талентираноста. Освен тоа, важноста е во примената на наодите од истражувањето за зголемување на ефективноста на наставата од содржински, методолошки и организациски аспект, односно придонес кон организиран едукативен третман на надарените ученици.

5. Библиографија

Арнаудова, В. & Ачковска-Лешковска, Е. (2000). *Надарено дете.* Скопје: Филозофски Факултет.

Atkinson, J. W. & Raynor, J. O. (1978). *Personality, motivation, and achievement. Washington,* DC: Hemisphere.

Ачковска-Лешковска, Е. (2009). *Надареност.* Скопје: Филозофски Факултет.

Bong, M. (2004). *Academic motivation in self-efficacy, task value, achievement goal orientations and attributional beliefs*. Journal of Educational Research, 97(6), 285 - 299.

Broussard, S. C. & Garrison, M. E. (2004). *The Relationship Between Classroom Motivation and Academic Achievement in Elementary-School-Aged Children*. Family and Consumer Sciences Research Journal, 33(2), 106 - 120.

Ceci, S. J. & Williams, W. M. (1997). *Schooling, intelligence and income*. American Psychologist, *52*(10), 1051–1058. https://doi.org/10.1037/0003-066X.52.10.1051

Covington, M. V. (1984). *The self-worth theory of achievement motivation: Findings and implications.* The Elementary School Journal, 5-20.

Dević, I. (2015). *Odrednice školskoga postignuća učenika: provjera modela školske kompetencije.* Zagreb: Doktorski rad.

Eccles, J. S. & Wigfield, A. (2002). *Motivational beliefs, values and goals*. Annual reviews of psychology, 53, 109-132.

Gottfried, A. E. (1990). *Academic intrinsic motivation in young elementary school children.* Journal of Educational Psychology, 82(3), 525–538.

Gottfried, A. E., Fleming, J. S. & Gottfried, A. W. (2001). *Continuity of academic intrinsic motivation from childhood through late adolescence: A longitudinal study*. Journal of Educational Psychology, 93(1), 3.

Havelka, N. & *Lazarević*, Lj. (*1981*). Sport i ličnost. Beograd: Sportska knjiga.

Кеверески, Љ. (2000). *Како да ги препознаеме надарените и талентираните ученици.* Скопје: Ниро, Просветен работник.

Кеверески. Љ. (2007). *Каков наставник им треба на надарените и талентираните.* Битола: Киро Дандаро.

Keeves, J. P. (1986). *Motivation and school learning*. International Journal of Educational Research. 10, 117-127.

Lange, G. W. & Adler, F. (1997). *Motivation and achievement in elementary children*. Paper presented at the biennial meeting of the Society for Research in Child Development, Washington, D.C.

Parsons, J. E., Adler, T. & Meece, J. L. (1984). *Sex differences in achievement: A test of alternate theories*. Journal of personality and social psychology, 46(1), 26.

Skinner, E. A., Wellborn, J. G. & Connell, J. P. (1990). *What it takes to do well in school and whether I've got it: A process model of perceived control and children's engagement and achievement in school.* Journal of educational psychology, 82(1), 22.
Sternberg, R. J. & Zhang, L. F. (1995). *What do we mean by giftedness? A pentagonal implicittheory*. Gifted Child Quarterly, 39(2), 88-98.
Sternberg, R. J. (1993). *The consept of „giftedness": a pentagonal imlicit theory*. Chichester: John Wiley & Sons, 5-21
Vizek-Vidović, V., Vlahović-Štetić, V., Rijavec, M. & Miljković, D. (2003). *Psihologija obrazovanja.* Zagreb: IEP-Vern.
Vlahovic-Štetić, V., Vidović, V. V. & Arambašić, L. (1999). *Motivational Characteristics in Mathematical Achievement: a study of gifted high achieving, gifted underachieving and non gifted pupils.* High Ability Studies, 10(1), 37-49.
Weiner, B. (1992). *Human motivation: Methafors, theories and research*, Newbury Park, CA: Sage.
Wentzel, K. R. (1998). *Social relationships and motivation in middle school: The role of parents, teachers and peers.* Journal of educational psychology, 90(2), 202.
Wong, M. M. & Csikszentmihalyi, M. (1991). *Motivation and academic achievement: The effects of personality traits and the duality of experience.* Journal of Personality, 59(3), 539-574.
Zimmerman, B. J., Bandura, A. & Martinez-Pons, M. (1992). *Self-motivation for academic attainment: The role of self-efficacy beliefs and personal goal setting*. American educational research journal, 29(3), 663-676.

Идентификација и специфичности во работата со математички таленти

Мажанна Северин Кузмановска, Педагошки факултет Битола, „Св. Климент Охридски“ Битола
Соња Чаламани, Технички факултет - Битола, „Св. Климент Охридски“ Битола
Елена Котевска, Технички факултет - Битола, „Св. Климент Охридски“ Битола

Апстракт: Во образовниот систем на една земја, работата со талентирани ученици, а посебно талентирани ученици по математика, се смета за многу важна негова компонента. Стимулирањето на талентираните ученици е најдобра инвестиција на едно општество, затоа што плодовите од таквата работа придонесуваат за негов напредок. Бидејќи талентот не е само „дар од боговите“, т.е. не е само резултат на наследната еволуција на човекот, туку е многу работа и постојан развој на личноста, затоа во овај труд ставен е посебен акцент на раната идентификација на талентираните ученици, начинот на нивно препознавање и негување на нивниот математички талент и работата со таквите ученици. Наставникот има можност да ги споредува и да ги препознава учениците кои квантитативно и квалитативно побрзо напредуваат во споредба со нивните врсници. Постапката за пронаоѓање на талентирани ученици по математика е насочена кон оние специфични карактеристики по кои овие ученици се разликуваат од нивните врсници. Карактеристики на таквите ученици се: изразито добар училишен успех, научна метода на мислење, супериорна интелектуална способност, неограничена љубопитност, креативност и оригиналност. Многу важна работа е мотивацијата на овие ученици со стипендии, учество на меѓународни и домашни натпревари, членување во меѓународни организации.

Клучни зборови: талентирани ученици, работа со математички талентирани ученици

1. Вовед

Работата со надарени ученици е специфична и комплексна задача за наставникот. Движењето на едно општество кон научниот, техничко-технолошкиот и општествениот прогрес се повеќе зависи од неговите вкупни интелектуални потенцијали, во прв ред, од најкреативните негови членови, со колкава грижа ги негува, подржува и поттикнува. Поради тоа на работата со надарените деца им се посветува големо внимание на сите воспитно-образовни системи во светот.

Во литературата постојат автори кои со исто значење ги употребуваат термините: надарен, креативен, талентиран, интелигентен. Но, има автори кои ги употребуваат термините надарен и талентиран со различно значење. Кога се зборува на оваа тема во образованието најпрвин треба да се разграничи што е надареност а што талентираност. *Надарени* се оние ученици кои имаат потенцијали за исклучителна успешност во многу различни области на делување, а *талентирани* се оние ученици кои имаат исклучителна успешност во една област, како литература, сликарство, музика и нашата област математика. [3]

Училиштата обично се фокусираат и ги препознаваат учениците кои отстапуваат од средината во логичко-математичкото подрачје и вербално-лингвистичкото подрачје, додека за уметности и спортот раната детекција е многу ретка. За жал немаме систем за рано откривање на надерените и талентирани ученици. Оттука многу ученици се обесхрабруваат, демотивираат, разочаруваат и на крај го

загушуваат сопствениот потенцијал за кој се најмалку виновни. Се е оставено да зависи од индивидуалниот ангажман на наставниците и родителите како ќе ги стимулираат овие деца. На крај сите губиме, детето, семејството, образовниот систем и најмногу државата затоа што не изградила систем да ги искористи сопствените интелектуални капацитети.

Како автори на овој труд, сакаме да дадеме придонес во раната идентификација на математичките таленти. Како тоа ќе го направиме? Најпрвин треба да сфатиме дека не сме сите исти и дека не можат сите ученици да учат според линеарни пристапи и модели на учење. Во некои земји постојат центри за откривање и работа со надарени и талентирани ученици кои системски работат и со децата, наставниците и родителите. Потребно е и наставниот кадар да се едуцира за откривање и работа со надарените и талентирани ученици. Потребни се посебни програми во редовната настава и воннаставните активности. Исто така многу важна работа е и мотивацијата на овие ученици со стипендии, учество на меѓународни и домашни натпревари, членување во меѓународни организации и.т.н.

2. Препознавање на талентирани ученици по математика

Во процесот на откривање на талентирани ученици по математика, нивното препознавањето е првата фаза.

Наставникот има можност да ги споредува и да ги препознава учениците кои квантитативно и квалитативно побрзо напредуваат во споредба со нивните врсници. Постапката за идентификација на талентираните ученици по математика е насочена кон оние специфични карактеристики по кои овие ученици се разликуваат од нивните врсници.

Меѓу особините на талентираните ученици кои се јавуваат во нашата област математика, би ги издвоиле:

- изразито добар успех по предметот Математика
- рана способност за читање
- научна метода на мислење
- супериорна интелектуална способност
- неограничена љубопитност
- умешност во самостојна работа
- креативност и оригиналност
- трпеливост, концизност и прецизност.

Наброените карактеристики можат да се забележат уште во најраното детство од страна на родителот, од воспитувачите во предшколските установи и од наставниците во училиштето. Затоа ние го избравме трето одделение за нашето истражување, сметајќи дека учениците се подготвени за самостојно читање на математичките содржини и задачи.

Наставниците својата проценка за талентираните ученици најчесто ја добиваат поаѓајќи од успехот по математика . Оваа појдовна точка на наставниците не е секако без основа, затоа што успехот е зависен од интелигенцијата на ученикот како особина на талентираноста. Успехот по математика е во висока корелација со креативноста на талентираниот ученик.

Креативноста е важна особина за постоење на талентираност. Како да се препознае креативниот ученик? Ваквиот ученик има:

- силен интерес за предметот математика

- му противречи на наставникот
- личноста е со многу немирен дух
- бара нови патишта и начини за решавање задачи и проблеми
- јака волја за нови методи и свежи идеи во поставување на својата цел
- многу се љубопитни и поставуваат низа прашања кои може, но и не мора да бидат поврзани со дадената наставна содржина. [5]

Талентираните ученици можат да имаат:

- авантуристички темперамент
- доминираат,
- доста се осетливи и самодоволни.

Заради ваквиот жив темперамент можно е да имаат послаб општ успех. На креативниот ученик му е досадно во училиште, па ја нарушува дисциплината: упаѓа во зборот на наставникот, постојано поставува прашања, зборува на час и слично. Често пати наставниците не ги ценат ваквите ученици бидејќи пречат во наставата и поради тоа не се забележани како креативци. При нивната проценка може да се погреши, ако талентираноста се проценува само според нивниот општ успех. Талентираниот ученик мора да поседува високи интелектуани способности.

Друг недостаток при откривањето на талентираните ученици е што од ученикот се бара само да учи и да го репродуцира наученото, при што се занемарува активирањето на мислењето, т.е. воспоставување на творечки идеи. Постојат талентирани ученици кои имаат таков склоп на црти на личноста кои ја маскираат нивната талентираност за математика (повлечени, интровертни). Проблемот овде е дотолку поголем ако наставникот со своето автократско однесување ја предизвикал ваквата состојба на ученикот. Талентираното дете не треба да се гледа со завист, да се игнорира или омаловажува, туку да му се помогне да дојде до израз неговиот талент.

3. Идентификација на талентираните ученици по математика

Секој ученик што наставникот ќе го препознае како талентиран ученик за математика, понатаму тој ученик ќе подлежи на тестирање со посебно осмислени тестови кои се составени од математички задачи (алгебарски, логички, текстуални, ребуси и.т.н.) кои се *мерни инструменти* за идентификација на нивниот талент.

Покрај овие тестови ученикот треба да се тестира за неговите способностите, карактеристики на личноста и знаењата. Како извори на податоци имаме:

- тестови на интелигенција
- тестови на посебни интелектуални способности
- тестови за испитување на креативноста
- тестови за испитување на личноста
- тестови на знаења.

Овие тестови кои ние ги предлагаме, сметаме дека ќе помогнат за рано откривање на талентираните ученици. Тие во основното училиште најчесто покажуваат надпросечни резултати. Идентификацијата не треба да биде ниту едностpана (идентификација која се врши со помош на само еден тест), ниту пак еднократна работа (идентификација која се врши само еднаш, на една возраст). Нејзината суштина е повеќекратно испитување и утврдување на способностите на учениците во текот на подолг период, со применување на разновидни дијагностички тестови.

Идентификувањето на талентираните ученици може исто така успешно да се остварува со организирање на математички натпревари (училишни, општински,

регионални, државни и меѓународни, т.е. олимпијади и натпревар „Кенгур“). За жал сите овие предходно наведени математички натпревари во нашата држава (освен Кенгур) почнуваат од четврто одделение, затоа ние со овој труд сакаме да ги поттикнеме наставниците да се охрабрат и да започнат со рано откривање на телентирани ученици по математика.


Долгодишната соработка со наставниците од основните училишта од нашиот град Битола, континуираното следење на новините, промените во наставните програми и наставните содржини по предметот математика и нашата единствена цел да се постигне квалитетна настава не мотивираше да направиме еден истражувачки предлог-тест кој би помогнал на наставниците за рано откривање на талентираните ученици. Сметаме дека актуелниот учебникот за трето одделение е линеарен, без многу колоритност, т.е. е наменет за просечни ученици, а како држава имаме добри математички ресурси напишани од наши еминентни професори. Ги охрабруваме наставниците да ги користат сите ове ресурси, а како предлог мерен инструмент за идентификација на талентот на ученикот го предлагаме следниот тест.


Тест- мерен инструмент

1. На изразот $40+40:8-3+2\cdot 6$ стави загради така што ќе бидат точни равенствата:

$$40+40:8-3+2\cdot 6=60$$
$$40+40:8-3+2\cdot 6=30$$
$$40+40:8-3+2\cdot 6=19$$
$$40+40:8-3+2\cdot 6=100.$$ [2]

2. За броевите a, b, c и d важи: $a-2=b+2$, $b+2=c+4$ и $c+4=d-5$. Кој број е најмал ? [2]
3. Пирамидата броеви се пополнува според следново правило: збирот на броевите кои се запишани во соседни квадратчиња во еден ред се запишува во квадратчето кое се наоѓа над нив. Правилото е прикажано со малата пирамида цртежот десно. Определи го бројот што треба да се запише во квадратчето во кое е запишан прашалникот. [2]





4. Во празните полиња на табелата подолу запиши броеви така што збирот на броевите запишани во секој ред, секоја колона и на секоја дијагонала е еднаков. [2]

		12
18	10	
8		16


5. Мајката на Ана, Бојана и Виолета на масата оставила чоколадни бомбони за своите ќерки. Од училиште прва дошла Ана, бомбоните ги поделила на три еднакви дела и го изела својот дел. Покасно, Бојана се вратила од училипте, ги поделила останатите бомбоните на три еднакви дела и изела еден дел. Кога се вратила од училиште Виолета на масата нашла 12 бомбони. Колку бомбони имало на масата на почетокот ? [2]
6. Во еден дворец пристигнале 20 принцези за пролетниот бал. Младиот принц, кој живеел во дворецот, требало да избере една принцеза за сопруга. Тој мечтаел идната негова сопруга да е русокоса и со плави очи. Шест од присутните принцези биле со црна коса, 5 со кафеава коса, а останатите биле русокоси. Осум принцези биле со кафеави очи, 3 со зелени очи, 4 со црни очи, а останатите биле со плави очи.

   а) Кој е најголемиот можен број принцези кои соодветствуваат на барањата на принцот ?

   б) Дали е можно на овој бал да нема принцеза која е русокоса и е со плави очи ?

   в) Во текот на балот принцот се заљубил во принцеза која не била ниту русокоса, ниту со плави очи. Колку најмалку такви принцези може да има на балот ? [2]

Дадениот тест беше спроведен во четири класови во трето одделение, во едно од училиштата во Битола. Класовите беа со мал број на ученици (15, 14, 16 и 15). Резултатот после спроведениот тест е даден подолу:



Како што може да се види од горните графикони, од 60 ученици задачата со број 5 ја решија само двајца ученици, а задачата со број 6 ја реши само еден ученик. Како математичари сметаме дека треба да се работи на развивање на логичкото и креативното мислење кај учениците. Да се оддели овој мал број на талентирани ученици (3,33%), да се развива нивниот талент и да се работи на зголемување на овој бројот со поголема ангажираност на сите чинители (родителите, наставниците, општеството).

4. Заклучок

Улогата на наставникот не е само да го подучува ученикот во неговото совладување на математичките содржини, туку е должен да го запознае со општата математичка писменост и вештини. Сметаме дека „*ученикот не е лонец кој треба да се полни, туку факел кој треба да се запали"*. [1]

Во процесот на препознавање и идентификација на талентираните ученици доминантна улога имаат наставниците бидејќи тие имаат можност за: долготрајно систематско набљудување на однесувањето на учениците; споредување на талентираните ученици во воспитно-образовниот процес бидејќи истовремено се присутни ученици од иста возрасна група. [4]

Иако сметаме дека улогата на наставниците е доминантна, за процесот да биде успешен и целосно реализиран, наставниците не треба да бидат оставени сами на себе, факт кој е и наша реалност. Затоа од посебна важност е перманентното образование на наставниците на ова поле, при што е неопходно покрај за препознавање и идентификација, наставниците да се оспособат и за реализирање на квалитетни едукативни програми за работа со талентирани ученици по математика.

5. Литература

1. Chalamani S., Seweryn-Kuzmanovska M., (2017). „Mathematics Teachers' Role in Problem Task-Solving Teaching", International Scientific Conference " "The Education at the Crossroads – Conditions, Challenges, Solution and Perspectives", Macedonian Academy of Sciences and Arts, Bitola, 10-11 November, ISBN: 978-608-4616-89-4, pp. 199-202
2. Малчеси Р., Математички талент 9 : нерешени задачи за натпревари по математика, Скопје : Армаганка, 2019
3. https://kirilbarbareev.com
4. https://www.slideshare.net/milenaignjatova/talentirani-rabotilnica-1
5. https://www.slideshare.net/TalentiCentar/identifikacija-i-rad-sa-darovitom-decom

Jovana D. Joković, master defektolog1

Univerzitet u Beogradu

Fakultet za specijalnu edukaciju i rehabilitaciju

Beograd

Uzroci neuspeha darovitih učenika u školi

Rezime: Identifikovanje darovitih učenika predstavlja polaznu osnovu u razvoju celokupne ličnosti, a posebno darovitosti kod dece. Pored identifkacije veoma je važno poznavanje individualnih osobina darovitih učenika, kao i način ispoljavanja tih osobina. U identifikovanju darovitosti bitnu ulogu imaju pre svega roditelji, zatim vaspitači, učitelji i nastavnici. Međutim, identifikovanje darovitosti nije dovoljno kako bi darovito dete bilo uspešno u školi. Neuspeh darovitih učenika nažalost ne predstavlja retkost u vaspitno – obrazovnoj praksi i zbog toga smatramo da je od krucijalne važnosti razmatranje faktora koji dovode do neuspeha darovitih učenika. Cilj nam je da, pregledom relevantne literature, u radu istaknemo činioce neuspeha i preventivne metode kako bi se neuspeh sprečio. Ovakve raspoložive činjenice mogu pomoći učiteljima, nastavnicima i stručnim saradnicima u osmišljavanju adekvatnog kurikuluma koji će omogućiti identifikaciju, podsticanje i razvoj darovitosti kod učenika.

Ključne reči: neuspeh, uzroci neuspeha, daroviti učenici, obrazovanje

Uvod

Neupitna je vrednost darovitih učenika i njihovih potencijalnih dostignuća koja su važna kako za njihovu afirmaciju tako i za celokupno društvo. Zbog toga je veoma važno pravilno identifikovanje darovitih učenika, najpre u porodici, predškolskoj ustanovi ili u školi. Identifikacija darovitosti na ranom uzrastu može ubrzati i podstaći razvoj darovitog deteta, iako otkrivanje darovitosti i u osnovnoj školi nije kasno. Sama identifikacija nije dovoljna, potrebno je radu sa darovitom decom, posebno darovitim učenicima pristupiti organizovano i sistematski sa jasnim planom i programom koji će omogućiti njegov razvoj. Tradicionalna nastava je organizovana i prilagođena prosečnim učenicima, kako to ne odgovara razvojnim potrebama darovitih učenika trebalo bi napraviti poseban plan i

1 jjokovic94@gmail.com

program koji će biti u skladu sa većim mogućnostima darovitih učenika. Učitelji i nastavnici takođe imaju važnu ulogu u razvoju darovitih učenika jer iako postoji plan i program, nastavnik bira nastavne metode i sredstva koja bi trebalo da budu podsticajne za darovite učenike.

Darovitost sama po sebi nije dovoljna, ona se mora negovati, podsticati kako bi učenici razvili svoj puni potencijal. Daroviti učenici nisu nužno i uspešni u školi. Uzroci neuspeha mogu se ogledati u neadekvatnoj identifikaciji ili u odsustvu identifikacije, zanemarenost od strane učitelja ili nastavnika, korišćenje metoda i sredstava koji nisu prilagođeni njihovim mogućnostima, neodgovarajući plan i program.

Svesni važnosti darovitosti kod učenika, cilj nam je da u radu istaknemo glavne uzroke neuspeha darovitih učenika u školi i detaljnije analiziramo pregledom relevantne literature. Pre svega posebnu pažnju posvetićemo identifikaciji darovitih učenika kao prvom i veoma važnom koraku u njihovom razvoju. Istaći ćemo i značaj organizacije rada sa darovitim učenicima u cilju prevencije neuspeha u školi kao važan indikator i smernice u vaspitno – obrazovnom radu sa darovitim učenicima.

Identifikovanje darovitih učenika

2.1.5. SPECIAL SCHOOLS AND SCHOOLS WITH 'GIFTED CLASSES'

Traditionally, boarding schools that are specialised in educating talented children exist. In recent years, however, more and more special classes and schools – in public and private institutes – are set for intellectually gifted students. Specialised schools or classes can now be found in almost every country.

A gifted child in regular school is nothing special for such a school! It isn't interested, nor even admired by the teachers and co-students, which can have a negative effect upon the gifted child. Instead, when these children are transferred to a special school, many students feel that they have to make an effort, because the level is usually very high and the co-students can also think quickly and are powerful. This condition can lead to self-confidence in the newcomers to be accepted from the very beginning – and under certain circumstances self-confidence can be slightly lower in the long run because of the constant comparison of equality with the gifted co-students. Actually, this is a typical phenomenon that children after being transferred into a gifted class after a short period evaluate their own capabilities somewhat lower, it is no wonder, when they now, after being intelligently superior from most of their co-students for a long time, compare themselves with their co-students.

CONCLUSION

The analysis of the treatment of giftedness in the educational process is complex and layered. Therefore, thoroughness, dexterity and theoretical underpinning are needed for early childhood support when detecting and further progress of gifted children.

Our aim in this thesis was to research the treatment of gifted children in the Federal Republic of Germany, how they are detected and how they progress, what the treatment of these children is. The starting point for this was the approach of the well-known American psychologist Joseph Renzulli, who emphasised the existence of special intellectual abilities in various areas of specific activities.

Every school should have someone who will intensively work on the question of giftedness. It can be a partner for talks with students, with parents, with colleagues, to be consulted and to constantly hand down information about the school and the out-of-school offers for the gifted. It would also be useful, that the school as an institute, regularly be informed on what can be done in the school for the gifted.

The centre for giftedness in Germany (Bildung & Begabung) support the gifted and talented young people throughout Germany through information, specialized conferences and sponsored projects.

The information portal 'Begabungslotse' (www.begabundslotse.de) can serve as a starting point for searching information on giftedness. This internet portal contains a detailed basis of information to search for institutes or educational offers in the field of education based on a number of criteria, such as: Place (throughout the whole world, city or country in Germany), target group, subject or contents (educational institute, promotion of contents, financial support, practical example school, further education, events).

The foundation Karg, founded by the entrepreneur Hans-Georg Karg and his wife Adelheid, support kindergartens, schools and counselling by offering information and qualifications that lead towards gifted children.

The Ministry of Education and Sciences in the Federal Republic of Germany (www.bmbf.de) – from early child education to further education for elderly people – The Ministry of Education and Sciences is dedicated and stands behind their opinion that education is an integral part of every stage of life. It offers early child support, scholarships and national competitions for children and adolescents.

The German society for gifted children (DGHK), (www.dghk.de) founded in 1978 by scientists and teachers is nationally active and a non-profitable association dedicated to the support and promotion of highly gifted children and adolescents. Approximately 4.000 members and their 10.000 children are organised in a total of 15 regional syndicates (which mostly consist of local parents) who organise and coordinate the activities on the spot. Events for children and adolescents, as well as the opportunity for exchange, counselling and information for parents and teachers are just some of the many club activities.

A wonderful picture of giftedness. And, so it often turns out, when a child can develop and progress happily with its extreme talent.

REFERENCES

Brackmann, A. 2017, Beyond the norm - gifted and highly sensitive? Klett Cotta, ISBN 978-3-608-89208-6

Breedijk, J., Nauta,N., Rau,J. 2018, Extremely gifted and very sensitive: gifted young people - what makes them tick what they need?, Beltz, ISBN-13: 78-3407865113

Fitzner, T. 2005, Awesome, disturbed, bored? ADHD, school and giftedness, Beltz Verlag, ISBN 3407221665

Heinbokel, A. 2005, Highly gifted - recognize, problems, solutions, Lit Verlag , ISBN 3825830780

Hollig,H. 2015, Find and support talented children. Berlin, Deutschland

James, T., Webb 2017, Gifted Children - The Great Guide for Parents . Bern,Schweiz

Kevereski,Lj., Nikoloska,N 2007, What kind of teacher do gifted and talented people need? , Kiro Dandaro, Bitola

Kevereski,Lj.,Starc.J. , Stojanovski,M Mentoring the gifted and talented

Vock,H. 2003, Kindergarten pedagogy, Bonn,Deutschland

Winebrenner,S. 2007,
Support particularly gifted children in regular school: Practical strategies for elementary school and lower secondary level (1st to 10th grade), Auer Verlag

https://www.begabtenzentrum.de
https://www.bmbf.de/upload_filestore/pub/Begabte_Kinder_finden_und_foerdern.pdf
https://www.dghk.de/
https://www.gymnasium-herkenrath.de/jahrgange/schwerpunkte/begabtenforderung
https://www.hochbegabten-homepage.de/steckbrief.html
https://www.ipzf.de/eltern-hochbegabte.html
https://www.kindergartenpaedagogik.de/fachartikel/kinder-mit-besonderen-beduerfnissen-integration-vernetzung/hoch-begabte-kinder/1604
https://www.sueddeutsche.de/bildung/foerderung-von-hochbegabten-wer-suchet-der-findet-1.2389199

ВЛИЈАНИЕТО НА СЕМЕЕЈСТВОТ КАКО ФАКТОР ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ВРНИТЕ НАУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА

М-р Драган Ристевски

СОУ Гимназија Јосип Броз Тито

Резиме:

Надареноста и талентираноста претставуваат едни од нај сензитивните психолошки феномени кои предизвикуваат засилен научен интерес поради пред се нивната мултидимензионална детерминиранист и условеност.
Се уште научно е енигматично прашањето за општествените, институционалните и индивидуалните екстракти кои го динамизираат и моделираат талентот кај децата. Овој факт уште поваќе доаѓа до израз кога станува збор реализацијата или остварувањето на врвниот талентот односно премин од потенцијал во највисоки научни перформански. Овој труд има основна тенденција да го актуелизира прашањето за идентифкација на (нај) значајните развојно-динамички фактори кои влијаат врз остварувањето на талентот односно постигнување на исклучително високи научни достигнувања во една или повеќе научниобласти. Научната инспирација на трудот се наоѓа во лонгитудиналните студии на следење и проучување на индивидуланите разлики на Голтоновата и Термановата студија крајот на 19 и почеток на 20 век со кои и психологијата на надареноста добива своја психолошка егзистенција и легитимитет.Теориската основа на трудот е Гарднеровата мултипла теорија на интелигенција со која се тврди дека секој од нас поседува најмалку седум односно девет независни видови на интелигенција кои можат да се развиваат во зависност од .генетските и социјалните фактори. Се очекува по завршување на комплетниот научно-истражувачки процес одредени сознанија да добијат научна верификација и поблиску се идентификуваат клучните детрминанти за остварување на врвните таленти

Клучни зборови: надареност, талентираност, фактори на развој врвни достигувања

Вовед

Од мноштвото прашања со кои се соочуваат теретичарите и практичарите, а се однесуваат на развојот на талентот, прашањата за клучите детерминанти за постигнување на врвни резултати се вистински предизвик. Некои од нив се: Кој е вистинскиот динамизам кој го потикнува, развива и придонесува да се оствари талентот? Кое е вистинското време за развој на телентот? Каде се наоѓа вистинскиот енергентски потенцијал за трансформација на потенцијалот во талент? Кое е вистинското време?

Постојат ли оптиманлни услови за тоа и многу други. Ова е само мал мозаик на прашања со кои се соочуваваат и научниците од голем број на научни, и дсциплини, области и полиња, а секако и родителитеи останатата лаичка јавност. Во трудот се елаборираат три истражувачки прашања низ теориско-емпириски контекст и тоа:

1. Улогата и функцијата на семејството во постигнување на највисоките научни резултати
2. Училишната средина како динамички организациски систем во постигнување на највисоки академски перформански
3. Персонални и други атрибути на личноста како варијабли за највисоки постигнувања

Да се одговори на овие прашања, секако потребно е да се познаваат голем број на теории на развојот, бидејќи тие даваат методолошка рамка за организирано забележување на искуствата, и давање на контекстуална смисла. Со други зборови постојните теории се основа за практично делување бидејќи кога ќе го разбереме развојот, тогаш можеме и да влијаеме на него. Постојат бројни теории за човечкиот развој, но е тешко да се унифицира и генерализира нивното влијание врз развојот на надарените.

Развојни парадигми, динамика, стадиуми, критични точки:

Истражувачкиот интерес на експертите се проширува во проучување на развојот на индивидуата што довело до одредено поместување на општите гледишта и ставови во кои дететсвото се сметало прирпрдно го големи промени, возрасна доба-стагнација на тие промени, а староста период на опаѓање на функциите и спсобностите. Актуечниот концепт на цело-животни промени нуди покомплетна слика з аразвојот на човекот, во фазите кои го опфаќаат целиот животен век. Се семета дека внатре во секој развоен период се случуваат интензивни физички, когнитивнии социо-емоционални промени и пред секоја индивидуа се јавуваат адекватни предизвици. Развојот се смета како повеќедимензионален и повеќестепен процес кој се одвивза под влијание на биолошките, психолошките, социјалните и други детерминанти. Во основа тој развој е пластичен и ако спсобностите со стареење опаѓаат, тој се одвива во различни контекст *кои имаа свои специфики.* (Baltes, Linderberger i Straudinger, 1998; Smith i Baltes, 1999). Се поголем број на автори се дистанцираат од тезата дека развојот престанува во перидодот на адолесценцијата, евидентно едека во првата четвртина од животот се случуваат промени кои најповеќе се однесуваат на луѓето. Ќе изнесеме неколку основни парадигми во науката, кои се занимааат со толкување на развојот. Динамичката перпсектива, ја вклучува теоријата на врзување/приврзаност. Во рамките на овој правен постојата бројни значајни автори од кои ќе ги

споменеме: Sigmund Frojd (Sigmund Freud, 1856–1939), Erik Erikson (Erik Erikson, 1902–1994) i Džona Bolbi (John Bowlby, 1907–1990). Izvor: Berk, E. L. (2008). 1 Za odeljak o razvojnim paradigmama i teorijama korišćeni izvori: Berk, E. L. (2008); Brazelton, B. i Sperou, Dž. (2008); Erikson, E. (1963); Hwang, P. & Nilsson, B. (2000); Kondić, K. (2002); Kondić, K. i Levkov, Lj. (1994); Mitić, M. (2005); Pijaže, Ž., Inhelder, B. (1988).

Развојната динамика на семјеството и нејзината динамика врз високите постигнувања на учениците

Фактот дека со интеракцијата со социјалната средина можат да се бараат и најдат причините за појава на многу посакувани или непосакувани облици на однесување е уште една потврда за значењето на квалитетната интеракција. Во многу ситации во семејната средина во услови на постоење на рестриктивна социјална интеракција со детето неможе да се очекуваат оптимални можности за развој на креативните потенцијали на детето, бидејќи со тоа се занемаруваат базичните потреби за комуникација. Кога зборува за односот на социјалната околина кон децата со развојни и други потешкоти го користи терминот анаклитична депресија со цел да ја опише емоционалната затупеност-отупеност кој понатака според Rater (Rutter, 1996) доведува до забележителни потешкотии во емоционален и социјален план. Така се јавува потреба од афирмација на теоријата на врзување или како што се култивира потребата за љубов дека само таа е потребна за развој а се (all you need is love).

Од оваа едноставна премиса Džon Bolbi (Bowlby, 1988) ја развива теоријата за врзување за која корените се наоѓаат во вродениот нагон на детето да од првиот дена на жиготраен процес вотот бара и обезбеди близина, заштита и сигурност. Овој спеоцифичен, единствен и долорочен процес на врзување е посебен и исклучителен за развој на надареноста и таентраност уште од најмала возраст бидејќи тој донесува задоволство, сигурност, поддршка или спротивното интензивна вознемиреност. Од тука за теоријата на врзување се говори како за теорија на регуалција на афектот или уште за редукција на тензијата која опаѓа или се развива во зависност од капацитетите за врзување на две индивидуи. Продукација од ваквата интеракција се формирањето на обрасци на привираност кои се двонасочни во кои потенцијалот може да се развива во согласност со генетскиот поенцијал. Често се говори дека недостатокот на интерактивните стимулуси доведува до застој на користење на одредени мозочни врски или недоволно користење на веќе постојните (B. D. Perry & E. P.

Hambrick, 2008). Задоволството од емоционалната поврзаност на детето му дава можност за намалување на стресот, развој на самодовербата, позитивна слика за себе, зајакнување на чувството на безбедност, можност за истражување на светот, постигнување на повисок училишен успех, создавање на подлабоки емоционални врски со наставниците, врсниците и училиштето во целина, формирање на позитивни чувства, давање на смисла на животот, балансирање на емоциите, подобри резултати во решавање на проблемите и многу други. Затоа е значајно да се каже дека индивидуалната историја на врзување посебно позитивната дава вистинска предност за постигнување на (нај) високи научни достигнувања. Тоа не води до заклучок дека тоа е „семејство по мерка на детето".

Бројни студии покажуваат дека **првороденото дете** е поуспешно и во предност пред браќата или сестрите кои се раѓаат подоцна. Истражувањето кое го направило Американското министерство за здравство во 1974 година покажало дека првородените деца имаат повисок IQ отоклу после подоцна родените, Тој феномен не е лимитран само во САД, туку резултатите се исти и во Холандија и во некои други држави (Belmond, L. I Morolla, F.A. 1973 str. 1096-1101) според Zlokovic. J., 1998:109). **Бројноста на семејството** во истражувањата е акцентирана како значаен фактор за високите постигнувања. R. B. Zajonc, (1976 str, 227-235) упатува на констатцијата дека децата кои растеле во побројно семејство имаат понизок IQ од оние со помал број на членови. Се тврди дека во побројни семејства мајката е почувствителна на стрес и депресија, тоа неповолно влијае и на развојот и на успехот на децата, а во исто време во такви семејства се намалени интеракциските односи помеѓу членовите.G. Brawn според Rutter, M. 1977:49). **Социо-економскиот статус и образованието на родителите** и можностите за високи постигнувања претставува интерес на голем број експерти кои го проучуваат нивното влијание. Резултатите покажуваат дека низок СЕС кореспондира со неуспехот на децата во училиштето, пониски интелектуални способности, послаби социјални вештини и друго. Пронајдено е дека колку што образованието и СЕС на родителите се повисоки децата повеќе поминуваат во читање, а помалку во други активности. Лонгитудиналната студија спроведена на Кауаи-остров на Хаваите покажала дека степенот на интелектуалната стимулација е поважен предиктор за успехот отоколку СЕС (Walberg, H.J, Marjoribanks, K 1973 str 364-367) според Zlokovic. J., 1998:112). Докажано е дека најголема е корелацијата интелектуалната стимулација на родителите со висината на IQ отколку со

образованието на родителите и нивниот СЕС. Тоа значи дека притисокот на интелектуалност како бројни интелектуални стимулирачки активности кои се забележуваат преку дискусии, провоцирање на рамислување користење на разна литература е многу поважно од нивото на СЕС. Од тука произлегува дека и децата од родители со низок СЕС можат да имаат повисоки постигнувања ако имаат притисок за високи постигнувања со што се доведува во прашање висината на степенот на образованието на родителите. Истражувањата на D. B, De Baryshe, G. R. Tatterson I D. M. Capaldi покажале дека ниското образование на родителите е поврзано со ниско академско постигнување, недисциплина, асоцијално однесување и други облици кај децата посебно во шестто одделение. Можеме да заклучиме дека високото академско постигнување не можеме да го набљудуваме само низ призмата низ овие две социо-психолошки варијабли изолирани од општиот контекст во кој се развива детето.

D. Baumrind уште во 1967 година во своите истражувања потврдува дека постои висок степен на поврзаност помеѓу личноста на родителите и начинот на кој родителите се однесуваат кон децата. Родителскиот однос кон децата има исклучително значење за постигнување на успех, посебно за исклучително високи резултати. Авторот G. R. Patterson и др. . 1992:333) издвојува пет главни аспекти на родителското однесување: 1. дисциплина, 2. проактивно поткрепување, 3. надгледување на детските активности и односите меѓу врсниците, 4. поделба на активностите во семејството, 5. заедничко решавање на проблемите во семејството. Наведените компоненти можат да имаат заедничко влијание врз постигнување на успехот врз детето, а резултатоте влијаат на карактеристиките на сецата на различни начини. Може да се заклучи смета (Злоковиќ, J., 1998:108) дека посебна важност за високи постигнувања на детето имаат емоционалната клима во семејството и стиловите на воспитување на родителите. Важноста на родителските стилови на воспитување и емоционалниот однос родител дете врз успехот и општо врз високите постигнувања ја истакнуваат E. M. Gardner I G.R. Patterson (1989:223-233). Во овој контекст оди и истражувањето на L. Stenberg (1991:19-36) кое покажува дека авторитативните родители имаат деца кои покажуваат висок училишен успех додека ауторитарните и пермисивните родители ги инхибираат високите постигнувања на децата. Значењето на однесувањето на родителите за постигнување на високи резултати го потврдува и студијата на D. Baumrinds, (1991:56-60) кое сигерира две важни димензии на родителското однесување и тоа: топлина и контрола.

Истражувањата на A. C. Erlicka I A. R. Starya, (1979:20:30) покажуваат дека 24% од учениците кои покажувале низок успех изјавуваат дека нивните родители биле екстремно строги, а додека 53% од учениците со одличен успех одговориле дека нивните родители биле умерено строги.

Заклучок

Кога се имаат предвид заклучните констатации од трудот тие можеме да ги претставиме во две насоки. Едната се однесува на заклчучоци кои се резултата на теориската елаборација и анализа на истражувањата, а другата насока се однесува на личните и други сознанија на авторите на трудот.

Во таа смиисла може да се каже дека развојот на талентот е мултифакторски детерминиран и условен, и дека вистинска е енигма да се одгатне кој е најдоминантниот фактор за појава, развој и остварување на врвни достигнувања на талентот. Секако ќе се потврди тезата дека семејството е најодговрниот агенс на социјализација посебно на рана возраст, но и другите релевантни фактори како што се училиштето, врсниците и поширокатa средина заслужни и одговрни пред себе и општеството за макцимален ангажам кој ќе придонесе за остварување на врвните научни постигнувања. Семејството посебно родители со своето однесување се директен мотив за остварување на талентот и постигнување на врвни научни резултати.

Следна потврдна теза е дека наставникот со целокупниот личен и професионален профил го овозможува, поттикнува, насочува и го регулира понатамошното ниво на развој на високите научни перфоманси. Наставникот со своите педагошки, методско-дидактички, социо-емоционални и други компетенции е потенцијален одлучувачки фактор за појава и развој на талентот кај учениците.

Училиштето со својата организациска, педагошка и друга поставеност ги иницира, развива и насочува креативните потенцијали на надарените и талентораните и е максимално одговрни на патот на развоја на талентот од предиспозиции до реализација на талентот.

Посено е за нагласување на констатцијата дека интеракцијата меѓу предходно споменатите фактори и агенси на социјализација е една вистинска формула за постигнување на врвни научни резултати во едно или повеќе области од човековата активност. Отсутвото на еден од офие фактори во социјалната мрежа на влијанија го проблематизира или отежнува развојот и остварување на талентот.

Наведените заклучоци повеќе отвараат отклолку затвараат дилеми со кои се објаснува развојот и наставнивањето на талентот од потенцијал.

Литература

Арнаудова, В. *"Поттикнување и развивање на креативното мислење со техники на дивергентна продукција"*, Просветно дело, Скопје, 1996

Арнаудова, В., Ачковска - Лешковска, Е., *"Ајде да мислиме како да мислиме",* Детска радост, Скопје, 1996

Арнаудова, В., Ачковска - Лешковска, Е., *"Надарено дете"*, Филозофски факултет, Скопје, 2000

Arar, Lj., Rački, Ž., "*Priroda kreativnosti"*, Filozofski fakultet,Odsjek za psihologiju, 2003

Кеверески, Љ., Николоска, Н. *"Каков наставник им треба на надарените и талентираните деца",* Битола, 2007

Maksić, S. "*Podsticanje kreativnosti u školi",* Institut za pedagoška istraživanja, Beograd, 2006

Михајловски, В., *"Основното училиште и надарените деца"*, Педагошки факултет „Гоце Делчев" – Штип, „Биангл", Битола, 2002

Петров, Н., Михајловски, В., *"Креативноста и воспитувањето"*, Биангл, Битола, 1995

Stevanović, M., *"Kreatologija",* EDT, Rijeka, 2002

Кристина Цветаноска
ОУ „Др. Владимир Полежиноски"-Кичево
Професор по Музичко образование
cvetanoskakristina@yahoo.com

КРЕАТИВНОСТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

„Креативноста е неопходен услов за среќен живот на човекот„

Резиме: Креативноста би можела да се дефинира како динамичен човечки феномен, како комуникација со околината, како постојана скепса, како храброст за одење во непознатото и неизвесното, како спремност на ризик, како способност за творештво и создавање на нови оригинални и општествено корисни творби, како можност за самоактуализација и самопотврдување, како пат кон еманципација на личноста, како шанса за индивидуална среќа и социјална благосостојба и како предизвик во смисла на хуманистичка трансформација на иднината. Креативноста се среќава ви различни форми, на пример некоја креативна работа води кон „зголемување„ на постоечките идеи, а друга ја редефинира дисциплината, односно го „пренасочува„ или „преиначува„ самото поле. На пример, Ајнштајн ја реконцептуализирал физиката, а Пикасо ја револуционализирал уметноста. Децата способни за имагинација, местото од каде што тргнува креативниот израз, подобро се снаоѓаат, ја разбираат и се адаптираат на средината во која се наоѓаат. Соодветно, стимулацијата на детето да биде во контакт со својата имагинација и креативен израз ја поттикнува неговата способност за учење и снаодливост. Креативниот израз исто така се раѓа од поголемиот или помал сензибилитет или талент, за одредено креативно изразување.Вродената значи многу, но не е сè. Вложувањето и поддршката се оние аспекти со кои цвета детскиот уметнички израз.

Клучни зборови: креативност, креативнено изразување, талент,

Kristina Cvetanoska
Primary School "Dr. Vladimir Polezinoski" - Kicevo
Professor of Music Education -
cvetanoskakristina@yahoo.com

CREATIVITY IN EDUCATION

"Creativity is a necessary condition for a happy human life"

Summary: Creativity could be defined as a dynamic human phenomenon, as communicating with the environment, as constant skepticism, as the courage to go into the unknown and the uncertain, as willing to risk, as capable of creativity and the creation of new original and socially useful creations, as an opportunity for self-actualization and self-affirmation, as a path to the emancipation of the individual, as a chance for individual happiness and social well-being, and as a challenge in the sense of a humanistic transformation of the future.
Creativity comes in different forms, for example, some creative work leads to "augmentation" of existing ideas, while others redefines discipline, i.e. "redirects" or "redefines" the field itself. Einstein, for example, reconceptualized physics, and Picasso revolutionized art. Children capable of imagination, the place where creative expression originates, are better able to

understand and adapt to the environment they are in. Accordingly, stimulating the child to be in touch with his or her imagination and creative expression fosters his or her ability to learn and be resourceful. Creative expression is also born out of greater or smaller sensibility or talent, for a certain creative expression. The innate ability means a lot, but not everything. Investing and supporting are those aspects with which children's artistic expression flourishes.

Keywords: creativity, creative expression, talent

Вовед

Денес како императив на нашето живеење се повеќе се наметнува неоспорниот факт системот на образованието да ги ослободува креативните потенциајли на човековата свест. Познатиот стручњак за проблемите на образованието Едгард Фор, со право констатирал дека компонентите на креативната работа акцијата и мислењето се парализирани поради искривената визија на човекот и светот, незнаењето, насилствата и колективните психози кои предизвикуваат немоќ и страв од слободата при што акцијата и критичката мисла се уништуваат една со друга. Во тенденциите за современиот систем на образование познатиот стручњак за проблемите на образованието Рихта наведува: "Веќе не станува збор за тоа каква подготовка можеме да му ставиме на човекот во главата или во раката, туку повеќе за тоа што можеме да направиме од секој човек, какви самостојни цивилизациски творечки сили можеме да подготвиме во него за неговиот иден живот".

Во тој контекст и методологијата на педагогијата покрај дескриптивната и експлонаторната функција мора да ја применува и "критичко-ангажирачката функција во нова светлина и футурологија". Така познатиот руски педагог Добров ги наведува се поголемиот степен на подвижност на научното мислење и видно зголемената улога на методологијата на науката со свесно прифаќање на начелата за организираност на творечкиот процес во науката. Мошне индикативно е и следното објективно и предупредувачко искажување на познатиот полски педагог Суходолски: "Досегашните училишни системи во доволна мера не ги експлоатираа природните резерви на способностите кои постојат во општеството... Педагогијата на припрема за животот повеќе беше насочена кон општествената условност на професијата, создавање на подеднакви можности за користење на просветата од сите, но таа не го покрена проблемот на експлоатација на општествените реформи на надареноста".

Проблемот на воспитување на креативноста во нашите училишни средини е актуелен и поради мошне големите кадровски, економски и други промашувања, така што нејзиното развивање и ставање во служба на современата настава ќе значи и огромен чекор напред во надминување на веќе присутната инертна атмосфера во нашите училишни средини, видно намалениот работно-стручен ентузијазам кај наставниците и се поприсутната немотивираност и наставна фобија кај поголемиот дел ученици. Неоспорно дека вложувањата и на минимални средста во поконкретно афирмирање и примена на покреативен Воспитно-образовен стил во нашите училишни средини, повеќеструко ќе му се врати на нашето веќе заморено општество желно за продуктивни творци во сите области од нашето живеење.

Дефинирање на поимот креативност и креативна настава

Истражувањето за креативноста се спроведува повеќе од 50 години, но креативноста сеуште останува мистерија. Како кај интелигенцијата така и кај креативноста , постојат повеќе дефиниции истакнувајќи ги спознајните аспекти на креативноста, личноста, социјалните фактори и развојната еволуција (Runco & Dess, 2001: Stenberg 2004.)

Стернберг (2001) истакнува дека, и покрај нивната варијабилност , дефинициите за креативноста имаат заеднички висок квалитет, нови производи. На пример, некоја креативна работа води кон „зголемување„ на постоечките идеи, а друга ја редефинира дисциплината,

односно го „пренасочува„ или „преиначува„ самото поле. На пример, Ајнштајн ја реконцептуализирал физиката, а Пикасо ја револуционализирал уметноста.

Според поширокиte критериуми творечкото мислење претставува секој мисловен ток кој доведува до нови решенија, кои не се едноставна копија на поранешните сопствени или туѓи решенија.

Според Озимец под креативност се подразбира творештво со кое се создава нешто ново кое вклучува решавање на проблеми на свој начин и откривање на непознатото. Креативноста според истиот автор се засновува на досетливост, проникливост, творечка фантазија, дивергентно и флексибилно мислење, а плодовите на креативниот процес се оригиналните дела, рационализацијата, творечките дела.

Креативноста е црта на личноста која нормално се дистрибуира кај сите деца како способност кај некои во поголема кај некои во помала мера, како стил на животот. Ќе наведеме само дел од авторите кои ја дефинираат креативноста. Така Дамјановски креативната активност ја претставува како "неопходен услов за среќен живот на човекот. Нејзиното развивање е едно од вредносните средства во создавањето на погодна животна атмосфера, ментално здравје и способност за совладување на дневните напнатости и проблеми". Познатиот САД психолог Торенс кретивноста ја дефинира како "процес преку кој личноста станува свесна за некој проблем, тешкотија или недостаток во знаењата, за кое не може да најде научено или познато решение, па личноста бара можни решенија поставувајќи и проценувајќи хипотези, нивна проверка и соопштување на резултатите". Според Колка "креативноста е комбинација на флексибилност оригиналност и осетливост на духот кон идеи, која му овозможува на поединецот да се отргне од вообичаените калапи на размислување и делување и да бара сопствени патишта за решавање на проблемот или изразување на чувствата и мислите". САД психолог Гилфорд за креативниот склоп на личноста нагласува дека тој се манифестира во креативното однесување кое опфаќа откривање, скицирање, пронаоѓање, класифицирање, планирање. Според Валах и Коган креативноста е способност за продукција на многубројни и ретки асоцијации; со креативноста личноста се впушта во ново и непознато што секогаш не води и кон триумф, туку и кон неуспеси, промашувања и конфликтни ситуации.

Во воспитно-образовната работа терминот креативност се поистоветува со креативно знаење, креативно мислење, креативна настава, творечка настава. Во тој контекст Филиповиќ истакнува: "Творечката настава е универзален култиватор на животот и работата, средствата и организационите форми во разработување на креативните потенцијали кај учениците и наставниците... креативноста во наставно-воспитната работа не може да се гледа одделно на една страна на учениците, а на друга страна на наставниците". Укажувајќи дека наставата е творечки процес, Мајл истакнува "Стимулирање на педагошката креативност во одделението и потикнување на заедничкото вреднување". И авторот Мандиќ во својот труд "Иновациите во наставата", една од битните задачи во наставата ја истакнува "максималната развиеност на инвентивноста и креативноста на наставниците и учениците". Со цел кај учениците да констатира на што му асоцира терминот креативност, Медник спровел испитувања и го добил следниот редослед од страна на испитаните ученици:

- оргинално
- нешто ново
- необично
- надареност за откривање и интелегенција

Креативен воспитувач, наставник-креативни деца, ученици

Современата настава и новите наставни модели за истражувачка и креативна настава иницирани од научно-технолошкиот развој ја наметнаа и неопходноста од "образување, профилирање и формирање на креативен воспитувач, наставник".

Поради неоспорниот факт дека наставничката дејност е пред се творечка и истражувачка во секојдневното решавање на различни педагошки проблеми и содржини, ќе се обидеме да наведеме некои од битните претпоставки во примената на покреативен воспитно-образовен стил од страна на воспитувачите на младите генерации во нашата држава-Република Македонија:

-што побрзо надминување на "наследениот менталитет кој за се го окривува општеството и очекува готови решенија од државните органи, како и сестрано образовани способни просветни работници на кои младите ќе им веруваат по логиката на личниот пример, животната доследност и сооднос на зборовите и делата";

-основање на педагошки лаборатории при катедрите, педагошките академии и основните училишта за хоспитирање и изведување на истражувачка експериментапна настава во непосредна корелација со Институтот за Педагогија и Психологија-Скопје.;

-наставникот се повеќе да е "коментатор кој повеќе ќе толкува објаснува и поттикнува", а "помалку да предава готови информации", како и што повеќе наставниците да бидат "воспитувачи одколку специјалисти за пренесување на однапред утврдените наставни програми";

-наставникот се повеќе да е "инспиратор за учење", "терапеут кој со додатни облици ќе им помага на учениците да постигнат успех", како и во улога на "организатор" на современа настава која не може да се замисли без воспитување на креативноста кај децата, учениците;

-наставникот да креира наставни ситуации кои ќе ги развиваат кај децата и учениците мисловните процеси и ќе го "поттикнуваат креативното поведение, да помага во пронаоѓање и формулирање на наставни проблеми и во ниеден момент да не дозволи да завладее стихија и анархија што може да го успори развојот на творечките способности", како и да му дава што поголема слобода напоредно со неговото созревање и со педагошки такт и умеење да ги стимулира сите ученички истражувачки активности како во училишната така и во вонучилишната сфера.

Во интерес на видно усовршување на педагошко-психолошката култура кај наставниците, меѓународното здружение на педагозите и психолозите при УНЕСКО ги изнесуваат следните карактеристики на креативните наставници:

- интелектуална флексибилност, потврдена педагошко-методска вредност, висок степен на самокритичност и самостојност во работата, стремеж за перманентно сопствено стручно усовршување. Способност за правовремена висока мотивација преку предизвикување на проблеми во наставната работа, висока педагошка продуктивност, постојана креативна експлорација и трајна работна и научна флексибилност во рамки на дидактичкиот триаголник: ученик-наставно градиво-наставник, докажана способност за продуктивно прилагодување на барањата на конкретната педагошко-психолошка ситуација во воспитно-образовниот систем, критичност и самокритичност кон сите застарени форми и сфаќања за општествените и научните токови и афинитет кон т.н. педагошка футурологија.

Во контекстот на заложбите на наставниците за креативна настава, ги наведуваме особините кои треба да ги поседуваат наставниците според мислењето на надарените ученици: "висока интелигенција, добро познавање на својот предмет, широка општа информираност, креативност, еластичност на духот, демократски однос со децата, и смисла за хумор".

Битни предуслови и фактори во развојот на креативноста

Во најопшти црти можат да се наведат неколку битни претпоставки без кои ие може да се замисли било какво појавување, натамошно развивање на креативноста како општочовечки значаен потенцијал во општата благосостојба на соодветната држава.

Ќе ги наведеме следниве значајни фактори во развојот на креативноста:

1. Творечко размислување
2. Креативна имагинација
3. Слобода на креативната мисла т.е. отстапување од вообичаеното и впуштање во необично и нестандардно однесување и размислување во активниот однос на сознанијата за светот и проблемите во него.
4. Стимулирање на што поголеми разлики во мислењето
5. Почитување на Сократовската мисла: "Јас знам дека ништо не знам"
6. Почитување на општото животно правило дека "Се е релативно" - Ајнштајн т.е. дека поединецот не треба на ништо безрезервно да му верува па било тоа да се однесува и на најдобри научни аргументирања
7. Факторите на личноста на поединецот
8. Стимулирање на индивидуалното и тимското учење, и работата во групи,
9. Присуство на емотивната компонента во секој вид на творештво;
10. Поволните прилики во соодветната општествена средина;
11. Постоењето на надворешните фактори во општеството
12. Структурата на кадровскиот потенцијал, и квалитетот во начинот на водење на организацијата на работа во стопанството и нестопанството на соодветното општество.
13. Поттикнување на инвентивноста и способност за толеранција и отстранување на непотребните блокади, препреки
14. Присуство на творечка клима во семејството.

Заклучок

Врз основа на досегашниот преглед, креативноста би можела да се дефинира како динамичен човечки феномен, како комуникација со околината, како постојана скепса, како храброст за одење во непознатото и неизвесното, како спремност на ризик, како способност за творештво и создавање на нови оригинални и општествено корисни творби, како можност за самоактуализација и самопотврдување, како пат кон еманципација на личноста, како шанса за индивидуална среќа и социјална благосостојба и како предизвик во смисла на хуманистичка трансформација на иднината.

Децата способни за имагинација, местото од каде што тргнува креативниот израз, подобро се снаоѓаат, ја разбираат и се адаптираат на средината во која се наоѓаат. Соодветно, стимулацијата на детето да биде во контакт со својата имагинација и креативен израз ја поттикнува неговата способност за учење и снаодливост. Кога како родители ние гледаме во детската имагинација и игра, ние гледаме во нивниот внатрешен свет затоа што фантазиите се одраз на детското чуствување на контекстот..

Креативниот израз исто така се раѓа од поголемиот или помал сензибилитет или талент, за одредено креативно изразување. Вродената значи многу, но не е сè. Вложувањето, поддршката и видливоста се оние аспекти со кои цвета детскиот уметнички израз.

Не е потребно да ги имаш најновите боици, медиумот за уметничко изразување може да биде кој било сè додека постои желба, посветеност и поддршка (Живановиќ 2017).

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Елизабет А. Џордан - „Образовна психологија„ Тетово, 2017

[2] Др. Никола Петров – „Креативноста и воспитувањето„ Битола, 1994

[3] Д-р. Борислав Стевановиќ „Педагошка психологија“ Просветно дело, Скопје, 1963

[4] Верица Стаменова – Трајкова „Психологија“ Универзитет Св Кирил и Методиј, Скопје, 1995

[5] Славица Максич – „ Подстицање креативности у школи„ Институт за педагошка истраживања , Белград 2006

[6] https://www.creativityatwork.com/2014/02/17/what-is-creativity/

[7] Кевересқи Љ. – Николоска Н. „ Каков наставник им треба на надарените и талентираните деца„ 2007, Битола.

[8] https://deca.mk/kolku-e-vazhno-kreativnoto-izrazuvane-vrz-razvojot-na-detsata/

Проф. д-р Мирослав Пендароски
Меѓународен Славјански Универзитет – "Гаврило Романович Державин", Свети Николе, Битола, Р. Северна Македонија
m.pendaroski@yahoo.com

ДИЈАЛЕКТИКА НА ЕДНА ПОСЕБНОСТ: СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНИТЕ АСПЕКТИ И НИВНАТА ДВОЈСТВЕНОСТ ВО ИНТИМНИОТ И СОЦИЈАЛНИОТ ЖИВОТ НА НАДАРЕНИ ДЕЦА И МЛАДИ

Апстракт

Во самата своја суштина и според самата своја природа, надареноста со сите свои когнитивни, социјални, афективни и културални аспекти, претставува сложен научен и апликативен проблем на денешницата а секако и интересно поле за истражување. Во овој труд акцентот е ставен на суштинска психолошка анализа и теоретска длабинска разработка на социо-емоционалните аспекти на надареноста, особено нивната негативна или потенцијално патолошка страна, со акцент на емоционалните реперкусии кои надарените ги чувствуваат во својот социјален живот. Обемот на трудот не дозволува широк дијапазон на анализа, па затоа акцентот е ставен на научно поддржана елаборација на неколку значајни аспекти на социо-емоционалната област на личноста на надарените деца и млади: тенденцијата кон депресивност, перфекционизмот кај надарените, социјалната адаптираност, социјалната анксиозност и др. Една од најзначајните карактеристики на овој труд е во тоа што авторот дава свој индивидуален печат како психолог теоретичар и практичар, спротивставувајќи ги низ дијалектичката парадигма, двојствените особености на надареноста од аспект на нејзиниот социо-емоционален потсистем.

Клучни зборови: ***надареност, депресија, перфекционизам, анксиозност, социјална прилагоденост***

Miroslav Pendaroski, PhD, International Slavic University – "Gavrilo Romanovich Derzavin", Sv. Nikole, Bitola, R.N. Macedonia; m.pendaroski@yahoo.com

Dialectics of one specificity: socio-emotional aspects and their duality in the Intimate and social life of gifted children and young people

Abstract

At its very essence and by its very nature, gifting in all its cognitive, social, affective and cultural aspects is a complex scientific and applied problem of today and certainly an interesting field of research. In this paper the emphasis is placed on the essential psychological analysis and theoretical in-depth elaboration of the socio-emotional aspects of gifting, especially their negative or potentially pathological side, with emphasis on the emotional repercussions that gifted people feel in their social life. The scope of work does not allow for a wide range of analysis, so emphasis is placed on scientifically supported elaboration of several important aspects of the socio-emotional area of gifted children and young people: tendency for depression, gifted perfectionism, social adaptation ect. One of the most significant features of this paper is that the author gives his own individual stamp as a psychologist theorist and practitioner, contrasting through the dialectical paradigm the dual attributes of gifting in terms of its socio-emotional subsystem.

Keywords: *Giftedness, Depression, Perfectionism, Anxiety, Social Adjustment*

Вовед

За надареноста одамна се зборува и денес таа не претставува никаква недофатлива научна мистерија, ниту пак некаква псевдо-научна конструкција која е обвиткана со недокажаности од основен вид. Имено, оваа појава е истражувана од многуте свои аспекти, уште од времето кога се сметаше за еднодимензионален феномен, воглавно поврзан со коефициентот на интелигенција, па се до поновите концепции кога се увиде дека таа всушност, претставува типичен мултидимензионален научен феномен. Особено некои дефиниции, како онаа на Чудина-Обрадовиќ, ја истакнуваат таа мултидимензионалност и особеност, велејќи дека – надареноста претставува необичност, изврсност во однесувањето, која се огледува во поквалитетниот, подобриот и позначајниот резултат или продукт во споредба со оној кој го постигнуваат останатите поединци со слични карактеристики (Čudina- Obradović, 1991, 9) Ако ја погледнеме и дефиницијата на Американската Асоцијација за надарени деца, под терминот *надарен* се опишува распонот на еден поединец кој покажува, или има тенденција да покаже изврсно, особено ниво на постигнување во едно и/или повеќе подрачја. Тие подрачја, пред се, опфаќаат: општа интелигенција, специфични академски способности, креативно мислење, способност за водство, како и уметнички и психомоторни способности (Webb et al., 2010, 47) На оваа определба, а од аспект на мултидимензионалноста се надополнуваат и проширените определби на Ренцули во кои се наведува дека надареноста, всушност, произлегува од меѓусебното дејство на низа особини на поединецот кои вклучуваат: натпросечни општи и специфични способности, особини на личноста, особено големата посветеност на задачата (мотивација) и голем степен на креативност (според: Čudina-Obradović, 1991, 20) Освен личносните карактеристики и когнитивните способности, надарените поединци покажуваат и специфични интереси, изразена насоченост кон целта (целисходност) (Cvetković Lay, Sekulić Majurec, 2008, 22-23) Винер (Winner) се надоврзува истакнувајќи дека надарените деца имаат три карактеристики атипични за просечните деца: 1. *Рано созревање* (во многу аспекти порано созреваат од другите деца); 2. Надарените деца се *самостојни* (квалитативно поинаку учат и осознаваат од останатите деца и самостојни се во тој процес) и 3. Надарените деца покажуваат *занос во совладувањето на вештините, поседуваат многу интензивен интерес за одредено подрачје и се многу силно внатрешно мотивирани* (според: Cvetković-Lay, 2002, 37-38) На сиве овие особини се надоврзуваат и уште други кои се од емоционалниот и социјалниот аспект, какви што се: осетливост на занемарување и неприлагодено/асоцијално однесување, агресивност, досада, но и развиена емпатичност (Cvetković Lay, Sekulić Majurec, 2008, 35, 44); неприфаќање и социјална отфрленост и изолација (Cvetković-Lay, 2002, 104; Čudina-Obradović, 1991, 95-97); перфекционизам, компетитивност и тенденција кон ривалство (Čudina-Obradović, 1991, 95-97); како и изразена фрустрираност и претерана сензитивност (Čudina-Obradović, 1991, 95) и др.

Ако на миг ги погледнеме овие определби, тогаш со сигурност ќе заклучиме дека надареноста недвојбено ја потврдува сопствената мултидимензионалност. Детална анализа нè води до категоризација на особеностите во неколку категории аспекти:

- Интелектуални (општа интелигенција, специфични способности, специфични академски способности, креативно мислење, уметнички способности итн.)
- Мотивациони (посветеност на задачата, високо ниво на мотивираност, разновидни и специфични интереси, изразена насоченост кон целта, занос и огромен интерес, внатрешна мотивираност)
- Емоционални (емпатичност, претерана осетливост, фрустрираност, агресивност, депресивност и др.)
- Социјални (нерилагодено и агресивно/асоцијално и антисоцијално однесување, социјална изолација и др.)
- Личносни (специфични особини на личноста, перфекционизам)
- Развојни (рано созревање и самостојност)
- Психомоторни (способност за надпросечно изведување психомоторни активности, брзо учење на психомоторни дејства и др.)

1. Перфекционизам кај надарените и неговата социо-емоционална компонента

Многу истражувања, довеле до заклучок дека перфекционизмот е честа појава кај надарените деца (Webb, Meckstroth i Tolan 1982., според: Heller и сор., 2000) Она што е интересно е дека уште одамна Терман (1925) а подоцна и други (Galucci, 1988., Richardson i Benbow, 1990., според: Flett, Hewitt, 2002), наспроти тврдењата за перфекционизмот кај децата и младите, покажале низ истражувања дека надарените деца се

подобро социјално прилагодени, а што оди наспроти многу подоцнежни па и денешни тврдења дека надарените се предиспонирани да развијат перфекционизам кој потоа ќе доведе до депресивност, слаба социјална адаптација, тенденција кон самоубиство, изолација, пореметувања во исхраната и низа други бихејвиорални пореметувања. Сепак, постојат и низа спротивставени тврдења дека перфекционизмот ќе ги поттикне здравите и позитивни потреби и мотивацијата за постигнување повеќе отколку асоцијалните и маладаптивни однесувања (според: Flett, Hewitt, 2002).

Ако сега овде ја погледнеме определбата на перфекционизмот како – *поставување на високи внатрешни стандарди и настојување тие да се исполнат а што води неизбежно кон високи постигнувања* (според: Cvetković-Lay, 2002, стр. 145), тогаш ќе можеме да го кажеме следното. Имено, во самата дефиниција е содржана една сосема индивидуалистичка и субјективна димензија, а тоа е фактот дека надарените самите себеси си поставуваат повисоки стандарди, најмногу заради фрустрацијата што доаѓа, поради тоа што, општоприфатените и социјално наметнати стандарди за нив се лесно достижни и остварливи. Ако се вратиме на воведот ќе се присетиме дека кај многу од надарените се среќава едно специфично чувство на досада предизвикано токму од недостатокот на надворешна мотивација, т.е. предизвик кој е сочинет во околностите и задачата. Нашата анализа нѐ води до еден заклучок дека перфекционизмот се создава низ воспитување на еден немирен дух кој е незадоволен поради ниско поставените задачи, стандарди и предизвици, а поради што, поединецот, самиот мора да ја подигне лествичката на предизвикот. Ова би нѐ довело до значаен заклучок за генезата на тоа како настанува перфекционизмот, бидејќи би било наивно и ненаучно (после сите истражувања докажано е дека не постои цврст доказ за вроденост или предиспонираност кон перфекционизам) да веруваме во типичната предиспонираност на перфекционизот кај надарените. Значи, во иднина е потребно да се насочиме кон истражување на воспитната, само-воспитната и еволуциската компонента на перфекционизмот како производ на три елементи:

1. **Воспитно-идентификациски** елемент на перфекционизмот
2. **Само-воспитен/самодетерминирачки** елемент на перфекционизмот и
3. **Еволуциски елемент** на перфекциомизмот

Кога би говореле за *воспитно-идентификацискиот* елемент, би требало да се наведе дека тоа е елемент кој произлегува од воспитната улога на родителите кои потенцирале или не потенцирале, предложувале, поддржувале или непредложувале, односно не поддржувале перфекционистичко поведение. Од друга страна пак, идентификациската страна на овој елемент би не одвела во значењето на тоа дали родителите/старателите/воспитувачите со своето однесување биле или не биле модел за идентификација со перфекционистичко однесување. *Само-воспитниот* или *самодетерминирачкиот* елемент во себе ги содржи сопствените тенденции, само-воспитувања кон перфекционистичко поведение од страна на самото надарено лице. Ова е мошне значаен елемент кој оди во прилог на тврдењата погоре наведени околу тенденцијата перфекционизмот да се подразбере како тенденција кон поставување на високи стандарди и нивно исполнување. Може да се претпостави дека самото чувство на перфецкионизам во однесувањето и/или личноста а кое од друга страна е поттикнувач на мотивацијата поради подигнатите стандарди, ќе претставува своевидна сопствена движечка сила кон уште поголема мотивација да се биде перекционистичен а со тоа и далеку од стандардите на другите, на општата популација. Третиот елемент, *еволуцискиот,* е веќе во сферата на разбирањето на перфекционизмот како последица на една долга човекова бихејвиорална, личноста и когнитивна еволуција, при која низ времето перфекционизмот преживеал, општо земено, бидејќи, најверојатно на надарените луѓе во минатото им било мотивација да продолжат да творат и да се чувствуваат искористени. Од индивидуална, идиосинкратична гледна точка земено, перфекционизмот, најверојатно, преживеал само кај индивидуите кои биле надарени и на кои општите стандарди на дамнешното живеење на примитивниот човек, не им биле доволен предизвик за сопствен развој и исполнетост.

Откако ги разгледавме предложените аспекти/елементи на перфекционизмот, потребно е да потенцираме дека, како и кај речиси сите сложени социо-психолошки феномени, така и кај перфекционизмот, постојат две внатрешно-дијалектички компоненти:

1. **Позитивна компонента** на перфекционизмот и
2. **Негативна компонента** на перфекционизмот

Некои истражувања недвојбено го покажуваат тоа (Parker, 1997., според: Flett, Hewitt, 2002), наведувајќи дека по ретестирање по четири години, некои надарени деца од групата на позитивен перфекционизам

прешле во групата на маладаптивно перфекционистичко однесување. Може да се заклучи дека не може со сигурност да се изведе заклучок за т.н. позитивен или т.н. негативен перфекционизам низ времето, тукуд дека перфекционистичкото поведение флуктуира согласно возраста, социјалните околности, развојот на личноста и други фактори, т.е. дека тоа е сложен, мултидимензионален феномен, впрочем, каква што е и самата надареност, особено во оваа возрасна категорија (деца и млади), кај кои психосоцијалниот и психосексуалниот идентитет сеуште не е дооформен. За да утврдат дали перфекционизмот е позастапен кај надарени деца, како и да утврдат дали постојат полови разлики, Паркер и Милс (1996, според: Siegle, Schuler, 2000) на примерок од 600 надарени ученици од шесто одделение им го задале тестот МПС (Multidimensional perfectionism scale, Frost 1990) и ги споредиле резултатите со 418 врсници со висок социоекономски статус. Резултатите покажале дека разликата била многу мала и дека контролната група била со малку повисоки резултати на перфекционизмот. Освен тоа, резултатите покажале дека не постојат статистички значајни разлики меѓу момчиња и девојчиња (Grabar, 2005, str. 33, 34)

2. Тенденција кон депресивност кај надарени деца и млади

Депресивноста сама по себе е многу комплексна и мултидимензионална појава, исто како и надареноста. Во овој труд ќе зборуваме за депресивност а не за депресија како заболување и психичко невротично или психотично растројство, од причина што сакаме да ја истакнеме поширокаата димензија на овој сложен феномен. Постојат многу научни докази, но и докази од клиничката пракса, дека кон депресија повеќе се склони категории луѓе кои се различни од другите по повеќе аспекти: надарени, интровертни, креативни, луѓе со специфична когнитивна шема итн. Уште одамна, Терман истакнувал дека колку што е поголем коефициентот на интелигенција кај човекот, толку е поголема шансата за социјална неприлагоденост, а тоа прави тој да е посклон кон депресивни состојби, најмногу поради осаменоста (според: Ćingo Huan Mare, 2017). Чинго Хуан Маре, психотерапевт, наведува 4 причини според кои поинтелигентните и понадарените луѓе се посклони кон депресија: 1. *Коефициентот на интелигенција*; 2. *Интровертноста* (таа е правопропорционална со висината на интелигенцијата и овие луѓе во најмала рака се помеланхолични); 3. Надарените луѓе се *поемотивни и посензитивни* и 4. *Докажаната врска меѓу креативноста и менталните болести.*

Ако ја погледнеме оваа определба, веднаш се забележува дека сите овие особености што ги прават надарените посклони кон депресивност и депресивни епизоди, имаат нешто заедничко – тоа е квантитативно поизразената вредност како на интелигенцијата, така и на емотивноста и сензитивноста, интровертниот став и поголемата вулнерабилност (ранливост) на ментални заболувања. Може многу да се теоретизира околу ова комплексно прашање, но како најбазичен заклучок, може да се наведе дека самиот факт што овие луѓе се издвојуваат од останатата популација, ги прави поподатливи на едно само-чувство на посебност, изолираност, неразбраност и поинаква перцепција од страна на околината, особено онаа која не е на доволно високо интелектуално и емоционално ниво за да може соодветно да ја разбере природата на нивната личност.

Ако се навратиме на Терман, ќе видиме дека уште тогаш, според едно негово лонгитудинално истражување, се покажало нешто спротивно од тврдењата погоре навадени, т.е. дека децата со високи академски способности се и подобро адаптирани, имаат поширок интереси, создаваат повеќе пријателства и имаат поуспешна кариера од просечните (според: Cvetkovic – Lay, 2002) Сепак, постојат и спротивни докази дека иако, надарените деца подоцна во животот подобро емоционално и социјално се адаптираат, постои мал но значаен процент на оние од нив кои во возрасното доба страдаат од разни емоционални пореметувања какви што се анскиозност, депресија и др. На пр., едно истражување на Блум и соработниците (Bloom, 1985, според: Cvetkovic – Lay, 2002), во кое се барал одговор на прашањето како изгледало раното детство на 120 луѓе со врвни светски достигнувања во спортот, музиката и науката, покажало дека најважно во постигнувањата било раното препознавање на талентот, дарбата и поддршка на истите од страна на родителите, семејството. Блум открил мал, но повторно значаен процент на надарени деца кои имале сериозни психички потешкотии (анксиозност, депресија и др.). Еден од важните заклучоци е дека причините за депресивноста и другите психички пореметувања кај надарените не се разликуваат од причините кај другата популација и дека тие се врзани со конфликти во семејството, семејна патологија и др. Сето ова нѐ наведува на дилема и прашање, ако е така, тогаш колкав е процентот со кој надареноста самата по себе каузално дејствува врз појавата на депресивност? Тешко е да се даде одговор на ова прашање од повеќе причини. Прво, не можеме во реалниот живот така едноставно да ги

разграничиме дејствата и влијанијата на генетскиот фактор, семејното воспитување, влијанијата на околината и другите релевантни варијабли кои секако имаат голем удел во појавата на депресивноста. Второ, индивидуалните разлики кај надарените луѓе се поголеми од личносните и семејните сличности меѓу нив, токму поради специфичноста на оваа популација, различните животни искуства а и поради комлкесноста на самата индивидуална форма на надареност. Трето, контрадикторните наоди од многуте истражувања кои одат во крајности – или се покажува дека надарените навистина значајно се посклони кон депресивност или пак дека тие се подобро социјално адаптирани, имаат успешни кариери и др., што секако дејствува различно врз состојбата на депресивност. Четврто, влијанието на воспитувањето и семејната рана поддршка (која несомнено е многу важна) и успехот на надарените кои се развивале во такви услови кој следи, не се доказ дека кај тие луѓе нема да се јави подоцна во животот состојба на депресивност. На крај на краиштата самиот факт на успехот не е доказ и факт за менталното здравје и добросостојба кога знаеме од клиничката пракса дека и најуспешни луѓе кои ја уживале сета поддршка како од семејството така и од поширокатa околина, сепак подоцна во животот развиле социјална неадаптираност, социјална анксиозност па и депресија.

Кајсер и Берндт (1985, според: Vidovic, 2000) испитувајќи ги надарените адолесценти од 14 до 17 години, дошле до наоди дека кај овие надарени млади се среќава нешто малку повеќе депресивност и осаменост во споредба со контролните групи, но податоците не биле статистички значајни. Исто така и во истражувањето на Бумбер (2003) се дошло до заклучок дека не постои статистички значајна разлика во депресивноста меѓу надарени и ненадарени ученици. Оваа студија утврдила и дека нема значајна разлика меѓу машките и женските ученици по прашање на депресивноста.

Се на се, може да се заклучи дека повеќето студии заклучиле дека не постојат статистички значајни разлики во степенот на депресивност кај надарените и просечните деца и млади, но дека сепак постои одредена разлика која не смее да се занемари. Овде би направиле и мала анализа на ова прашање. Имено, значајноста не секогаш лежи во бројките, статистиките и процентите, односно, во овој случај, сметаме дека позначаен е фактот дека таква разлика постои и дека не треба да биде занемарена. Зошто ова прашање е важно и покрај незначителните разлики во процентите?! Значајноста на овие мали разлики се наоѓа во прашањето која е причината за таа разлика, и, зошто, поради што надарените се посклони кон депресивност и ментални заболувања?! Која е основата кај оваа популација која од социо-психолошки аспект ги зголемува шансите за јавување на депресивност кај нив? Може да се издвојат неколку претпоставки кои произлегуваат од деталната анализа на овие прашања а доаѓаат како од истражувањата така и од клиничката пракса во работа со деца и млади кои се надарени. Тоа би биле следниве претпоставки:

- Надарените се застапени во многу мал процент во општата популација и со самото тоа тие се видливи, препознатливи и издвоени од/за околината, што го зголемува нивното чувство на различност кое понекогаш ги води во еден од двата екстреми: чувство на посебност, гордост и самодоверба или пак чувство на осаменост, изолираност, неразбраност итн.
- Високиот коефициент на интелигенција, свесноста, како и специфичната перцепција на стварноста кај надарените создаваат појасна слика за појавите во нив самите и во околината а што повратно е можно да дејствува во правец на деилузионираност за светот и луѓето, состојби на разочараност, очај и сл., како и чувство дека другите не би ги разбрале или на нивните перцепции и разбирања на појавите чудно би гледале и би ги сметале за поинакви, дека живеат во друг свет и др. Сето ова повратно дејствува врз зголемување на чувството на очај, беспомошност, неразбраност и осаменост, кои пак од друга страна се аспекти и елементи на една депресивна состојба и светоглед.
- Надарените деца и млади порано созреваат емоционално а со тоа се доведуваат во ситуација многу пред своите врсници да разберат како функционираат афективните појави и односи меѓу луѓето. Оваа комплексна меѓузависност на свесноста, емоционалната рана зрелост, посебноста и индивидуалитетот, кај овие лица доведуваат до, условно речено, прерана изживеаност, искусност и сфаќање на суштината на сложените социо-психолошки и емоционални појави, што потоа придонесува повторно кон чувство на издвоеност од останатите.
- Неразликувањето кај поширокатa популација околу прашањето кое дете е надарено а кое е трудољубиво и само многу учи, придонесува кон тоа другите деца на надарените да гледаат со потсмев, да ги нарекуваат бубалици и сл., а, што се подразбира, придонесува овие деца да бидат избегнувани, навредувани, напаѓани, изолирани, па дури и игнорирани. Овие поведенија на

околината придонесуваат надареното дете/ученик да се почувствува исфрлено и дискриминирано.

- Надарените деца и млади имаат многу различни интереси и мотиви од своите врсници со што тие всушност, немаат погодна средина каде што би биле разбрани, прифатени и каде би можеле да најдат сродни души, пријатели и поддржувачи. Обично, другите деца на нив гледаат како на чудни, поинакви, аутистични и сл., поради што ги избегнуваат, а тоа кај надарените деца предизвикува одредена форма на депресивност, не толку заради неприфатеноста колку поради неразбраноста. Многу е важно на ова место да се истакне дека кај надарените деца и општо луѓе, не е толку изразен мотивот за дружење и припаѓање, но, она што придонесува кон депресивни чувства и состојби е повеќе нивното неприфаќање од околината такви какви што се. Поради сето тоа, некои од надарените деца и млади, особено оние поемотивните, помислуваат дека нешто не е во ред со нив, дека се чудни, неадаптирани и сл., а кое што секако повратно влијае на едно чувство на осаменост, тага и депресивност, проследено со апатично однесување и уште поголемо повлекување во социјалните односи и општествените текови. Со тоа повратно се зголемува интровертираниот став кон околината и се поголемата само-изолација. Тој маѓепсан круг треба многу повеќе научно да се истражи за да дојдеме до поверодостојни и позначајни резултати по ова прашање.

На крајот од овој дел сосема е јасно дека депресивноста произлегува не толку од сопствените ставови, мислења и чувства за себеси кај надарените, туку повеќе од социо-психолошките варијабли поврзани со перцепцијата и (не)прифаќањето од околината. Токму затоа, во последната глава што следи ќе стане збор за социјалната анксиозност кај надарените која е тесно поврзана како со депресивноста така и со перфекционизмот кај оваа популација.

3. Социјална анксиозност кај деца и млади надарени

Од низата истражувања во областа и од достапните теоретски концепции, може да се заклучи дека по прашањето за социјалната анксиозност кај надарени деца и млади, се издвојуваат две категории наоди и концепции:

- Наоди кои говорат во прилог на тезата дека надарените деца и млади се подобро социјално адаптирани и помалку социјално анксиозни и
- Наоди кои говорат во прилог на тезата дека сепак, надарените деца и млади послабо социјално се адаптираат и покажуваат повисоко ниво на социјална анксиозност и неадаптираност.

Сепак, оваа генерална определба е само една груба поделба на опонентните сфаќања на една толку сложена и комплексна проблематика која има свои, како емоционални, така и социјални и когнитивни компоненти.

Имено, одреден број автори, сметаат дека надарените деца се подобро прилагодени од нивните просечни врсници. Тие веруваат дека токму надареноста овие деца ги штити од неадаптираноста во социјалната средина, бидејќи тие подобро се разбираат самите себеси и другите токму заради когнитивните способности кои ги поседуваат. Авторите уште додаваат дека овие деца полесно се носат со стресот, конфликтите и нееднаквиот развој (Versteynen, 2001) Некои истражувања, како она на Браух, Леман и Ердвинс а и многу други, истакнуваат дека децата и младите кои се надарени, ги користат позитивните аспекти на надареноста во поглед на адаптацијата на околината, и на овие способности се гледа од аспект на тоа дека тие овозможуваат поголема свесност за условите и околностите во околината и нејзините барања. Мора да се признае дека овие тврдења не се без логичко објаснение, поради едноставниот факт, дека, условно кажано, надарените се секогаш еден чекор напред, па дури и цело ниво напред, токму заради можноста за поголема себе-свесност и свесност за околината.

Но, на другата страна на истото прашање, се наоѓаат цела плејада истражувачи, теоретичари и практичари кои го тврдат спротивното, т.е. дека кај надарените деца постои поголем ризик за лошо прилагодување, токму поради истиот фактор – нивната поголема свесност. Според некои автори, како на пр. Верстејен (Versteynen, 2001), кој патем го поддржувал и спротивното стојалиште (како што е посочено во претходниот пасос), надарените деца поради сопствените когнитивни способности се поосетливи на интерперсоналните конфликти и доживуваат повисоко ниво на стрес од своите врсници, а што повратно предизвикува послаба социјална адаптација (Versteynen, 2001) Слични согледувања истакнува и

Дабровски (според: Heller et. al., 2000), кој исто така ја нагласува компонентата на поголема свесност кај овие деца која е засилена со емоционална компонента и со физичка и интелектуална активност. Важно е да се истакне, дека, според авторот, ваквите хиперсензитивни манифестации кај овие деца не се последица на никакви бихејвиорални и/или емоционални проблеми, туку, дека, едноставно, тоа е дел од личноста на надарените деца, кои поради сето тоа делуваат во однесувањето како да се на ниво на адолесценти а не на возраст на која хронолошки се наоѓаат. Се на се, како популација, надарените се повеќе склони кон превземање ризик, поосетливи се на мислењето на другите и нивните чувства и честопати изразуваат идеализам и смисла за социјална правда. Исто така, понезависни се и покомпетитивни (Brown, 1995., според: Heller et. al., 2000) Ако на сето ова му се додаде несинхрониот, т.е. невоедначениот афективен и интелектуален развој, т.е. интелектуалниот развој честопати го надминува емоционалниот, лесно е да се заклучи дека околината очекува од надарените деца посериозно однесување, т.е. поголема емоционална зрелост, не бивајќи свесна дека се само деца. Оттука, произлегува, дека всушност, проблемите со социјалната адаптација кај надарените деца и млади не е само нивен емоционален, интимен и персонален проблем, туку е подложен на социјалното влијание поврзано со очекувањата на околината а што дополнително го зголемува т.н. социјален притисок за брза и целосна нивна адаптација, што, од трета страна пак, се коси со нивната афективна незрелост во сооднос со впечатокот кој го оставаат врз околината со својот значаен когнтиивен развој. Ова на интимно ниво кај овие деца и млади создава социјална анксиозност токму проади инконгруентноста, нескладот помеѓу очекувањата на околината, нивните лични преференции и можностите да се изразат афективно во ситуации кога когнитивно целосно ги разбираат социјалните околности на кои се адаптираат, но, нивниот афективитет, заостанува зад таа интелектуална свесност.

Бидејќи надарените се исто така и повеќе самокритични (Anderholt-Eliot, 1987, според: Heller et. al., 2000), токму заради високите аспирации кои си ги поставуваат, на што се надоврзува и особината наречена *мултипотенцијалност*, под која се подразбира успешност на многу различни подрачја. Интересно е да се спомене, дека, особено на нашите простори, каде сеуште постојат влијанија на едно општествено уредување во кое се поттикнуваше унифицираноста и просечноста, особените истакнувања кај надарените не секогаш се дочекуваат со одушевување, туку, напротив, на таквите деца и млади се гледа како на некои поединци кои премногу се истакнуваат, себични се, па дури и наметливи. Ваквиот систем на меѓуповрзани садови, каде што се испреплетуваат, од една страна, силно изразените аспирации, способности и потреби на надарените, и, од друга страна, ограничените поимања и неразбирањето кај околината, создава маќепсан круг во кој надарените се чувствуваат осамени, социјално изолирани и неадаптирани и секако постануваат хиперсензитивни а со тоа и социјално анксиозни.

Алан и Фокс (1979), можните афективни проблеми кај надарените ги категоризирале во три групи фактори:

1. **Срединski**
2. **Интерперсонални** и
3. **Интраперсонални** (според: Grabar, 2005)

Вака наведените категории многу јасно ги наведуваат трите изворишта на афективните потешкотии кај надарените деца и млади за кои погоре, всушност, стана збор. Како заклучок на овој дел, сепак, треба да се истакне дека сеуште не постојат статистички значајни разлики меѓу надарените и просечните по прашање на социометрискиот статус а што е адекватна мерка за социјалната адаптација. Некои истражувања на овие простори, како она на Мајсторовиќ (Majstorovic, 2015), наведуваат такви резултати.

Но, ваквите резултати не треба да не заведат дека и статистички незначајните разлики кои сепак постојат, треба да се занемаруваат. Напротив, тие треба многу сериозно да се земат предвид, особено од аспект на психолошката работа со надарените кои покажуваат различни форми на социјална анксиозност, неадаптираност или било која друга форма на емоционална проблематика во своето севкупно функционирање во околината.

Користена литература

1. Bumber, Ž. 2003. Razlike u depresivnosti s obzirom na darovitost, spol, dob i školski uspjeh ucenika. Zagreb: SVEUILIŠTE U ZAGREBU, FILOZOFSKI FAKULTET, ODSJEK ZA PSIHOLOGIJU, Diplomski rad.
2. Cvetković – Lay, J. (2002), Darovito je, što ću sa sobom? Zagreb: Alinea.
3. Cvetković Lay, J., Sekulić Majurec, A. (2008.), Darovito je, što ću s njim? Zagreb: Alinea.
4. Flett, G.L., Hewitt, P. L. (2002). Perfectionism; Theory, research, and treatment. Washington, DC, American Psychological Association
5. Grabar, M. 2005. Nadarenost i neurotski perfekcionizam kod osnovnoškolaca. Zagreb: SVEUILIŠTE U ZAGREBU, FILOZOFSKI FAKULTET, ODSJEK ZA PSIHOLOGIJU, Diplomski rad.
6. Heller, K.A., Monks, F.J., Sternberg, R.J., Subotnik, R.F.(2000). International handbook of gifteness and talent; second edition. Oxford, Elsevier Science Ltd.
7. Majstorovic, I. 2015. SOCIOMETRIJSKI STATUS DAROVITIH UČENIKA U RAZREDNIM ODJELIMA. SVEUILIŠTE U ZAGREBU, FILOZOFSKI FAKULTET, ODSJEK ZA PEDAGOGIJU, Diplomski rad.
8. Siegle, D., Schuler, P. A., (2000). Perfectionism differences in gifted middle school students. Roeper Review, 0278-3193, Vol. 23, Issue 1.
9. Webb, J. T. et sur. (2010), Pogrešne i dvojne dijagnoze darovite djece i odraslih: ADHD (poremećaj pozornosti s hiperaktivnošću), bipolarni afektivni poremećaj, OCD (opsesivno-kompulzivni poremećaj), Aspergerov sindrom, depresija i ostali poremećaji. Zagreb: Veble commerce.
10. Versteynen, L. (2001), Issues in the social and emotional adjustment of gifted children: What does the literature say?, The New Zealand Journal of Gifted Education [online], 13 (1), str. 1-8.
11. Vidovic, E. (2000.). Darovitost, školski uspjeh i neki aspekti samopoimanja. Diplomski rad, Odsjek za psihologiju, Filozofski fakultet, Zagreb.
12. Čudina-Obradović, M. (1991), Nadarenost: razumijevanje, prepoznavanje, razvijanje. Zagreb: Školska knjiga.

Интернет извори:

www.bizlife.rs. Marre, C., H. 2017. PSIHOLOGIJA: Veza između INTELIGENCIJE i DEPRESIJE.

Драгана Трпезановска Вржовска
ОУ „Гоце Делчев"-Битола
Професор по математика
dtrpezanovska@yahoo.com

ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА КРЕАТИВНОСТА КАЈ МАТЕМАТИЧКИТЕ ТАЛЕНТИ

Резиме:

Согледувајќи ги истражувањата кои покажуваат дека креативното размислување вклучува создавање на нови врски помеѓу различни региони на мозокот, што се постигнува со негување на различни вештини за размислување, во овој труд ќе се обработат фазите и карактеристиките на креативноста во функција на развој на математичкиот талент. Креативното размислување значи да гледате нешто на нов начин „размислување надвор од кутијата" (*"think outside the box"*). Креативноста на математичките таленти е развиена на многу повисоко ниво од другите ученици така што за одреден проблем – математичка задача, тие можат да најдат повеќе решенија и можат да го решат проблемот дури и на начин на кој никој не го решил. Затоа во овој труд ќе разгледуваме практични задачи по математика кои би требало да се применуваат во основното образование за созревање и развој на креативноста кај математичките таленти.
Клучни зборови: креативност, креативно размислување, математички талент

Encouraging and developing the creativity in mathematical talents

Summary:

By taking into consideration research which shows that creative thinking involves the creation of new connections between different regions of the brain, which is achieved by fostering different thinking skills, in this paper I will elaborate on the stages and characteristics of creativity as a function of developing mathematical talent. Creative thinking is about looking at something in a new way 'thinking outside the box'. The creativity of mathematical talents is developed at a much higher level than other students so that for a given problem - a mathematical task, they can find more solutions and can solve the problem even in a way that no one has solved it before. Therefore, in this paper we will look at practical mathematics tasks that should be applied in primary education for the maturation and development of creativity in mathematical talents.
Keywords: creativity, creative thinking, mathematical talent

Вовед

Креативниот инстинкт е алатка која се користи уште од најрана возраст. Наједноставен пример за тоа се малите деца кои со својата имагинација се користат во различни ситуации при нивната игра, за нив картонската кутија станува автомобил, тревата станува храна, со играчките разговараат како да се живи.

Креативноста е поврзана со многу фактори, вклучувајќи погодна околина, идеални соработници, особини на личноста, сентименталност, па дури и потрага по духовни музи. Истражувањата покажуваат дека креативното размислување вклучува создавање на нови врски помеѓу различни региони на мозокот, што се постигнува со негување на различни вештини за размислување и намерно изложување на нови искуства

и учење. Креативното размислување значи да гледате нешто на нов начин. Тоа е самата дефиниција за „размислување надвор од кутијата“ (*˝think outside the box˝*).

Според британскиот видео раскажувач Адам Востбруко, сите имаат талент и креативност, која може да се научи и унапреди, само е потребно трпение. Луѓе кои се интелегентни, но на кои им фали креативност треба да имаат „отворен ум˝ и да размислуваат за повеќе теми во исто време. Тој советува дружење со луѓе кои го стимулираат и инспирираат скриениот потенцијал на секого.

Како што децата созреваат и се движат низ образовниот процес, креативноста може да се задуши како ненамерна последица. Учениците се плашат да прават грешки ако добиваат само признание за давање одговор каков што наставникот бара, отколку да даваат одговор врз база на оригинално размислување и идеи. Учениците брзо учат да погодат каков одговор очекува наставникот, а тоа ги спречува да бидат подготвени да прават грешки. Креативноста се карактеризира со способност да го согледа светот на нови начини, да пронајде скриени модели, да создава врски меѓу навидум неповрзани феномени и да генерира решенија. Креативноста вклучува два процеси: размислување, потоа производство.

Во овој семинарски труд ќе се обработува креативноста, што таа претставува и кои се фазите на креативното размислување. Исто така ќе бидат прикажани и примери на задачите за развивање на креативното размислување на учениците како и на математичките таленти, што би требало да ги има повеќе во наставната програма. Со овие задачи може да се покаже еден вид на забавна математика што секој би ја сфатил како игра, без да развива аверзија кон содржините.

Основни карактеристики на креативноста во функција на развој на математичкиот талент

Креативноста претставува значаен дел од надареноста и се состои од креативни способности и креативна мотивација (Дочкал, Лазнибатова и Ковач, 1992). Во детството, креативноста на надарените деца т.е. самиот талент се манифестира преку широк интерес и практика на голем број различни активности. Креативноста се дефинира како својство на поединецот, преку особини на личноста, како карактеристики на однесувањето или карактеристиките на одредени достигнувања и производи. Креативност има различни значења во различни средини, култура, општествени системи, образовни и професионални групи, семејства, па дури и меѓу поединци во различни фази од животот

Во опсервацијата на карактеристиките на одликите или карактеристиките на креативноста и креативното решавање на проблемите постојат различни класификации. Тоа се резултат на нивните теоретски и емпириски пристапи во педагошката практика. Според поголем број на автори се наведува следната класификација на карактеристиките на креативноста:

- Флуентност
- Флексибилност
- Оригиналноста
- Редефиниција
- Осетливоста на проблеми
- Творечката фантазија

- Отвореност кон нови искуства
- Елаборација
- Толеранцијата кон неодредености
- Креативна генерализација
- Креативна диференцијација

Едни од најважните способности на човекот се способноста за увид и дивергентено размислување. Овие две способности се сметаат за базични во креативениот процес. Субјективно, увидот се случува одеднаш и способностите кои се активираат при увид се истакнување нови информации, споредување нескладни информации и нивна поврзаност, употреба на аналогија. (Стернберг, 1996).

Дивергентното размислување честопати се поврзува со потенцијалот за креативно размислување, како когнитивен процес кој може да доведе до креативни идеи, процес спротивен на конвергентното размислување што доаѓа до конвенционални идеи и решенија. Тестовите за различно размислување се проценуваат врз варијаблите на бројот на идеи, оригиналност (иновации, необични идеи), флексибилност (разновидност на тема меѓу идеите), квалитет, елаборација и соодветност.

Дивергентното размислување може да оди во различни насоки и не мора да резултира во креативни идеи. Резултатите може да се разликуваат од умерени до екстремни неконвенционални идеи.

Начини за развивање на креативното размислување во училница

Како што можеме да заклучиме учењето вклучува предизвик и подобрување на разбирањето со тоа што ги тера учениците да размислуваат напорно. Понекогаш, за да разбереме нови концепти и да ги проширие перспективите, нашите пристапи кон размислување треба да бидат креативни, имагинативни и поразлични. Една карактеристика на креативниот процес што го прави особено моќен е тоа што не бара само знаење и разбирање на доменот што се испитува, туку и подготвеност да се запраша и да не биде ограничен со постоечкото знаење. Учениците треба да разберат дека со поставувањето на прашања можат да го формулираат сопственото мислење, а имагинацијата може да игра важна улога.

Училиштата кои се успешни во стимулирање на креативно учење:

- го вреднуваат креативниот и иновативен придонес на учениците,
- не ја пренатрупуваат наставната програма, тие се фокусираат на длабочина, како и ширина,
- тие ефикасно управуваат со времето, обезбедуваат можности за учениците да истражуваат, се концентрираат на подолг временски период, размислуваат, дискутираат и прегледуваат,
- од студентите се очекува да размислуваат длабоко за материјалот што го учат и да направат врски помеѓу теми,
- развиваат кодекси за однесување и постапки во училницата кои ја вреднуваат и промовираат креативноста.

Креативниот процес бара време и соработка, така што создавањето на време за креативно размислување е важно. Поттикнување на креативна клима во училиштето,

поддржувајќи креативен професионализам на наставниците е уште една тема која треба да биде разгледувана. Многу е тешко наставникот да биде креативен доколку ги следи пропишаните наставни планови и има малку или нема простор за сопствено креативно учење во нивната наставна практика. Наставни програми, учебници и материјали за поддршка на наставниците се исклучително важни за помагање во структурата и поддршката на учењето, но исто така треба да се дозволи професионална креативност на наставникот.

Понатаму се наброени неколку начини кои можат да ги применуваат наставниците за поттикнување на креативното размислување и стимулирање на математички надарените ученици.

1) Пренесете ја креативноста како дел од учењето

Направете училница која ја препознава креативноста. На таблата покажете различни начини на решавање на проблемот, или креативни техники преку кои учениците сами ќе дојдат до решението и ќе им се развие поголема мотивација за решавање на наредниот проблем.

2) Помислете на креативноста како вештина

Слично како снаодливост и инвентивност, тоа е помалку карактеристика и повеќе стручност што може да се научи. Ако гледаме на овој начин, работата како едукатори е да се најдат начини да се поттикне употребата на креативноста во математиката. Целта е креативноста да се разбие во помали сетови вештини како би ја користеле математички надарените ученици секојдневно.

3) Размислете за тоа како во училницата се користат дивергентно и конвергентно размислување

Стандардизираните тестови прават одлична работа за мерење на конвергентно размислување кое вклучува аналитичко размислување или логички одговори со еден точен одговор. Дивергентното размислување разгледува како ученикот може да користи различни начини за пристап кон проблемот. Потребно е да се користи асоцијација и разновидност на мислата. Треба да дизајнираме задачи кои ги разгледуваат двата типа на модели на размислување. Со тоа ќе можиме да влеземе подлабоко во размислувањата на секој ученик и ќе го следиме принципот на размислување на математички надарените ученици.

4) Воспоставете експресивна слобода

Во училницата средината мора да биде место каде што учениците се чувствуваат безбедно да ги споделат новите идеи. Дозволете флексибилност и создадете норми кои ја промовираат креативноста. Математичките таленти сакаат да експериментираат со математичките задачи и математичките формули, па треба да му се дозволи да ги комбинираат и да ги развиваат сетилата барајќи ново решение за задачата.

5) Соберете ресурси

Образованието се труди што повеќе да обезбедува ресурси за работа со математички надарените ученици, но сепак наставникот е тој кој се ангажира и бара ресурси кои му се потребни за работа. Постојат ресурси кои ја поттикнуваат креативноста во процесот на решавање на проблемите. Универзитетот во Грузија, обезбедува низа неверојатни ресурси поврзани со тоа како да се промовира креативност на практични начини. Исто така, дава листа на програми и организации кои можат да помогнат во процесот.

Доколку децата ја работат темата Геометрија, може од картони и картонски кутии да ги моделираат 3Д формите со што ќе научат повеќе за нивниот изглед надворешно и внатрешно.

6) Дајте им на учениците време да поставуваат прашања

Организации како CCE – Creativity, Culture and Education (креативност, култура, образование) предлагаат наставниците да вклучат можности за учениците да поставуваат прашања т.е. да креираат лекции каде што учениците ќе бидат тие што ќе го водат часот, со помош на прашања и одговори.

7) Поттикнете ја љубопитноста и мотивацијата

Разбирајте што е важно за учениците. Интересот на математичките таленти е одлично место за започнување на она што го движи сопствениот резервоар за размислување. Најдете инспирација од нивниот свет. Креативноста е суштинска по природа. Обидете се да ја промовирате креативноста со зачекорување во нивното гледиште за да најдете што ги мотивира.

Заклучни согледувања

За започнување на креативниот процес, прво и најважно, потребна е љубопитноста. За човекот да се впушти во нешто што го заинтригирало, потребна е *храброста*. Храброста е потребна за да се остане до крајот во процесот на креирање, без разлика на околностите, ситуациите во кои ќе се најде. По кое што следи дека е потребна *истрајност* за нешто вистински да се реализира, истрајноста и секако постојаната *жед* која несомнено буди незапирлива желба за уште повеќе. Човекот учи од грешките и повторно и повторно импровизира врз нив, вадејќи го максимумот од се што ќе се најде на патот до конечната креација.

Резултатите од голем број истражувања покажуваат дека наставниците кои се успешни во развојот на таленти и креативност на своите ученици имаат квалитети на генерално добар наставник. Учител кој е успешен во работата со сите деца има ист или сличен атрибут; нивниот успех може да се сумира како способен да организира настава за да ги фиксира способностите на учениците и да ги поддржи нивните интереси и креативност.

Со цел да се обезбедат подобри услови за индивидуален развој на сите ученици, неопходно е да се редефинираат наставата и учењето. Исклучително достигнување е

резултат на интензивна и постојана обука, искуство и практика во збогатеното опкружување и затоа потребна е соодветна поддршка и насоки во раното детство и дома и во предучилишни установи. Психологијата на учење нуди знаење за оптимална средина за учење на надарени деца.

Позитивната креативноста треба да се стимулира, да се наградува и да се работи на неа. Дозволувајќи им на талентираните ученици да бидат слободни во размислувањата и да ја развиваат својата креативност, голема е веројатноста да постигнат успех. Вреднувањето на креативноста на математичките таленти може да доведе до откривање на нови решенија, нови методи, полесни начини на решавање на проблемот па дури и измислување на некое ново оргинално правило за решавање на задачи.

Користена литература:

- Podsticanje kreativnosti u školi / Slavica Maksić. – Beograd: Institut za pedagoška istraživanja, 2006 (Beograd: Čigoja štampa). – 260 str.: ilustr.; 24 cm. – (Biblioteka Istraživački radovi; 91)
- Славица Максиќ , Виолета Арнаудова- Вреднување на креативноста во училишната средина
- Cropley, A.J. (1996) Recognizing creative potential: An evaluation of the usefulness of creative tests. High Ability Studies
- Cropley, A.J. (2000) Defining and measuring creativity: Are creativity test worth using? Roeper Review
- Mr Milena M. Stojanović Stošić- Development of children’s creative abilities in arts education by applying tectile, visual and auditory stimuli
- Ljiljana Arar, Željko Raćki Sveućilište u Rijeci, Filozofski fakultet, Odsjek za psihologiju

М-р Јана Четелева Белевска
ceteleva@yahoo.com

КРЕАТИВНАТА НАСТАВА И ОБРАЗОВАНИЕТО НА НАДАРЕНИТЕ, ТАЛЕНТИРАНИТЕ И КРЕАТИВНИТЕ ВО МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Резиме

Во времето во кое живееме, големо внимание се посветува на креативноста и развојот на креативноста. Во трудот се разработува феноменот на креативност и особено внимание се посветува на моделите на наставата со надарените, талентираните и креативни ученици во музичкото образование. Феноменот на креативност привлекува големо внимание во наше време. Во иднина, на човештвото сè уште ќе им бидат потребни генерации кои се креативни. така што развојната креативност и креативното размислување се основата на секој модерен систем на образование.

Во трудот ќе се приложат начини за поттикнување на креативноста кај музичките таленти, ќе се приложат примери од искуство со работа со надарени деца стекнато во Америка и во Државното музичко училиште во Битола.

Целта на трудот е да послужи на идните генерации за подобрување на креативната настава која има за цел да обезбеди оптимални услови за максимален развој и квалитетната и ефикасна работа со надарените ученици.

Клучни зборови : Креативност, надарени и талентирани, емоционални компетенции, емоции, креативност во музичкото образование,

Jana Cheteleva Belevska
ceteleva@yahoo.com

CREATIVE TEACHING AND EDUCATION OF GIFTED TALENTED AND CREATIVE STUDENTS EDUCATION IN MUSIC

Summary

In the time we live in, great attention is paid to creativity and the development of creativity. The paper elaborates on the phenomenon of creativity and pays particular attention to the models of teaching with gifted, talented and creative students in music education. The phenomenon of creativity attracts much attention in our time. In the future, humanity will still need generations of creatives. so that developmental creativity and creative thinking are the foundation of any modern education system.

The paper will explore ways to foster creativity in music talent, provide examples of work with gifted children gained in America and the State Music School in Bitola.

The purpose of this paper is to serve future generations to improve creative teaching that aims to provide optimal conditions for maximum development and quality and efficient work with gifted students.

Keywords: Creativity, gifted and talented, emotional competences, emotions, creativity in music education,

1. Вовед

Во времето во кое живееме, големо внимание се посветува на креативноста и развојот на креативноста. Во трудот се разработува феноменот на креативност и особено внимание се посветува на моделите на наставата со надарените, талентираните и креативни ученици во музичкото образование. Феноменот на креативност привлекува големо внимание во наше време. Во иднина, на човештвото сè уште ќе им бидат потребни генерации кои се креативни. така што развојната креативност и креативното размислување се основата на секој модерен систем на образование**.** Наставната работа со надарените ученици е еден од најголемите предизвици на современата дидактика. Комплексноста на овој проблем произлегува од фактот дека успешната наставна работа со надарените е зависна од специфичноста на образовните потреби на надарените студенти и можностите за задоволување на истите преку постојни нови содржини и форми на работа (Недејковиќ 2000). Поради оваа причина, наставата мора да обезбеди поволни дидактичко-методолошки поттикнувања со кои ќе се оди во пресрет на охрабрувањето, развојот и унапредувањето на надареноста.

2.Креативност

Креативноста е сложен поим и многу филозофи, научници, психолози се обидуваа да ја разберат и објаснат креативноста и процесот на креативност, секој на свој начин. Креативноста потекнува од латинскиот збор Creativus, creatio, а тоа значи и можност и способност да се пронајдат нови решенија, да се разгледаат проблемите од нов агол, нови погледи, нови идеи од социјална, духовна, естетска, научна вредност.

Богумил Карлаварис смета дека креативност е „Комбинација на интелектуални црти, карактеристики на личноста, мотивација, емоционалност и други фактори кои, во нивната концентрација и ориентација, се основа за креативни достигнувања.” (Karlavaris i Kraguljac, 1981)

Креативноста ја нагласува новината или оригиналноста на создавање нови комбинации.Во познати форми во поезијата, музиката, сликарството, реорганизирање на феномени или теоретски погледи во науките. На некој начин креативни идеи претставуваат повторени формулации (реформации) на претходно познати идеи. Креативност и креативни пристапи се всушност идеи што прават нови врски,комбинации или размислувања помеѓу веќе познати идеи и цели. (Đorđević, 2011)

Сите имаат индивидуални креативни вештини , како што смета Келвин В.Тејлор , и тие се разликуваат:

а) во степенот на креативност;
б) во областа на креативно дејствување и начин на реализација;
в) и во тоа што кај некои поединци потенцијалната креативност не успева да се развива.

3.Креативната настава на надарените и талентираните

Денес, развојот и проучувањето на креативноста е една од основните задачи на воспитување и едукација каде што е училиштето како место развојот го смета за една од основните предиспозиции за развој на креативноста од креативниот потенцијал на поединецот. Наставата на училиште е единствен процес. Секој ученик си прави систем за себе со своите специфичности и индивидуалните потреби што наставникот мора да ги прилагоди. Прилагодувањето на овие потреби може да го направи само наставник кој е свесен за позитивните резултати што следуваат за него и за учениците, а дури и тогаш тоа не е доволно за квалитетен развој на креативноста. Креативноста е поставена како образовна неопходност, како што барањето дозволува слободно изразување на учениците, усовршување на личноста. Ученичката креативност може да се развие само во училиштето каде се негува мислењето, расудување, истражување, дијалог, размена на идеи и генерирање нови идеи, погледи и процедури. Креативноста е способност што мора да се развива. Има фактори што може да влијаат врз неа воздржаност и неразвиеност, не мотивирачка околина, семејни односи, училиште, социо-економски услови или меѓучовечки односи се само некои. Во училишен амбиент често може да се види пречки во креативноста во инсистирање на само еден точен одговор, режим, метод, нетолеранција на грешки ученик-наставник, игнорирање на идеите ученик-наставник, нови решенија,авторитарен став на наставник-директор-соработник. Акцент на наставниците на наставната програма, недостаток на време. Како објективна причина исто така се премногу учениците во една паралелка, несоодветен обработен план, непрофесионален наставник, временски, просторно, материјално ограничување на работата и многу други причини.Во воспитни задачи, кои стимулираат креативност, следниве задачи можат да се земат во предвид:

- Негување на сензорна чувствителност и љубопитност за стекнување нови искуства,
- Конструктивност и развој на интерес,
- Инвентивност,
- Критичко размислување,
- Индивидуален пристап кон размислување и однесување, толеранција,
- Негување хумани ставови, емпатија и разбирање за другите луѓе,
- Соработка,
- Автономија,
- Да се ослободиме од здодевноста, празнината,
- Развој на внатрешна мотивација.

